АЛЕКСАНДАР СТЕРЈОВСКИ

# БИТОЛА

# МУЗИКА

# БИТОЛА

## МУЗИКА

Издавач
***Конзулат на Република Србија***
***во Република Македонија***

За издавачот
**м-р Силјан Мицевски,** почесен конзул
на Р. Србија во Р. Македонија

Уредник
**Горан Петровски**

Технички уредник
**Пеце Илиевски**

**Александар Стерјовски**

# БИТОЛА
# МУЗИКА

**Конзулат на Република Србија
во Република Македонија**

**Битола, 2022 г.**

# Белешка

Оваа книга е осма по ред од серијалот „Битолско десеткнижие“, која од претходните се разликува не само по темата, музиката, а и со непочитување на временската рамка, заокружната 1944 година. Тоа е направено намерно и смислено, најмногу со желба да се даде прилог кон одбележувањето на големиот јубилеј на „Музичкото училиште“ – Битола – 75 години од основањето. Во отсуство монографија или посериозен научен труд за него, нека оваа книга биде честитка и топла благопожелба да продолжи со што помали проблеми во работата, со истиот елан и со уште поголеми успеси.

*Прв ден Велигден*
*24.04.2022*

# Балкански полифоничен амбиент

## Песната и музиката во минатото

Да отпочне денот со песна или со свирка во минатото на Балканот било и катадневна и сосема најобична појава. Со песна домаќинката го позравувала утрото метејќи го дворот или вабејќи ги пилињата да ги нахрани, со свирка или песна отпочнувала работата и на чевларскиот крпач во чаршијата, со песна или кавал патникот го кратeл патот до соседното село, орачорот се опуштал додека воловите пладнувале, го правеле тоа и овчарот или говедарот додека ги чувале своите стада, жетварите кога го коселе житото.

Пееле и свиреле, всушност, сите, и млади и стари. Најмногу девојките, кои „*пеат на патување, на нива, во полето, во лозјето, пеат кога работат женски работи, пеат и кога немаат што да работат, во работен ден, на празник, кога се дома, всушност, пеат насекаде и секогаш*“, тврди еден запишувач од минатото.[1] Тоа е и онаа сеопшта и препознатлива слика што ќе се провлече низ сета балканска историја, која ќе ја откриваат и регистрираат и странските патешественици.

Пееле и поледелките насекаде и при нивното групно поаѓање на работа и при враќањето назад од полето, чиј одјек се ширел насекаде низ просторот.

1. Стеван Тановић, **Српски народни обичаји у Ђевђелиској кази,** Српска краљевска академија, књ. 40, Београд–Земун, 1927, 322

Во Ветрен на 20 јуни 1578 година, враќајќи се од нива, тие додека првата група сè уште ја немало завршено строфата, другата ја прифаќала и ја продолжувала,[2] појава забележана и во околината на Ниш на 1 јули 1778 година,[3] и во Македонија во крајот и на 19 век[4] и на многу други места низ Балканот.

Жетварки од околината на Солун, сите од словенско потекло, во крајот од 18 век објавувајќи го најрадосниот дел од годината, почетокот на жетвата, посегале и по песни и по разиграни ора, [5] како и во Крива Паланка, каде облечени во празнична облека, со венци од исплетено класје на главите го исполнувале просторот, не сега низ господските домови, туку на градскиот плоштад.[6]

Трудот вложен за леб, заслужувал, ете, и радост, и јавност.

Јавна објава од песни или свирки, со широки и длабоки одјеци, имала не само работата, и индивидуалната и колективната радост, свадбите, раѓањата, крштевките, средселските и другите развлеченија, но и личната и заедничката несреќа.



*Нотен запис на песна (Соломон Швајгер, 1577)*

2. д-ръ Конст. Иречекъ, **Стари пътешествия по България,** Периодическо списание на Българското книжовно дружество, кн. 7, София, 1883, 115

3. Исто, 125

4. Стеван Тановић. Цит. дело, 322

5. **Френски пътеписи за Балканите XV-XVIII,** съставила и редактирала Бистра А. Цветкова, Наука и изкуство, София, 1975, 378 (Натака: **Френски пътеписи за Балканите...); Македонија во делата на странските патописци, 1778-1826,** Подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје, 1991, 620, **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878**, Подготвил Александар Матковски, Ѓурѓа, Скопје, 2001, 93, 245 (Понатака: **Македонија во делата на странските патописци...)**

6. **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878,** 93, 245

Жените од соседството и родниниte на семејството на покојникот што се упокоил претходниот ден, уште пред да се роди денот што следел, традиција стана да се берат во покојниковиот дом и да отпочнат *„да вијат, да се бијат во градите, дraskajќи си го лицето со ноктите и корнејќи си ги косите“* и да ги *„редат“* неговите заслуги и неговата преголемата добрина.[7]

Најчестите крикови упатени до него, биле *„агапи му“*, *„кардија му“*, *„матија му“* (љубов моја, срце мое, очи мои) кај Грците, слични и кај останатите народи од Балканот. За ваква прилика понекогаш ангажирана била и посебно надарена жена, *„тажачка“*, која преку своето потресно редење можела да расплаче и најкоравен маж,[8] чија способност се задржала и до нашите времиња.[9]

Тажната приказна продолжувала потоа и на гробиштата скоро со истите сцени, кукање, корнење коси (некаде и вештачки), драскање лице, понекогаш и со искрен бол, особено доколку мртовецот бил помлад човек.[10] Примерите се бројни, таков е и оној запишан во Јагодина (1553-1562) со сопругата на покојник, која на гробот, обраќајќи му се, го прашувала *„со што придонесовме за смртта,/ Што пропуштивме да направиме за твое добро,/ Мораше ли да заминеш и да нè оставиш несреќни и очајни!“*.[11]

Ако ваквите случаи, биле поврзани со индивидуалните трагедии, нашата историја памети и за колективни, кога цели села, градови, па и покраини го доживувале истото и од каде колективниот крик пристигал и се одбивал од околните ридовите и како ехо патувал низ просторот. Биле тоа случаите поврзани со страшните покоси на чумата,

7. Всеволд Николаев. **Набюдения на множество редки и забележителни неща, видени в Гърция, Азия, Юдея, Египет, Арабия и други чужди страни от Пиер Белон дю Ман,** БАН, София, 1953, 31

8. А. Матковски, **Еден француски патеписец низ Македонија (1666-16669),** Историја, г. 4, бр. 2, Скопје, 1966,136-137

9. Албена Георгиева и Васил Гарнизов, **Специализация или професионализъм (портрет на една оплаквачка)**, Во: **Музикални хоризонти,** Съюз на музикалните дейци въ България, бр. 12-13, 1989, 116-119

10. Александар Матковски, **Еден француски патеписец низ Македонија**, 136-137; **Френски пътеписи за Балканите....376**

11. **Френски пътеписи за Балканите...124**



„Редење" врз гробови на сопруги (17 век)

колерата, големите сипаници и другите големи пандемии, најредовни гостинки, инаку, низ нашите краишта.[12]

Токму во врска со нив потекнува и онаа потресна аналогија што ја употребил еден продуховен хроничар за *„плач на овци в бачило“* опишувајќи ги криковите кога небото се цепело од нив.[13]

## Патувањата, песните и музиката

Покрај со кратки, продуховени, лирски песни, балканскиот полифоничен амбиент исполнет бил и со песни во кои доминирале описи за дела на јунаци, народни заштитници, односно кога се пееле и епски песни, еден посебен вид усна историја, која требало да се обелодени јавно и да им се предаде на поколенијата.

Групата Словени, придружници и заштитници на делегацијата што патувала од Константинопол за Србија за да ја одведат и да ја предадат византиската принцеза која требало да стане прва дама таму, токму тоа и го правела. Кратејќи го времето низ густата шума, некаде во близина на Струмица, како што пишува византискиот хроничар Никифор Грегорас (1325-1326), член на делегацијава, пееле песни за јуначки дела на месни јунаци, всушност, пренесувале дел од актуелната сторија на тој крај.[14]

Уште оттогаш, ете, во Македонија се пренесувале песни не само за јунаци кои биле веќе заминати од овој свет, но и за живи, кои беа се прославиле со јуначките подвизи.

За еден информира и католичкиот свештеник Бенедикт Курипешиќ, кој на својот долг пат низ Босна, на 29 август 1530 год. беше сретнал група од околу 50-на добро вооружени коњаници, меѓу кои бил и заповедникот на Каменград, Малкошиќ, за кого, како што пи-

12. Александар Стерјовски, **Записи за злосреќи,** Заедница на Срби во Македонија, Битола, 2012, 191-267

13. **Румелийски делници и празници от XVIII век,** Отечествен фронт, София, 1978, 236 (**Понатака: Румелийски делници и празници...)**

14. Петър Динеков, **Български фолклор,** Български писател, София, 1972,172-173

шува, се пееле „*многу песни во Хрватска и Босна*".[15] Се пееле и за неговиот современик Радослав Павловиќ,[16] уште повеќе и за надалеку познатите и прославените Скендербеј и Милош Обилиќ,[17] најмногу и најчесто за неповторливиот со сила и јуначки дела Марко Крале[18] и во овој, 16 век, и во вековите што ќе следат.[19]

По долгите маршути кираџиите го правеле истото, најмногу користејќи ги престоите во ановите и ноќните одмори. Влашки кираџии, кои „*знаеја толку многу песни и толку убаво пееја*", заобиколени од стаписани слушатели, во 1891 год. три ноќи по ред беа ги исполниле со ваков вид забава.[20] Чарлс Елиот (1894-1900) во Охрид бил присутен и на „*рецитирање народни песни*" од момче кое точно еден час и петнаесет минути ги разоткривало јунаштините на херој кој решително беше му се спротивставил на некаков горопаден и зол софиски паша[21] итн.

## Османлиски празнувања

Иако во Османската Држава немало официјализирани државни празници, набележани биле свеченоти кои биле поврзани со муслиманската вера, но и со значајни индвидуални поводи, раѓање, обрежување, свадба или устоличувања нови султани.

Најголем, кој се манифестирал најмасовно, најсвечено и најбучно во сите катчина од државата, бил Бајрам. Тогаш престанувала секаква стопанска активност и муслиманите му се посветувале исцело на неговото празнување. Најпрвин бил објавуван преку огласот на муези-

15. Benedikt Kuripešić, **Putopis kroz Bosnu, Srbiju, Bugarsku i Rumeliju 1530**, Svijetlost", Sarajevu, 1950,13

16. Isto, 25

17. **Френски пътеписи за Балканите..."**, 169

18. д-р Ив. Шишмановъ, **Стари пътувания през България във посока на римския пътъ отъ Белградъ за Цариградъ,** СбНУ, кн. 4, София, 1891,441

19. Бранислав Нушић, **Сабрана дела Бранислава Нушића**, кн. 23 **Са обала Охридског језера, Разни списи**, Јеж, Београд, 1966, 128

20. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1893**, 151-152

21. **Македонија во делата на странските патописци**, **1894-1902**, 23

мите од минарињата, потоа групи мажи и жени во најсвечени облеки поаѓале во меѓусебни посети и честитања и патем секого кого ќе го сретнат го поздравувале со најубаво расположение. Топовските салви заглушувачки грмеле, воената музика трештела, илуминациите и бенгалскиот оган го горела небото, а јавните забави биле исполнети од магионичари, пеливани и изведби од најразноразни оркестри.[22] Било тоа прилика и за масовно излегување во природа каде биле поставувани крлешки на дрвјата и каде музичките изведби дополнително го подгревале високото ниво на сеопштото весело и многу бучно расположение.[23]



*Свеченост по повод ноќта кога од небото се спуштил Коранот (17 век)*

22. **Румелийски делници и празници...**, 225-229; **Балканот во делата на странските патописци**, 2, **1664-1779**, Култура, Скопје, 1992, 272 (Понатака: **Балканот во делата на странските патописци....)**

23. **Френски пътеписи за Балканите...**,152



*Бајрамски веселби во природа (17 век)*

Христијаните и Евреите за тоа време, како што тврди Роберт Вајтерс (1620) од страв од испијанети муслимани или од сурови фундаменталисти, кои вообичајувале сосема отворено, грубо и неказниво да ги малтретираат, ограбуваат и да се изживуваат со нив, се повлекувале исплашено во своите домови употребувајќи тврдо замандалени порти.

Ваквиот амбиент се повторувал уште еднаш, и на Малиот Бајрам, кој следел по 70 дена од Големиот.[24]

Јавни бучни манифестации со скандирања, топли благопожелби и ангажмани на воени музики и музики од останатите состави, имало и при секое пристигање висока државна личност во градовите. Најзабележителни биле на султаните, меѓу кои и таа кога од Косово, преку Скопје, во Битола пристигна и последниот султан што го посетил градот, Мехмед Решад Петти во 1911 год.[25]

Исти такви низ целата држава се случувале и при раѓањето на султанските деца, при што за првото се славело 14 дена, без оглед дали е машко или женско, 7 за сите останати. И во овие прилики имало илуминации, забава, а бучната музика денонокно трештела. За разлика од претходните, учество сега земале и христијаните, оттаму и онаа невидена масовност што ја имало.

Во една ваква прилика, рускиот дипломатски претставник во Истанбул, кнез Репин, толку раскошно беше ја украсил и ја осветлил својата резиденција, што предизвика сеопшто вниманине, па султанот два пати лично доаѓал да ја види и да ѝ се восхитува, а групи пејачи и музиканти за целото време крстареле низ улиците, придонесувајќи за зголемување на општото расположение („*Со еден збор*, вели хроничарот Абеси, *овие се вистински карневалии, многу повеличенствени од оние што ги има во Венеција*“[26]).

Обрежувањето, исто така, бил посебен празник за секое муслиманско семејство и тоа било проследено со бучна музика и со голема радост, кога, пак тоа се однесувало за султанскиот син, учествувал и

24. **Балканот во делата на странските патописци**, **1664-1779**, 272, 420

25. Мехмед Тевфик, **Кратка историја битољског вилајета,** Браство, 27, Београд, 1933, 233

26. **Румелийски делници и празници...**, 230

сиот Истанбул како и османлиите од сите краишта на државата. Ден пред малата невина операција кај берберот, малиот славеник, во придружба на неколку посиромашни момченца што го очекувале истото, во најсвечени облеки, ги крстареле улиците поздравувани од сите што се нашле таму.

По тој повод во султанскиот двор на прослава биле канети сите позначајни лица од империјата, владари и од соседните земји, а да се збогати празникот уште повеќе, учество земале и магионичари, пеливани, танчери, пејачи и одбрана музика. Пожарникарите тогаш биле на најголем штрек зашто населбите, градени од дрвен материјал, лесно, дури и од најмала искра можеле да пламнат и да се предизвика пожар со невидени последици.[27]

Ваквите настани се организирале и во врска со родендените на султаните. Очевидец во Охрид во 1902 год. вака го опиша истиот: „*Секаде беа закачени црвени знамиња со полумесечина и со ѕвезда. Хартиени украси со насликани турски писмени знаци, обоени хартии со сите фигури што можат да се замислат исечени висеа под стреите на дуќаните, ги уклрасуваа куќите и прозорците. Народот го празнуваше роденденот на својот султан Абдул Хамид*“.[28]

Покрај османлиите, слични одбележувања и празници имале и христијаните, кои биле поврзани најмногу со нивните светци, кога имало, исто така, јавни собири, забави, музика, ора и најразновидни други задоволства и развлеченија, се разбира, во значително помал обем.

„Денот на светите апостоли“ во Пела во крајот на 18 век се одбележувал не само со општи трпези, а и со многу музика и многу ора.[29] Празникот Водици во Битола, кој за првпат во поновата историја се одбележа во 1869 год. во дворот на црквата „Св. Недела“, бил најмасовно посетен и исполнет со ора, песни и други веселби.[30]

[27]. Исто, 232

[28]. **Македонија во делата на странските патописци**, **1894-1902**, 297

[29]. **Френски пътеписи за Балканите,** 377

[30]. **Македония,** бр. 10, 1 февруарий 1869

## Османлиски музички занес

Османлиите спаѓале во најретките народи кои со посебен сенс и занес ја доживувале и песната и звукот на музичкиот инструмент. Оној што имал прилика да присуствува на музички настан во Турција и денес ќе го доживее истото и ќе се увери дека култот кон нив продолжил со несмален интензитет и се прифаќа за божји дар. Таму се корените и за односот и кон птичјата песна и за едуцирање на младите во огледување песнопојни птици насекаде.

Французинот Пулет на својот пат низ Балканот во 1658 год. со големо изненадување откри дека меѓу османлиите нема и најмало детенце што не умее да свири на некаков иструмент, говори и за нивниот музички занес, тврдејќи дека секој крај на нивните песни – китки завршувал со тешки воздишки и „*во транс, кого,* според него, *подобро не би умеел да го споредам освен со грленото цивкање на кучето, кога тоа се обидува да му ја објасни својата радост на господарот што повторно го гледа*“.[31]



*Заљубен османлија кој со песна и музика го изразува својот дерт (1551)*

Да се сретне, пак, млад османлија со цвеќе зад ушето и со тамбура во рацете како својот љубовен јад го искажува преку песна било сосема обична сцена низ населените места во оваа земја.[32]

---

[31]. Вјекослав Јелавић, **Доживљаји Француза Poullet-а на путу кроз Дубровник и Босну (године 1658)**, Гласник Земаљског музеја у Босни и Херцеговини, кн. 20, Сарајево, 1908, 42

[32]. Радован Самарџић, **Београд и Србија у описима француских савременика 16-17 век,** Историски архив, Београд, 1961, 312

Кога османлијата се наоѓал во својот дом и доколку не му се предавал на вообичаените дневни задоволства, пушење или медитација, ја користел својата тамбура со која не било чудно да остане и цел ден,[33] сосема несфатлива за европјаните кои отсекогаш ги декларирале за воинствени, груби, диви и сурови луѓе, од кои проплакала половина Европа, а не и за народ со толку префинета и висока музичка култура и со таков восхитувачки однос кон песната и музиката.

Алтернатива за нивното индвидуалното музичко задоволство биле и бројните ромски музички групи,[34] уште почесто музицирањето на едуцираната домашна робина.[35]

Женскиот дел од робовите, оние што станале постојани станари на харемите, имале посебен придонес во тоа. Од најрани векови османлиите биле магепсувани колку од женската физичка убавина и младост, уште повеќе и од нивната наобразба и интелект доколку ја поседувале. Читање, пишување, познавање историја, умешност во везење, свирење на музички инструменти (дајрина, мандолини, некој вид гитари, лаути и други), нежен глас и пеење, да танцува со нежни и грациозни движења, познавање јазици, за нив биле дел од најценетите доблести кај жената, посебно кај робинката.[36] Вештите трговци, посебно еврејските, иако немале право за тоа, откупувале млади робинки, ги едуцирале, па потоа ги препродавале за многу висока цена од вообичаената.[37] Во тие вредности стои и изборот на девојката што ќе ја мине ноќта со султанот, валијата, бегот или агата, за кое, инаку, постоел жесток натпревар, како што тврди Алфио Граси (околу 1820).[38] Тоа стана и општ стил живеење, ќе го прифатат и сопругите на сопственикот на робинката, кои, инаку, сметале

33. **Балканот во делата на странските патописци**, 1, **1402-1657**, 427

34. Радован Самарџић, Цит. дело, 337

35. **Балканот во делата на странските патописци**, 2, **1664-1779**, 231

36. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826**, 217, 760; **Балканот во делата на странските патописци**, 2, **1664-1779**, 260

37. **Балканот во делата на странските патописци, 2, 1402-1657**, 374; Радован Самарџић, Цит. дело, 325

38. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1820**, 761

дека го имаат загарантиран својот статус и дека робинката со ништо не можела да повлијае врз него.[39]



Робинка, робовласник и развлеченија во харем

Тој вознес од песната и музиката кај османлиите можеби најубаво го има опишано во своите етнографски белешки Бранислав Нушиќ. Се задржал врз охридските османлии и врз нивните летните вечерни езерски прошетки со кајчиња во 19 век. Спокојот на водата, месечината, трепетната светлина на градот што се одразува врз езерската шир, најмногу опојната мелодија на кларинетот, кај нив, како што пишува Нушиќ, откорнувале дамари и тешки воздишки, кои, проследени со облаци чад од лулињата или наргилиња, била единствената видлива внатрешна бура што се случувала кај нив.[40]

## Украсното и лековитото билје и песните

На османлиите треба да им се оддадат и посебни заслуги што ги вовеле во нашите краишта и во Европа уживањето во раскошната и опијанувачка песна на песнопојните птици и нивното одомаќување, потоа и почитта и големата цена што ги добиле и некои украсни растенија, посебно лалето. Османската Империја, не Холандија

39. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878**, 223

40. Бранислав Нушић, Цит. дело, 86

(*„земјата на лалето“*, како што се именува денес оваа западноевропска земја) е потеклото и восхитувачкиот однос кон него. Османлиите се и оние кои означиле и посебен празник за него, пролетен, априлски, кој му припаѓа на календарскиот интервал кога се буди природата и кога богато се раззеленува и украсува. Одбележуван бил со посебна радост и со многубројни веселби, најмногу со песни и размена меѓусебни подароци.

Уште во 18 век во султанскиот сарај, како и во домовите на најголемиот број велможи, совреме отпочнувале бројните подготовки, се подигале или се проширувале становиштата на песнопојните птици, околу нив се подигале и продавници, се носеле украси, играчки и други средства за да биде впечатокот импресивен, а навечер сиот простор се украсувал со лампиони и други светлички ефекти. Се отпочнувало со меѓусебни посети и честитања, размена подароци, во кое најмногу уживале харемските жени, кои, како што пишува еден западновропски сведок, *„посреќно и попријатно се проведувале“* пеејќи и играјќи и за себе и за тие на кои им припаѓале, одошто посета на опера, драма или балови што ги имала на располагање западноевропската дама,[41] а најголемото почитување имале доколку на некоја ѝ се подари и лале.[42]

Вакви пролетни празнувања со билје, сега лековито, се случувале и на другиот крај од Балканот, во Струшко. Сосема обично стана таму во крајот на 19 век девојки од две народности, Македонки и Албанки, на празникот Ѓурѓовден рано в зори заеднички да се упатат в поле или в планина за да го берат, а пред разделбата да заиграат и заедничко оро.[43] Во некои места низ Македонија ваквите собирачи наместо билјарки се именувале и за калинарки.[44]

---

41. **Балканот во делата на странските патописци, 1664-1779,** 232

42. **Балканот во делата на странските патописци, 1664-1779,** 232

43. Бранислав Нушић, Цит. дело, 125

44. Иван Иванић, **Мађедонија и Мађедонци, опис земље и народа**, кн. 1, Нови Сад, 1910, 104

## Западнобалкански ора, музика и театар во инстамбулски празнични попладнија

Престолнината на Османлиската Држава, Истамбул, отсекогаш и во континуитет била опседнувана од посетители, државници, авантуристи, љубопитници и многу други, кои надоаѓале да извршат службени задолженија, повеќето да откријат и загаточен и таинствен Ориент. Меѓу нив имало и многу клети трудбеници, познати како војнуци, повеќето од Западниот Балкан (Босна, Албанија, Србија и Македонија) кои со труд требало да отплаќаат даночни и други задолженија, кои поинаку не мжеле тоа да го направат. За време неколкумесечниот престој во градот крај Босфорот, секој самостојно се снаоѓал и опстојувал кој како знае, па неделните и другите неработни попладнија многумина ги преобразиле во лични развлеченија исполнети од песни, игри, театар донесени од местата од каде потекнувале, во ретки прилики и самите, вклучувајќи се во нив, се труделе да заработат и некакви скржави средства од добротвори за да им најдат на возвратниот пат до родните места.

Широките истанбулски плоштатки многу рано, уште во 1551 год., благодарејќи им ним, станале јавна сцена од културно–забавни претстави кои траеле од утро до паѓање на мракот и за цело време сцената останувала иста, се менувале само актерите и содржината. Ќе настапи тука, меѓу другите, гајдаџија, ќе се извијат бучни разиграни и непознати ора, ќе има занимлив театар од преоблекувања во ликови од животни и многу други слични изведби, занимливи во секој случај, па да се дојде и да се остане овде било мошне привлечно, посебно што сето тоа било бесплатно и шаренолико, за кое потоа ќе може да се раскажува кај соседи или пријатели како за случки што ретко се доживуваат.

Сето тоа траело додека и престоите на овие принудно доведени работници не завршувале и не го отплатиле долгот, следувало потоа повратниот пат кој бил крајно неизвесен и заради бројните временски и други неприлики, уште повеќе заради опасностите од друмските разбојници кои ги демнеле на најризичните места, клисурите и планинските преслапи, надевајќи се на лесен плен.

Следната година истамбулската неделна попладневна јавна сцена доживувала репризира со нови актери и нова содржина, која на крајот ќе стане и препознатливо обележје за главниот град на Империјата, ќе го регистрираат и западноевропејци благодарејќи на кои денес ги осознавме.[45]

## Средселски, црквени и панаѓурски развлеченија

Скоро на сиот Балкан средновековните средселски забави содржински биле истородни и на идентичен начин организирани. Вообичаено стана на поширок плац, каде во јазол се поврзувале неколкуте селски патеки или околу заедничката чешма или бунар, односно на слободна полјанка на работ од селото, да се оформи социјално место каде месните жителите ќе се среќаваат, ќе се дружат, многу често и ќе се разонадуваат, односно ќе се востанови исклучително важно јавно средиште наречено *средсело*. Откако отпочнале таму да се одржуваат потоа и спортски неделни натпревари, мерења на физичката сила на младите, истите добиле и ново име, *мегдани*.

Историјата им е позната и за градовите, најпрвин биле поврзани со утринските пунктови каде се берел добитокот пред неговото одведување на пасење, еден таков во Битола уште во средината на 17 век бил оној во Хасан Бег Маалото,[46] друг, скоро од исто време, во Турбе Маалото.[47]

Дел од нив со своето значење станале толку значајни што прераснале и во култни. Познато е дека Мијаците најважните племенски одлуки скоро исклучиво ги изгласувале таму, односно под култното *„средселско стебло“*.[48]

45. Радован Самарџиќ, Цит. дело, 117-118; **Балканот во делата на сранските патописци**, 2, **1664-1779**, 365. За нив пишува и Вук Караџиќ во она прочуено писмо упатено до кнезот Милош Обреновиќ.

46. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд: **Битолски кадиски сицили**, Сицил бр. 10, 1645, без датум (**Натака:** Сицил бр...)

47. Сицил бр. 14, 1656, јуни 8

48. Тома Смиљаниќ, **Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље,** Српски етнографски зборник, кн. 35, Београд, 1925, 51-52



*Средселски забавувачи – свирач и артист*

Сосема вообичаено стана низ нив да намине и талкач – свирач и да го презентира поетскиот и музичкиот репертоар, да го направи истото и мечкарот со својата мечка или мајмунџијата со мајмунот – акробатчија, да настапи и некаков патувачки куклен театар, да наминат и толку други забавувачи со иста цел, односно да понудат забава.

Овде, меѓутоа, се случувале и заедничките собири, празничните и другите веселби и развлеченија, од каде ечела музика, се играле и тогашните ора.[49]

Покрај вакви средселски собири, собири имало поврзани и со денот на црквата во дворот на црквата, организирани еднаш или двапати годишно. Посетителите од другите села надоаѓале ден пред собирот и останувале и за другиот ден, па откако ја следеле богослужбата во црквата, се упатувале и во црквениот двор на веселбите.

49. Александар Стерјовски, **Каријатиди на театарот,** НУ Народен театар – Битола, Битола, 2004, 65-69

Богослужбата во пиротското село Куричешме во 1578 год. се одржала во црквата „Св. Ѓорѓи“, додека собирот, ората и песните, за поголема прсутност, во самото село.[50] Во ваквите црквени собори од 19 век и во скопските цркви првин се отслужувала богослужбата, следел заедничкиот ручек, па во црквениот двор почнувале и ората и песните,[51] традиција прифатена насекаде, и во Пела[52] и во во Серско[53] и на многу други места.



*Православно оро водено со музика (17 век)*

50. д-ръ Конст. Иречекъ, **Стари пътешествия по България**, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, кн. 6, София, 1883, 124

51. д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Скопље и његова околина**. Београд, 1930, 391

52. **Френски пътеписи Балканите...**, 377

53. **Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница**, СбНУ, кн. 10, София, 1893, 504

Наместо по повод денот на црквата или селото, собириве понекогаш биле поврзани и со календарски празници, најчесто со Божик, Водици (Богојавление) и со други.[54]

За развојот на музичката уметност и за ширењето на фолклорните мотиви сепак посебно значење добиле помасовните собири, панаѓурските, на кои, исто така, имало и многу музика и многу песни и многу разноразни развлечнија.

На меѓународниот панаѓурот во Пирот во 1611 год. меѓу бројните музики што го цепеле воздухот, присутни биле и две слепи гусларки со своите еднострунi гусли,[55] на ист таков панаѓур, сега во Лесковац во 1669 год., како што забележа еден патеписец, музиката била *„доста забавна, но и мошне лоша"*.[56]

И во Македонија вакви меѓународни панаѓури неколку беа се прочуле, од кои три посебно биле познати, Долјан (Струмичко), Прилеп и Струга, во кои надоаѓале и по неколку стотици илјади посетители и не само од Османлиската Државата и од Европа и од светот.

Во Долјанскиот, кој траел 40 дена, функционирале повеќе од илјада продавници и секој еснаф таму имал своја чаршија. Продавачи и купувачи можеле да се сретнат од Румелија, Арабија, Сирија, Ирак, Персија, Индија, Франција, Египет и од други страни. Имало не само размена стоки, доста и забава, коцкање, комичари, пантомимичари, ѕвероборци, дресери на животни, атлети, комедијанти, танчери, илузионисти, професионални раскажувачи приказни, патувачки свирачи и пејачи на лирски и епски песни на сааз и други музички инструменти, кои создавале заеднички севкупен занимлив и бучен амбиент.[57]

Архимандритот Антонин Капустин во 1865 год. го посетил, пак, Прилепскиот панаѓур, каде забележал многу народ, купишта деца, кујна, но и доста *„музика"*.[58]

---

54. Д-р Томо Смиљанић. **Божићни обичаји у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 5 јануар 1933, 5

55. **Френски пътеписи за Балканите**....185-186

56. Ст. Новаковић. **Белешке доктора Брауна из српских земеља од године 1669,** Споменик СКА, 9, Београд, 1891, 39

57. **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1777**, 465

58. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874,** 99

Сличен на него бил и Струшкиот панаѓур (Калишта)

Во врска со сите нив мошне значајно за фолклористиката стана што надоаѓале и бројни пејачи од сите краишта и од потесната и од пошироката регија од кои можело да се присоберат купишта и лирски, епски песни и друг фолклорен материјал.[59]

## Арамиски и дервенџиски ора и музики

Големиот проблем со општествените отпадници (арамии, ајдути, качаци, разбојници) Османлиската Држава го разрешавала многу тешко, на крај и не успеала докрај да го совлада и тоа е една од причините и за нејзиното трајно распаѓање. Во еден подолг период и еден поголем дел од Западиот Балкан целосно ќе живее благодарејќи на оваа дејност позната со синтагмата „*ограбувачко стопанство*“. Стационарите им биле скоро исклучиво во планинските предели каде многу успешно се организирале, живееле, оттаму добро вооружени поаѓале и во грабежи низ побогатите села и градови. Народната песна и другите форми на усната литература ги регистрирале со сите елементи на нивниот мошне интересен и опасен живот, а записи оставиле и нивните современици. Евлија Челеби е еден од нив, кој понуди непристрасни податоци, внимание ѝ посвети и османлиската службена документација, благодарејќи на која д-р Александар Матковски изработи повеќетомен научен серијал.

Сето тоа овозможи познат да ни стане не само нивниот живот и нивната забава, и нивните развлеченијата, песните, музиката и игрите. Едвард Браун (1669) открива дека играле воинствено, со големи мечеви удирајќи еден врз друг, се вртеле вместо в круг, се подвиткувале, скокале, потклекнувале и правеле итри и снажни движења, користејќи го тактот на песните или на музиката.[60]

---

59. Наталия Рашкова, **Песни на панаирджийски певци във фолклорния репертоар,** Во: **Музикални хоризонти,** бр. 12-13, 1989, 131-134

60. А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија (1669),** Историја, г. 6, бр. 1, Скопје, 1970, 140

Оваа дива забава, полна со набиена енергија и неколку стотини години подоцна (1844) скоро воопшто не беше се изменила и сега во нивната средина бил истиот шумскиот амбиент, истото оружје, запалената ноќна борина, само што тактот сега го давале зурлите и тапаните.[61]

Дервенџиите, пак, биле цивилни чувари на планинските преслапи и клисури составени од жители од поблиските села, па заради задачата што ја обавувале ослободени биле од дел даночни задолженија. Знакот дека преминот е безбеден и дека може да се мине, истите го огласувале со препознатливи удари на барабан, и тие, како и арамиите, слободното време, кое го имале во претек, го исполнувале со ора играни под ритам на тапанчиња.[62]

## Ора играни под ритам на песни

Да се играат ора под ритам на песна или со нем топот на нозете, односно со удари на мечови, бил обичај доста рано познат на Балканот. Стефан Герлах, католички свештеник (1573) е меѓу првите што го регистирал, било тоа моминско оро водено под такт на песни, кое можело да трае, како што тврди, и *„половина ден“*.[63] Да се тупа, пак, со нозете на земјен под, да се потскокнува за да се добие посакуван ритам, регистриран е и кај нашите ајдути уште во 1669 год.,[64] за да заврши таквото оро на крајот и со песна било именувано за *„грчки начин ороиграње“*.[65]

Ороводниот почеток бил бавен, здржан, па како песната станувала пожива и орото се забрзувало. Родовата и возрасно – социјалната подреденост безпоговорно се спроведувала, напред во некои краишта

61. Александар Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година,** Гласник на Институтот за национална историја, г. 18, бр. 1, Скопје,1974, 245-246

62. д-ръ Конст. Иречекъ, **Стари пътешествия по България**, 116-117

63. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите..349**

64. **Френски пътеписи за Балканите...**, 152

65. А. Матковсики и П. Ангелакова, **Патувањето на Едвард Браун низ Македонија (1669)**, 140



*Оро играно под ритам на нозе*

играле момците, следеле момите[66], во други (Серско) напред воделе мажите, следеле омажените жени, па невестите, свршениците, а крајот им се препуштал на момите.[67]

Ороводењето со песна до скоро можело да се сретне и во Мариово,[68] го имало и во Западна Македонија,[69] сепак како најспецифично остана за словенското население и разликите меѓу него и

66. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, кн. 11, 1894, 249

67. Исто, кн. 10, 1893, 504

68. Милан Ристески, **Македонски обреди и обредни песни**, Скопје, 1985, 64

69. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела,** том четврти, Мисла, Скопје, 1976, 34

грчкото било што кај Грците имало и музички инструмент.[70] Сосема редок случај бил кога се играла т.н. *„војска“*, мала игрива драма, која ја формирале две пејачко–игриви групи, кои преку пораки од песни ја граделе и ја изведувале.[71]

Најомилено оро било она кога се играло двојбено и со песна и со звук на музички инструмент. Првин се пеело и играло, потем кавалџија или друг инстументалист паузите ги пополнувал со свирка,[72] понекогаш можело да почнне да се игра под такт на музички инструмент, а да продолжи натака и со песна.[73]

Вековната традиција ората да се играат со песна дошла и до нашите дни, партизаните на митинзите во нашите села, на кои имало пламени говори, дуети, хорски и други песни, врапчиња, не ретко и некаков популарен, антифашистички скеч, секогаш, дури и обврзно стана да има и заеданички ора со мештаните. Такви ора се изведе и на 1 мај 1943 год. во селото Арменско (Егејска Македонија).[74]

Сепак, да се вијат ора под диктат на музички инструменти остана најомилен, а гајдата најексплотиран инструмент. Се играло и под звуци на кавал,[75] зурли и тапани, гајда и тапан (Серско, 1894), при што гајдаџијата обично бил Словен, тапанџијата-Ром,[76] а комбинацијата тапан и зурла сепак остана најчеста.[77]

70. **Френски пътеписи за Балканите...**, 377

71. Д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Јужна Стара Србија,** књ. прва (Кумановска област), Београд, 1911, 398-400

72. д-р Александар Матковски, **Неколку кратки патописи за Македонија**, ГИНИ, г. 16, бр. 1, Скопје, 1972, 262

73. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, СбНУ кн. 11, София, 1894, 201

74. Проф. д-р Трајче Грујоски, **Дневникот на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев“,** Во**: Битола и Битолско во НОБ 1943 и 1944, книга втора,** Општински одбор на здруженијата на борците од НОВ – Битола, Друштво за наука и уметност – Битола, Издавачка дејност „Развиток“- Битола, Битола, 1983, 85

75. д-р Александар Матковски, **Неколку кратки патописи за Македонија,** ГИНИ, г. 16, бр. 1, Скопје, 1972, 262

76. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, кн. 10, 1893, 504

77. д-р Александар Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година**, ГИНИ, Г. 18, бр. 1, Скопје, 1974, 246

## Ромите и музиката

Кога започнал егзодусот на Ромите од Индија и кога отпочнало и нивното и надоаѓање на Балканот, потоа и низ Европа и светот, засега е дискутабилна тема, но дека и пред османлиите да преминат преку Босфорот, отпочнале да навлегуваат на Балканскиот Полуостров веќе е потврдено. Биле тоа ретки и осамени групации, кои како циркуски забавувачи беа се стационирале во Константинопол.[78]

Уште во почетокот биле познати како Цигани, односно Цингене,[79] но и како Ценгане.[80] Документите ги регистрираат за скитници, кои одат од село во село и се настануваат во напуштени објекти и прават материјални штети крадејќи коњи, кокошки, јагниња и друга стока,[81] такви ќе останат и понатака, говорат дел од документите.[82]

Во огромен број беа ја прифатиле муслиманската вероисповед и турската национална облека, но и покрај тоа долго време пристапот до муслиманските богомоли и закопот во муслиманските гробишта им бил ограничен.[83] Го плаќале данокот џизие, кој кај муслиманските Роми изнесувал 650, а кај немуслиманите 720 акчиња.

За цело време, дури и до нашите дни, животот им остана тежок и со многу лишувања, кое стана причина во нивните квартови да владее страшна нехигиена, многубројни болести и продолжителен глад.[84]

---

78. Gratan Paxon, **Ромите во Македонија и Византија**, ГИНИ, год. 18, бр. 2, Скопје, 1974,81-95; Александар Стојановски, **Македонија во турското средновековие**, Култура, Скопје, 1989, 127-181

79. Сицил бр. 20, 1668, декември 4

80. Сицил бр. 29, 1695, октомври 5. Името Ром, иако е официјализирано во средината на 20 век, се среќава уште во првата половина на 19 век. Ами Буе (1836-1838) вели дека припадниците на оваа заедница меѓусебно се викале Ромничел, што значело *„оджена роден"* (**Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849**, 334). Попознати биле како Цигани, Цингари, Ѓупци, Египјани, а османлиите ги именувале и Ченгени. Името Египјани е старо и се среќава уште во средината на 16 век (**Немски и австрийски пътеписи за Балканите XV-XVI в.,** Наука и изкуство, София, 1979, 177)

81. Сицил бр. 3, 1634, крај на април

82. Сицил бр. 39, 1721, јули 29

83. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 224

84. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 189

Биле постојано декласирани и омаловажувани, третирани за вртивера и за тешки неработници.

Траги на Балканот оставиле во многу занаети, посебно во ковачкиот, но ги развиле и ситарството, коритарството, а најмногу се истакнале во музиката. Благодарејќи на нивното извонредно „*музикално уво и вкусот за музиката*“ долго време среде османлиите го држеле и монополот во неа.[85] Умееле да свират скоро на секој инструмент, оттаму, како што тврди еден патеписец (1770-1790) „*во армијата на неговото височество да не се среќаваат други музиканти освен Цигани...Во воените корпуси ги свират сите оние воени напеви со кои се повикуваат војниците на јуриш или атака*“.[86]

Пречекот и испраќањето висок гостин наместо со воена музика, најмногу им било доверено на нивните музички состави.[87] Се појавувале на секаква, селска или друга свеченост, без разлика христијанска ли е или муслиманска,[88] од нив можела да се чуе понекогаш и строго забранетата „Марсељеза“.[89]

Како музички инструменти користеле вид харфа, но најомилени им останале зурлите и тапаните,[90] се обидувале напати да присвојат и европски инструменти, при што потесниот избор паѓал врз виолината и кларинетот.

За ова нивно занимање османлиските власти им беа одределе специјален данок, кој потоа одел како надоместок за трошоците на официјалната музика на румелискиот беглербег.[91]

85. **Македонија во делата на страснките патописци**, **1827-1849,** 338

86. **Френски пътеписи за Балканите 15-18,** 364

87. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826**, 662

88. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878**, 152

89. **Македонија во делата на странските патописци, 1850-1864,** 65

90. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 150

91. Сицил бр. 26, 1668, јануари 24, бр. 89; Сицил бр. 27, 1691 ноември 18, бр. 158; Сицил бр. 49, 1139, сафер, бр. 207

Девојченца Ромки често учествувале во одбележувањата и на разни христијански обреди, многупати биле и „пеперутки“ во додолето.[92]

За цело време особено популарни станале нивните танчерки без кои свадбите, сунетите, верските и другите свечености никако не можеле да се замислат.[93] Се плаќале на ден, *„исто онака како кај нас со дружината на селски свирачи“*, според Италијанецот Франческо Сансовино (1564). Танчерскиот настап им се состоел од два дела, првиот бил музички, во кој неколку млади Ромки со вид харфа со благ звук, со дајре, кастењети свиреле и грациозно играле, по што следела пантомима, кога најголемата и најубавата во игра преполна со симболи, искажувала некава трагична вљубеност кон присутен поединец, па откако, наводно, не била прифатена нејзината понуда, решавала да се самоубие. Од шамијата плетела јаже кого го виткала околу вратот и изведувала сцена на трагичен крај, додека сето тоа течело со музика од нејзините другарки.[94]

Ваков настап имале и на муслиманските свадби, а бидејќи поделбата на муслиманскиот дом бил на „машки“ и на „женски“, песните и игрите наизменично им се преселувале од едната во другата просторија.[95]

Французинот Пуквил како гостин во палатата на Али-паша во 1817 година лично беше ги доживеал овие групи,[96] иста прилика имала и Русинката М. Карлова во 1868[97], како и Елија Блант[98]. Интересни настапи претставувале и сцените кога девојките се преоблекувале во машки алишта и изведувале елегантни и соблазнителни игри, повторно во придружба на музички инструменти.[99] Кога овие девојки

92. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 102; **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 104

93. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874**, 176

94. **Балканот во делата на странските патописци**, **1402-1657**, 196

95. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 289, 291

96. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 664

97. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874,** 193

98. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 228

99. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874**, 193

ги напуштела младоста ја менувале професијата бавејќи се натака со гатање, магии и претстакужување судбина.[100]

Освен во домашен амбиент, настапувале и низ кафеаните и ановите како чочеци или ченгии, каде полу–разголени, со расплетени коси и со предизвикувачко–сензуални танци ги занесувале посетителите.[101] Меѓу двете светски војни можеле да се сретнат и низ нашите кафеани и додека играа ги следела музика во состав од еден до два Рома на виолина и Ромка на дајре и некаква турска или друга песна со развлечена, источна интонација.[102] Во иста улога се наоѓале и младичи Роми преоблечени во женска облека и тие во сцени со *„најодвратни и срамни движења на телото“*,[103] при што свадбите и сличните прослави им биле најчестите ангажмани.[104]

Оценувајќи го нивниот севкуен придонес во музичкиот живот на Балканот, Тихомир Ѓорѓевиќ, најсериозниот ромски проучувач, тврди дека тој е и многу поголем од тоа што се знае и што се признава, зашто не само што го збогатиле, биле и чувари и разнесувачи на мотивите и мелодиите. Бидејќи музиката и песните ги прилагодувале на своите вкусови, за жал, истовремено и ги „циганизирале“, односно, како што вели, ги расипувале.[105]

100. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 226

101. Тихомир Ђорђевић, **Наш народни живот**, 3, Просвета, Београд, 1984, 30

102. Исто

103. **Македонија во делата на странските патописци, 1778-1826,** 216

104. **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878,** 289-290

105. Тихомир Ђорђевић, Цит. дело, 39

# Традиционални и европски инструменти и битолски инструменталисти

## Гајда и гајдаџии

Првите податоци за гајдата на Балканот потекнуваат од XIV и XV век и се извлечени од архивите на Дубровник каде е забележана под името *cornamusa*,[106] но бројни податоци оставиле и европските патописци.Французинот Никола де Никола (1551) ја сретнал на веселба во неделно попладне на цариградска плоштатка и ја регистрирал како *„козја гајда“*,[107] за Полјакот Самоило Твардовски (1661) таа е музички инструмент што води оро на средселска веселба,[108] Французинот Пуквил (1798-1801) тврди дека Словените не се *„разделувале од неа“*,[109] според други била *„најчест инструмент“* во Серско,[110] во Кумановско,[111] во Петрич (1894)[112] и таквата нејзина популарност им дало за право, глувонемите стражари во крајот од XIX век од

106. Константин Јиричек, **Историја Срба**, Превео и допунио Јован Радовић, друга књига, Научна књига, Београд, 1952, 295

107. Радован Самарџић, Цит. дело, 117-118

108. д-р Хр. Кесяковъ, **Стари пътувания презъ България,** СбНУ, кн. XI, София, 1894, 158

109. **Румелийски делници и** празници **от XVIII век**, Отечествен фронт, София, 1978, 11

110. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегаланица**, СбНУ, кн. X, София, 1983, 504

111. д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Јужна Стара Србија**, књига прва (Кумановска област), Београд, 1909, 397

112. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница“**, СбНУ, кн.XI, София, 1894, 201




*Козја гајда (цртеж од 18 век)*

претпортата на великиот везир во Истанбул, кои, кога требало да претставaт Словен, да имитираат човек што свири на гајда.[113] Ја регистрирал и Елија Блант (1858-1878),[114] Густав Вајганд (1889-1898)[115] и многумина други.

Најчестата задача на свадбите ѝ била да ги покани побратимите, деверите на зетот,[116] да ја проследи свадбарската веселба,[117] да создаде амбиент при пречек гости,[118] расположение среде развеселени другари,[119] не ретко преку неа да протече и личен емотивен порив.[120] Кога го водела орото одела пред ороводецот, при што темпото се состоело од 4 дела, четирите осмини такт (Меглен, крај на XIX век) одело косо напред, следните две четвртини играорците газеле вместо, а во последните 4 четвртини движењата биле понастрана и наназад. Крајот се огласувал со висок пискав знак.[121]

113. **Македонија во делата на странските патописци**, **1894-1902,** 23
114. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 309
115. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 115
116. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела,** том четврти, Мисла, Скопје, 1976, 43
117. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 311
118. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите**, 298
119. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 20
120. **Македонија во делата на странските патописци**, **1879-1888,** 244
121. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 116

Гајдата е соло музички инструмент кој не пројавува интерес за дружба, макар што се случува покрај себе да има и тапан и зурла,[122] при што гајдаџијата е Словен, тапанарот или зурлаџијата Ром,[123] сосема ретко да биде заедно и со гусла[124] и со еден ваков состав во 1850 год. се виеле ора во патријаршиско село во Битолско,[125] а ја имало во комбинација и со дајре.[126] Состав од тапан, гајда, тамбура и кавал сретнал Елија Блант (1858-1878).[127]

Била многу популарна и во селата и во градовите низ Пелагонија од каде произлегле и бројни гајдаџии. Во Прилеп во средината на 19 век особено популарен беше се истакнал некој Џакман гајдаџијата, кој, според Марко Цепенков, беше се здружил со Панте дајраџијата и заеднички настапувале на свадби („*Коа свиреа по свадбите од Козман Капидаан песната цел саат ќе ‘а велеа*“, тврди тој[128]*)*.

Во крајот на XIX и почетокот на XX век имало 25 битолчани кои свирејќи на неа на свадби и панаѓури можеле за еден до три дена да заработат и до една лира.[129] Специјализираното битолско место за нивна себепрезентација, каде се капареле и договарале за настапи, бил Ленски Пазар каде обично се објавувале со препознатливите гајдаџиски варијации.

Гајдаџиите во Битола надоаѓале особено од селските средини, а браќата Манаки на почетокот на 20 век беа ги регистрирале и со филмска камера и со фотоапарат во црквата „Света Недела“

122. Милан Марковић, **Један францускu путописац у нашој земљи 1658**, Гласник историског друштва, кн. 7, Нови Сад, 209

123. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, СбНУ, кн.10, София, 1893, 504

124. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 21

125. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 21

126. Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво во десет книги**, книга десетта,151

127. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 219, 228

128. Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво во десет книги**, книга десетта, 151

129. Милош Хр. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата**, Научно друштво – Битола, Битола, 1961, 67

на т.н. Селски велигден. За некои станала основно средство за егзистеција, за други надополнување на дневната заработувачка.

Во првите децении на XX век како гајдаџија во Битола беше се истакнал Тале Митрев, попознат како Тале гајдаџијата. Му припаѓал на најтешката градска сиромаштија, па кога во 1925 год. починал во Окружната болница во Битола, трошоците околу неговиот закоп паднале врз општинскиот буџет.[130]

Битолски гајдаџија бил и Јован Несторов Цветковски, кој потекнувал од село Вранешница, од каде како 14 годишен беше се преселил во Битола, првин се бавел со пекарскиот занает, а откако наполнил 33 год., како за подоходовна работа, беше ја зел гајдата. Репертоарот му се состоел од епски и лирски песни, една му била поврзана и со Марко Крале.[131]

Во почетокот на 20-от век од Могила во Битола беше дошол и гајдаџијата Трајан Димовски, познат со прекарот Балто, од кого и денес дел од неговото семејство што живее во Генимаале, препознатливо е како Балтовци. Како гајдаџија успеал да присобере средства, не само трајно да се пресели во градот, да подигне и дом, да го донесе и семејството.[132]

Сепак, најзначајниот битолски гајдаџија од крајот на 19 и првата половина на 20-от век е могилчанецот Блаже Илиев Стојановски – Пифка. Имал долг живот, проживеал 97 год., а умрел во своето село во 1957 год. Со упорна земјоделска работа и со гајдата станал еден од побогатите могилчани („*Бев многу сиромав, ама со Господ и со гајдата останав жив...*“, имал обичај да каже кога говорел за својот долг и интересен живот). Живеел во една од најубавите куќи во селото, стекнал 28 хектари плодна земја, 200 глави овци, поголем број крупен добиток, улишта, две коли и чеза со која парадно доаѓал во Битола или заминувал по околните села за време празници каде ги пре-

130. Државен архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд: **Градско поглаварство на гр. Битола**, Записничка книга бр. 15, 3 мај 1925, т. 12 (**Натака:** Книга бр.)

131. Митар С. Влаховић, **О слепим гусларима у Јужној Србији**, Гласник Етнографског музеја у Београду, кн. 6, Београд, 1931, 105/1

132. Соопштение на Славка Димовска, пензионерка од Битола, снаа од внук на Трајан



*Блажe Пифка со гајдата и со едно од внучињата (1941)*

зентирал своите вештини со гајдата и богатиот и лирски и епски репертоар.

Бил омилен музичар не само на средселските и другите празнувања, и на колективните музички манифестации во Битола, Македонија и во тогашна Југославија. Имал настап во Радио-Скопје, кога тоа отпочна да ја емитира својата програма, а во 1938 год. се нашол и на големата смотра на југословенскиот фолклор во Белград кога предизвикал сензација.

Гајдата, како што говорел, ја познавал како својата душа и од неа можел да извлече неверојатен број тонови. Многумина научни работници кои се бавеле со собирање и проучување на фоклорниот материјал од Македонија, меѓу другите и професори на Педагошкиот факултет од Скопје, доаѓале во Могила да се сретнат со него и да приберат дел од него.[133] Во два наврата доаѓал и подоцнежниот академик Душан Недељковиќ, доаѓал и Милосав Јовичиќ, наставникот по музика во Битолската гимназија со истата задача.[134] Дел од него веќе е објавено, дел остана допрва да ја види светлината на денот.[135]

133. Александар Стерјовски, **Последниот битолски рапсод,** Развиток, г. 26, бр. 3-4, Битола, 1998, 156-166

134. Љ. Стојовић, **Човек који је на гајдама зарадио лепо имање,** Политика, 1 април 1941, 6

135. Александар Стерјовски, **Последниот битолски рапсод**, Развиток, г. XXVI, бр. 3-4, Битола, 1998, 156-166

Познати гајдациии кои настапувале заеднички на средселски и празнични средби во Логоварди во втората половина на 20-от век биле и Тоде и Наумче – Унчо,[136] а такви имало и во другите пелагониски села, што не значи, пак, дека нивниот список е исцрпен.

## Кавали

Популарен и чест музички инструмент на Балканот, наједноставен за изработката и за употреба, е кавалот. Се споменува уште во повелбите на Стефан Душан,[137] го има и во средновековниот фрескопис, како двоен („двојанка") го среќаваме и во фреска во црквата во Старо Нагоричане позната како „Исмејување на Христос".[138] Со придавките „златен", „меден", „писан", „сребрен" и „тенок" се споменува и во народната песна.[139]

Студиозен научен пристап за него, како и за повеќето народни инструменти, даде д-р Александар Линин.[140] Во некои краишта на Бугарија во почетокот на XX век се среќавал во два вида, *„свирка"* и *„кавал"*, првиот бил сличен на нашиот дудук и се третирал за пастирски инструмент, додека кавалот се состоел од три дела и бил нешто поголем од свирката.[141]

Изработен е од дрво, има мек и пријатен звук, рано добил и варијанти, па ги има неколку вида, пократки, подолги, од еден или од два дела, оттаму и именувања – *„дудук", „шупелка", „кавал"*. Кога дудукот е двоен се именува за *„двојанка"* (Кумановско), шупелката по должина му е слична на дудукот, но делот каде се дува е поистенчен, заради што дувањето мора да се изведе странично, а кога е подолг се смета за овчарски инструмент. Едвард Лир во 1848 год. на своето

136. Ристе Котевски, **Сведоштва,** Битола, 2021, 240-246

137. Константин Јиричек, Цит. дело, 295

138. D-r Svetozar Radojčić, **Ruganje Hristu na fresci u Starom Nagoričanu**, Zagreb, 1934

139. **Речник на македонската народна поезија**, том 3, И-К, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 1993, 213-214

140. Д-р Александар Линин, **Народните музички инструменти во Македонија,** Македонска книга, Скопје, 1986, 65-88

141. Хр. Вакарелски, **Битъ**, Тракийски наученъ институтъ, София, 1953, 267

патување преку планиските превои одејќи за Битола слушнал кавалски варијации од двајца овчари кои се забавувале свирејќи на нив.[142]

Во крајот на XIX век кавалов скоро наполно исчезнал од нашите краишта, па се случи, како што известува Јован хаџи Васиљевиќ, на него да *„свири само уште по некој Арнаутин“*.[143]

Го среќаваме и во Битолско и во Битола најмногу во рацете на пастирите, во кое се увериле и многу патници што ја посетиле Битола. Двајца Англичани (1839, 1842, 1844) доживеале аркадијски амбиент надополнет со мелодии од овчарски кавали,[144] ги доживеал и Хенри Тозер (1865).[145]



*Нестор Црнио со своето кавалче (почеток на 20-от век)*

Познат битолски кавалџија од крајот на 19 и почетокот на 20 век бил баирчанецот Нестор Црнио. Дали зашто бил калеш или зашто бил и Ром, често бил именуван и за Нестор Ѓуптино. Со него поврзана е и мошне потресна приказна што ја забележа еден од првите хроничари на Битола, Григорије Божовиќ,[146] која со многу

142. **Македониија во делата на странските патописци, 1827 – 1849,** 650

143. д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Јужна Стара Србија**, кн. прва (Кумановска област), Београд, 1909, 397

144. д-р А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година,** ГИНИ, г. 18, бр. 1, Скопје, 1874, 237

145. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874,** 71

146. Проф. д-р Владимир Цветковски, **Битола во расказите на Владимир Божовиќ,** Во: **Битола и македонско-српските културни односи и врски,** Конзулат на Република

елементи му е слична на оние судбини што ги обработил Борисав Станковиќ кога говори за „божјаците". Пред тој *„да се штукне од умот"* наводно бил угледен и богат трговец, но една вечер во негoвиот дом, каде го чувал златото, крадци насилно му влегле и го одвлекле, па за да преживее се оддал на просење и заработка со песна и свирка. Најомилени му биле песните *„Ој девојче, мамино галениче"*, *„Кој ти го купи фустано, фустано"*, *„Невесто, око калешо"* и други слични, кои ги придружувал со кавал.[147]

Кавалот, како и гуслата и гајдата, скоро исклучиво е индивидуален инструмент, но има случаи кога влегува и во оркестарски состав, па ќе се сретне придружен и од тапан, гајда и тамбура.[148] Имало составит и на кавали со гитари со три струни.[149]

## Гусли и гуслари

Ако се цени значењето на гуслата што го имала среде Македонците во 19-от век, споредено со херцеговското и црногорското, заклучокот би бил дека таа никогаш не стана национален инструмент, но таквата оценка, би била погрешна, вистина е дека во 19-от век била скоро заборавена, особено еднострунатa и дека можела да се сретне скоро исклучиво среде слепите гуслари – талкачи, а и кај нив со водоизменет профил и тоналитет, сега како триструна, зашто во подалечното минато состојбата нејзина била сосема поинаква.

Гуслата, всушност, е најстариот инструмент со кој се дружеле старите Словените, потврда за тоа е и записот што го остави византискиот хроничар Симоката во 591 год. во врска со трите уловени Словени – разузнувачи кои во рацете држеле гусли слични на византиските гитари и лири.[150]

Србија во Република Македонија – Битола, Битола, 2010, 207-215

147. Григорије Божовић, **Приповетке,** 1940, 61

148. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 228

149. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 151

150. **Византиски извори за историју народа Југославије**, том I, Научна књига, Београд, 1955, 110

Во средните векови се нашла и во феудалните дворци и на гозбите, не ретко и во рацете на самите господари, кога посакувале да ги забавуваат своите гости.[151]

Ликовно повеќепати е претставувана во среднте векови, можеме да ја видиме како еднострунa кај свирач во група од четворица трпезарски свирачи во минијатура од „Александрида" која потекнува од XIV век.[152]

Рано е регистрирана и во Битолско, потврда за тоа е и дрвената резба од 16 век на вратата од манастирот „Св. Јован Продором" од Слепче.



Скица на гуслар како отслик од даборез

Нејзиното истиснување и замена со триструната се случува во периодот што следи, на што сугерира и една икона од село Кучевиште од Скопска Црна Гора, по потекло меѓу XVI-XVIII век.

Хенри Тозер на својот пат низ Македонија во 1865 год., во дом покрај Вардар, сретнал два нејзини вида, еден, сличен на црногорските еднострунi гусли, друг, триструна, за која вели дека во овие краишта била

151. Константин Јиричек, **Историја Срба**, друга књига, Превео и допунио Јован Радовић, Научна књига, Београд, 1952, 295

152. Александар Стерјовски, **Македонските слепи гуслари**, Матица македонска, Скопје,1999, 17

*„најраспространета“*.[153] Иста таква забележана била и во рацете кај говедар кој самостојно се забавувал пасејќи коњи (1883),[154] потоа кај група која престојувала и се забавувала во ан додека се туркала ноќта (1891).[155]

Покрај овие два вида, постоела и двеструна. Првиот податок за неа е од 1799 год. и истиот ни го остави Французинот Шоазел Гуфие,[156] другиот му припаѓа на Григор Прличев во поемата „Сердарот“.

Инвентивните слепи гуслари, а со цел мелосот да стане попријатен, кај мајсторите – дрводелци нарачувале и со повеќе струни, но најдоследно верни ѝ останале на триструната. Лесно се транспортирала, соодвествувала на плачниот глас на изпол-нителот, оттаму и нејзино второ име – *„слепечки инструмент“*.



*Ташку Павлов со својата гусла*

Битолскиот просјачко гусларски центар, инаку, бил еден од најразвиените на Балканот, во кого во 19 век сè уште биле збрани десетина.[157] Конечниот крај му е периодот меѓу двете светски војни и негови последни претставници се крушевчанецот Ташку Павлов, еден слеп Русин, мигрант и Коста Михајлов Најче.

153. **Македонија во делата на странските патописци 1864-1874**, 71

154. **Македонија во делата на странските патописци,1879-1888),** 133

155. **Македонија во делата на странските патописци, 1889-1898,** 151

156. **Балканот во дедлата на странските патописци во времето на турското владеење**, 2, 365

157. Милиош Хр. Константинов, Цит. дело, 66

Павлов во Битола беше дошол од Крушево во 1910 год. и беше се настанал во приградските помошни простории на црквата „Св. архангел Гаврил" кај Довлеџик, каде беше го прифатил и беше го подучувал да свири и да пее битолчанецот Коста Михајлов Најче. Пред 1936 год., кога е направен списокот на последните битолски гуслари, него веќе го нема, по сè ќе да е починат. Слепиот Русин со гуслата и со репертоар од македонски народни песни вообичајувал да ги посетува битолските села, најмногу побогатите печалбарски потпелистерски.

Последниот, Коста Михајлов Најче, бил православен Ром, оттаму и прекарот, Кочо Ѓуптино. Роден е во 1880 год., а ослепил на 18 годишна возраст, имал сопруга и четири деца кои му станале водачи и го воделе до драгорските мостови, на кои настапувал, од кои најмногу на Ленски мост и Мостот кај Безистенот. Ја посетувал и чаршијата, но и меаните и ановите во кои, исто така, свирел и гуслер. Скромното по обем пејачко наследство што го остави открива дека не бил меѓу најдобарите гуслари, а гуслата беше му ја изработил некој познат прилепски мајстор дограмаџија.[158] Како фосил на дамна одминато време станал интересен и за учениците од Битолската гимназијата, па во ретки прилики и по повод некаков национален празник, скоро и насилно, како што ќе раскажуваше при нашата посета на домот, ќерката Фана, го извлекувале од домашниот амбиент и го поставувале на школската бина да им музицира и да им пее, всушност, да враќа некакво дамно одминато време.[159]

Иако Битолскиот просјачко – гусларскиот центар ќе згасне, гуслата битолчани ја милувале и ја доживувале, а најзаслужни за тоа биле посетите на српските и црногорските гуслари, како и прилепските, кои за време празници или во пазарните денови надоаѓале во бранови, гуслеле и пееле на драгорските мостови и низ чаршијата. Најпопуларен и најмногу запаметен од нив остана Апостол Секуловски, од кого имаме и помала збирка народни песни објавена од Бранислав Русиќ.[160]

158. Александар Стерјовски, **Македонските слепи гуслари**, 150-156

159. Исто, 112

160. Исто, 170



*Апостол Секуловски*

Се случувало да доаѓаат и непознати и неименувани гуслари, еден во дворот на манастирот „Св. Илија" во селото Драгош во 1933 год, како што пишува дневниот печат, гостите ги забавувувал постар гуслар.

Заслуга за меморирањето на гуслата во Битола имала и азбестата колоритна завеса на возобновениот театар од 1926 год., уметничко дело на Милош А. Васиќ, сликар и декоратер на Белградското народно позориште на која се наоѓа гуслар со едноструната гусла. Според позицијата на главата, веројатно бил слеп и се наоѓал среде група мажи, жени и деца, сите во народна носија, кои влимателно го следат. Истата била дар на кралот Александар по повод осветувањето на објектот на Битолскиот театар.[161]

Битолскиот гусларски просјачки центар заради значењето што го стекнал и заради трагите што ги остави во народното творештво се вброил за еден од посебните во списокот на севкупниот словенски корпус на ваквите центри.[162]

161. **Поклон Њ. В. Краља,** Comoedia, Београд, 1925-1926, 25

162. Катя Михайлова, **Странстващият сляп певец просяк във фолклорната култура на славяните ,** БАН, София, 2006, 98-100

## Тапани и зурли

Тапанот како мемрбанофоничен ударен инструмент кај нас познат бил и пред доаѓањето на осмалиите, а средовековните ликовни одрази потврдуваат и за неговиот продолжителен интерес. Го има во фреската „Исмејувањето на Христоса“ од 14 век, а и во друга позната со името „Танец на лудите“ од истиот век, заедно со зурла присутен е и во фреската од 1806 год. на влезната порта во манастирот „Св. Наум“ во Охрид.[163]

Се среќавал во две форми, како *голем тапан* со пречник 300 до 550 мм и *мал тапан* (тапанче) во пречник од 300 до 350 мм. Обата изведени се врз ваљак од ореово или костеново дрво над кого е распната козја или овчја штавена кожа. Од него се изведува звук со удари од кукада од десната и прачка од левата страна.

Најчесто и најмногу е придружен инструмент во зурлаџиско- тапанарските состави, сосема ретко може да се сретне и самиот да води игриво оро.

Наспроти големиот тапан кој е најексплоатиран, случајот со тапанчето е поинаков, поретко е во употреба, и, што е посебно интересно, во поново време полека влегува и во повеќе комбинации со други инструменти.

Потеклото на зурлата (односно на сурлата) е азиско (персиска – зурна), кое никако не значи дека ја немало и во нашето средновековие. На фреска, која потекнува од 14 век, среќаваме група свирачи поставени во две колони, простум и седнати, тие од долната постава држат жичани иструменти и барабан, со белешка „глумци“, додека исправените свират на дувачки инструменти со белешка „праскавници“.

Зурлата се состои од два дела, дрвена цевка чија должина зависи од видот (може да биде од 480-540 см., но и помала), која е проширена на долниот крај и изработена е како еден дел. Додатниот, горниот дел, од каде се изведува звукот именуван е за славец.

---

163. д-р Александар Линин, Цит. дело, 8, 10



*„Глумци" и „Праскавници"*

Скопскиот тип зурли, најзастапен во Македонија, го има и во Битола, а со варијации во тоналитетот раширен е и насекаде низ нашите населени места. Нејзиниот зуковен репертоар е наменски и е тесно поврзан со потесната намена, оттаму да е и обичаен, односно да е и маршовски (маршовски е кога се оди по невестата или кај зетот).

Најкомплетен нејзин состав е оној кога се здружуваат две зурли и два тапана, чии најдоследни корисници се Ромите.[164] Во Битола врз

164. Исто, 106 -112

нивната музика се воделе и ората поврзани со празникот „св. Кирил и Методиј“ играни во дворот на истоимениото училиште.[165]

## Балканските музички инструменти и оценките на западноевропејците

Значителен дел податоци што ги имаме денес за нашите традиционални музички интрументи добиени се и од европските патешествениците. Посебно вредното во нив е што се добиени од образовани луѓе, кои потекнуваат од поразвиена музичка средина и што при описот љубат да одат и во детали, задржувајќи се притоа врз градбата, специфичностите на звукот, а за да им го доближат описот што повеќе на своите сонародници, посегаат и по аналоги, најмногу со сличните од Европа, со што описот станува мошне прецизен.

Многу популарен и многу раширен османлиски музички инструмент за сите нив и на кој посебно се задржале е тамбурата. Според Пулет (1658) таа е слична на западноевропската цитра,[166] која „...*по форма и големина потсетува на дрвениот чевел на нашите селани. Рачката ѝ е долга тричетвртини од аршинот, а широка нешто повеќе од два прста. Врз неа се оптегнати три метални жици, врз кои се удира со перце*“[167]. Според Ами Буе (1836-1838), заедно со „*баскискиот барабан, таа е задолжителен инструменти во песните*“ во овие краишта.[168] Прицврзана на плеќите или врз седиштето од коњот, се носи насекаде, низ градот, на патување, во војна (1658), односно станала скоро задолжителен инструмент.[169]

165. Симон Дракул, **Македонија меѓу автономијата и дележот,** том петти, 1907**,** Догер, 1998, 316

166. **Френски пътеписи за Балканите...**, 312

167. Вјекослав Јелавић, **Доживљаји Француза Poullet-а на путу кроз Дубровник и Босну (године 1658)**, Гласник Земаљског музеја у Босни и Херцеговини, кн. 20, Сарајево, 1908, 42

168. **Македонија во делата на странските патописци, 1827-1849**, 277

169. Вјекослав Јелавић, **Доживљаји Француза Poullet-а на путу кроз Дубровник и Босну (године 1658),** 42

Слична на неа е харфата, има благ звук *„ направена е слично како на грб од некоја голема риба, со една шипка од долната страна, врз која се приврзани жици со цел поумилно да звучат“* (1560).[170] Опис, скоро идентичен даде и Франческо Сансовино (1564).[171]

Оценета е за индивидуален инструмент, најмногу за домашно разонодување, но изобилно се експлоатирала и од професионалните свирачи чии настапи биле поврзани со побогатите семејства,[172] не ретко, можела да се сретне и кај христијани.[173]

Во употреба во оваа земја, како што тврди друг патописец, бил и еден *„мал барабан, врз кого само од едната страна е растегната кожа, а од страните има мали звучни тасови“* (1560).[174]

За *„вид гитара“* со четири струни, која следи долга епска песна со многу паузи, говори и Јохан Хајнрих Мајр (1814),[175] за *„гитари со три жици“*, кои се во музичка комбинација со кавали, дава податоци Виктор Берар (1891)[176] итн.

Овие патници не ги заборават и гајдите и обоите и *„подзарипнатите барабани во кои не така непријатно удираа со некоја дебела прачка зделена на врвот, слично на боздоган и со мало стапче од левата рака...со кои доста умешно ги доведуваат во созвук со гласот на своите гајди, обоите или зурлите“* (1658).[177]

Омилен ран музички инструмент за османлиите, според европјаните, биле и кастењетите, слични на дрвени лажички во големина од половина шепа, со кои, како што тврди еден француски патопи-

170. **Френски пътеписи за Балканите...“**, 337

171. Забележал – *„Друга разонода и многу почеста заради својата благост е некаква харфа направена од скелетот на една голема риба, со една преграда која минува надолу, на која се закачени струните без запци за да звучки понежно...“* (**Балканот во делата на странските патописци**, 1, **1402-1657,** 196)

172. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 613

173. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 85

174. Исто, 337

175. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 581

176. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 151

177. Милан Марковић, **Један француски путописац у нашој земљи 1658,** Гласник Историског друштва, кн. 7, Нови Сад, 312-313

сец *„штракаат исто онака како просјаците во Франција со штракалките“*. Држејќи ги в раце подигнати над главите што повисоко со движење на прстите од десната ги доближуваат до левата рака, повремено вкрстувајќи ги и доближувајќи ги до челата, следени под такт со удари на нозете и вртејќи се вместо, вкруг.[178]

Патописците даваат описи и за дувачки инстументи, и за дајриња и за останати.[179]

За нивната инструменталната музикалност има различни оценки, понекогаш се и дивиргентни, односно во зависност од оценувачот, најмногу од ставот кон средината што ја открива. За некои во составите ги има малку на број (*„неколку рогови и еден вид цитра толку малку хармонична, што со својот глас звучат повеќе како казан, отколку на нешто друго“*[180]*)*, за други се *„варварски инструменти“*[181], за трети се премногу груби и немузикални кои *„го придружуваат нивното рикање и ја комплетираат нескладноста“*.[182] Ако се придодаде кон тоа и нивната бучност,[183] неумереноста во времетраењето на изведбите, од кое боли и главата,[184] ќе се комплетира целосната слика што ја доживувале странците кога се обидувале како отслик да им го пренесат на своите сонародници.

Наспроти нив, има и сосема спротивни оценки.

Французинот Пјер Белон (1555), откако го дал описот на кавалот, инструментот од продупчена прачка (сличен на *„германската флејта“*), заклучува дека *„ако не го бев чул, навистина немаше да поверувам дека еден толку груб инструмент може да произведе толку пријатна музика“*.[185]

178. Исто

179. Радован Самарџиќ, Цит. дело, 337; Вјекослав Јелавиќ, Цит. статија

180. **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1777,** 221

181. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 663

182. **Балканот во делата на странските патписци**, 2, **1664-1779,** 365

183. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 557

184. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874,** 193

185. Всеволд Николаев, **Набюдения на множество редки и забележителни неща, видени в Гърция, Азия, Юдея, Египет, Арабия и други чужди страни от Белон дю Ман**, БАН, София, 1853, 211

Слични оценки, даваат и други патешественици[186] и тоа е дел од сликата што се обедувале овие патници да им ја пренесат на своите сонародници.

## Клавири

Битолчани рано почнале да ја милуваат нежната музика на пијаниното и на нивните варијанти (кај нас наречено почесто клавир), кое набргу стана дел и од градската претенциозност, а колку, пак, на број ги имало и дали е оправдан и атрибутот за Битола за *„град на клавирите“,* остана непознато.

Се знае, меѓутоа, времето кога пристигнале првите за кое податоци остави француски вице-конзул во Битола Белег де Буга, кој во својот извештај од 1856 год. за Битолскиот вилает, има забележано: *„Неколку христијани што престојувале во Германија, неколку имигранти од Унгарија и од Италија, како и неколку цивизирани паши донесоа во Битола виолина, кларинет, гитари, часовници и музички кутии, па дури и три пијана, но овие скромни примери имаат малку влијание врз населението, кое сè уште повеќе ги сака гајдата, зурлите и циганската хармоника“.*[187]

Патописците кои подоцна ја посетуваа Битола не регистрираа дека состојбата генерално се променила и дека бројот им се намножил. Помала корекција можно е и да се случила зашто и побогатите христијани и европско ориентираните муслимани нараснал, меѓутоа надоаѓаат и драматични настани, Илинденското востание, Младотурската револуција, балканските и Првата светска војна, кои Битола ја фрлаат на колена, ја преобразуваат во изубиен и тотално испразнет град, па поголеми промени во тој однос не можеле да се очекуваат.

Сосема ретки сознанија за подоцнежни битолски пијанина е од она сеќавање дека во Османлискиот период едно имало во домот на

186. Радован Самарџиќ, Цит. дело, 336

187. **Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул во Битола Белег де Буга од 1856 година**, Редакција и превод Сузана Стамболиска, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2004, 99

трговското семејство Кирјаку, кое трговските врски ги имало воспоставено со Египет, а кое бидејќи тоа било доста старо при преселбите тотално се распаднало.[188] Други податоци за нив, барем засега, нема.

Периодот што следи, особено оној меѓу двете светски војни, промени ќе донесе.

Настан што ќе повлијание многу позитивно врз тој процес е оној од 13 септември 1925 год., кога оперскиот пејач Апостол Предари од Атина го одржал својот концерт со арии од познати опери следен во придружба на клавир.[189]

Понесени од него, подзаборавените наклопности кон европската музика и кон европските инструменти наново оживееја и поттикнаа ситуирани трговски и други побогати семејства, пред сè меѓу лекарите, за негово поседување, совладување, а и за лично уживање.[190]

За градењето на таквиот однос не треба да се заборави и придонесот што го дал Францускиот лицеј во Битола. На музиката во него ѝ се придавало посебно значење за која цел биле набавени и неколку на кои учениците како школско задолжение преку целиот ден вежбале. Не треба да се заборават и посебните заслуги што ги имал во тоа и Русинот Ѓорѓи Викторович Буцки, музичкиот педагог, кој од секој ученик се трудел да изгради барем просечен клавирист.[191]

Тоа е, за жал, најосновното што се знае за раната битолска историја на клавирот и за клависката традиција во овој град. Во отсуство на посебна студија, а со желба да се острани барем малку наталожената временска прашина, на располагање ни стојат сеќавањата на сопствениците на клавирите, истражувањето на Завод и музеј – Битола за клавирите, па и школските и другите концерти каде клавирот се појавува, па, евентуално, да се добие и некаква нецелосна реконструкција.

Концертот на Апостол Предари на клавир го следел Доминис, наставаник на Гимназијата. Се чини дека ќе да е од ретките што го

188. Соопштение на Добрила Тромбев – Кирјаку

189. **Comoedia**, br. VI, 28 septembar 1925, 14-15

190. Д. П., **Писмо из Битоља**, Вардар, Скопље, 24 јули 1932, 5

191. Соопштение на Спасе Симјановски, ученик на лицејов

поседувал во ова време. Го водел и гимназискиот хор, одржувал и приватни часови на клавир, му бил учител на клавир и на Евридики Коми, подоцнежен наставаник во „Основното музичко училиште" – Битола, па дал придонес и во популаризацијата на овој инструмент, покрај тоа се бавел и со компонирање, негова хорска обработка е и песната „Пукнала, мајко, треснала што ме роди толку убава", што ќе рече, бил музички уметник со посебно влијание.

Концертите, пак, нудат маса податоци за битолската клавирска традиција по Првата светска војна.

На „Светосавската свеченост" во 1932 год. на клавир настапиле двајца ученици, С. Матвејев, ученик од гимназискиот прв клас, кој го исполнил Шопен – 4 и 7 прелудиј и ученичката М. Замаулис, која била клавирски придружник на песната „Клетници" од И. Доминис во исполнение на С. Ѓ. Фајндовиќ.[192] На големиот зимски концерт што го организирал „Црвениот крст" во 1933 год., виолински настап имал д-р Константин Робевиќ, кого на клавир го следела г-цата Клео Сонти по потекло од познато и богато семејство, која, како што се тврди, му била *„достојна партнерка"*. На истиот концерт, Сонти заедно со Лилика Атанасијевиќ, ја исполниле и „Рапсодија" бр. 2 од Ф. Лист.[193] На самостојниот вокален концерт на Калипсо Налча од 4 февруари 1933 год., на клавир ја следела г-цата Јелена Кос.[194] Истата година на „Кирилометодиевската прослава" на Гимназијата, која била необично содржајна, матурантот Елпида Дума ја свирела Шубертовата „Дие Фorелле" многу успешно, макар што клавирот бил раштимуван. На истиот концерт со клавирска придружба настапила и ќерката на претседателот на градот Петар Лешњаревиќ, Рада, гимназиски матурант, свирејќи со многу сигурност и со посебна уметничка префинетост.[195] На „Светосавската свеченост" од 1936 год., покрај самостојниот клавирски соло настап на Налча, на клавир се претстави и г-цата Ниника Чому, ќерка од познатото трговско семејство од Битола, која го при-

192. **Извештај за школску 1931/32 годину**, Српска православна...8

193. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 фебруари 1933, 6

194. **Концерат у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруари 1933, 9

195. **Ђирило-Методска прослава у Битољу**, Вардар, Скопље, 1 јули 1933, 6

дружувала виолинскиот настап на малолетниот Ѓ. Османлиевиќ, кој ја свирел „Серенадата" од В. Пергаменто.[196]

Клавири дома имале и повеќемина битолчани.

Афродита (Евридики) Коми, мажена Караџиќ, имала еден и по ослободувањето станала учителка по клавир. Истото било купено од семејство на германски конзул во 1890 год. кога тој заминувал за татковината, го купил нејзиниот татко, трговец, кој тргувал со западноевропски земји и кој трагичо го завршил животот при уривањето мост на Дунав каде случајно беше се нашол. Во домот на Коми имало уште еден клавир, кој бил наменет и за другата ќерка, која го понела со себе за Белград кога се омажила.

Марика Михајлиди, исто така, имала клавир и таа е онаа која го открила високиот клавирски талент на битолчанката Јасмина Чакар.

Со клавир располагал и Спасе Симјановски, ученик во Францускиот лицеј, кој тврди дека едното од трите пијанина во Францускиот лицеј на крајот се нашло во домот на Тодор Светиев во Битола.

Според Симјановски на пијанино добро свирел и Мишел, синот на првиот почесен француски конзул Марсел де Вос, како и ќерката на д-р Несторов, која настапувала и на концерти доста успешно, како и ќерката на д-р Благој Попов, Мирјана, која клавирот беше го однела во Белград кога семејството се преселило таму. Симјановски се сеќава дека во неговото детство во Битола се продавале и пијанина, едно, кое го разгледувале со татко си и биле со намера да го купат, било изложено во книжарницата на Османлиеви, онаа спроти Беледието.

Д-р Христиди имал 4 ќерки и сите биле музички едуцирани, Елпида и Пенелопа свиреле клавир и обете подоцна предавале клавир, Елпида во Битола, Пенелопа во Белград, откако таа се преселила таму.

Пијано дома имала и музика (клавир) предавала и Марика Јевтиќ. Во семејството на д-р Константин Робев, кој музички бил добро едуциран и одлично свирел на виолина, имало клавир на кого неговата ќерка Викторија (Рија) вежбала и свирела, на него вежбале и неколку нејзини другарки коишто не го поседувале.[197]

196. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...51

197. По иницијатива на директорот на Завод и музеј – Битола Зоран Николовски, а по повод Денот на музеите во Македонија, на 18 мај 2007 год. во просториите на

Во Битола рано имало и штимери за клавир. За еден од првите, кој се споменува уште во 1922 год., а чие име не го дознавме, бил капелникот на битолската Воена музика. Рекламирајќи ја оваа своја вештина во битолскиот седмичник „Битољски радикал", истовремено објавувал и дека во својот дом на ул. „Генерал Јуришиќ" давал часови

битолскиот музеј, била организирана изложба „Клавирите во Битола". Истата ја подготвиле Наде Геневска-Брачиќ, етнолог - виш кустос, Владо Ѓоревски, историчар на уметноста и Елена и Нико Бојаџиеви, фотографи, кои податоците беа ги прибрале во текот април–мај истата година. Со одобрение, нивниот список го презентирамево оваа прилика: 1. Маса Димиќ, марка Dorner , Stuttgard, Grand Prix, Turn 1911, почеток на 20 век; 2. Семејство Лозанче, марка Ferdinand karl, Wien (постои запис на клавирот „Harmonija Beograd", клавирот е од почетокот на 20 век и во Битола е донесен во 50-те години; 3. Сопственик Завод и музеј – Битола, марка J. Czapka – Sohn-Viena, 1840, откупен од семејството Спостран, кое го купено во Виена, почеток на 20 век; 4. Донација на Трифун Костовски за општина Битола, марка Бесендорфер, 20 век; 5. Католичка црква Битола, донесен од католичките чесни сестри, оргулји, средина на 19 век; 6. Василка Куновска, Битола, наставник по музика во пензија, марка Niederlage R. Waldhhaus, Wien, seriski br. 6411, od 18...god., откупен 1960 од старо битолско семејство, крај на 19 век; 7. Семејство Кривашија, Валентина и Владе, Битола, марка Francesko ferrato, донесен од Загреб, од крајот на 19 век, во Битола пристигнал во првата половина од 20 век; 8 Факултет за учители – Битола, марка Weinbah, почеток на 20 век; 9. 9. Радио Битола, марка Taul Senff од 187o год., Berlin. На овој клавир Кирил Македонски ги компонираше првите опери во Македонија за Гоце и цар Самоил, втора половина на 19 век; 10. Летка Светиева, мајка на Тодор Светиев, еден од познатите пијанисти во Македонија, пијанино Ehrbar, купено во 1948 год,. за Методи Светиев – Мете од француски калуѓерки, потекло од крајот на 19 век; 11. Сопственик НУ Завод и Музеј – Битола, пијанино марка Busson Brevete, Парис – 1882, потекнува од крајот на 19 век; 12. Василка Талевска – Јовановска, Битола, марка Weltausstellunc, 1873, Виена, донесен од Белград, потекнува од втората половина на 19 век; 12. Василка Талевска- Јовановска, Битола, марка Weltausstellunc, 1873, Виена, донесен од Белград, потекнува од втората половина на 19 век; 13. Коста Талевски (Сименон Бербери), имал оргулји Herm Trupp Wildstein, потекло средината на 19 век; 14. Јелена Бомбол, марка Ehrbar, произведен во Виена, го купил Данаил Бомбол од Битола во 1931 год. за роденденот на својата ќерка Јелена Бомбол, крај на 19 век; 15. Драган Ристески, Битола, концертен клавир од 1854 год., изработен во Минхен, соственик бил Emerih fon Beten од Виена, средина на 19 век; 16. Центар за деца со оштетен слух, Битола, марка Franz Nemetschke i Sohn, Виена, 1840, во внатрешниот дел има печат на штимерот Мирослав Хелмар од Белград, прва половина на 19 век; 17. Семејство Јошевски, Битола, марка Gebruder Stingl, Wien, od 1890, крај на 19 век; 18. Нада хаџи Стојчева, Битола, марка Bosendorfer, донесен од Белград во 1954, потекнува од крајот на 19 век.

по музика за сите музички инструменти и дека пријавувањето за нив можело да се направи секој ден меѓу 12-14 часот.[198]

## Битолски клавирски прелидиуми

Весникот „Вардар", кој излегувал на српско–хрватски јазик во Скопје, во 1932 год. беше се возобновил по трет пат, првин бил неделник, па потоа со две изданија седмично, за да стане на крајот и дневен весник. Бидејќи други дневни весници во Вардарска Бановина не излегувале, уште од првиот ден амбиција му стана да прерасне во најдоверливо гласило што ќе ги следи и ќе ги третира проблемите од самото местото на настанот. Тоа основа на политиката за испраќање новинари низ населените места со задача да ја откриваат нивната лична карта и за воведување рубрики под наслов „Вести од Битола", „Вести од Тетово", „вести" и од другите градови.

Во месец мај 1932 год., само што весникот стана дневен, еден таков новинар беше испратен и во Битола (Д. П.).

Тој допатува во градов, неколку дена престојувал, го доживеа и своите импрасии и заклучоци ги изложи во поширок текст, објавен на 24 јули 1932 год.

Од текстот може да се заклучи дека не доаѓал за прв, дека и претходно бил, но сега како новинар се потруди да биде крајно љубопитен и со широко отворени очи и уши, да прави и широки прошетки, оттаму и заинтересованоста негова и за локалната историја, за тековниот живот и за сè друго, па заклучоците да му се проникливи, веродостојни, да можат да се прифаќаат и со полна доверба. Се послужи притоа и со аналогии, компарирајќи ги со сличните поврзани со Скопје, најчесто на штета на главниот град на Бановината.

Битола, според него, е град со многу богато наследство, и материјално и културно, „*со вкус за книжевност, театар, музика*", повеќе од што го има Скопје. Интелектуралениот амбиент му се чувствува насекаде и само што ќе се влезе и човек ќе прошета низ улиците. Според него, во него нашироко се говорат странски јазици,

198. Реклама, **Битољски радикал,** год. 1, бр. 28, четвртак 27 јула 1922, 4

најмногу францускиот и англискиот, книжарниците му се пребогати од домашна и странска литература и се многу поснабдени од скопските.

И наклонетоста и љубовта кон музиката е сосема поинаква од скопската. Кога ќе прошетате „*низ битолските улици,* пишува тој, *многу често можете да чуете звуци од клавир, како пасионирано вежбаат битолските девојки, кои според традиција сметаат дека музиката и клавирот се историоден услов во животот со знаењето на францускиот јазик*“.[199]

Поласкави оценки за нашите сограѓани од минатото не можел секако да ги даде ни домороден битолчанец.

## Виолини

Заедно со првите клавири, во Битола се појави и првата виолина,[200] чиј број набргу се зголеми, заедно со неа и сличните на неа (гитари, примови и др.). Фотографиите што потекнуваат од Османскиот период, а кои ги регистрирале музичките состави, откриваат дека се наметнале скоро и за обврзни. Ги среќаваме по неколку во школските музички кабинети, ги има и низ битолски домови, оттаму да се чуе како некој извлекува виолинска мелодија од семеен дом било сосема вообичаено, тоа сигурно некој ученик вежба зададена партитура или поединец за свое задоволство другарувал со неа. Не било изненадување и едниот и другиот да ги сретнеме и како исполнувачи на музички дела низ многубројните концерти.

На 11 февруари 1933 год., на концертот на „Црвениот крст“ виолински настап имал д-р Константин Робе, кога исполнил композиции од Шопен.[201]

Следат и други, слични настапи.

На „Кирило–Методиевската прослава“ на Гимназијата во 1933 год., одржана на „Денот на браќата светители Кирил и Методиј“, која

199. Д. П., **Писмо из Битоља,** Вардар, Скопље, 24 јули 1932, 5

200. **Извештај за Битолскиот пашалак....**“, 99

201. Љ. Л, **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 февруари 1933, 6

била со пребогатата уметничка програма, матурантот Ѓ. Спасевиќ на виолина ја исполнил „Тажната песна“ од Чајковски во клавирска придружба од Рада Лешњаревиќ, исто така, матурант. Нешто подоцна ученичката од 7 клас Зорица Лилевиќ ја испеа „Морнаревата судбина“ од Мартел со музичка илустрација на виолина и клавир од двоецот Спасевиќ – Лешњаревиќ.[202]

Ученици што ги знаеле вештините на виолината немало само во Гимназијата, па на „Светосавската свеченост“ од 1934 год. во вечерниот дел од концерот, мелодијата „Ориентал“ од Цезар Кви на виолина ја исполнил Стеван Пазина, ученик од 5 клас од Богословијата, во придружба на клавир.[203]

На иста ваква богословска свеченост во 1936 год. со виолина се претставил и осмогодишниот Ѓорѓи Османлиевиќ, подоцнежен лекар специјалист од Битола.[204]

Ѓорѓи Османли (Цика), музичар и педагог, имал лична виолина, а и предметот виолина го предвавал во „Музичкото училиште“ откако истото се отворило во Битола.

Виолина во својот дом имал и Владимир Чакар, таткото на Јасминка, на која тој од задоволство повремено свирел.[205]

Виолината на Стив Наумов била донесена од Австрија во 1932 год., која првин му припаѓала на Гаврил Наумовски, тој ѝ ја продал на сестрата на Стиф. Подоцнежниот народен херој на неа учел во втори или трети клас кај проф. Јовичиќ, го минал курсот и од „Школата за виолина“ од Хофман, 1, 2 и 3 свеска и како инструменталист учествувал во оркестарот на Гимназијата кога се одржувале истите во салата на Гимназијата или во Театарот, со неа заминал и на студии во Белград, каде свирел и за своја душа и за другарите во студентскиот дом.

202. Исто

203. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...11

204. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...51

205. Соопштение на проф. Јасминка Чакар, ќерка на Владимир

Да свири на виолина бесплатно кај Јовичиќ учел и Кирил Македонски, како и подоцнежниот академски сликар Борислав Траиковски.[206]

## Други жичани инструменти и хармоника

Покрај виолината, во обичниот христијански дом во минатото почнале да навлегуваат и други жичани инструменти и нив да ги има често во рацете на вљубеници на музиката. Во еден запис се вели дека некаков весел Македонец од Воден во 1854 год. на молба од странец, за да ги истакне разликите меѓу македонскиот и влашкиот јазик и мелос зел „*една тамбура или мандолина со многу долг врат и мало тело*" и почнал да пее и да свири народни песни.[207]

Европската гитара во 1867 год. во индивидуален дом веќе пошироко била прифатена и на неа почналее да свират и сосема обични граѓани. Брат на невеста која што–туку се поготвувала за одење в црква на венчање, во град во близина на Олимп, посебно расположен и весел од настанот што требало да се случи, зел гитара и почнал да исполнува привлечна романса.[208]

Голема заслуга во тоа, барем за Битола, имало и отворањето продавница за музички инструменти и музичка литература и партитури на Пекмез Пазар на семејството на Дијамандија (Манди) Османлиев, отворена во првите децении на 20-от век. Пред војната, покрај гитари, виолини, примови и слични други жичани инструменти, таму, според сеќавањата, можело да се купи и пијанино.

Владимир Стерјев имал прим на кого мошне успешно свирел.[209] Пред Втората светска војна во Битола се појавила и хавајската гитара.[210]

206. м-р Кирил Македонски, **Музичките аспекти на револуционерниот лик на народниот херој Стив Наумов**, НОБ, 2, 314

207. **Македонија во делата на странските патописци, 1850-1864,** 85

208. **Македонија во делата на странските патописци, 1862-1874,** 138

209. Сеќавање на Офелија Стерјева (мажена Главинче), ќерка на Владимир Стерјев

210. **Једна успела спортска забава у Битољу,** Нови сјај, г. 4, бр. 33-34, јануар-фебруар, Битољ, 1937, 2



*Надворешниот изглед на продавницата за музички имнструменти на Османлиеви (денес „Кај Попо“) – Објектот лево*

Рано забележана е употребата и на *„модерната хармоника“* (1883),[211] со што европските музички инструменти полека го заземаат своето место и во музичкиот живот на нашиот човек од минатото.[212]

211. **Македонија во делата на странските патописци, 1879-1888,** 123

212. На 6 мај 2009 год. од УНЕСКО прогласен е за Светски ден хармониката и датум кога пред 181 год. е патентирана како музички инструмент. Хармоникашите од целиот свет го одбележуваат со најразлични активности, се одбележува

## Механичка музика

Нашите луѓе со техничката, механичката музика, најрано беа се запознале преку куќните часовници, кои, почнувајќи уште средината на 16 век, како моден тренд беа ја преплавиле Османлиската Империја. Како мошне едноставно и ефикасно средство за поткуп, западноевропејците, како што соопшува еден од најзначајните западноевропски патописци, Стефан Герлах, беа ги донеле во огромен број и ги дарувале на влијателни бегови и паши. Само Мехмед паша Соколовиќ, големиот везир, според неговото тврдење, ги имал толку на број што бил принуден да ангажира и платен мајстор – часовничар.[213]

Подоцна ваквите часовници станеле многу поусовршени па биле купувани не толку да го одбројуваат времето, колку да создаваат и музички амбиент со мелодија што се исполнувала во одредени часови од денот и ноќта, позната како *„музичка кутија"*. Веројатно биле прескапи штом биле и толку ретки, но и такви неколку се нашле и во нашите домови. Еден во 1863 год. бил регистриран и во дом на прилепчанец, кој во Австрија беше отворил дуќан и тргувал со тутун што му овозможило материјално да се ситуира и да го набави.[214]

Ваквите кутии не ја одминале и султанската палата, еден се нашол и во сарајот на султанот Абдул Меџид.[215]

*„Музичката кутија"* понатака доживеа и усовршување, сега не да исполполнува една иста музика, но и да се селектира според личното расположение на поединецот, односно се појави грамофонот.

Првиот битолски грамофон дошол од Истанбул во 1904 год. заедно со повеќе плочи од турски мелодии (*„маанења"*) и беше го донел бугарското трговско аташе Андреј Тошев. Според неговите лични сеќавања, јавната негова инаугурација се случила од балконот на Аташето (денес ул. „Стерјо Ѓорѓиев" – домот на Дафковци) и истото било

и во Македонија (**Прво одбележување на Светскиот ден на хармониката,** Утрински весник, Скопје, среда, 5 мај 2010, 19)

213. Стефан Герлах, **Дневник на едно пътуване до Османската Порта и Цариград,** Отечествен фронт, София, 1976, 81

214. **Македонија во делата на странските патописци, 1850-1864,** 696

215. **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878,** 292

направено смислено, да се олабае восторожноста на ноќната османлиска стража која наместо да ги гони и да ги затвора негаторите на забраната за движење, меѓу нив најмногу илинденци, ги намамувала и ги опијанувала со музика под балконот на аташето.[216]

Ваквата музика во Битола ќе доживее уште една промена, со мелодиите од Градскиот часовник. Во 1936 год., како германска благодарност за дарот што го дал градот за локацијата каде биле подигнати Германските воени гробишта, стариот сатен механизам во него, владата во Берлин го заменила со поусовршен, од кого можеле да се слушаат и мелодии. Во прво време се испонувале три, заради кои битолчани масовно секојдневно во определените часови надоаѓале како на јавен концерт.

执Дародавците ги предложиле овие мелодии и овој тајминг – „св. Сава“ во 6 чассот, „Билјана платно белеше“ во 12 и германската „Добри другари“ во 18 часот, но оставиле простор конечната одлука да ја донесат одборниците, кои, пак, се определиле „св. Сава“ да е во 6, „Билјана платно белеше“ во 18 и „Добри другари“ во 21 часот,[217] под услов конечната одлука сепак да ја определи претседателот на градот.[218] Тој, пак, пресекол – во 6 часот да биде „св. Сава“, во 18 „Билјана платно белеше“ а „Добри другари“ во 21 часот и тој редослед се испочитувал до најновата окупација на Битола, до 1941 год.,[219] кога натаму се исполнувале „Билјана платно белеше“ и германската песна „Имав еден другар“, кои ќе се вртат до ослободувањето.[220]

## Мајстори и продавници за музички инструменти

Во битолската Горна Чаршија, позната и како Пекмез Пазар, која се наоѓала во близина на „Јени џамијата“, во 1828 год. веќе постоел дуќан во кого се произведувале и се продавале музички инструменти.

216. А. Тошев, **Бегли спомени,** София, 1931, 85-86

217. Книга бр. 58, 30 јануари 1936, т. 12

218. Книга бр. 58, 13 февруари 1936, т.16

219. Книга бр. 58, 30 јануари 1936, т. 12

220. **Наши белешки,** Пелистерско ехо, бр. 78, Битоля , 24 августъ 1943, 2

Се знае барем за еден во кој се продавале тамбури, кого беше го ретнирал тамбураџијата Тахир и за кого кирија плаќал 30 пари месечно, а плаќал и данок за државната каса од 4 пари месечно.[221] Покрај овој дуќан, во другата, Долната Чаршија, постоеле и други вакви работилници и продавници, најмногу за гајди, чие зедничко име било „Кај гајдаџиите". Во крајот на 19 век биле два, од каде за цена од 30 до 40 гроша можела да се набави една.[222]

Чаршиите биле центри каде се изработувале и другите, и традиционалните музички инструменти, меѓу другите, и зурлите. За нивната долга и мачна изведба од алатите што се потребувале најупотребувани станале маткап за пробивање на каналите, сврдлиња, дренак, а имало и некои други.[223]

За прифаќањето и популаризацијата на одреден музички инструмент, основен критериум секогаш бил тој да произедува добар звук, да е прилагоден за употреба и за носење. Долгото искуство при неговата изработка секако било најкорисното од каде можело да се почне, а препораките ги давал и материјалот од кој бил изрботен, формата и другите елементи, кои заеднички ја диктирале и финализцијата, а инвентивните мајстори придодавале и личен елемент за да стане изборот конечен. Најпрвин се правел прототипот, кој обично се испраќал и на проверка и доколку оценките биле поволни, се пристапувало и кон конечната верзија и експлоатација, а бидејќи варијанти постоеле секогаш и биле различни од место до место, се раѓале и типовите, меѓусебно слични, а сепак и различни.

Образец за триструната гусла (кемане) подолго време била *„прилепската гусла"*, особено за поблиските градови, Битола и Охрид. Познати се имињата и на дел од нејзини изработувачи, на дограмаџиите Коста Ковилов(иќ), Трајко Кедиев(иќ) и Борис Лауцев(иќ), сите од Прилепската чаршија.[224]

221. **Турски документи за македонската историја, 1827-1839,** том 5, Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1958, 44-45

222. Милош Хр. Константинов, Цит. дело, 67;

223. д-р Александар Линин, Цит. дело, 109

224. Архив на Македонската академија на науките и уметностите, **Фонд Бранислав Русиќ,** АЕ 119-а 45

Во Охрид најуспешно неа ја изработувал дограмаџијата Јонче Баче, кај кого нарачки упатувале и гуслари и од други градови, во неа ја набавил и прилепскиот слеп гуслар Ѓоре Гарагатка, кој до крајот на животот ја користел, сопственик станал и последниот охридски слеп гуслар Ванѓел (Ѓелија) Кипаризоски, кој и закопан е со неа во Охридските гробишта.

И едната и другата надворешно биле едноставни, без орнаменти а флексибилни, можело со неа да се следи песна, да се води и оро. Направени биле од интегрирано јаворово дрво, а заедно со „мевот“, „вратот“ и „главата“ во должина изнесувале од 54 1/2 см. Ширината на „мевот“ изнесувала 11 см, а длабината ѝ била 7 1/2 см., додека капакот бил направен од чамово дрво, биле струните од воловски црева, а „прачката“, во вид лак, била долга 14 см.[225]

Партитурите и музичката литература, покрај во поголемите градови, особено во Белград и Загреб, можеле да се набават и во Битола, во продавниците за музички инструменти, но и во некои книжарници и бегол индекс на оваа литература што можела да се пронајде и низ битолските домови, тоа може и да го потврди.[226]

Најпрочуената продавница за музички инструменти меѓу двете светски војни во Битола била на Дијаманди (Манди) Османли која се наоѓала во близина на црквата „Св. Димирија“ (денес кафеана „Кај попо“). Била специјализирана за продажба на помали музички инструменти, примови, гитари, виолини, гарнети, а за пијанината стоела на услуга другата од истиот сопственик спроти Беледието.

Друга богато снабдена продавница од музички инструменти и музичка литература држел и Теологос Папасимеон.[227]

Музички инструменти, особено традиционални можеле да се набават, се разбира, и на панаѓурите, и локални и меѓународни.[228]

225. Александар Стерјовски, **Последниот охридски гуслар,** Матица македонска, Скопје, 1994, 156

226. Д. П., **Писмо из Битоља,** Вардар, Скопље, 24 јули 1932, 5

227. Боривоје Цимвревски, **Градска инструментална музичка традиција во Македонија 1900-1941,** Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Скопје, 2005, 38

228. Елисавета Вълчинова, **Свираджии (чалгаджии) от средата на 19 век-междина форма между селската и градската музикална култура,** Во: **Музикални хоризонти,** Съюз на музикалните дейци в България, бр. 12-13, 1989, 135

# Битолски музички амбиент

## Османлиски музички состави од 17 век

Евлија Челеби, кој во Битола доаѓал повеќепати (7), засега е првиот регистратор на битолските рани османлиски инструментално – пејачки состави. Го запознал градот и неговиот живот и остави ценети податоци, ја откри патем и овдешната музика. Иако не бил со намера за неа да говори посебно, но и онолку колку што остави, откри како нашите далечни сограѓани се забавувале и како ја доживувале музиката.

Повод да му го привлече вниманието и музиката бил специфичниот однос на битолчани кон излетите и кон развлеченијата во природа (теферичи). Забележал дека овдешната околина изобилувала со 20-на прекрасни места за одмор, од кои како најпознати ги издвои Довлеџик (*„на охридскиот пат“)* и тоа *„на врвот на градот“* (Тумбе Кафе). Врз првото и посебно се задржа, опишувајќи го поетски неговиот зелен мир, столетните стебла, вештачките питоци на кои без престан се вртеле чекреци со печени јагнешки и други меса, ги додал и опијанувачките мелодии од илјадниците славеи кои ја поплавувале околината преобрзувајќи ја истата, како што вели, во *„господова творба каква што нема рамна или слична на земјава“.*

И ова т.н. „*божјо катче*“, што е посебно интересно, сепак не било „божјо“, било од човек создадено, човек–уметник, кој станал негов иницијатор, планер и градител, а тоа бил месниот поет Лаели. Негово наследство останало и откако заминал за Истанбул, каде израснал во еден од познатите дивански познати поети. Битолчани, пак, и натака

можеле да го минат слободното време таму, духовно да се опуштаат, да се вклучуваат во заразните хазардни игри, да уживаат и во изведбите на *„дилбер чочеците“* од локалните музичко–пејачки состави, екипирани со популарните од тоа време харфи, тамбури и сазови.

Овој запис, ете, е првиот што ги открива, не само навиките на нашите сограѓани од средината на 17 век кон излетите, ја допре и битолска рана музичка традиција.[229]

Понатака таа ќе се надоградува, два века потоа, ваква група своите танци ги изведувала со побогат инструментален состав, кој понекогаш се состоел од тапан, гајда, тамбура и кавал,[230] промена што ќе тече и понатака.

## Битолски државни и народни прославувања

И во минатото секоја држава во своите годишни календари имала набележано значајни датуми, историски и други, кои вообичаено стаанало да бидат јавно отпразнувани и со бројни развлеченија, најмногу со песни и музика.

За време османлиите истите најчесто биле поврзани со султаните, со нивните раѓања, устоличувањата или со посетите што правеле низ државата.

Едно од подоцнежните и позначајните во Битола било она во врска со устоличувањето на Абдул Азис Хан во 1862 год. Вечерта спроти прославата, поплавени биле од многуброен народ, без разлика на вера, националнст или возраст, плоштатките и улиците, а кога паднал, пак, мракот, немало прозорец на кого да не бил истакнат фенер, кадило или свеќи и сето тоа било проследено со најрадосни восклици, детонации од лично оружје, музики, песни, се појавил дури и *„воздушен балон“*. Големите касарни тогаш со блескавиот бенгалски оган оставале впечаток како небото *„да беше се запалило“*.[231]

229. **Македонија во делата на странските патописци, 1371- 1777,** 426,453

230. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 228

231. **България,** бр. 12, 2 юлий 1862



Јавни прослави (17 век)

Нешто слично се случило и при посетата на Мехмед Петти во 1911 год.

Поновите, српските, вакви јавни одбележувања и прослави, најмногу биле поврзани со влегувањето на српската војска во нашиот град.

Најраната се случила во месец ноември 1913 год., во присуство на највисока државна делегација на чие чело бил престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ, а во која се наоѓале и претседателот на Министерскиот совет Никола Пашиќ и неколкуте министри. Музиката од градските состави од тапани и зурли, како и таа на војската, го цепеле воздухот предизвикувајќи сеопшто расположение, посебно зашто за првпат се случило да присуствува и претставник од христијанска кралска династија.[232]

232. **Наше славље, 6 новембар**, Општинске новине, г. I, бр. 29, Битољ, 20 новембар 1913, 2-7

Прославата на Илинден во воената 1916 год. била и масовна и бучна, имало патриотски говори пред општинската зграда, песни и свирки, а вечерта се прикажала и театарска претстава во која авторот Свет. Добрев ја играл и главната ролја. Темата била актуелна, војната во која воените непријатели на Бугарите, Англичаните и Французите, биле потсмешливо и карикатурално претставени.[233]

Најмногу вакви прослави и одбележувања биле поврзани секогаш со верските празници.

Највисок степен на рано битолско христијанско славје било поврзано со *„фрлањето крст во водата"* во приградската црква „Св. Недела" во 1869 година. Било најмасовно и најбогато со содржина, а кое го подгревале и неколкуте бучни музики, чии одјеци достигале и до самиот град. Праматарскиот амбиент од продавачи и купувачи, разнообразноста и колоритноста од селски, традиционални и нови, европски облеки, во кои најзабележителни биле женските широки капели и шушкавите свилени фустани, создавале белег за трајно паметење.[234]

Со многу богата музичка и друга содржина, ваква прослава имало и во 1914 год. при одбележувањето на српскиот верски празник Видовден. Била оргаанизирана на отворениот широк простор меѓу Црвената касарна и паркот, кога и Мешаниот хор на „Градската касина" од Битола исполнил неколку песни.[235]

Посебно значење истите добивале доколку на нив присуствувал и некаков црквен поглавар, најмногу ако бил и од повисок ранг.

Прифаќајќи го тоа примамливо значење, битолскиот владика Николај Велимировиќ сосема смислено ги посетувал по ред и без престан. Во месец мај 1933 год. беше го украсил празникот на барештанскиот манастир „Св. Спас", каде *„музиката трештела, зурлите завивале, а тапаните грмеле до полноќ"*,[236] гостин бил и на собирот во

233. А. Пиронков, **Илинденско тържество презъ 1916 г.**, Пелистерско ехо, г. I, бр. 31, Битоля, 1 августъ 1942, 2

234. **Македония,** бр. 10, февруарий 1869

235. **Прослава Видов-дана**, Општинске новине, г. II, бр. 51, Битољ, 15 јуна 1914, 9

236. Вел. М. Петковић, **Слава Св. Спаса у Барешанима код Битоља**, Вардар, Скопље, 1 јуни 1933, 6

манастирот „Света Петка“ во село Цапари,[237] а и на 27 август истата година и при осветувањето на обновената црква во село Кравари, како и на собирот во црквата „Св. Богородица“ во село Трново, каде бучната веселба траела до длабоко во ноќта и со бројни гости и од соседен Лерин.[238]

## Битолската чалгија

Како османлиско наследство, од многуте вокално–инструментални состави, кај нас најмногу биле прифатени чалгаџиските. Името им доаѓа од турскиот збор чалги, со значење за свирач, додека чалгаџилок, пак, означува свирачки занает.[239]

Чалгаџијата како појава ја имало низ сиот Балкан, била со динамичен карактер, ги љубела и ги реализирала посетите и во соседните населени места. Главно била градена врз семејна основа, некои и со етнички предзнак,[240] кои се нарушуваа само кога се прифаќал поединец кој со свирката или со извонредниот вокал можел да ја подигне нејзината популарност. Едногласието на сите им била заедничка и трајна одлика.

Ваквиот состав можел да се сретне на семејни развлеченија, свадби, обичаи околу сунет и други слични празнувања, на јавни собири по повод некој празник, на празниците Бајрам и Рамазан, но и на сосема обични развлеченија, какви што биле излетите. Нејзиниот бавен ориентален староградски тоналитет, кој наметнувал опуштеност и смиреност, остана нејзина трајна и најголема привлечност. Гласот на добрата чалгија патувал брзо и насекаде, па и повиците и ангажманите од соседните места да стануваат многу чести, имало случаи и кога заради прочуената чалгија, со претпоставка дека носи големо уживање и дека не смее истото да се пропушти, поединци да надоаѓаат оддалеку во местата каде требало да се претстави.

237. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 13 август 1933, 4

238. Л., **Владика Николај у народу**, Вардар, Скопље, 10 септембра 1933, 4

239. Боривоје Цимвревски, **Чалгаџиската традиција во Македонија,** Македонска книга, Иститут за фолклор – Скопје, Скопје, 1996, 7

240. Елисавета Вълчинова, Цит. статија, 134-135

Дел чалгии се наметнувале со одреден музички инструмент, кај други тоа го правел прочуениот инструменталист, кај трети била програма или некоја посебна песна, оттаму да се издвојат и неколку засебни, а како најзапаметени се истакнале Велешката, Охридската, Скопската и Битолската чалгија. Во Преспаскиот Регион извесно време доминирала чалгијата и на браќата Робановци од село Дрмени, која се состоела од 4 члена (виолина, хармоника, кларинет и тапан).[241]

Познати чалгии од Битола и Битолско, кои, во еден период биле околу дваесеттина, запаметени останале тие на Методија Спировски – Мецано (1892-1982), на Нури Османов и уште неколку други.

Во својата долга историја и битолската чалгија доживувала мени, во еден период се состоела од виолина (ќемане, понекогаш и од две), лаута (ут) и дајре, нешто подоцна влегла и гарнетата (кларинетот), па наместо дајрето дошло малото тапанче, а наместо утот – џумбушот.



*Чалгијата од село Породин – Митре Кубуро (тапан), Павле Џавеловски (труба), Никола Кандиловски (кларинет), Ило Лулевски (виолина) и Ристо Бундовски (кларинет), снимена на свадба 1931 год.*

241. Илија Хр. Алушевски, **Музичката тајфа на Робановци,** Македонски фоклор, год. 25, бр. 49, Скопје, 1992, 175-193

Во посовремената, наместо тапанче или дајре, се јавила и гитарата, како и хармониката, за разлика пак од останатите, долго време ја одбегнувала трубата, понекогаш и без успех.

За жал, од интимно персонален или семеен профил, доживеала и генерален пресврт, се определила да следи и ора, со што ја напуштила основната намена што ја градела со векови и се препознавала, да биде музика за душа, да опушта и оплеменува.[242]

## Битолските Роми и музиката

И во Битола Ромите доста рано беа се настанале. Првите податоци говорат дека во 1523 год. веќе имале џемаати (заедници) и во селата и во градот. Во Бистрица нивниот џемаат броел 13 семејства, додека во Железнец – 4 и сите биле со христијанска исповед, додека во градот изнесувал 44 семејства со муслиманската вероисповед.[243]

Како градот се множел и ширел, се множеле и нивните населби кои се препознавале како *„цигански маали“*.[244] Во средината на 19 век едно е регистрирано и како Ѓупска Маала, а се наоѓало под Камен мост од левата страна на реката Курдерес, кое, заради занимањето на дел од нејзини жители како забавувачи со мечки, почнало да се именува и за Мечкар Маало.

Најголемиот број биле настанети на Бајро, а и таму биле распределени на неколку прилепени еднадодруга локации, познати како Кај Зарија (Горен Баир), Кај Арапката (Среден Баир) и Кај Кулуко (Долен, Смилевски Баир).[245] Други две се оформиле едно во североисточниот дел од градот познати таму како Кај Ѓупците.

Во врска со нив, многу често и од највисоко место, од румелискиот валија, до Битола пристигале предупредувања дека нивни групи како свирачи крстарат низ селата и прават штети ограбувајќи,

---

242. Илија Хр. Алушевски, **Битолската чалгија,** Македонија, бр. 34/411, Скопје

243. Александар Стојановски, Цит. дело, 169

244. Сицил бр. 2, 1623, датум непознат

245. Вл. Влаховић, **Неколико запажања о народним песмама у Битољу,** Гласник Етнографског музеја у Београду, кн. 13, Београд, 1938, 86

едно такво дошло на 5 јули 1804 год.,[246] друго во 1819 год.,[247] продолжиле да пристигаат и понатака, но сите останале без некој ефект.

Горен Баир (Кај Зарија), каде и денес живеат најголем број од нив, остана целосно изолирана енклава од каде излегуваат и најголем број полупрофесионални и професионални свирачи и пејачи. Летните вечери отсекогаш таму се преобразувале во најпривлечни градски музички концерти на кои надоаѓале и поединци и групи и од други делови од градот.[248] Оттаму и денденес надоаѓаат групи свирачи, кои со своите музички настапи ги збогатуваат празниците, го прават тоа бабарите во зима со необичните страшни маски, клопотарците, тапаните и зурлите, следат потоа девојките Ромки лазарки и другите слични состави во пролетните и летните празници, со што придонес даваат во збогатувањето на музичкиот живот во градот..

## Битолските Евреи и музиката

Благодарејќи на Солун, првиот и најголемиот балкански еврејски центар, Евреи во Битола пристигнале и пред масовната еврејска преселба од 15 век. Најпрвин се настанале шпанските Евреи (1492), потоа и од Португалија (1497), кое е регистрирано и на мермерната плоча што се наоѓа денес на влезот од Еврејските гробишта во Битола.

Шпанските Еври веднаш оформиле општина наречена „Арагон“, додека португалската тоа го направила нешто подоцна и го понела името „Португезис“. Иако биле истороден народ, нетрпеливо се однесувале меѓусебно, имале и засебни синагоги. Според пописот од 1528-1530 год. ги имало 43 семејства, 3 вдовици и 6 неоженети мажи,[249] односно би требало да ги има околу 241 члена.[250] Јазикот им бил

246. **Турски документи за македонската историја, 1803-1808,** Институт за национална историја, Скопје, 1953, 56

247. **Турски документи за македонската историја, 1818-1827,** 46

248. Соопштение на Димитрие Велјановски (Димко Диљаро), пензионер од Битола

249. д-р Александар Стојановски, **Градовите на Македонија во крајот на XIV до XVII век**, Институт за национална историја – Скопје, Скопје, 1981, 69

250. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Битолските Евреи**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1993, 28

мешавина еврејски, шпански и португалски вокалубар познат како ладино и на него создале посебна култура, ги изразувале своите поетски и други уметнички пориви, а за нашата средина заслужни се и на стопанско и на културно поле, меѓу другото, го донеле и Езопа и неговите басни.[251]

Во битката за опстанок се прилагодувале на секаква работа, биле трговци, сарафи, продавачи, крпачи, амали, Еврејката станала и пазарски посредник меѓу муслиманката и пазарот за продажба на нејзините рачни изработки, заради нејзината строга ограниченост за излез во јавност.[252]

Заради многу тешкиот живот, османлиските власти понекогаш биле и претпазливи со нивното даночно оптоварување, па се случувало и со посебна одлука дел од него да им биде намалувано или и опростувано.[253]

Во Битола проживеале долг опстанок, дел ни е познат, познати се и дел од нивните обичаи, празниците, а и развлеченијата.

На одредени семејни празници, главно, по вечерата, збраното семејство го отпразнувало со разговори што биле поврзани со верата и за Палестина (нивниот вечен копнеж), па потоа се разгалувале и со веселби, најмногу со песни на ладино јазикот, не ретко организирале и маскембали, кои станале голема атракција за битолчани.[254]

За секој поважен семеен настан посветувале и посебен вид песни, за новата принова во семејството песните се викале *„кантига де парида“*, љубовните песни ги нарекувале *„романцеро“*, а песни имале и за другите значајни настани.[255] На семејните и други веселби не ретко

251. Радован Самарџиќ, Цит. дело, 205

252. Исто, 317

253. **Турски документи за македонската историја, 1827-1839,** 93

254. Нисим Алба, **Евреите во Битола во мир и војна,** Во: **Сефардски одгласи, Студии и сеќавања за Евреите од Македонија,** Еврејска заедница на Македонија, Скопје, 1995, 209-219

255. **Македонска хроника, приказна за сефардските Евреи на Балканот,** Фонд на холокаустот на Евреите во Македонија – Скопје, Скопје, 2011, 80



*Еврејско семејно музичко развеселување*

била ангажирана и битолската чалгија, најмногу онаа која во својот репертоар имала песни и мелодии од повеќе националности.[256]

Фолклорот им го носел препознатливото созвучие на Шпанија и Португалија, кој стана и ново искуство и за домашниот. Д-р Хаим Абраванел, чие име денес го носи „Домот за здравство“ во Битола, како наследство ни остави 4 прекрасни лирски песни испеани на ладино јазикот, една, „Мајчина грижа“, мотивски е многу слична на наша песна со тема кога девојка за сопруг избира лекар.[257]

Некои од музичките инструменти што ги користеле биле донесени од старата татковина, од кои, најпопуларна била гитарата, се чини дека ја донеле и хармониката.[258]

Младите Евреи, биле обединети во неколку младински здруженија, а имале оформено и танцувачко друштво.

256. Илија Алушевски, **Музичката традиција во Битола и Битолско**, Научна мисла – Битола 1980, Битола 473

257. Д-р Душко Хр. Константинов, **Четири лирски еврејски песни,** Прилози, 3, Научно друштво – Битола, Битола, 1963, 34-38

258. **Македонија во делата на странските патописци, 1903-1904,** 173

Меѓу двете светски војни имале две „плех музики“, едниот бил во состав на фудбалскиот клуб „Макаби“, другиот на „Атехија“.[259]

Оркестарот познат како „Хатиква“ (Надеж) бил составен од дувачки инструменти, тапани и цимбали, кој, меѓу другите, настап имал и при организирањето на Ционистичкиот собир на Јужна Србија (Македонија) на 31 мај 1924 год. во Битола[260] На 8 февруари 1931 год. („Денот на дрвото“ кај Евреите) во преполнетата сала на „Преродба“, членовите на литературниот клуб „Преродба“ рецирирале стихови, а останатиот дел оркестарот го исполнил со познати свирки и мелодии.[261]

Имале оформено и духовен оркестар кој свирел во посебни прилики, со него на 31 август 1908 год. во еврејското училиште бил пречекан и бугарскиот трговски агент Недков.[262] Со своите оркестри настапиле и по повод Младотурската револуција, како и по повод доаѓањето на султанот Решад Петти во Битола.

Во 1936-7 год. во едниот оркестар свиреле Алберт (бас флигорна), Бераха, М. Романо, Фараџи и др., а Алберт настапувал и како соло музичар. Истиот оркестар во неделните попладнија приредувал и игранки во Ловечкиот дом, Соколаната, Подофицерскиот дом, како и во салата Кај Касапите, кои ги посетувале млади луѓе од сите националности[263] и сето тоа траело до нивниот геноцид.[264]

---

259. Нисим Алба, **Евреите во Битола во мир и војна,** Во: **Сефардски одгласи, Студии и сеќавања за Евреите од Македонија,** Еврејска заедница на Македонија, Скопје, 1995, 209-219

260. Шоломон Албохер, **Евреите од Монастир, Македонија, Животот и времето во кое живееше некогашната еврејска заедница во Монастир,** Фонд на Холокауст на Евреите од Македонија, Скопје, 2010, 67

261. Исто, 73

262. Петръ Завоевъ, **Писма отъ Македония**, София, 129-130

263. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Битолските Евреи,** Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1993, 135-136

264. Жамила Исак Коломонос, **Битолската еврејска заедница и нејзиното учество во НОВ 1941-1942 година**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, книга втора, 544



*Еден од еврејските оркестри сликан пред објектот на училиштето „Алијанса“ (денес „Пионерски дом)*



*Објетот на Еврејскиот културен дом (Фото Петар Ставрев)*

Еврејската трагична судбина почна да се крои скоро веднаш по бугарското востановување на власта во градот, кога бил избран и посебен *„комесар за еврејски прашања“*, на чие место бил назначен се-

кретарот на Обласната дирекција Георги Џамбазов.[265] Следувало потем и нивното гетоизирање кога им биле одземени и сите граѓански права и движењата, и улични и сатни.[266]

## Обредно–календарски групи и нивните песни

Уште со првите блесоци на рационалната свест, а исправен пред предизвиците во енигматичната и немилосрдна природа, човекот опстанокот го изнајде во систем составен од магично–обредни постапки, а зборот, притоа, го доби клучното значење. Обредно–календарските и семејно–обредните обреди и песни станаа и дел од многу сложен и важен свет експоатиран во секоја прилика со децении и векови. Со милеумска древност се апсорбираа пластови во кои во компромисна комбинација се изнајдоа испреплетени пагански, христијански и многу други основи и претстави.

Коледето (24 декември/6 јануари) е првиот зимски празник со кој се обележува повторното враќање на сонцето, кое христијанската црква беше го похристијанизирала и го поврзала со раѓањето на Исус Христос. Истиот проследен е со многу обреди и многу песни кои имаат едноставна содржина и композиција, а ги пеат коледарчиња, момченца на возраст од 10-12 години.[267]

Во врска со овој празник во Битола, меѓу другите, се пеела и оваа песна:

Коледица, меледица.
И по неа Василица,
Еднаш ми е во година,
како цвеќе во градина.
Коледе, бабо, Коледе,
Дај ми, бабо, костенче,
Едно, бабо, за мене,
Другото за другарчето.[268]

265. Аноним, Пелистерско ехо,г. 1, бр. 46, Битоля, 14 ноември- 1942, 1

266. **Съобщния и новини**, Пелистерско ехо, г. 2, бр. 59, Битоля, 13 февруарий 1943, 4

267. Марко Китевски, **Македонска народна лирика, Обредни песни,** Култура, Скопје, 1997, 13-19

268. Илија Хр. Алушевски, **Цвилит коњче во гора зелена**, Битола, 1997, 57

Слични обреди и песни со овој празник имало и кај Власите во Македонија, како и кај други народи од Балканот.[269]

Во набиениот зимски православен календар следат и неколку други празнувања. Првин е Василица (1/14 јануари – Стара Нова година), кога вечерта спроти празникот се палат огнови покрај кои се пеат и песни, а децата – василичари одат од куќа до куќа и пеат песни. Другиот ден се појавуваат и тајфите бабари, преоблечени во маски од кожа, кои ги изведуваат своите игри придружени од свирачи. Некогашниот персонаж сега е сведен на зет и невеста, нема дијалог, односно ја нема драмската сцена што постоела во минатото[270] и сето тоа се случува, како што се тврди, *„за да се заплашат злите духови“*.[271]

Водици (Богојавление, Водокрст, Машки водици – 6 јануари) до ослободувањето била масовна и торжествена манифестација и во Битола. Во 1869 год. за првпат била одржана во дворот на црквата „Св. Недела“[272], а по заминувањето на османлиите и во самиот град.

Почнувајќи од 1914 год. реката Драгор ѝ стана место на сите нејзини свечености.[273] Недела дена пред празникот, додека се копал вирот, платен гајдаџија ги забавувал доброволците и во копањето и во чувањето на вирот во вечерните часови. Патувањето на фатениот крст од дом до дом, од дуќан до дуќан било со гајдаџиска или со друга музика, поретко и со песни,[274] кои во селата ги имало со слична или со малку поинаква содржината.[275]

269. **Македонија во делата на странските патописци**, **1894-1902**, 54

270. Радован П. Цветковски, **За бабарскиот оообичај во Демирхисарско**, Развиток, год. 13, бр. 4-5, Битола, 329-343; Истиот, **Бабарскиот обичај во селото Буф и другите села северозападно од Лерин**, Во: **Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско**, Македонска академија на науките и уметностите, Друштво за наука и уметност – Битола, УНК „Илинденски денови“ – Битола, Битола, 1981, 597-615.

271. **Македонија во делата на странските патописци**, **1894-1902**, 57

272. **Македония**, бр. 10, 1 февруари 1869

273. **Извештај за школску 1913-1914 годину**, Српска краљевска гимназија у Битољу, Битола, 1914, 22

274. Соопштение на Димитрие Велјановски, пензионер од Битола

275. Марко Китевски, **Македонска народна лирика, Обредни песни**, Култура, Скопје, 1997, 35-51

Еден од позначајните пролетни празници, со кои се сврзани многу песни, е новозаветниот Лазар. Ги пеат групи девојки недела дена пред Велигден, односно на Лазарева сабота, одејќи од дом до дом и за секое лице посебно пееле песна како благопожелба. Селото скоро до ослободувањето ја чувала оваа традиција, а записите што ги остави битолскиот седмичник „Јужна звезда“ за Буково, говорат и за негова вековна традиција.[276] Во некои краишта во Македонија лазарките се облекувале и во машки алишта, носеле и оружје, некакви јатагани,[277] а Михаило Ѓ. Миладиновиќ во почетокот на 20 век неколку вакви песни забележа и од Битолско.[278]

Од другите пролетни поважни празници остануваат уште Велигден и Ѓурѓовден и тие, како и сите други, проследени се со обреди и песни. Особено во тоа содржаен е Ѓурѓовден (6 мај). Ден пред отпочнување на празникувањето, сосема рано, групи девојки заминуваат во полето или низ ридовите да берат билје, со кое потоа ги крмат говедата за да дадат повеќе млеко, волна и пород и пеат песни.[279] На некои места билјаркиве ги именуваат и за калинарки.[280] Обичај стана да се заколе и јагне и да се излезе во природа и таму да се прават лулашки и на секого што се лула да му се пее наменска песна со спомнување на неговото име и со обврзната благопожелба.

И Тодорица, Еремија, свети Илија, кои биле третирани за летни и за есенски празници, исто така, не биле без празничко расположение и без песни.

Со Иванден (Јован Претеча) (24 јуни/7 јули) бил поврзан обичајот Тајане, кој се одбележувал и во Прилеп и Крушево, а осо-

276. Стојан Ристески, **Литерарно–фолклорни прилози**, Macedonia Prima, Охрид, 1999, 131-142

277. д-р Јов. Хаџи Васиљевић, **Јужна Стара Србија**, кн. прва (Кумановска област), Београд, 1909, 391

278. **Македонски народни песни**, Збирка на Михаило Ѓ. Миладиновиќ, Приредил д-р Илија Николиќ, Друштво за наука, култура и уметност, Струга, 1999, п. 14, 15, 25, 28, 35,

279. Бранислав Нушић, Цит. дело, 125

280. Иван Иванић, **Маћедонија и Маћедонци, опис земље и народа**, кн. 1, Нови Сад, 1910, 104

бено бил познаат во Битола. Го регистрирал и Марко Цепенков,[281] ценети податоци од крајот на 19 век оставил и весникот „Новини“. Според нив, на празников групите млади се упатувале во полето да берат цвеќиња, со кои го кителе бакарно ѓумче именувано „тајан“, кое за сето време го носи момченце на главата и се пееле пригодни песни, понајчесто оваа:

Тројца браќа вечераа, вај, вај
Вечераја, збор зборваа, вај, вај
Збор зборваа за крадење, вај, вај,
Да го крадат мариовчето, вај, вај.
Мариовчето, поповото, вај, вај
Поповото, прилепчето, вај, вај,
Прилепчето, најмалото, вај, вај
Најмалото, најличното, вај вај.

Пошироки нејзини варијанти забележа и Михаило Ѓ. Миладиновиќ.[282]

Кон групата на враќање им се приклучувале и родителите и сите заедно посетувале дуќани и домови пеејќи песни, а тајането одело напред. Покрај песни имало и свирки и смејурии.

Станало обичај тој ден домаќинката да ги прередува домашните алишта за да ги ослободи или за иднина да ги заштити од молци.[283]

Додолските песни биле поврзасни со сушното лето кога подолго време немало паднато дожд, а со него тој да измоли. Кај нас тој е познат со имињата додоле, дудуле, вај дудуле, ој љуље, лилјаче и сл., истиот познат е и кај останатите балкански народи и се потпира врз принципот на имитативна или хомеопатска магија.

Групата што го изведува додолето се состои од девојченца, меѓу кои, за да биде молбата услишана, требало да има и сирачка, именувана за „пеперуга“ и да биде украсена во зеленило. Пеејќи песни со

281. Марко Китевски, Цит. дело, 85

282. **Збирка македонски народни песни**, п. 45 и 47

283. Ил. П-в, **Интересен обичај во Битола**, Новини, бр. 78, 1895

молби за дожд групата одела од порта до порта, при што пеперутката била натопувана и со вода.[284]

Обредов, со многу сличности на македонскиот, се среќавал и среде Власите во Македонија[285].

Во ваквото измолување дожд понекогаш учествувала и црквата. Обичајов, именуван за Скрсти, го опишуваат и Миладиновци во својот Зборник, а Константин Миладинов му посвети и лична песна, исто така, со наслов „Скрсти".

## Европска музика

### Навлегување

Заради закоравената традиционалност и ниското културно ниво на османлиското општество, новините, посебно техничките и другите предности што беше ги постигнал Западот, многу тешко и многу бавно се пробивале на просторот на Османската Империја. Во името на некаква чистотата на муслиманската религија, подгревана од верската врхушка и од фанатизираните верници, сè што доаѓало од Западот се третирало за дело на „нечистиот" и се отфрлало брзо и решително. Таков однос имало и кон европската музика и кон европските музички инструменти,[286] нагласено посебно во раниот период од османлиската историја.[287]

Се случи, меѓутоа, и неминовното османлиско економско отворање кон Европа од каде почнаа забрзано да протекуваат и промените. Претприемачкиот дух на Евреите и на дел христијани откри дека Европа е многу голем и гладен пазар, а Турција неисцрпна

---

284. Марко Китевски, Цит. дело, 89-127

285. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864**, 102

286. *„Турците имаат малку желба да го слушаат звукот од нашите убави инструменти, за кои мислат дека ги разнежнува мажит е за други слатки уживања, кои тие ги избегнуваат колку што можат"*, вели Карлие де Пинон (1579), **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1771,** 221

287. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 557

сировинска база. Да се патува сега низ Европа стана скоро исто како да се крстари низ Балканот и скоро и да немало поголем град од Империјата од каде некој или повеќемина да не заминат и да не престојуваат низ европските центри. Христијани и од повеќе македонски градови отвораат и трговски куќи во Виена, Дрезден, Лајпциг и Москва уште во првата деценија на 19 век,[288] синови на многу од нив и своето високо образование го стекнуваат во овие метрополи,[289] што е, пак, посебно инересно, се вбројуваат и синови и на османлии. Али-бег, генералштабниот лекар од Битола медицинските студии беше ги завршил во Париз, кое му овозможи кога се вработил во Воената болница во Битола да направи од неа и обрасцова институција со најскапи хируршки инструменти донесени од Европа, какви, како што се тврди, не располагале и познати европски здравствени установи.[290] Меѓу другите, и воденски Македонец *„умен и образован човек"*, како што тврдат Мекензи и Ирби (1863), образованието беше го стекнал во Виена.[291]

Наспроти тоа, заради трговија или добро платената работа, многумина и од западноевропејците се настануваат и живеат низ нашите градови, кое овозможи формирање и на мали западноевропски заедници и фирми скоро во секој поголем балкански град, па швајцарска фирма да има во Воден[292], германска заедница во Солун, во валијатската Битола таа да брои меѓу 200-250 членови итн.

Сите тие се обидувале навиките и обноските од татковината да ги пренесат колку што можат и во новата средина и да живеат поинаку од мештаните. Абеси од крајот на 18 век за цариградската европска колонија во Галата вели дека го сакала театарот, организирала концерти, балови и други задоволства,[293] додека зборниот пункт на солунската бил хотелот „Колумбо" каде членовите ја пиеле омилената бира, се натпреварувале во куглање, а за да ја разбијат и монотонијата

288. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 667
289. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 574
290. Исто, 297
291. Исто, 574
292. Исто, 575
293. **Румелийски делници и празници...291**

во летните месеци ангажирале и странски музички групи, од кои една била доведена од Чешка.[294] Едно време и западноевропскикте граѓански меѓусебни односи за „убаво однесување“ се прифаќаат и кај нас.[295]

Европската музика била присутна и во домовите и на собирите и на странските дипломати. Нивно средиште во Солун во 1817 год. станал домот на австрискиот конзул, кој прераснал и во дебатен клуб, составен од Грци, Германци, Англичани и од неколкумина Французи, во кого владееле европски манири, грчки и западноевропски мелос.[296] Се случи вообичаените меѓусебни непријателства и подметнувања, по пречекорувањето на прагот од конзулатот или на индивидуалниот дом, каде собиров се префрлал, веднаш да се заборават. [297]

Очекувано, европската музика почнала да се прифаќа и да се слуша и во нашите индивидуални домови. На свадба во гратчето Ларигова, Северна Грција, во 1867 год. свадбарите свиреле романси на гитара и играле валцери и полки.[298] Заразата станала толку силна што и службеници на султанската администрација понекогаш прифаќале дел од таа традиција и европски инструменти, евнухот Фергад-ага од Константинопол, кој имал мошне пријатен и мек глас, во 1876 год. на гитара ја опејувал својата црна судбина и неговите песни набргу станале општоприфатени и пеени низ метрополата.[299]

Партии од европски опери најрано можеле да се чујат меѓу европјаните вработени во османлиска служба, кои и на овој начин ја гаселе носталгијата кон татковината.[300] Германската песна „Збогум татковина моја“ патеписецот Густав Вајганд (1889-1890) имал прилика да ја слушне во обработка на влашки јазик во битолското село Гопеш.[301]

294. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898**, 83
295. Наум Николовски – Шкарна, **Кодекс,** Битола, 2004, 3-73
296. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 568
297. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 621
298. **Македонија во делата нз странските патописци**, **1964-1874,** 138
299. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 135
300. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 345, 347
301. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1893,** 68

Како што продираа овие мелодии, така навлегуваа и западноевропските музички инструменти.

Првин надоаѓаат гитари, виолини, хармоники, па и најсложните-клавирите.

Во карантинскиот логор во Крива Паланка, во кој имало и османлиски војници и патници, во зимска неделна вечер во 1883 год. свирела хармоника,[302] кларинет во летна ноќ се чул во чун во 1892 год. во Охрид.,[303] нешто подоцна во Битола се чула и хавајска гитара.[304]

Покрај музички инструменти рано пристигаат и музички кутии, една се нашла и во резиденцијата на султанот Абдул Меџид.[305]

Наскоро се формираат и бројни музички состави кои го милуваат домашниот мелос, но употребуваат и европски музички инстру-



*„Бандата" од почетокот на 20 век*

302. **Македонија во делата на странските патописци**, **1879-1888,** 123

303. Бранислав Нушиќ, **Сабрана дела Бранислава Нушића**, књ. XXIII, Јеж, Београд, 1966, 86

304. **Једна успела спортска забава у Битољу,** Нови сјај, г. 4, бр. 33-34, јануар-фебруар, Битољ, 1937, 2

305. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 293

менти. Од крајот на Осмалискиот период во спомен и фотографија остана „Бандата“ составена од дувачки инструменти.

Веднаш по Првата светска војна среќаваме и мандолиснки оркестар во состав од Методија Јовановски (1905-1982), абаџија, на сликата крајно десно, кој свирел и на мандолина и виолина, па брат му Благој, кој свирел мандолина и неговиот син Томе (Темсо), кој се исшколувал за виолончело, а бил познат и како гитарист, сега живее во Сиднеј (Австралија).



*Мандолискиот оркестар со Методија Јовановски*



*Чикашкиот мандолински оркестар*

Околу 1920 год. во Чикаго битолчани, исто така, формирале мандолински оркестар и се фотографирале. Меѓу нив (со пеперутка вратоврска) се наоѓа и Петар Османли, татко на Јорго Османли.

## Вљубеници и пропагатори

Први вљубници и најзагреани пропагатори на европската музика во Битола станале оние млади битолчани што се школувале низ Европа и што ја доживеале и ја засакале неа, најмногу тие и што студирале низ музичките академии.

Во не толку долгиот нивен список, свое место има и битолчанецот за кого интерес појавиле неколкумина истражувачи и дале одредени сознанија, кои треба внимателно да се компарираат за да се извлечат што поточни податоци, едниот и најраниот е *Димитрие Лала*.

Според публицистот и новинарот Димитар Димитровски–Такец, потекнувал од богато битолско влашко семејство, кое своите корени ги влечело од културниот центар на Власите, Москополе. Татко му Стерјо Лала, богат трговец и чифликсајбија, имал четири сина и две ќерки. Третиот, Димитрие, грчко основно и средно образование завршил во Битола, а музички студии во Минхенскиот конзерваториум во периодот меѓу 1871-1875. При крајот на студиите, заедно со уште четворица други Вагнерови студенти, станал учесник во подготовките на големиот проект, циклусот опери со заеднички наслов „Прстенот на Нибенлунзите“.

По студиите се вратил во Битола и работел како наставник по музика во Грчката машка гимназија, но со својот професор продолжил да комуницира преку писмени врски. Колку време останал во Битола и кои се неговите заложби во училиштето и градот во кој пораснал допрва треба да се истражува. Бидејќи во ова време се формира и здружнието „Љубители на музиката“ (силогос), драмските и музичките настапи на учениците од грчките училишта стануваат бројни, па може да се претпостави и неговата улога во нив. Бидејќи Битола, според Такец, лично веќе беше ја надраснал, започнал да размислува и за преселување во поголем центар, најмногу за Атина. Откако се нашол таму, набргу ќе се вклопил и ќе да дава придонеси, при што посебно

е значајно неговиот придонес во формирањето на Атинскиот конзерваториум.[306]

Според Боривое Цимревски, кој користи најмногу овдешни усни преданија, роден е во Битола во 1843 год. во богато трговско семејство, преселено во Битола од Москополе по егзодусот што го извршил Али паша Јанински. По завршувањето на Грчката машка гимназија во родниот град, со материјална предност да го продолжи школувањето и низ Европа, се нашол на студии кај големиот Рихард Вагнер. Успеал да стане и еден од капелмајсторите давајќи придонеси и во подготовките на некои од неговите опери во Бајројтскиот театар. Некаде меѓу 1870-1880 год. го напуштил тоа место и се вратил во Битола, определувајќи се да предава пеење и музика во истата гимназија каде што и учел.

Врските со својот учител во Германија му продолжиле, фотографија со ликот на композиторот на која се наоѓа и посвета од композиторот и денес се чува љубоморно во битолски дом.

Од Битола потоа се преселува во Грција, го организира отворањето на Атинскиот конзерваториум, а во 1912 год. умира во Атина.[307]

За него истражувал и Антонис Колциадас, авторот на обемниот труд за Битола објавен на грчки јазик, па, според него, Лала е роден во Магарево во 1848 год., каде завршил основно училиште, а во Битола гимназија, па продолжил на студии во Солун и Атина. Првин се запишал на економскиот факулт во Женева, потоа продолжил во тој за музика во Минхен. Рано почнал да компонира и како композитор се истакнал во Салзбург, Австрија, а во периодот од 1870-1876 станува соработник на Вагнер на концертите што беа организирани во Кралскиот театар на „Лудвиг Втори“ во Бајројт. Се враќа во Македонија и живее понатака во својата куќа во Битола која сè уште постои, а во 1881 год. се преселува во Солун. Своите дела, кои беше ги комплети-

306. Димитар Димитровски – Такец, **Вагнер – Лала=Бајројт – Битола**, Битолски весник, Битола, 5 јуни 1996, 9; Истиот, **Кој беше во Битола: Вагнер или Лист?**, Битолски весник, Битола, 12 јуни 1996, 13

307. Д-р Боривое Цимвревски, **Животот и композиторското творештво на д-р Константин Иван Робев,** Музика, год. 4, бр. 6, Скопје, 2000, 68

рал и ги подготвил за објавување, според Колциадас, му исчезнаа во бродоломот што се случил на пат на бродот за Италија. Умрел во Битола во 1911 год. од колера.[308]



ΕΤΟΣ Β΄. ΕΝ ΜΟΝΑΣΤΗΡΙῼ, τῇ 4 Σεπτεμβρίου 1911 ΑΡΙΘ. 60

Το Φως

ΕΛΛΗΝΙΚΗ ΕΦΗΜΕΡΙΣ ΠΟΛΙΤΙΚΗ, ΦΙΛΟΛΟΓΙΚΗ ΚΑΙ ΕΜΠΟΡΙΚΗ

ΕΚΔΙΔΟΜΕΝΗ ΚΑΤΑ ΚΥΡΙΑΚΗΝ

† ΔΗΜΗΤΡΙΟΣ ΣΤ. ΔΑΛΛΑΣ.

Објава на неговата смрт во Битола



Димитрие Лала

Колку, како еден од првите музичари со конзерваториум дал придонес и за пренесување на европската музика во градов ќе треба да се направат секако дополнителни истражувања.

Случајот со *д-р Константин Иван Робев* е сосема поинаков. Тој имал само основно музичко образование, виолина, која ја учел приватно, знаел да свири и на клавир, кого го имал набавено за своето потесно семејство, а се издвои и за многу заслужен пропагатор на европската музика.

[308] Αντονησ μιχ. Κολτσιδασ, **Ιστορια του Μοναστηριου**, Thessaloniki, стр. 828-829,



Заедничка фотографија на Вагнеровите капелмајстори



д-р Константин Робев на средовечна возраст

Робев роден е во Битола на 25 април 1897 год., а по потекло бил од познатото охридско семејство Робевци, но од битолскиот разгранок. Основно образование завршил во Битола, средно во Првата машка гимназија во Софија, во 1916 год. се запишал на медицинскиот факултет во Виена, кого, заради војните, го завршил со закаснување, дури во 1925 год. Се вратил во Битола и работел како угледен лекар. По востанувањето на бугарската власт се вклучил и во политиката, во 1943 год. станал и помошен обласен директор, кое подоцна му се препишува за голем грев па во 1944 год. е суден и осуден со смртна казна. Нешто подоцна истата му е преина-

чена во доживотен затвор, кого го издржувал во затворот „Идризово“.

Заради примерниот однос за време издржувањето, третман добил на слободен затвореник и ја вршел функцијата заворенички лекар, самоиницијативно оформил затворенички хор и оркестар со кои диригирал тој, почнал да се бави и со компонирање, па денес во неговата музичка заовставштина се наоѓаат композиции од повеќе жанри, всушност тоа е една скромна и значајна бројка од 16 дела.[309]

Во 1952 год. добил помилување и остатокот од животот го поминал во Скопје, каде ја дочекал и смртта.

Како слободен граѓанин во ретки прилики доаѓал и во родниот град, еднаш заедно со сопругата посетил и некаков културно–уметнички настан.[310]

Користел секоја прилика, некои и самиот ги иницирал, преку предавања и лични презентации да говори и да всадува откровенија и љубов кон личности и дела кои им припаѓале на големите европски музички класици.

На концертот на „Црвениот крст“ на 11 февруари 1933 год. на виолина го исполнил „Ноктурно бр. 9, Н. 2 Es dur“ од Шопен во придружба на клавир од Клео Сонти и оценката за обата, посебно на виолинскиот, гласела – *„Г. Робевиќ манифестираше солидна техника и беше вистинско уметничко доживување“.*[311]

Во „Народниот униврзитет“ во Битола по неговото востановување била организирана музичка секција и преку неа почнале да се одржуваат чести музички средби на кои имало и предавања и музички настапи. На една тој говори за „За творештвото на Роберт Шуман“ а на виолина понуди и негови композиции. Исто такво предавање, сега за „Жорж Бизе и за операта „Кармен“, одржа и во

309. Д-р Боривое Цимвревски, **Животот и композиторското творештво на д-р Константин Иван Робев,** Музика, год. 4, бр. 6, Скопје, 2000, 68

310. Слободан Димитров, **Патување низ животот со музика,** НУ „Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола, Битола, 2021, 27

311. Ђ. Л, **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 февруари 1933, 6

учебната 1935/36 год. кога музичката илустрација на пијано ѝ припадна на Калипсо Налча.[312]

На 28 март 1943 год., пак, во Битола се случи мошне необичен музички настан, музичка вечер замислена да биде интимна средба со одбрани посетители, нешто како чајанка, а која му била посветена на еден од најголемите класици на сериозната музика, Роберт Шуберт. Била најавена совреме и со посебна нагласка дека тоа е иницијатива на заменик кметот на Битола д-р Константин Робев.

Точно на најавениот датум, во „Домот на уметноста и печатот" (хотел „Ројал") истото и е случи. Првин тој одржал предавање, запознавајќи ги присутните со кратки извадоци за животот и делото на големиот уметник, а потоа дал и личен прилог презентирајќи на виолина дел од музичкиот опуст на уметникот, со што средбата прераснала и во настан за трајно паметење.[313]

*Калипсо Налча* сепак е најзаслужниот битолски репрезент и пропагатор на европската музика во Битола. Родена е во Битола 1915 год., во ситуирано влашко семејство. Како единица, според сеќавања на нејзини соседи, покрај родителите, за неа се грижеле и материјална помош ѝ давале и двете немажени сестри на таткото, што ѝ овозможи да добие солидно обрзование, да ја заврши и Атинската музичка школа во 1936 год. Во 1932 год. се вработува за наставник во Битолската гимназија, каде предава пеење во првите три класа со вкупно 16 часа, добила задолжение и за подготовка на хорот – 6 часа).[314]

Тоа е нејзиното прво и единствено редовно вработување во родниот град, ако не се земе во предвид дека го подготвувала и хорот „Абрашевиќ", потоа заминува за Скопје и никогаш повеќе не се вратила назад. Во 1939 год. таму станува член на Народно позориште и работи како корепетитор и артист, а во текот на 1941/42 год. е професор по музика во Француското училиште. По ослободувањето повторно е корепетитор, артист, пијанист и музички редактор во Радио-Скопје, па и наставник по пијано во Средото музичко училиште, од

312. Елица Тодорчевска, **Музичката дејност на Народниот универзитет 1930-1940 година,** Македонска музика бр. 8, Скопје, 2001, 213-218

313. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 66, Битоля, 3 априлъ 1943, 4

314. **Извештај за школску 1933/34 годину,** Битољска гимназија...12



Калипсо Налча

каде заминува во пензија. Умира во 1987 год. во Скопје.[315]

Додека е во Битола прави напори преку предавања и музички настапи да им ја доближи европската музика на своите сограѓани. Во Народиот универзитет во учебната 1936/37 год. го држи предавањето „Шопен и Лист“, украсувајќи го и со своја и со музика од плочи. Такво предавање има и следната година сега на тема „Творештвото на Роберт Шуман“ и тоа надополнето и со своја и со музика од плочи.[316]

Иако ваквите предавања придонесуваат за проширувањето на музичките видици на битолчани, посебно значајни се другите, нејзините лични музички настапи. Стана практика како клавирска придружба да се појавува скоро на секоја музичка прослава кога следи ученици или граѓани кои даваат придонес како соло пејачи или како инструменталисти или самата има соло партии.

На 11 февруари 1933 година на концертот на „Црвениот крст“ ја пее аријата на Виолета од првиот чин од операта „Травијата“,[317] преку соло настап на клавир ги претставила и Шопен, Моцарт и Албенис во јануари 12/25 1935 год. на „Светославската прослава“ во Богословијата.[318] Со исто такво соло клавирско претставање учествувала и на „Светосавската свеченост“ во 1936 год.[319] и ваквите презен-

315. Елица Тодорчевска, **Музичката дејност на Народниот универзитет во Битола 1930-1940 година,** Македонска музика бр. 8, Скопје, 2001, 214

316. Исто, 217-218

317. **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 6

318. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија...51

319. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...51

тации за следните 7 години продолжуваат сѐ додека живее и работи во Битола.

## Пречек и испраќање гости

Првично и највидливо обележје во минатото за оддавање чест на поединец или на група бил пречекот и нивното испраќањето. Доколку местото било на поголемо растојание и честа се ценела за поголема, но битен бил и бројот и рангот на тие што пречекуваат и испраќаат.

При пречекот на австриското дипломатско претставништво акредитирано во Истанбул во 1578 год. било на растојание од еден стадиј, во него зеле учество претставници од власта, дипломатскиот кор, но и 150 коњаници како придружба и физичка заштита.[320]



*Пречек на дипломатско претставништво (1557)*

320. **Немски и австрийски пътеписи за Балканите,** 380

Кога се работело за важен гостин, вообичаено стана да се приклучуваат и негови пријатели, роднини, а и обични граѓани, кои, ете, посакале и тие да оддадат своја чест. Таква чест при пречекот доживеал и Ами Буе (1836-1838) од група Турци и христијани, организиран по наредба на штипскиот ајан, а во Кавадарци по наредба и на пашата на Скопскиот пашалак.[321]

Ваквите пречеци биле придружувани и од музика, најчесто од месната воена, доколку истата не можела да се обезбеди, едноставното решение биле ромските состави. Маршевите и кај едните и кај другите биле неизбежни, можела да се слушне понекогаш и забранетата а толку омилена „Марсељеза“.[322]

Битола како валијатски град била принудена многу често да пречекува или испраќа високи гости, заради тоа валијата Абди паша надвор од Битола на три km. (Буковски ливади) беше организирал и посебно место (Абдиното кафеанче) каде се случувале средбите. Бидејќи некои од домаќините посакувале понекогаш да означат и посебна чест, како со пречекот на првиот егзархиски владика Натанаил, дел беа пошле уште подалеку, до Лерин.[323]

Кога во Битола во 1856 год. доаѓал Англичанецот Едвард Мани, висок воен стручњак, кој требало да помогне во осовременување на војската стационирана во Битола, првото добродојде му било искажано нешто подалеку од градот од помала воена единица и од двајца локални конзули, но како потоа се навлегувало во градот, и групите се множеле, за да стигнат на крајот до воена единица од неколку стотини војници, поголема група граѓани, како и од градската воена музика која натака ги водела сите до предворјето на градот.[324]

Не само пречекот, чест било гостинот да се испрати и надвор од населеното место.

Граѓаните од Рача испраќањето на група европејци за Митровица (1658) го извеле со зурли и тапани и со две групи, едните врвеле

321. **Македонија во делата на странските патописци, 1827-1849.** 236, 238

322. **Македонија во делата на странските патописци, 1850-1864,** 65

323. Кузман А.Шапкарев, **Записи**, 184-185

324. **Македонија во делата на странските патописци, 1850-1864,** 123-125

напред, другите ги следеле на крајот.[325] Слично испраќање организирале и жителите на Крива Паланка за Русинката М. Карлова (1868), кои во ист број и на исто место и ја пречекале и ја испратиле,[326] како што направиле и учениците заедно со нивниот учител од училиштето во Гопеш кои на гостинот од Германија довидување му искажале со песна надвор од селото на 4 часа пешачење.[327]

Гостите не само што се пречекувале и се испраќале, се придружувале и до домовите во кои времено биле сместени. Такво нешто во 1908 год. било направено за секој гостин од Бугарија, заедно со звучните арапски маршеви и со неизбежната „Марсељезата“.[328]

Промената на овие обичаи, барем во Битола, генерално се измени по пристигањето на пругата од Солун, кога истите се дислоцирале на Железничката станица во Битола.

## Песни и музика на седенките

Многу честа и многу популарна форма за туѓопомош во поледелската работа бил ангажманот на роднини или пријатели. Истите биле или самоиницијативни на тие што доаѓале напомош или и молбени од домаќините.

Кога работата во полето замирала, сосема вообичаено станало групи моми и млади жени да доаѓаат напомош кај соседи, роднини или пријатели за луштење пченка, подготовка лен и на други слични работи поврзани со поледелските производи, па дел од нив останувале ден-два, поблиските роднини и повеќе и за сите храната и сместувањето обезбедувани биле од домаќините. Бидејќи работата била долга и монотона, а тие млади и раздрагани и да се олесни истата и времето побрзо да мине, заеднички се правел амбиент од

325. Милан Мирковић, **Један француски путописац у нашој земљи 1658**, Гласник историског друштва кн. 7, Нови Сад, 313

326. **Македонија во делата на странските патописци, 1864-1874,** 186

327. **Македонија во делата на странските патописци, 1889-1898,** 67-68

328. Петръ Завоевъ, Цит. дело, 128-129

меѓусебно задевање, невини закачки, шегувања, надополнето сето тоа и со песни од песнопојки или од пејачки состави.[329]

Кај нас ваквите собири познати биле за *седенки,* односно за *йоседи,* кога, пак, се работело за предење волна, *фуркина йоседа.*[330]

Вакви собири се понекогаш се правеле и од сосема едноставна, дневна, социјална потреба, заради дружење. Учесниците со себе ја носеле личната работа што ја имале веќе започнато, домаќинката, пак, била таа што ќе го создаде дружељубив амбиент, ќе ги нагости гостинките, а вечерта и секоја ќе ја испрати до нејзиниот дом. Редот потоа ја преземала некоја друга, па следна, односно продолжувало тоа додека не се исполнел зимскиот вакуумот и не почнела редовната поледелска физичка работа.

Во есен, според Рајко Жинзифов, собириве се организирале и надвор од домовите, најчесто на заедничкото гумно, кога присутни биле и момци. Бидејќи иститe биле и без премногу строги забрани и контроли, а повеќето стасани за мажење и женење, се раѓала и меѓусебна симпатија или љубов, која не ретко завршувала и со брак. Веселиот амбиент и овде се надополнувал со песни и свирки од инструменти, кои беа ги понеле обично момците.[331]

Наспроти женски, имало и машки собири, кои ги организирал роднина или пријател во прилики кога садел лозје или кога изведувал слична работна акција, а за која му требала побројна машка работна сила. Името на овој вид туѓопомош бил *насад* и на нив, како и кај претходните, имало многу закачки, смеења, песни, свирење на музички инструменти, па и гозби, со што многу потсетувале и на свадбарските веселби.[332]

За разлика од селските, во градовите вакви собири се организирале за подготвување чеиз за момата што стасала за мажење, кога неколку месеци пред свадбата целото семејство трескавично работело врз подготовката на големиот чин, па и сега самоиницијативно, че-

329. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела,** том четврти, 140

330. Исто, 140-141

331. Райко Жинзифов, **Публицистика**, 2, БАН, София, 1964, 194

332. Кузман А. Шапкарев, Цит. дело, 141

сто и по покана, надоаѓале роднини и другарки на идната невеста. Работата била бесплатна, гоштевањето и, евентуално, престојот, биле на сметка на домаќините.

Посебен вид седенки што се појавиле за време Втората светска војна биле *вечеринките*. Ги организирале напредни и родољубиви младинци, најчесто членови или симпаптизери на антифашистичкиот отпор, а во време кога полициската контрола била насекаде, истите се маскирале со изговор дека се по повод некаков верски празник, имenden или роденден на младинецот во чиј дом тоа се случувало. Ден-два пред вечеринката се подготовувал и некаков скеч, песни, се организирале и негови проби.

Бугарската власт имала сознанија за нив, многупати упаѓала и во домовите врз кои паѓал сомнеж, ги одземала инструментите, понекогаш затворала и поединци за да послужат како пример. Во втората половина на 1941 год. некои биле организирани во домови на младинци во близината на црквата „Св. Богородица", други во близина на црквата „Света Петка", трети покрај Црн мост, ги имало и во домови околу Офицерскиот дом, на улиците „Леринска" и денешната „Стив Наумов" и во други.

На нив, покрај народни песни и шлагери од ова време, се пееле и револуционерни песни, при што најпопуларни и најомилени станале „Буди се исток и запад, буди се север и југ", херцеговската „Биљечанка", руската „Еј јухњем" и др. Во авторство и организација на некој од присутните понекогаш се изведувало едно или и неколку врапчиња.[333]

Од една ваква вечеринка од дом во Мечкар Маало полицијата ги конфискувала гитарите,[334] го направила истото и од вечерин-

333. Вангел Кимовски, **Активноста на скоевската и партиската организација во која живеев и работев во 1941 и 1942 година**, **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, кинга втора, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ-Битола, Друштво за наука и уметност – Битола, Издавачка дејност «Развиток"-Битола, Битола, 1978, 80

334. Васко Ангеловски – Пурино, **Битола пред и во почетокот на окупаацијата и мојата активност во врска со опфаќањето на младдината во СКОЈ во одделни реиони на Битола и во селото Буково, во периодот на 1941/1942**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, кинга втора, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на

ката во домот на Зоја Трајковска од денешната ул. „Никола Тесла“,[335] со што се потврдува не само распалениот атифашистички отпор и прифаќањето нов вид популарни песни и мелодии.

## Гостољубие, песните и серенадата

Многу позната и омилена практика стана со песна или музички инструмент не само да се почне и да се заврши денот, дури да се откине и дел од ноќниот спокој. Појавава ја мемориралe постарите скопјани,[336] граѓани од многу други населени места, влезе во сеќавањата и на постарите битолчани, забележана е и во влаш-



*Трпезарски свирачи (14 век)*

борците од НОВ – Битола, Друштво за наука и уметност – Битола, Издавачка дејност «Развиток“ – Битола, Битола, 1978, 69

335. Исто, 80. За ваквите вечеринки види и: Марко Наумовски, **Активноста на скоевските групи кај Горни Парк, Бујук Шадрван и Маџар Маало**, Исто, 53; Димитар Каранфиловски, **Скоевската организација во битолската Гимназија во 1941 до јуни 1942**, Исто, 109; Кице Најдовски, **Скоевската организација во V клас на Битолската гимназија во учебната 1941/42 година,** Исто, 157

336. „Низ застојаниот воздух на ова балканско гратче сосема јасно се распознава старинска песна, чии звуци со меланхолични тонови на гајда кои ги усогласува Македо-

киот[337] и во муслиманскиот етнос,[338] особно тоа се однесувало кога требало да се искаже благодарност за понудено гостољубие.[339]

Во ваквите прилики најмногу се пееле песни кои што-туку беа настанале и беа влегле во заедничкиот репертоар, при што тонот го давал песналијата или оној кој имал поубав глас. Во Штип, во дом на побогат домаќин, во кого гостољубие добил запишувачот на настанот, Ами Буе (1836-1838), а и првенецот на градот, тогаш, како што е забележано, *„се пееја словенски песни како и по секој сличен повод“*.[340]

При крајот на 19 век, особено во местата каде отпорот против грцизмот бил најсилен, особено во Прилеп и Битола, често се пееле и антифанариотски песни,[341] особено во домовите во влашките семејства каде се пееле дури и *„со најголемо задоволство“*.[342]

По Првата светска војна во нашите градови настана нова мода, наклоноста кон девојката младиот да ја изразува преку песна и музика, се појави нежната и тиха серенада.

Откако завршиле дневните задолженија, најмногу во саботните вечери, низ маалите и улиците започнувале да крстарат, со или и без музички инструменти, најчесто со гитари или примови и под прозорецот или балконот на саканата девојка да се пеат и свират љубовни песни, а девојката, доколку ја разбрала и ја прифатила пораката, како благодарност, обичај стана да запали неколку ќибритчиња.

Повеќето вакви групи скоро до утринските часови го исполнувале ѕвездениот амбиент на балканските градови и гратчиња со нежни звуци

---

нец во вечерниот одмор, а вратен од работа врз која поминал целиот ден. Овие старински тонови носеа во моите мисли еден по еден век и една по една слика“(Стојан Новаковић, **С Мораве на Вардар, 26-19 октовар, Под зидинама Цариграда, Бруса, „Путничке белешке“**?, Друго издање, Београда, 1894, 72

337. **Македонија во делата на странските патописци**, 1827-1849, 277

338. Радован Самарџић, Цит. дело 337

339. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 90

340. **Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849,** 236

341. *„Овие песни се составени во последно време, но тие веќе станале народни. Во Македонија ги пеат и мажи и жени, и момчиња и девојки, на оро, на свадби, на гозби, со еден збор – насекаде и секогаш“*, пишува Жинзифов (РайкоЖинзифов, **Публицистика**, 1, БАН, София, 1964, 257

342. **Македонија во делата на странските патописци**, 1850-1864, 85

што ја галат и ја разнежуваат душата и тоа стана дел од историјата на нашата понова песна како европско–медитеранска наслага.

## Излетите и музиката

Битола има богата и пријатна околина што стана предуслов и за масовна посета. Јован хаџи Васиљевиќ уште во крајот на 19 век тврди дека во празничните и неделните денови градот останувал речиси празен, кога и младо и старо заминувале во Потпелистериeто и во оние места што станале излетнички. Дел биле покрај реката Драгор каде имало ливади, дел биле и во околните бројни манастири кои располагале со здрава вода за пиење и широчинки за забава и игри.

Најрано и најуредено, истовремено и најпопуларно излетиште, стана Довлеџик.[343]

Да понесе поединец гитара и таму да се пее соло или групна песна во нејзина придружба, било вообичаена појава, се исполнувале и познати народни песни, а и оние штотуку влегле во мода и станале популарни.

Понекогаш таму настапувале и професионални свирачи и пејачи, самоиницијативно дојдени за дневна заработка или по нарачка. Кај излетничките места од долниот дел на Битола, Гургур Чешма и Кај Фики На Тераса (денес Боримечка) во крајот на 19 и почетокот на 20 век имало и професионални музики за развлечение, но и за пладневните неделни игранки (матинија) дојдени во ангажман на сопственикот на кафеаната.

Излетите за време бугарската окупација го имале значењето на вечеринките, станале маска и за забранетите политички активности. Марко Наумовски, блиизок род на Стив, се сеќава дека на излетот во Довлеџик во првите години од окупацијата понекогаш присуствувал и Стив, дека во Буковскиот манастир дошле 120 посетители, а излети се правеле и во другите манастири и села.[344]

343. **Македонија во делата на странските патрописци, 1371-1777**, 427

344. Марко Наумовски, **Активноста на скоевските групи кај Горни Парк, Бујук Шадрван и Маџар Маало во Битола**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, книга втора, 54

Истите се одржувале 2-3 пати месечно и како што станувале побројни, така и промените на местата се менувале, па покрај стандардите и поблиските Тумбе Кафе, Сива Вода, Кисела Вода, Крива Воденица, почнале да се посетуваат и подалечните, Диово, Крстоар, Буково, Трново и др. Вообичаено стана и таму да се пеат народни, но и револуционерни песни (српски, бугарски или руски),[345] на еден од нив Димче Ќепески играл казачок, кому му се придружиле и неколкумина од другарите.[346]

## Спорт и музика

Спортот и музиката, макар што првиот е ефизичка, а музиката духовна активност, се мошне блиски, особено заради ритамот што го љубат и што се во нагласена корелација.

Најблиски се околу настаните поврзани со свадбата. Древен обичај кај најголемиот број народи бил свадбарските ритуали да бидат исполнети со музички, но и со жестоки физички и ментали натпревари помеѓу машките кадидати, особено доколку со сопругата се добивал и поголем имот (во древна Грција и кралство). Преку таков натпревар добиена е и убавата Елена (*„Елена Тројанска“),* а и мајката на Перикле, градителот на Акропол. Подоцна овој обичај се вградил и кај други народи, а и кај македонскиот, најмногу го има во некогашните претсвадбарски натпревари со коњски трки познати како *кошија*.[347]

345. Димитар Каранфиловски, **Скоевската организација во Битолската гимназија во 1941 до јуни 1942 година**, Исто, 109

346. Васко Ангеловски – Пурино, **Битола пред и по почетокот на окупацијата и мојата актив ност во врска со опфаќањето на младината во СКОЈ во одделни реони во Битола и во селото Буково, во периодот на 1941/42, година,** Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, книга втора, 68

347. Александар Стерјовски, **Спорт,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2016, 11-14

Музиката стана неизбежна и на бројните пеливанските натпревари, многу омилени во минатото во Османлиската Империја, со која се најавувала, следела, на крајот и се наградувале победниците.[348]

Додека не згаснале, особено во Западна Македонија, каде и најдолго се одржале, долго време од полјанките – мегдани одекнувале бучните музики од зурли и тапани.

Кога подоцна, пак, спортскиот клуб се претставувал во градот, тоа го правел преку оркестарот марширајќи на негово чело, доколку, пак, немал оркестар, доволно било улогата да му се препушти и на најобично барабанче, на кое укажува и една разгледница од почетокот на 20-век.



*На излет со барабанче и обезбедување (Османлиски период)*

Јавните спортски часови, кои, кај нас меѓу двете светски војни биле многубројни, никако не можеле да се замислат без учеството на воената или на некоја друга музика.

Познатите и многу омилени *„пирамиди“* што ги изведувале средношколските училишта, исто така, не можеле да се замислат без

348. Исто, 38-43

придонесот на нивните или на другите оркестри. Меѓу другите, „*гимнастичката игра*“, инсприрана од музиката на Поспишил, која ја извеле битолските гимназисти на еден свој концерт, течела под ритамот и музиката на гимназискиот оркестар,[349] една друга вакква „игра“ била во придружба на Мешаниот хор на Гимназијата и под ритамот на една од ракатките на Мокрањац.[350] Своите вежби четата соколи од селото Рамна (Битолско) на заедничкото претставување на соколите во градот во 1936 година ги извеле со сплет македонски народни песни[351] итн.



БИТОЉСКА ГИМНАЗИЈА
Приређује
на дан 14 маја (у недељу) ов. г.
ЈАВНИ ЧАС
У ДВОРИШТУ ГИМНАЗИЈЕ
са следећим програмом:
ДЕФИЛЕ УЧЕНИКА и УЧЕНИЦА
1 Вежбе са венцима изводе ученице I разр. гимн.
2 Вежбе са заставицама изводе ученици I разр. гимн.
3 Просте вежбе са певањем изводе ученице II и III р. гимн.
4 Просте вежбе изводе ученици II и III разр. гимн.
5 Ритмичке вежбе изводе ученице IV, V и VI разр. гимн.
6 Просте вежбе изводе ученици IV, V и VI разр. гимн.
7 Игре изводе ученици I разр. гимн.
8 Пирамиде изводе ученици II и IV разр. гимн.
9 Вежбе на справама и са справама (лака атлетика) изводе ученици нижих и виших разр. гимн.
10 Штафетско трчање — ученици IV, V и VI разр. гимн.
11 Пирамиде на разбоју изводе ученици виших разр. гимн.
Почетак тачно у 9½ часова пре подне
Улазница 2 дин.
Чист приход намењен за набавку учила
Свира Војна музика
УПРАВА ГИМНАЗИЈЕ

*Објава на јавен час*

## Еснафски празнувања

Еснафлиите во Македонија имале две големи празнувања особено кога оваа дејност цветала, првото било во врска со стекнувањето звање мајстор, второто со Денот на светецот – заштитник, а и обете биле проследени со заеднички организирани дружења, разоноди, веселби и разнoразни музики.

[349]. **Извештај за школску 1929/30 год.,** Битољска гимназија, Битољ, 1930, 11/11

[350]. **Извештај за школску 1935/36 год.,** Битољска гимназија, Битољ, 1936, 27/12

[351]. **Соколске приредбе у Духовима у Битољу,** Вардар, Скопље, 5 јуна 1936, 2

Прогласувањето на новите мајстори (тестир) со време прераснало и во празник не само за еснафот и за градот, најмногу зашто се случувало на 10, 20, па и 30 години. Подготовките траеле 15-на дена и до денот на прогласувањето воената музика ги посетувала домовите на повидните граѓани, челниците на секој еснаф поединечно и лично ги канела.[352] За самиот чин, кој се случувал надвор од градот, биле ангажирани и голем број забавувачи, неколку групи музичари, пеливани, комедијанти и многу други, кои на настанов му додавале и занимлива и весела содржина.[353] Тогаш немало никакви поделби ни врз верска ни врз национална основа, напротив, како што заклучува Марко Цепенков, за цело време владеела *„братска љубов“*,[354] што било, врочем, и разбирливо зашто во многу еснафи членувале истовремено и муслимани и христијани и Евреи кои делеле и решавале заеднички проблеми.

Во крајот на 18 век, како и во повеќе градови, и во Солун прогласувањето на тестиров се случувало надвор од градот, обично на полјанка која можела се собере половината град,[355] во Прилеп во 19 век бил избиран дворот на некој манастир, најмногу тој на Трескавец, додека еснафлиите од Битола се определувале за некој од овдешните попознати манастири, при што во првите децении од 20 век „Св. Спас“ во селото Барешани станал најпримамлив.[356]

Веселбите тогаш траеле од неколку дена па до цела недела и биле поврзани не само за новите мајстори и за калфите и чираците и секогаш, како што тврди Цепенков, за сето време *„тапаните свиреле, младите играле оро, фрлале пушки и пиштоли во воздух“*. Ги имало не само во местото на тестирот и при враќањето дома, кога во војнички ред, со редари странично поствени и наоружани со стапови, со гајди и песни сите и на овој начин се претставувале публично.[357]

---

352. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 220

353. **Френски пътеписи за Балканите...**, 371

354. Марко К. Цепенков, **Македонкси народни умотворби**, книга десетта, 19

355. **Френски пътеписи за Балканите XV-XVIII,** Наука и изкуство, София, 1975, 358, 371

356. Вел. М. Петковић, **Слава Св. Спаса у Барешанима код Битоља**, Вардар, Скопје, 1 јуни 1933, 6

357. Марко К. Цепенков, **Македонски народни умотворби**, книга десетта, 19

Покрај тестирски веселби, такви имало и при прославувањето на денот на еснафот, кој бил наречен „светија“ и кој се третирал за покровител на еснафот и се одржувал секоја година. Трошоците и за него и за тестирот паѓале врз заедничката каса.[358]

Во средината на 19 век во Битолската чаршија, во која во средината на 19 век работеле 69 еснафи (41 христијански, 19 муслимански и 9 еврејски[359]) ваквиот обичај се спроведувал доследно секој месец, освен во август и септември, оттаму да го има скоро секој втор ден. По вообичаената богослужба, веселбата се одржувала во домот на устабашијата, доколку, пак, еснафот бил побогат, а во неговиот дом немало услови, се барало и подруго решение. И на овој празник се ангажирале чалгии кои гостите ги развеселувале преку целиот ден, при што помладите мајстори и калфите одлучувале да заиграат и ора, да запеат и песни чии звуци го покривале и сиот град.[360]

Ваквите прослави и одбележувањата продолжиле и меѓу двете светски војни. Бафчанскиот еснаф, чија слава била „Три ерарси“, на 14 февруари 1923 год. ја одбележал во салата на битолското училиште „Кирил и Методиј“.[361]

Првата слава на „Битолската трговско–занаетчиска младина“ одржана е на 1 јуни 1923 год. била во бафчата на Прилепската станица со учество на Воената музика и со театарската екипа на Михајло Лазиќ. Имало и сега обред, честување и понуди од слатки и пијалоци.[362]

Истите прослави ги среќаваме и за време бугарската власт, една се одржала на 8 ноември 1942 год.,[363] друга на Коледе 1943 год., кога била изведена и богата хорска програма, прилог на хорот на здруже-

358. Кузман А. Шапкарев, **Избрани дела,** том четврти, Приредил д-р Томе Саздов, Мисла, Скопје, 1976, 124, 135

359. **Извештај за Битолскиот пашалак...**, 83

360. Милош Хр. Константинов, Цит. дело, 129

361. **Еснафске славе,** Битољски трговински гласник, г. 1, бр.3, Битољ, 18 фебруара 1923, 3

362. Слав. Бит. Трг. Занат. Омладине, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 2

363. **Празникътъ на занаетчиите**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 46, 14 ноемврий 1942, 3

нието „Труд и радост“.[364] На 24 март 1943 год. од софијската Трговско–индустриска комора во Битола бил организиран занаетчиски курс кој завршил на 3 јуни истата година кога биле спроведени и завршни испити, по што следела и свеченост. Од оркестарот на „Труд и радост“ притоа биле исполнити химните, следувале неколку рецитации, па и песни, кои како свое развлечение, ги пееја занаетчиите.[365]

Слави и вакви одбележувања продолжиле и по ослободувањето, но во значително помал обем зашто занаетчиството почнало да венее и да изумира.

## Музиката и театарот

### Претстави со пеење

И театарот имал многу блиски релации со музиката и тоа се потврди уште со првите претстви што биле прикажани кај нас.

Театарот на Михајло Лазиќ, кој го носел името на големиот српски актер Тоша Јовановиќ, имал посебни заслуги во тоа, особено во откривањето на народниот живот преку битовата драма, преполна со народни обичаи, песни и музика. Само што се настанил во Битола, почнувајќи од ноември 1913 год., ги прикажа првите три („Ѓидо“, „Хасанага“ и „Зона Замфирова“) отворајќи им широки врати на овој вид драми. На 29 ноември 1914 год. ја прикажа „Зона Замфирова“(„*слика од нишкиот живот во 4 чина*“),[366] на 29 јануари следната година „Селскиот бекрија“ („*драмска игра во 3 чина со пеење. Улогата на Стево Драгиќ (бекрија) ја игра одличниот пејач Ѓоковиќ, новиот член на театарот*“),[367] а на 20 јуни истата година „Киднапирање“ („*слика од народниот живот во 2 чина со пеење и играње*“),[368] па и

364. **Съобщения и новини**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 54, 9 януарий 1943, 4

365. **Единъ занаятчийски праздникъ,** Пелистерско ехо, г. 2. бр. 69, Битоля, 22 юний 1943, 4

366. Александар Стерјовски, **Каријатиди на Театарот**...263

367. Исто, 264

368. Исто, 267

„Коштана“ од Борисав Станковиќ на 4 септември во 1915 год.,[369] како и останатите, „Ивкова слава“ од Стеван Сремац, „Шокица“ од Илија Округиќ, „Раскапан дом“ од Срѓан Пл. Туциќ и други, придонесувајќи за еден нов и поинаков однос кон театарот кога малата сала на хотелот „Босна“, во која повеќето од нив биле прикажувани, ечела од песни и музика.

Вистина е и дека за нивната популарност придонес дале и војните и трагедиите што се случвале секој ден, па гледачите многу радо надоаѓале во театарот кога се прикажувале такви дела, особено комедии за да се опуштат и да се оддалечат од морничавото катадневие.

Друг вид музика во овие претстави бил и оној кога играта на актерите се следел од хор или оркестар. Во претставата „Растко Немања“ од Б. Нушиќ, прикажана во саботата на 13/25 јануари 1935 год. во „Светославската прослава“ во салата на Богословијата, песните ги пеел женскиот состав на хорот „Кајмакчалан“ и потесниот богословски хор, а кои беше ги хармонизирал Сергеј Наумов, наставник во Богословијата.[370]

Битови драми наскоро се појавуваат и на македонски јазик, кои за одобрение се избориле благодарејќи што биле третирани за театар на еден од локалните јазици. Најпопуларни и најпосетени подолго време останале „Чорбаџи Теодос“, „Бегалка“, „Антица“ кои, пак, непланирано од влста одиграле и значајна улога и на национален план.

## Забавни и весели вечери

Слична улога за опуштање и потиснување на мачното катадневие нагласено имале и забавните и веселите вечери. Биле чести и радо посетувани, особено приемливи станале колажите од едночинки, песни, шеги, за кои не се барал интелектурален напор, а кои нуделе час до два духовен одмор.

Ваквата вечер од 24 мај 1915 год., одржана во бафчата на хотелот „Босна“ се состоела од три точки – „Шопенхауер“, весела игра во еден

[369]. Исто, 269

[370]. **Извештај за школску 1934/35 годину,** Српска православна богословија....24-25

чин од Бр. Нушиќ, „Сака жената на бања", хумореска во еден чин од Брана Цветковиќ и „Еден ќе мора", комедијка во еден чин од Милер. Паузите меѓу нив ги пополнувала потврдената со таа задача, г-ѓата Лепосава Нишлиќ, со што се заокружувала целинката.[371]

Нешто слично посетителите доживеале и на 8 јуни 1915 год. повторно во истата бафча.

И сега вечерта имала 3 дела – „Женомрзец", комедијка во 1 чин од Коцебу, „Еден слуга, два гостодара", комедијка во 1 чин од Н. Ненадовиќ и „Женски солзи", комедијка во еден чин од М. Димиќ, а меѓу чиновите г-ѓата Лепосава Нишлиќ поворно музички го пополнувала просторот, на крајот дури презентирала и свој дел од битовата драма „Циганка", преполна и таа со песни и музика.[372]

На 30 август истата година на програмата се нашла и „Моравка", шега во еден чин со пеење, каде пеењето го исполнил актерот М. Сретеновиќ, па дошле „Дервиш" и „Артилерија Рустикана" од Брана Цветковиќ, пародија во еден чин[373] и така со ред, од вечер до вечер, а публиката надоаѓала полнејќи ја бафчата или салата за да се изнасмее, да се опушти и да ужива во песни и музика.

## Интермеца

Театарот кај нас уште од најраните почетоци се определи да понуди не само драмска игра, а и колаж од разноразни приклучоци. Во Османлискиот период се почнувало со благопожелби упатени до султанот за долг живот, следел настап на хор или оркестар, па некакви рецитации и песни, па доаѓала и првата целовечерна претстава – трагедијата, се продолжувало со сличните културно–уметнички додатоци, за да заврши сето тоа со целовечерна театарска претстава – комедија, кое временски траело со часови. Ваквата културно–уметничка средба во крајот на мај 1906 год. во селото Лазарополе се ор-

371. Исто, 270

372. Исто, 271

373. Ристо Стефановски, **Театарот во Битола од 1913 до 1915 год.** Во: **Битола и македонско–српските културни односи и врски, Зборник,** Конзулат на Република Србија во Р. Македонија – Битола, Битола, 2010, 355

ганизирала на отворен простор, односно во училишниот двор, а во која имало и рецитации и дијалози на француски и турски јазик, па трагедија на мијачки говор, „Криворазбраните мајка и син", со што траењето на сето тоа, како што е забележано, исполнило „*шокму 4 часа и 35 минуши*".

За да им се даде оддишка на сите, оттаму и паузите меѓу одделните настапи да ги исполнува хорот на училиштето под раководство на главниот учител.[374]

Слично времетраење имале и културно–уметничките настапи и во другите населени места, а за да се задржи вниманието и да се разбие заморот станало обичај поединци од дома да си понесат ракија и мезе кои потем патувале од рака на рака, имало понуди и од слатки „*кои се шойеле в усша*", [375] доколку, пак, домаќините биле и посебно гостољубиви, како во Скопје во 1906 год., гледачите можеле да добијат и пивце.[376]

Во ваквите ситуации, кога се менувал декорот, доколку го имало или на артистите да им се даде време да здивнат, гостите обично ги забавувал некаков оркестар.

Откако во Прилеп се оформил еден таков (учебната 1900/1 год.), кој се состоел од виолини, флејти и контрабас, а го водел Коце Берберо, истиот гостите ги забавувал или ги потенцирал драматичните моменти во претставата.[377] Запаметен бил настапот негов и во претставата „Геновева", кога ја потенцирал сцената кога Геновева клечела на колена пред пештерата и плачела, кое, како што е забележано, предизвикало море солзи кај гледачите.[378]

Таквото искуство се применувало и при изведбите на театарските претстави и на други места.

---

374. **Вести,** бр.67, 1906

375. Јордан Леов, **Сто години велешка гимназија,** Општински одбор на ССРНМ, Титов Велес, 1961, 149

376. М. Дараданов, **Вести,** бр. 29, 1906

377. Славко Димески, **Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија,** Култура, Скопје, 1960, 19 октомври 1962

378. М. Дараданов, **Вести,** бр. 29, 1906

Првиот театарски оркестар во Битола бил тамбурашки, кој останал пократко време во Битола, меѓу другите, учествувал и во изведбата на претставата „Грабежот на Сибињанките", прикажана на 12 август 1915 год.,[379] а негова замена стана локалниот Воен оркестар.

Како за најчесто и бесплатно решение во ваквото надополнување се избориле самите актери од театарот, особено со надарен глас. Една, која беше се и специјализирала, била Лепосава Нишлиќ. Првиот нејзин настап во таа улога ѝ бил на 25 декември 1914 год. при изведбата на комедијата „Обичен човек" од Нушиќ во интермецото,[380] понатака станала скоро и незаменлива, како во веселите вечеринки, битовите драми и другите слични изведби кога ги пополнувала ваквите празини, оттаму и нејзиното времено отсуство по разни поводи да биде и посебно регистрано.[381]

## Музиката во немиот и звучниот филм

За разлика од многу други градови, филмот во Битола рано беше се востановил и отпочна со новото емотивно уживање и со силното влијание. Имал придонеси и во проширувањето и на музичките видици, нудејќи откритија што не можеле да се добијат поинаку.

Почетоците на битолската кинoприкажувачката дејност, според одредени сознанија, поврзани со далечната 1897 год., кои, според други, продолжиле и со Италијанецот Пјетро Чинези во 1906 год., за да се заокружат како професионален ангажман со браќата Ташко и Коста Чому во 1915 год.[382] Заради војната тој ран полет бил прекинат, за да се обнови повторно по големите воени настани со отворање неколку киносали. Посебен придонес во оваа киноисторија имале браќата Манаки, кои може да се рече дека и ја преродија, градејќи и

379. **Битољске новине,** г. 1, бр. 46, Битољ, 10 август 1915, 1

380. **Општинске новине,** год. 2, бр.160, Битољ, 25.12.1914, 2

381. Александар Стерјовски, **Каријатиди на Театарот**...267

382. Александар Крстевски, **Кинoснимателската и кинoприкажувачката дејност на браќата Манаки,** Во: **Творештвото на браќата Манаки,** Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје, 1996, 496

наменски објект, киносала, во најпрометното, централното градско подрачје. Ги снаоѓаат, меѓутоа, неколку едноподруги несреќи со што, барем за нив, означи и нивен крај.

Тоа, пак, од друга страна, даде можност на други за отворање киносали. Во 30 години од 20-от век веќе функционираа кината „Гранд", „Палас" и „Балкан" кои прикажуваат истородни, неми филмови, во кои на киноплатната течела слика, скржавиот дијалог се титлувал, останатото бил говор на телото и движење.

За да се разбие ваквото заморно и мачно безгласие и во светот и кај нас се измисли формула, ангажмани на професионални музичари, кои, почнувајќи од надоаѓањето на првите кинопосетители, па додека траел филмот, темниот и загушлив простор го исполнувале со музика, нумери по сопствен избор. Повештите станале мајстори и за музичко потенцирање на драматичните сцени, со што филмот се оживувал и се доживувал за тонец. Браќата Манаки за таа намена ангажирале и постојан оркестар составен од музичари од локалниот Воен окрестар, задача која повремено им ја остапувале и на битолските чалгии.[383]

Околу 1933 год. конечно пристигнале и тонфилмопремата и тонфилмовите, новина што веднаш ги плени битолчани. Првата се чини ја набавил сопственикот на киното „Палас", но тој, за секоја сигурност, не беше се откажал и од немите филмови. Откако тонапаратурата, пак, се расипала, немите филмови повторно се вратиле на киноплатно и кој знае до кога таа состојба ќе потраела, доколку при крајот на 1934 год. не се јавил заинтересиран штипјанец, кој го закупил киново, му дал и ново име, „Иконому", набавил тонопрема и на голема радост на граѓаните, ги вратил тонфилмовите,[384] кое уште посилно потврди дека немите филмови заминуваат во историјата. По истиот пример ќе појдат и други сопственици на киносали и новиот филм се востанови како постојан квалитет во нашите кина.

За разлика од немите, новите филмови понудиле и нова програма и нови содржини, се јавиле филмови со аватуристичка тематика, љубовни идили, криминални филмови, каубојски, како и други

383. Исто, 500

384. **У Југославији има 319 биоскопа,** Вардар, Скопље, 22 мај 1934, 2

теми, па битолчани почнале масовно да надоаѓаат и со нетрпение да ги очекуваат промените на репертоарот кои се случувале по секои изминати 3-4 дена.

Некои музиката ја прифатиле и за посебен свој интерес и токму тие ќе придонесат најмногу во откривањата на европската музика и во градењето на музичкиот вкус.

Кус преглед врз нив најдобро може да го потврди тоа.

Од 5-8 јуни 1933 год. во киното „Палас“ се прикажала оперетката „Хавајска ружа“ во која имало 14 шлагери со Видесерер и Беби Греј како актери, киното „Гранд“, пак, од 1-7 јуни на репертоар му бил еден од најубавите ориентални филмови, „Кисмет“, со Дита Парло и Влад Соколов, како и филмот „Песна, љубов и девојка“ со Марта Егер.[385]

Следат и други.

Бил прикажан и „Песната на југот“ во главна ролја со Лавренс Тибет, па „Песната на Циганите“ и „Љубовните ноќи на Хаваите“.[386] Меѓу 19-22 јули 1933 год. во „Палас“ повторно имало оперетка, „Двајца е поубаво“ со Магда Шнајдер,[387] се прикажала и „Песната на гаучите“ во главна ролја со примадоната на Метрополитен операта, па доаѓаат и „Најслатката оперетка“ и „Кнегицата на чардашот“ со славниот Март Егерт.[388] Требало да пристигне и филмот „Тајните на вариететот“ *(„оперетски обработен филм во кој настапуваат 1.000 најубави девојки“)* кој бил со изобилство песни, музика, балет и необично примамлива содржина, па „Аве Марија“, оперетката „Мојата уста мами“ со Џон Бол и Лилиан Харвеј[389] и сето тоа е само исечок на филмови со музичка тематика и еден сосема нов свет во музичкиот живот на битолчани.

385. **Филмови у Битољу,** Вардар, Скопље, 1 уни 1933, 6

386. Вук Ч. Вукомановић, **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2

387. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2

388. Е. Чолановић, **Филмски преглед,** Нови сјај, Битољ, год. 3, бр. 23, март 1936, 2

389. **Филмски преглед,** Нови сјај, Битољ, год. 3, бр. 24-25, 1936, 4

## Оперски зачетоци

Операта кај нас има кратка, но интересна историја. Партии од европски опери се јавиле доста рано, најпрвин ги имало среде европјаните вработени во османлиската служба.[390] Следувало потоа прифаќање и од домашната публика, но не како музичко дело, како драма, компромисно, соломонско решение. И во неа, како и во операта, имало исто дејствие, ист заплет, исти личности, но немало музика, актерите го употребувале дневниот вокабулар.

Таква драма прикажана е на 15 мај 1915 год., името ѝ е „Тоска“, има 5 чина, а нејзин автор е Сарду.[391] Истата година на 30 август доживеана е и пародијата во еден чин „Артилерија рустикана“ од Брана.[392] Најануари 1925 год. се враќа „Тоска“, која заради временската дистранца од десетина години, повторно именувана е за примиерна. Овој пат улогите ги толкувале г-га Матиќ (Тоска), Кандиќ (Кавадароси) и Живановиќ (барон Скарпија) доста добро, режисер стана членот на театарот, Р. Дануловиќ.[393]

Во месец декември 1924 год. на репертоарот ја има и „Кармен“ како адаптација на прочуената Бизеова опера, а во обработка на Карл Фридрих Витмен. Кармен ја играла г-ѓа Харитоновиќ (со проблеми) а Ескамил (добро) и Матиќ (само тие тројца пееле).[394]

Во месец мај 1925 год. била изведена и комедијата „Сон во летната ноќ“ од Шекспир во која има и музика од Менделсон а и балет, а диригенството му припадна на Алберт Храше, режијата на Р. Динуловиќ.[395]

Следат натака нови, квалитетни промени, а и партии од опери.

390. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 345, 347
391. **Општинске новине,** Битољ, 15 мај 1915
392. **Градско позориште у Битољу,** Comoedia, бр. 18, Београд, 26 јанур 1925, 18
393. **Comoedia,** 26.1.1924, 1
394. **Битољско позориште,** Comoedia, бр. 18, Београд, 29 декември 1924, 7
395. **Comoedia,** 31 maj 1925, HL

Најважниот се случи на 13 септември 1925 год. кога оперскиот пејач од Атина Апостол Предари го дал прочуениот концерт од арии од познати опери,[396]

Делови од партии од опери среќаваме и подоцна и на бројните битолски концерти. Во месец јануари 1933 година ги имаме „Ајде на оро" и „Девојка и ружа" од Зајц, потоа „Nobles seigneurs" од операта „Хугеноти" од Мејербер, „Les regrets de Manon" од операта „Манон" од Масне, „Solvegs Leid" од Григ, „Mon coeur ne peut changer" од операта "Mireille" од Гуно.[397] На концертот на „Црвениот крст" од 11 февруари истата година Налча ја пее прочуената арија на Виолета од првиот чин од операта „Травијата" за која доби мошне ласкав коментар, а воодушевената публика ја награди со овации.[398]

Свој придонес во тоа откривање на операта давал и Воениот оркестар, кој често се определувал за презентации на партии од опери на јавни места или на концерти.

## Широкосокачки промоции и огласувања

Традиционална битолска навика она што е новина да се промовира на главната улица, се одржала долго и упорно. Сосема вообичаено стана за идниот брачен пар уште како свршеници, во придружба со блиски роднини, пријатели или самостојно, првин да прошетаат по оваа улица, ќе биде ли назначен нов општински службеник од повисок ранг што доаѓа отстрана, сам или во друштво на новостекнати колеги и тој да направи неколку круга на широкосокачкото корзо, новата генерација адолесценти првичното објавување да го прави на оваа улица, всушност, и ништо не можело да се случи што е ново, а да не мине без ваквата презентација.Отаму и еден духовит шегаџија во наши дни, во близина на една од постоечките улични табли со името „Маршал Тито", беше поставил друга, рачно изработена и со друго име – „Улица биди виден".

396. **Comoedia**, br. VI, 28 septembar 1925, 14-15

397. **Концерат у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 9

398. **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 6

Ваквите значења на улицава ги користеле и многу други, и оној од ѓурѓовденскиот излет („уранак“), кој го вовеле Србите, отпочнувал од оваа улица и од пред хотелот „Босна“.[399]

Сите промоции на завршените ученици од грчките и другите училишта без да се промовираат овде, со или без музичка придружба, не можеле да сметаат на јавност.

Примерите нејзини се бројни.

При одбележувањето на „Денот на трезвеноста“ на 28 мај 1933 год. поворката од ученици, наставници, скаути и голем број граѓани тргна од пред Општинската зграда, па на чело со Воената музика ја мина крајдрагорската и уште неколку улици од чаршијата, за да се упати кон главната улица, „Крал Петар“. Од балконот од објектот на Даночната управа предавање против алкохолот одржа наставникот од Гимназијата Иван Кањух, исто такво, малку подолу и гимназистот од погорните класови, Воислав Илиќ. Поворката потоа продолжи и до Офицерскиот дом, каде овој пропагаден марш, како и сличните, завршил.[400]

Свечениот марш од над 1.000 соколи од градот и од селата на празникот Дуовден во 1936 год., отпочнал од оваа улица. Водени од две бучни музики, воената и соколската, со соколското знаме напред, заминале пред платото на Црвената касарна каде ја изведе и богата спортско–музичка програма.[401]

Од овде отпочнувале или звршувале и останатите културно – уметнички настани и гостувања, скоро и незамисливо било таа да биде заобиколена.

## Солистички вокални и инструментални настапи

Како музичкиот живот во Битола се збогатувал и бројот на концертите станувал поброен, така и на секој концерт се појавувал солистички вокален или инструментален настап.

---

399. Александар Стерјовски, **Битола – Спорт,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2016, 194-196

400. Вук Ч. Вукомановић, **Дан трезвености у Битољу,** Вардар, Скопље, 8 јуна 1933, 2

401. **Соколске приредбе на Духовима у Битољу,** Вардар, Скопље, 5 јуна 1936, 2

На „Светосавската прослава“ од 1932 год., одржана во салата на Богословијата, како соло-пејач многу успешно се претстави богословот од вториот клас, тенорот С. Фајндовиќ. Во придружба на клавир од М. Замаулис, гимназијалка, ја исполнил песната „Клетници“ од И. Доминис.[402] Настапил и следната година на истата прослава сега со песната „Кога ми се чинеше дека ќе умрам“ од Ј. Хаце, повторно во придружба на клавир, додека песната „Романса“ од Гречанинов ја испеал баритонот Василије Сабов, богослов од 6 клас и тој во придружба на клавир.[403]

Во „Неделата на првославието“ од 1933 год. соло настап имал и судијата од Првостепениот суд Г. Димитријевиќ, пеејќи ја духовната песна „Внуши боже“ од Архангелски.[404]

Познатиот богослов тенор С. Фајндовиќ продолжил со своите соло презентации, па и на „Светославската прослава“ од 1935 год. испеал две песни од Зајц, „Каде си, доме мој“ и „Ластовица“.[405]

На концертот на „Црвениот крст“, одржан на 11 февруари 1933 год., исто така, имало солистички настапи, првин Недељко Лазиќ со својот *„севдалински тенеор“* ги испеа „Кој ти го искина ѓерданот“, а Сима Филиповиќ, првин ја исполни „Plaisir d' amour“ од Мартини–Чајковски, потоа и аријата од „Весели жени винзорски“ од Ото Николај. Коментарот на репортерот, кој беше присутен, ќе констатира дека песните беа не само успешно реализирани, дека исполнителот има и глас со убава боја и преодите ги правел многу вешто и пеел со многу емоции. Г-цата Калипсо Налча, пак, се определи за аријата на Виолета од првиот чин на Вердиевата опера „Травијата“ и оценката во печатот гласел: *„Оваа работа вонредно ѝ лежи на нејзиниот пријатен и технички дотеран глас. Истовремено имаше и драмско потенцирање за кое доста придонесе и дискретното клавирско надополнување од г-цата Јелена Кое“.* [406]

[402]. **Извештај за школску 1931/1932 годину,** Српска православна богословија...8

[403]. **Извештај за школску 1933/1934 годину,** Српска православна богословија...15

[404]. **Недеља православља у Битољу,** Вардар, 12 март 1933 1933, 3

[405]. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија..51

[406]. **Зимски дан Црвеног крста у Битољу,** Вардар, 19 фебруар 1933, 6

На концертот на геометрите од 8 јануари 1933 год. соло изведбата им припадна на две госпоѓици, Најдовиќ, која ја испеа „Три години“ од Павловиќ и на Саздовиќ со „Вечерниот ѕвон“.[407]

На школскиот концерт на Гимназијата при прославата на „Денот на св. Кирил и Методиј“ повторно имало соло песни, првин ученикот Јован Групчевиќ од 8 клас ја испеа „Доме мој“, а ученичката од 7 клас Зорица Лилевиќ „Судбината на морнарот“ за која коментарот вели: *„Таа нè изненади со својот пријатен глас, полн со топлина. Пееше сигурно. Имаше лесни преоди и потребна висина и длабина на гласот. Нејзиниот глас со школување би можел многу добро да се развие. Ова беше една од најдобрите точки“.*[408]

Предходниот месец, пак, Француско–југословенскиот клуб од Битола во своите простории организираше предавање од областа на литературата, потоа средбата беше украсена и со концертен дел, при што соло песни исполнија Недељко Лазиќ, потпоручник и Драгиша Милисављевиќ.[409]

Следат и други вакви настапи. Потврдениот тенор, богословот Славко Фајндовиќ и понатака се појавува во улогата на соло интерпретатор,[410] стана и неодминлив во концертите што ги приредувала Богословијата. Настапи и во последната година од своето школување, односно во 1936 год. на „Светославската прослава“ во придружба на клавир од Калипсо Налча.[411]

Покрај вокални, имало и инструментални солистички настапи. На „Светославската прослава“ од 12/25 јануари 1931 год., на концертот во Богословијата, во попладневниот дел, на пијано бил претставен Шопен (4 и 7 прелидиум) во изведба на ученикот на богословијата, Матвеев.[412] исто така, соло на клавир на „Светославската прослава“ од јануари 12/25 1935 год. во традиционалната сала на Богословијата

---

407. Љуб. Д. Лазичић, **Забаве у Битољу,** Вардар, 19 јануар 1933, 3

408. Љ. Л., **Ћирило–Методска прослава у Битољу,** Вардар, Скопље, 1 јуна 1933, 6

409. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 28 маја 1933, 3

410. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија... 51
**Извештај за школску 1933/1934 годину,** Српска православна богословија...11

411. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија... 51

412. **Извештај за школску 1931/1932 годину,** Српска православна богословија...8

имала Калипсо Налча со Шопен (IX etude), Моцарт (Rondo alla turka) и Албенис (Seguidillas).[413]

Вакви настапи имало и на виолини.

На „Светославската прослава" од 12/25 јануари 1933 год. Стеван Пазина, богослов од петти клас од Богословијата, го исполнил „Ориентал" од Цезар Кви во придружба на клавир,[414] „Serenada" од V. Pergamento, повторно на „Светославска прослава" од 1935 год. понуди и малолетниот Ѓ. Османлиевиќ.[415]

Наместо соло, понекогаш се јавувале виолини и во дует и тоа се случи на гимназискиот концерт во Градскиот театар на 25 април 1935 год. кога се претставија ученици од 5 и 2 клас.[416] Со соло на виолина најмногу настапувал д-р Константин Робевиќ, кому меѓу првите му бил оној на „Зимскиот ден на Црвениот крст" во 1933 год., кога го исполнил Nokturno br. 9, Nom.2 Es dur од Шопен многу успешно и со солидна техника.[417]

Покрај на клавири и виолини можеле да се чујат и други солистички инструментални изведби. На забавата на битолските геометри, покрај што се презентирал нивниот хор, имало и руска игра казачок, но и соло свирење на цитра во изведба на Русинот Стопар.[418]

## Битолската свадба

И за битолчани, како и за сите родители, свадбата била чин и најрадосен и со најмногу проблеми, особено доколку пред олтарот требало да застане женска челад. Наспроти жителите од населбите од Битолското Поле, каде родителот за ќерката добивал материјален надоместок (оттаму и пословицата „*Пари на рака, Мара за рака*"),

413. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија...51
414. **Извештај за школску 1933/1934 годину,** Српска православна богословија...11
415. **Извештај за школску 1935/1936 годину,** Српска православна богословија...51
416. **Извештај за школску 1935/36 годину,** Битољска гимназија...26
417. **Зимски дан Црвеног крста у Битољу,** Вардар, 19 фебруар 1933, 6
418. Љуб. Д. Лазичић, **Забаве у Битољу,** Вардар, 19 јануар 1933, 3

во градот случајот бил сосема спротивен, невестата носела чеиз, куп пари, често и скапоцен недвижен имот.

И денес во Битола се раскажуваат бројни случаи кога туку-што завршени студенти на прави и други науки, особено по медицина, кои само што отпочнале да ја практикуваат лекарската дејност, да станат субјекти за натпревар за зет. Работата најчесто им се препуштала на вештите во договорање („стројниците“) чии релации натака биле двенасочни, дом на девојката – дом на идниот зет. Откако најпрвин била задоволена и неминовната, емотивната страна („бендисвање“), отпочнувале и договорите за пари, чеиз и за недвижен имот, кој понекогаш се состоел и во објект или објекти, дури и на кое место тој (тие) се наоѓа, во приградското или централното јадро.

Откако и тоа се окончало и се дал зборот, отпочнувал периодот за подготовки за свечениот чин, свршувачката и свадбата.

Се правеле два свадбарски списока за поканетите, и од едната и од другата страна, кој трпел и корекција во зависност од бројот на тие што требало да бидат присутни. Откако се утврдело и тоа, почнувала постапката и за канење, кое било и усно и писмено. Писменото се вршело преку печатени покани кои сѐ уште можат да се изнајдат низ битолските семејни архиви.

По форма се најразлични, ги има од поголем и од мал формат, некои имаат и два дела што се поклопуваат. Имињата на тие што канат се родителите на младоженците и сите заеднички се одликуваат со култивиран јазик и желба поканетиот да пристувува на радоста и со своето оприсуство да ја збогати веселбата. Се даваат и основни податоци за тие што стапуваат во брачна заедница, доколку поканата ја испраќа страната на младоженецот, неговото име и презиме е на челното место и обратно, се нотира и денот, часот, местото на поагање и храмот каде ќе биде изврши венчавката. Оние покани до 30-те години укажуваат дека венчавката се одржувала во попладневните часови, а оние од подоцнежниот период (вклучително и за време бугарската окупација) во раните утрински часови, односно пред богослужбата. Јазикот им е официјалниот, но можат да се најдат и на француски јазик (онаа за венчавката на печатарот Ристо Киријас од 1912), се нагласува понекогаш и начинот на одење, има и дека „*ќе се оди со коли*“,

од што може да се сфати дека зад нив стојат ситуирани семејства или пак постои интимна желба за такво нешто да се остави со впечаток.

Значаен чин на битолската свадба било и предвањето на договорената сума (најчесто жолтици) кај зетот, кое го вршеле членови од потесното семејство или доверливи личности. Гостољубието и во оваа прилика наложувало кај зетот да има богата трпеза и песни.

Чеизот недела дена пред предавањето стоел изложен на увид во една од просториите на невестинскиот дом, а преносот се случувал во петокот пред свадбата. Се товарел на пајтони или на товарни коли, а деца од соседството со украсни перници в раце, оделе напред кои ги водела музика, која го збогатува чинот и за време на нивното предавање.

И свадбата, како и сите други веселби, имала многу свирки и многу песни, односно го следела сиот обред, одење до домот на невестата, одење до местото на венчавката, црквата, одведување на невестата во домот на зетот, каде и веселбите биле и најбучни и најмногубројни и сето тоа завршувало со паѓање на мракот, кога гостите еден по еден го напуштале домот на зетот, а младиот брачен пар се повекувал во својата соба и со тоа отпочнувала нова страница од нивниот живот.[419]

## „Врапчиња"

„Врапчето" како форма на шегобијна и саркастична песна, најмногу се среќава за време антифашистичкиот отпор, а процветот ќе го доживее на средселските партизански митизни. Почетоците, меѓутоа му се и поранешни, треба да се бараат меѓу двете светски војни во оние „Весели вечери" на Радио Београд, кога преку лесни, едноставени стихови со нагласена рима и стандардизирана мелодија, се третирале актуелни општествено–политички теми. Во Битола ќе дојдат доста бргу и меѓу првите што ќе ги прифатат и популаризираат биле учениците од Битолската гимназија. Ги имало на попладневните неделни игранки кога се презентирала и мала уметничка програма од

419. Сеќавања на Ставре Мирчевски, „дамски кројач" од Битола

рецитации и музика, па тие како новина успешно се вклопувале и ги развеселувале присутните.

Први автори биле ученици од погорните класови, најпознати станале Владо Малески и Илија Топаловски.[420]

Патот на „врапчето" натаму станал отворен, го прифатиле и другите средношколски средини, се пееле и на полуилегалните вечеринки за време окупацијата.[421] Ги имало и меѓу борците од НОБ, станале омилени зашто ги исмејувале појавите и личностите од меѓународниот фашистички кампус (во дневникот на Трајче Грујовски наречени се „смеуринки"),[422] чии автори биле самите борци, биле, всушност, *„стихувани весници"*.[423]

Сите имале стандардизиран почеток преку кого се најавувало дека дошло *„врапче шарено"* и ја донело веста што ќе се слишне:

Јас сум врапче шарено,
летам, кљукам, поткрадвами без ќар продавам!
Да завиди минсарот,
да испука душманот.
Првпат идам в Кичево,
секој сака–знам–да знај
таму, ваму, што се прај;
затоа сега слушајте,
од место не мрдајте!...

Следел потоа извештајот за кого се сметало дека треба да се дознае.

Еден од најпознатите автори на битолскиот „врабец", кој остана творечки активен до својата смрт, бил Јанко Чунгата. Почнувајќи од 1939 год. со острило ги коментирал скоро сите битолски поважни

420. Димитар Димитровски – Такец, **Сага за битолските „врапчари"**, Битолски весник, 31 јули 1996, 9

421. Владо Кимовски, Цит. статија, 80

422. Проф. д-р Трајче Грујовски, **Дневникот на Битолскиот партизански одред „Гоце Делчев"**, Во : **Битола и Битолско во НОВ 1943 и 1944 година**, книга втора, 85

423. Томе Саздов, **Македонска народна поезија-краток преглед**, Култура, Скопје, 1966, 132

случувања и поединците што предизвикале внимание. Кога неговиот врсник Ацо посакал да биде забележан од девојки, Чунгата го стави во „врабец“, чии први стихови гласат:

Во Битола ново мезе,
Ацо Донжуан излезе,
И саат кладе на раката,
Чупињата да го сакаат...

Коментирајќи го, пак, паничниот страв на битолчани од италијанското ненадејно бомбардирање во 1940 год., повторно го употреби боцкалото:

Здраво, здраво битолчани,
Со гаќите киспострани.
Од сирени страв зедовте,
Дупли гаќи си кладовте...

По ослободувањето беше се вработил во Трговското претпријатие „Јавор“ и продолжил „врапчарски“ да ги коментира настаните и вработените во матичната работна организација.[424]

## Песни и музика во партизанските единици

Уште од првиот ден на разгорот на партизанското движење во Битолско, песната и музиката станаа составен и многу значаен негов дел. Ја доби функцијата да мобилизира, да биде и ревносен хроничар на новата историја, па скоро и да нема средселски собир што го организираат раководителите на партизанските единици а таму да отсуствуваат пламени говори, песни, „врапчиња“, скечеви и заеднички ора.

Првиот битолски партизански одред „Пелистер“, оформен во полите на Баба Планина на 22 април 1942 год., по повод празникот Први мај го инаугурираше новиот однос на уметноста во туку–што започнатиот отпор. Тогаш требало да биде прикажан и скечот „Ку-

[424]. Димитар Димитровски – Такец, **Сага за битолските „врапчари“**

лакот“ во кого главната улога му припадна на Лазо Хаџи Поповски, а за музичкиот дел бил задолжен политичкиот комесар Таки Даскало. Заради трагедијата што ја доживее одредот подготовките не беа реализирани,[425] но тоа ќе стане образец во себепрезентацијата за следните одреди.

На провизорните бини на средселата обично настапуваа групи пејачи од мешан состав, момци и девојки – партизани со познати народни песни, понекогаш можела да се испее и некоја новокомпонирана песна која третирала актуелен настан или јуначка смрт на партизански борец и впечатокот бил мошне силен. Ваквите групи набргу ќе добијат и организирана форма и станале дел од планираните содржини на културно–просветните одделенија на одредите.[426]

Најзастапени песни биле маршевите. Се пееле на марш, на одмори и скоро во секоја друга пригода. Имало и нови песни, испеани на македонски, но и на српски јазик[427]. Заслуга на Стив Наумов е што беа донесени и руски, меѓу другите и „Катјуша“, „Широка страна маја роднаја“, „Јесли завтра будет војна“ и др.[428]

Дел од овие маршеви под наслов „Македонски народно–ослободителни песни“ објавени се во јуни 1943 год. во редакција на Кочо Рацин непосредно пред неговата смрт и веднаш станаа хит меѓу борците. Збиркава, колку што се сеќава Владо Малески, станала толку популарна што се случувале и мали караници меѓу партизаните.[429] Иста таква од 16 маршеви, неколку и на руски јазик, како и руската химна, во Битола е објавена во 1945 год.[430]

---

425. Лазо Хаџи Поповски, **Формирањето на одредот „Пелистер“**, Јубилеен весник „Пелистер“, Битола, 22 април 1962; Истиот, „Таму ле, мајко, близу Битола“, Битолски весник, Битола, 21 април 1993, 5

426. д-р д-р Душан Хр. Константинов, **Културно-просветниот и забавниот живот во текот на Народната револуција, со негов осврт на Битолско(1941-1945)** (НОБ-2, 526); Максим Стојановски, **Митинзите и масовните собири како форма во политичката работа со народот во НОВ на битолските партизански одреди“**, НОВ-2, 161

427. Исто, 543

428. д-р д-р Душан Хр. Константинов, Цит. статија, 523

429. В. Малески – Тале, **Предговор**, Во: **Од борбата-народни песни**, Собрал и редактирал Блаже Конески, Државно книгоиздателство на Македонија, Скопје, 1947, 7

430. **Наши песни**, Издава Обл. НОМС, 1945

Еден ваков голем настан од поновата историја на Македонија, по доживеани толку многу лични и колективни трауми, затворања, бесилки, мачења и др., не можело да остане без реакцијата и на народниот пејач. Најмалку 20-на песни од битолското фолклорно подрачје ја надополнија општата поетска слика за Народноослободителната борба.[431] Имало и индивидуални изданаија, Петар Османли, татко на првоборецот Јорго Османо на 6 февруари 1944 год. компонирал партизански марш кој има четири катрени и во кого се повикува на решителна борба против „*фашисти катили*", кој е напечатен на разгледница, истата е нотирана и со слика од неговиот син.[432]

Музичките инструменти во партизанските одреди биле многу ретки, а и доколку можеле да се сретнат, биле од полесните за носење заради долгите маршеви, биле тоа гитари, виолини или уште некој




*Песна компонирана за Јорго Османо од неговот татко Петар (1944)*

---

[431]. Д-р Лазо Каровски, **Настани од НОВ во Битола и Битолско како тема во дела на народната и уметничката литература**, НОВ-1, 430-441; м-р Воислав Јаќоски, **Некои партизански акции и борби во Битолско одразени во народната песна**, НОВ-1, 441-459

[432]. Благодарност на Јорго Османли, внук од син на Петар за остапениот материјал

друг сличен инструмент. На средселката веселба во селото Бабчор (Леринско) на 23 мај 1943 год. учество зеле и селските свирачи.[433]

Како што движењето се омасовувало и се гледал крајот на војната и организирањето на музичкиот живот во партизанските единици станувало побогато и поразновидно. Во крајот август 1944 год. Месниот комитет на КПЈ (КПМ) ги повика битолските воени музичари да им се приклучат на партизаните, кои веќе имаа стационар во селото Гопеш[434] и да формираат воен оркестар во 49 Битолска дивизија. Тоа тие и го направија, а патот до штабот во с. Гопеш водел преку село Брусник, додека инструментите, кои во најголем му припаѓале на последниот воен бугарски оркестар, засолнети биле во напуштена куќа во месноста Ливадата, заедно и со неколку бугарски воени музичари кои останале во градот и по 9-ти септември 1944 год., биле префрлени на слободната територија.[435] Има тврдење дека биле префрлени со смилевци – кираџии,[436] а новоформираниот оркестар започнал со проби во месец октомври истата година.[437]

## Традиционални и шанткафе кафеани

Консумацијата кафе во Османлиската Империја има долга, интересна и мошне драматична историја.[438]

Кафеаните биле од отворен и затворен тип, првата располагала со тераса и нудела широк поглед кон уличната врволица, а во затворената, покрај уживање кафе и влечење чад од наргиле, можеле да се следат и приказни од професионални раскажувачи (медаси), прет-

433. Проф. д-р Трајче Грујовски, Цит. статија, 99

434. **Сто македонски години 1903-2003,** МИ-АН, Скопје, 2004, 13

435. Соопштение на Васил Наумовски пензионер од Битола, поранешен диригент на школски хор, чиј татко бил воен музичар и засолнувач на инструментите во напуштрен дом кај Ливадата, во чија близина се наоѓал и неговиот, а кој и самиот им се придружил и станал дел од оркестарот

436. д-р д-р Душан Хр. Константинов, Цит. статија, НОВ-2-4, 533

437. Соопштение на м-р Јован Кочанковски, пензионер од Битола

438. Александар Стерјовски, **Битола – Калеидоскоп,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2017, 255-263

стави на театар со сенки и ред други задоволства, меѓу останатите и музика и песни од професионални уметници. Во посебен и ограден дел, скоро во ненарушеното спокојствие, своите точки ги изведувал полутих окрестар составен од популарни музички инструменти, кој со својот настап повикувал на опуштање и чија музика во бранови протекувала низ полуотворената врата до улицата.

Првиот податок за кафето поврзан со Битола открива дека тоа се пиело веќе и во 1652 год. и дека забраната за негова консумација, прохибицијата, веќе била стигната, па сега непочитувачите лесно можеле да доживеат не само физички казни (целодневна шајка во увото прикачена на дел од влезот од кафеаната), а и смртна.[439]

Во 1678 год., ако не повеќе, во Битола постоела барем една кафеана,[440] но нивниот број континуирано растел па во 1827 год. изброени биле 15, во 1856-20 год. и во крајот на векот над стотина.[441]



*Оркестар во затворен тип кафеани (средина на 19 век)*

439. Сицил бр. 13, 1652, јануари 13, бр. 28

440. Сицил бр. 23, 1678, март 31

441. Никола В. Димитров, Цит. статија, 28

Генералната нивна промена се случила по пристигањето на Србите во Македонија, кога не само што не се редуцирало пиењето кафе, на широка врата влегол и алкохолот, особено најжестокиот, ракијата. Се појавила и пејачката како централна фигура, заради која кафеаната станала шанткафе (франц. шанте – песна) а пејачките *шан-тиклер,* израз со кој не ретко се означувала и слободна жена, зашто некои продавале и љубов.

Вакви кафеани, кои го измениле градскиот спокој, особено ноќниот, ги имало неколку. Хотелот „Централ“ бил еден, чиј зимски внатрешен дел во летните месеци беше се заменил со бафча, која излегувала на главната улица, па гласот на пејачката и бучната музика на оркестарот, достигале и до подалечните делови од градот. Уште популарна и погласна ваква кафеана станала „Бумс“ (денес објект на широчинката во близина до печатницата „Шикло“) најмногу заради нејзината централна локација. Благодарејќи, пак, на пејачките од хотелот „Босна“ многу омилени станале и босанските севдалинки.[442]



*Пејачка и музика (Фото Манаки)*

[442]. Д. П., **Писмо из Битоља,** Вардар, Скопље, 24 јули 1932, 5

## Битола како фолклорно подрачје и како творечка инспирација

Музички работници, но и многу други, кои биле поврзани со музиката, Битола рано беа ја издвоиле како подрачје со извонредно богато фолклорно наследство, но и како силна инспиративна основа, која зрачи и поттикнува творечки многу постојано.

Миладиновци и Шапкарев дел од тоа богато наследство веќе го имаат вградено во своите зборници и беа го оставиле како наследсдтво за поколенијата.[443]

Рускиот фолклорист П. Бесонов, уште во 19 век ќе тврди дека Битолскиот крај одамна беше ја изградил констацијата дека е „*класичен крај на народните пејачи*",[444] што ќе прерасне натака во потрага за многумина, кои надоаѓаат, го бележат, го публикуваат, го истражуваат, некои често и творечки на него реагираат.

Во 1889 год. од Србија пристига доцентот на Белградскиот универзитет Сима Н. Томиќ, првично имал намера да бележи самп лексички наслаги, но откако осозна овде и фолклорното наследство и откако на лерински пазар го сретнал слепиот гуслар Филип Митре, интересот му се пренасочиол и ѕѕа овој вид културно наследство, го довел во Битола, го фотографирал и дел од тоа неговото поетско наследство го забележал и го објавил.[445]

Слично на него постапуваат и други.

Во крајот на 19 век директно од Бугарија доаѓа П. Чилев, со намера да го истражи постоењето на еден од најголемите и најзначајните гусларски средишта на Балканот, Битолскиот просјачко-гусларски центар. Извесно време се настанил во градов и ги откри последните траги и последните негови преставници, осознвајќи дека тој навистина некогаш бил еден од највлијателните вакви центри на Балканот, дека неговите претставници некогаш живееле еснафски живот,

443. Јордан Стојановски, **Битола во македонското народно творештво**, Во: **Битола низ вековите,** бр. 10, Педагошки факултет – Битола, Битола, 2007, 15-27

444. П. Безсоновъ, **Калеки перехожие,** Москва, вип. 3, 581

445. С. Н. Т., **Маћедонски рапсод,** Нова искра, г. 2, бр. 2, Београд, 1900, 60-61

имале еснафскии празник, па и свој таен јазик, чиј дел и го објави, оставајќи ѝ така на науката мошне ценети податоци.[446]

Професорот на Битолската гимназија Михајло Миладиновиќ, со претходни сознанија за тоа фолклорно наследство, самоиницијативно се упатил на терен и прибрал над стотина народни песни, кои денес стојат во ракопис во Архивот на САНУ– Белград.[447] Младиот битолчанец Јани Зенговиќ, исто така, се вклучил во една ваква потрага, па во 1929 год. во Алексинац објави две збирки лирски народни песни, од кои едната носи наслов „Народне љубавне песме из Битоља“.[448]

На 29 јули 1930 год. во Битола престојуваат и белграѓаните Коста Манојловиќ, проф. во Музичката академија и композиторот и Тартаља, акад. сликар, интересирајќи се и понесувајќи оттука и дел од ова наследство.[449] Познатиот музичар Јосип Штолцер – Славенски за време престојот во август 1933 год., посебно се интересирал за народните песни од овој крај,[450] во два наврата доаѓал и Душан Недељковиќ, професор на Педагошкиот факултен од Скопје и подоцнежен член на САНУ и тој обидувајќи се да оттргне од заборавот дел од фолклорното богатство на гајдаџијата од Могила Пифка.

Голем број песни и друг ваков фолклорен материјал објавен е и во битолските новинарски изданија, од кои сосема скромен дел објави д-р Стојан Ристески.[451]

Таквиот интерес и таквото негово бележење продолжило и понатака, го правеле и поранешните и подоцнежнитге бугарски фолклористи.

Школскиот инспектор Коста Црношанов од времето на втората бугарската окупација, исто така, правел теренски истражувања и прибирал фолклорен материјал, дел од него, во кои има и многу битолски песни, објавен е во 1956 год.[452]

---

446. П. Чилевъ, **Таийниятъ езикъ на слепците въ Битолско,** Сборникъ на народни умотворения, наука и книжнина, 16/17, София,1900, 876

447. Михајло Ђ. Миладиновић, **Народне песме из Маћедоније,** Архив Српске академије наука и уметности – Београд, Ет. збр. 262

448. **Печатарството и издаваштвото во Битола,** 2, Друштво за наука и уметност– Битола, НИК „Микена“– Битола, 1999, 111

449. **Извештај за школску 1930/31**,Српска православна богословија, 6

450. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 13 август 1933, 4

451. Исто, 111

452. Коста Црношанов, **Македонски народни песни,** София, 1956

Заслуга за прибирање и објавување на ваквото наследство имаат и битолските научници и фолклористи, од кои најзначајни се Илија Алушевски, Ѓорѓи Белџигеровски, Душко Константинов и други, а особено откровение се тие на Филип Каваев преку збирките „Смилево славно гори“ и „Битола бабам Битола“.[453]

Многумина, пак, надоаѓаат не само да го откријат, да го забележат и го да го употребат и за лично музичко творештво. Голема заслуга секако во тоа има Стеван Мокрањац, кој стана и образец, но и плејада композитори, кои воодушевени, понудиле и бројка од најмалку 250 прекрасни обработки.[454]

Меѓу нив е композиторот Јосиф Маринковиќ (1851-1931), кој во рамките на композицијата „Седмо коло“, изведена во месец јануари 1890 год. со хорот „Обилиќ“ од Белград искористи и песни од Битола („Ајде кој ти купи герданчето“, „Ајде де, што ми е мило, ле мајко“„Дафино вино црвено“, „Битоља, гинам аман“, „Јано малешевко“, „Битољ стана“, „Елен ми пеје“ и „Пошла Румена“.[455]

Владимир Ѓорѓевиќ, пак, песната „Битољка“ ја обработи за музички состав од флејта, виолина, виола, виолончело, контрабас, барабан, тапан и тасови.[456]

Во збирката „Албум на 100 српски народни најнови варијации за клавир“, И. Бајиќ во 1915 год. ја објави песната „Битолка“,[457] Божидар Јоксимовиќ (1868-1955) во 1919 год. ја обработи песната „Од Битола пој дов“.[458] Песната „Битолска“ ја среќаваме и подоцна и во други збирки и од други композитори, ја има и во 1933 год. („Српски

453. Филип Каваев, **Битола бабам Битола,** Битолски весник, Битола, 1969

454. Јелица Тодорчевска, **Македонската народна песна во делата на спрските композитори, од Мокрањац (1856-1941), до 1940 година,** Стремеж, бр. 8, Прилеп, 1977, 742-750

455. м-р Ленче Насев, **Битола и музичките врски меѓу Македонија и Србија,** Во: **Конзулска Битола и историските, современите и иднитге културнии и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија,** 245

456. Исто, 246

457. Роксанда Пејовић, **Македонски музички фолклор у делима Стевана Мокрањца и његових савременика**, Во: **Македонскиот фолкор во музичкото и драмското творештво до 1945 година**, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1986, 30

458. Исто

варијации за виолина") и во 1934 год. („Народни варијации за гудачки оркестар", св. I), а и кај Јоксимовиќ за пијано.[459]

Сличен прилог дава и С. Николиќ,[460]

Во збирката епски народни песни (гусларски) издадени во Нови Сад во 1913 год., кои ги опејуваат настаните од Првата балканска војна, две се поврзани со настаните во близина на Битола.[461]

Капелникот Јосиф Свобода, кој објави збирка народни песни[462] и по доаѓањето на служба во Битола продолжи со истата активност. Од овој период познати му се две, „Шар Планина", исполнета на концертот на „Црвениот крст" на први март 1924 год. со хорот на Богословијата, во придружбна на Воениот оркестар, под негово диригенство[463] а втората, „Кајмакчалан", исполнета на концертот на Трговската академија на 19 април 1924 год., ја доби оценката за најубава и најтрогателна песна.[464]

Русинот Сергеј Наумов се потврди не само како добар музички педагог и диригент и како успешен композитор, кој посегал, исто така, по вакви подлоги.[465]

И учителот по пеење и диригентот Бр. Ристановиќ се бавел и со компонирање и со аражмани. На коцертот што го приреди хорот „Мокрањац", одржан на 12 февруари, исполнети биле и неколку песни од богатиот опус на Стеван Мокрањац, како и композицијата „Битолски песни", чиј автор беше тој, кое пречекано било со аплаузи.[466]

---

459. Роксанда Пејовић, Цит. статија, 37

460. Исто

461. Александар Стерјовски, **Битолската битка од Првата балканска војна во две српски епски песни,** Во: **Битола и македонско-српските културни односи и врски,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија – Битола, Битола, 2010,141-147

462. Исто

463. **Програм Концеретног дела са Забаве Друштва Црв. Крста**, Битољски трговински гласник, Битољ, год. 2, бр. 55, 28 фебруар 1924, 2

464. **Концерат Трговинске Школе**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 59, Битола, 27 април 1924, 1

465. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија... 22

466. **Слава певачке дружине „Стеван Мокрањац" у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 фебруар 1934, 4

Како композитор и аранжер многу длабоки траги остави и капелникот Љубомир Бошњаковиќ. Бил собирач и на македонски народни песни на кои им приоѓал творечки, обработувајќи некои и за оркестар. Тоа се: „Охридска“ (1927), „Битолска“ (1928) и „Преспанска“ (1935). Негови збирки со обработки се и „Од старата Битола“ (1929), во која има венец од народни песни, сплет за трогласни женски хор, а „Битолска рапсодија“ бр. 3 (1931) била за голем, мал и салонски или дувачки оркестар.[467] Истите станаа многу популарни и се исполнуваа на концертите и по неговото заминување од Битола. На гимназискиот концерт од 27 јануари 1934 год. Мешаникот хор ја пее неговата „Молитва на Југословените“, а на оној од 22 мај истата година Детскиот хор ги исполнува „Песни од Битола“,[468] кои се пеат и на концертот од истиот хор и на 26 април 1936 год.[469] итн.


*Љубомир Бошњаковиќ*

Со компонирање или со аражмани на вакви народнии песни од овој крај се бават и други.[470]

467. Јелица Тодорчевска, Цит. статија

468. **Извештај за школску 1933/34 годину**“, Битољска гимназија... 21, 23

469. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија... 26

470. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 57

# Хорови

## Школски

### Пеењето и музиката како школски предмети

Туѓите пропаганди во Македонија донесоа многу поделби и премногу несреќи, меѓутоа и факт е, дека го инагуирараа и го подобрија осовременувајќи го и системот на школувањето. Времето од така – наречените учителите од профилот на Прличевиот Апотоле, кој работејќи како шијач врз костим од аба, ги проверувал истовремено и учениците од катехизис, конечно беше заминал во историјата. Новите промени веројатно ќе дојдеа и без пропагандите зашто нашите луѓе веќе започнаа порешително да патуваат низ балканските и европските земји и да ги осознаваат значењата што ги носи новото време и современото школство и многу од нив почнаа да ги пренесуваат и дома.

Сосема логично стана сега во наставните планови да се внесуваат и предмети со световна содржина, да најдат место и пеењето и музиката.

Во средината на 19 век веќе се јавуваат предмети именувани пеење, музика, вокална музика, инструментална и теорија на музиката, кои понекогаш го гледаме и како обврзни. Можел понекогаш, како во Машката гимназија во Скопје, тој да биде заедно и со друг предмет, па да гласи „вокална музика и гимнастика“.[471]

471. **Македонија во делата на странските паптописци, 1875-1878,** 304

Како во класовите од повисок ранг низ Македонија, така и во Битола, се наметнал насекаде без разлика на националната припадност. Го има како вокална музика во солунската Грчката граѓанска школа, во која наставата траела три години, го има и во Грчката граѓанска школа во Скопје, како вокална, инструментлна и теорија на музиката.[472]

Бидејќи во ваквите школи се подготвувале и кадри и за потребите на свештенството ќе го сретнеме и како црквено пеење и нотното пеење со по 2 часа неделно.[473] Два предмета, црквено пеење и свирење и нотно пеење и свирење ги има и во скопскита четиригодишната Учителска српска школа[474] и во егзархиската Учителска школа,[475] додека во богословиите регистриран е како црквено пеење и нотно пеење.[476]

Пеењето и музиката се изучувале и во битолскиот Романски лицеј и Американската школа. Во лицејов прифатен е како пеење и свирење и има извореден број часови во петте години од школувањето, вкупно му се остапени 19,[477] додека во Американската школа се совладувал во првите четири години со 1 час неделно.[478]

Го има и во француските школи. Во Женскиот лицеј застапен е во трите курса (нижиот, средниот и вишиот),[479] па благодарејќи нему генерациите воспитаници од меѓувоениот период му го носат на градот атрибутот и за најмузички град во Македонија.[480]

---

472. Исто, 307

473. Др Влад. К. Петковић, **Средње и стручне школе у ослобођеним крајевима пре ослобођења,** Београд, 1913, 9

474. Исто, 28

475. Исто, 29

476. Исто, 33

477. Исто, 38

478. Исто, 27

479. Александар Крстевски, **Француските училишта во Битола 1856-1947**, Во: **Воспитанието и образованието во Битола, развој и перспективи**, Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1990, 117

480. Исто, 118

Во Првата битолската српска гимназија, чиј старт се случи на 2 декември 1913 год., пеењето воведено е уште на самиот почетокот.[481] Во наставниот план и на Богословијата, која со работа отпочна во 1922 год., застапен е со 4 часа неделно во сите 5 години како теорија на музиката (1-г.-2, 2 г.-2), црквено пеење со правила (1. г.-2, 2-2, 3-3, 4-3, 5-3 и 6-2), а и како хорско пеење (во сите 6 години со по еден час неделно).[482] Почнувајќи од школската 1939/31 год. внесени се и помали корекции, па ги имаме теорија на музиката (1 и 2 год. – по два часа неделно) и црквено пеење (1-4, 2 и 3 год.-по 2 часа),[483] а хорското пеење стартира од школската 1933/34 година.[484]

Предмет пеење има и во Женската работничка школа (основана 1923 год.), чија цел била младите девојки да се оспособат по излегувањето од школата да можат самостојно да влезат во животот, оттаму се воведуваат и предмети сметање со геометрија, земјопис, српско – хрватски јазик, историја, домашно стопанство и книговодство, а и пеење зашто се сметало дека можеле значително да придонесат за интелектуалното надградување.[485]

Се правел обид предметот пеење да го има не само во средните школи и во наставниот план на основното образование. Пламен заговореник на таа нова идеја стана учителот Паскал Петровиќ (Паскали), познат педагошки работник и голем аниматор на хорското пеење. На поширок состанок на Здружението учители од Битола во 1934 год. предложил да биде и задолжителен, обрзложувајќи го тоа во рефератот *„Значењето на наставата по пеење во основното училиште“*.

481. **Извештај за 1913 – 1914 школску годину**, Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 19

482. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија, Битола... 33-34

483. **Извештај за школску 1930/ 31**, Српска православна богословија...5

484. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...7

485. Вук Ч. Вукомановић, **Испит у Радничкој женској школи**, Вардар, Скопље, 29 јуни 1933, 5

Доживеал жестока реација дека нотното пеење за малолетната возраст е непедагошки потег, со што добронамерниот и визионерки потег негов остана замрзнат.[486]

Посебна наклонетост кон овој предмет имало и во школите од средно образование и за време бугарската власт.

## Учители по музика

Во Грчката машка гимназија, најстарата средна школа во Битола, во османлискиот период пеење и музика предавале двајца месни стручњаци, Александар Гунари и Александар Папа Наум.[487] Веднаш по нив, а пред трајно да замине за Атина, учител по овој предмет станал и тука – што пристигнатиот од студии во Германија, Димитрие Лала, студентот на Рихард Вангнер.

Во француските лицеи (машкиот основан 1856, женскиот во 1900 год.) пеењето го предавале учители кои биле задолжени и за други предмети, во Машкиот му припаднал на Жером Марсијал,[488] додека во Женскиот на милосрдните сестри, нешто подоцна и на белоградреецот Георги Николаевич Буцкин, кој остави и најмногу траги.

Во Романскиот лицеј пеењето го предавал и со хорот раководел Зука Нака Ника.[489]

Во Машка егзархиска гимназија, сместена во објектот на подоцнежното Гинеколошкото одделение на Старата болница, во Османлискиот период наставник за источно пеење станал Васил Младенов, свештеник, кој држел часови и по веронаука, додека за учител по псалтир определен бил битолчанецот Христов, дедо на *„светски познатиот пејач Борис Христов“*, како што тврди Симеон Радев, исто така, некогашен ученик во училиштево,[490] додека музика предавал и учениците на музички инструменти ги подучувал Иван Василев. Извесно време часови по музика и бугарски јазик држел и незавршениот

486. В. Ч. В., **Рад учитељског наставничког већа у Битољу**, Вардар, Скопље, 2 јуни 1934, 2

487. Ѓорѓи Димовски, Во: **Гимназијално образование во Битола**...11

488. Исто, 16

489. Исто, 14

490. Симеон Радев, **Рани спомени**, Български писател, София, 1969, 197

студент на конзерваториумите во Прага и Дрезден, војводата Парашкев Цветков,[491] кој својот живот беше го дарил за Македонија, гинејќи на 21 мај 1903 год., заедно со група четници во Могила.[492]

Со службен акт од Министерството за просвета и црковни работи на Србија од први декември 1913 год. бил преместен, од Белградската во Битолската гимназија, Милан Вијатовиќ. Бил искусен наставник со 12 години работен стаж, чие задолжение било да го предава предметот пеење и музика. Доделени му биле 13 часови застапени во сите класови со што станал и првиот наставник по овој предмет, а бидејќи не го покривал целосно работното време, доделена му била и грижата за музичкиот кабинет кој што-туку почнал да се оформува.[493] Кога воените настани од Првата светска војна беа го принудиле да ја напушти Битола, убежиште беше нашол во Франција, во Ница, каде се вработил како диригент на хорот на Руската соборна црква, а кога приликите се стабилизирале, се вратил во Битола и продолжил во истата школа и по истиот предмет, бил раководител и на гимназискиот оркестарот.[494]

Во Гимназијава потоа се редат и други учители, неколку се и руски емигранти. Во учебната 1929/30 год. го среќаваме Григорие Кошевој, кој покрај за часовите по пеење (вкупно 10) ангажиран бил и околу хорот и оркестарот, а и за музичката збирка.[495] Почнувајќи од учебната 1932/33 год., ангажирана била и битолчанката Калипсо Налча, студент на Атинската музичка школа, како и музичкиот педагот Милосав И. Јовичиќ, чие доаѓање беше го поздравил и локалниот печат, третирајќи го за врвен стручњак. Како и што се очекувало, веднаш се вклучил и во градскиот музички живот дал и огромен придонес во неговото збогатување и во развојот. Во Битола остана до 1941 год., кога, како и толку други Срби, заминал за Србија, Краљево, каде

491. Никола Миновски, **Параскев Цветков (1875-1903)**, Во: **Битола низ вековите**, IX, Педагошки факултет – Битола, Битола, 2006, 79

492. **Парашкевъ Цветковъ**, Пелистерско ехо, бр. 7, Битоля, 14 февруарий 1942, 3

493. **Извештај за 1913-1914 школску годину“**, Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 12, 17

494. Исто, 1919, 7, 10

495. Исто, 1929 / 30, 7

станал жртва на оној познат германски масакар извршен врз локалното цивилно население.[496]

Налча задолжена била со 22 часови во кои спаѓале и 6-те часови за работа со хорот.[497] Додека предавала пеење во првите класови[498], на Јовичиќа му биле доверени погорните класови, а бил ангажиран и за другиот хор, раководител станал и за музичката збирка.[499] Со одобрение на Светиот архиеререрски синот од втори декември 1937 год., хонорарно бил вклучен и како наставник во Богословијата по предметите што му биле матични во Гимназијата.[500]

Од основањето на Битолската богословија во 1921 год., па до учебната 1923/24 год., часовите по црквено и нотно пеење ги држел протоѓаконот Бранко Ристановиќ[501]. Во учебната 1930/31 год. музички предмети му се доделуваат и на свештеникот – парох Мирко Павловиќ, а ги предавал теорија на музиката, црквено пеење и хорско пеење, додека ѓаконот Миодраг Михаиловиќ го добил црквеното пеење.[502] Од учебната 1933/34 год. теоријата на музиката ја презел Сергеј Наумов, Русин, кој имал и многу богато наставно искуство, бил суплент во Московската духовна семинарија, бил предавач и во Вороњешката духовна семинарија.[503]

Од учебната 1935/36 год. свештеникот Бранко Ристановиќ повторно го презел предметот црквеното пеење, но сега со третман на хонорарен наставник.[504]

Од 1 ноември 1936 год., со одлука на Светиот архиерерски синод, на Сергеј Наумов му бил обновен работниот договор со важност од една година, кој, почнал да ја предава теорија на музиката.[505] Истиот

496. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование...**, 180

497. Исто, 1933 / 34, 12

498. Исто, 1935 / 36, 12, 14

499. Исто, 1935 / 36, 12, 14

500. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија... 14

501. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...41

502. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија...5

503. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна б огословија...6

504. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...46

505. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија...36

потоа го презел и Милосав Јовичиќ, кој во Богословијата останува до нејзиното затворање (1941) како хонорарен наставник.[506] Следната година му се придодал и предметот инструментално свирање со што работата му се заокружува на 11 часови, а наредната година ангажиран бил и со работа во хорот, а часовите му се наголемуваат на вкупно 14.[507]

Музички предмети во школово држеле и Мирко Павловиќ, како и Сергеј Наумов, кој, инаку, прв ги постави и темелите по овие предмети, а сега предавал и руски јазик и општата историја, дел од работното време го надополнувал и со работа во Реалната гимназија.[508]

По доаѓањето на бугарската власт во 1941 год. настануваат тектонски промени во средните битолски училишта, Богословијата се укинува, во Гимназијата се воведуваат нови предмети, доаѓаат и нови вработени, а и пеењето го нема она значење што му се придавало претходно. Со хорот и со гимназискиот оркестар работел Тодор Скалов (Скаловски), кој држел часовите и по пеење.

Во однос на наставниците по музика, покрај што биле во редовен работен однос во школските институции, дел подучувале ученици и приватно во своите домови. Интересот бил голем, оттаму и договорите, најчесно усни, да се дефинираат предвремено. Меѓу другите, часови по пијано држеле Марика Јевтиќ, Афродита Караџиќ,[509] а по виолина подучувал и Милосав Јовичиќ без да го наплаќа својот труд.

## Учители со конзерваториум

Неколкумина наставници по пеење и музика имале стекнато и највисоко музичко образование, конзерваториум во странство и токму тие се и најзаслужни за европскиот музички дух и за љубовта кон делата на европските музичките класици.

Еден меѓу нив е и студентот на Рихард Вагнер, Димитрие Лала.

506. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...16

507. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Српска православна богословија...20

508. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...7

509. Соопштение на Офелија Стерјева – Главинчева

Друг воспитаник во странски конзерваторим е и битолчанката Калипсо Налча.

Додека работела со учениците, вложувала преголем ентузијазам и извонреден самопрегор, па покрај часови, организирала и подготвувала и хорски состави, била диригент, давала придонес и како индивидуален музичар на многу концерти. Битола никогаш не уживала толку многу во ангелските гласови на малолетните деца како сега со нејзиниот Детски хор. Диригирала и со Мешаниот и Женскиот хор на матичната школа и резулатите веднаш станале видливи, како и признанијата.

Коментарот во врска со концертот на Гимназијата одржан по повод празникот за светите Кирил и Методиј во 1933 год., само година дена откако стапнала на работа, гласи: „*Хорот е добро увежбан, има и добар гласовен состав и може да се рече дека е многу подобар отколку што досега Гимназијата имала, што е убав успех на агилноста на младата наставничка*“.[510]

Раководела и со градски хорови, најмногу со „Абрашевиќ“ со кој давала концерти не само во Битола и во околните градови.

Налча ја среќаваме и како чест клавирски придужник на соло и други музички настапи, ја придружува песната „Доме мој“, што ја пеел ученикот од VIII клас Јован Групчевиќ на еден од гимназиските концерт,[511] клавирски ја следела песната и на богословот Славко Фајндовиќ испеана на „Светосавската прослава“ од 1936 год.[512]

Настапувала и со лични клавирски изведби. На зимскиот концерт на „Црвениот крст“ од 11 февруари 1933 год. имала посебено успешен клавирски настап. Во придружба на Воениот оркестар на 46 пешадиски полк, го исполнила Веберовиот „Konzertstück“ кога меѓу клавирот и оркестарот, како што забележа хроничарот, се воспоставила таква хомогеност и хармонија, кого никого не оставила рамнодушни, особено што клавиристката свирела без ноти, кое восхитените присутни го изразиле со овации.

510. **Ћирило–Методска прослава у Битољу**, Вардар, Скопље, 1 јуни 1933, 6

511. Исто

512. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија....51

На истиот концертот ги свирела и Шопеновите 9 и 12 етиди, потоа и „Danses Espagnole" од Гренадос и Веберовата „Konzerstück".[513]

Неколку соло клавирски состави исполнила и во врска со „Светосавската прослава" во 1936 год., кога ги исполнила Шопен – „9 étude", Моцарт –„Rondo alla turca" и Албенис -„Seguidillas".[514]

Настапувала и како соло–пејачка. На концертот од 4 февруари 1933 год., покрај клавирски презетации, имала и седум вокални точки. Во придружба на г-цата Јелена Кос на пијано, биле испеани: „Ајде на оро" и „Девојка и ружа" од Зајц, „Nobles seigneurs" од операта „Хугеноти" од Мејербер, „Les regrets de Manon" од операта „Манон" од Масне, „Solvegs Leid" од Григ, „Mon coeur ne peut changer" од операта "Mireille" од Гуно.[515] На 11 февруари истата година на концертот на „Црвениот крст" ја пее и аријата на Виолета од првиот чин од операта „Травијата" и впечатокот и сега бил извонреден, а коментарот, гласел: «*Оваа работа ѝ лежи на нејзиниот пријатен и технички многу дотеран глас*", па благодарејќи на нејзина смисла за драмско нијансирање, настапот го направила повторно незаборавен.[516]

Била член и на разни граѓански здруженија, а како љубител на француската култура и на Француско–југословенскиот клуб од Битола[517].

Во Битола останува до 1937 год. кога трајно се настанува во Скопје, каде работи првин како актерка (таа е првата актерка со редовна плата по ослободувањето), потоа до пензионирањето работи и како наставник во Музичкото училиште во Скопје. Клавирот и богатата литература од околу 2.000 книги според нејзина последна желба денес се наоѓаат во библиотеката на Битолската митрополија.

---

513. **Концерат у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 9

514. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...51

515. **Концерат у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 9

516. **Зимскаи дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 6

517. **Рад Француског-југословенског клуба у Битољу**, Вардар, Скопље, 29 децембар 1933, 7

Конзерваториум, навистина незавршен, имал и Парашкев Цветков, кој студиите по музика ги следел во Прага и Дрезден[518].[519]

Се тврди дека и неколку Руси белогардејци имале конзерваторим, меѓу нив и Буцки од Францускиот женски лицеј.

## Музички кабинети и музичка литература

Училиштата и здруженијата кои располагале со музички инструменти обично имале и музички кабинети, што било, врочем, и очекувано, зашто инструментите биле скапи и тешко стекнати а барале постојана грижа и заштита. Таа улога обично му припаѓала на наставникот по пеење, кај кого се наоѓал и клучот од кабинетот, кој ја споделувал и одговорноста за нив.

При крајот на 19 век со вакви кабинети располагале Грчката машка гимназија и Романскиот лицеј. Само што отпочнала со работа Српската кралска гимназија во 1913 год., покрај што се востановиле историско–географскиот, физичкиот, хемискиот и математичкиот, бил организиран и музичкиот кабинет. Одговорен за него станал учителот по пеење, Милан Вијатовиќ.[520] За време Првата светска војна истиот бил уништен, па во школскиот извештај од 1919 год. воопшто не се споменува, возобновен е откако во државата и градот животот се нормализирал.

Во школскиот извештај за 1929/1930 год. наброени се и инструментите со кои располагал, биле тоа контрабас, чело, 2 виоли, една виолина, 2 барабана, 2 тривни и 5 пултови[521] и со тој број останува до 1941 год. Покрај Вијатовиќ, одговорни наставаници за него биле и Григориј Кошевој и Милосав Јовичиќ.

Покрај со инструменти, кабинетов располагал и со музичка литература, која, како што информираат извештаите, континуирано се

518. Никола Миновски, **Параскев Цветков (1875-1903)**, Во: **Битола низ вековите**, IX, Педагошки факултет – Битола, Битола, 2006, 79

519. **Парашкевъ Цветковъ**, Пелистерско ехо, бр. 7, Битоля, 14 февруарий 1942, 3

520. **Извештај за школску 1913 – 1914 школску годину**, Српска – краљевска гимназија у Битољу, 1914, 17

521. Исто, 1929 / 30, 28

збогатувала. Во 1929/30 год. имало 12 партитури за хор и 21 свеска композиции за виолински оркестар. Таа учебна година биле набавени и композиции од Мокрањац (7 руковет за мешан хор, 7 руковет за оркестар и партитурите „Снежана и седумте џуџиња“ од Крстиќ и „Морнари“ од Виљбоа.)[522] Следните години партитурите од Мокрањац и од другите композитори нестануваат, корекција се прави во последната година од работата на школово, кога партитурите за хор се наголемуваат на 94, а за виолинскиот оркестар на 33.[523]

Во кабинетов, според едно сеќавање, имало и учебници, три свески од „Школата за виолина“ од Хофман и првите свески од Шевчик. Материјали имало и за сола и дуети за виолина од Шуберт, Чајковски, Дворжак, Брамс. Од Дворжак ја имало и „Хуморескатa“.[524]

Нема податоци дека во Битолската богословија имало и музички кабинет, но извесно е дека учебниците по музика кои се употребале за сето време биле од д-р М. Милојевиќ – „Основа на музичките уметности“ (теорија на музиката), потоа и учебникот за црквено пеење од Ст. Мокрањац – „Страно пјеније“ и „Осмогласник“, како и „Статии“ од М. Р. Павловиќ а и „Типик“ од В. Николајевиќ.[525]

Покрај овие учебници и прирачници, во Битола постоеле и голем број индивидуални кај активни музичари, кои на концерти се експонирале со настапи и кај кои би требало да се очекува и кај нив да има и музички учебници и партитури.

## Почетоци на школското хорско пеење

Почетоците на школското хорско пеење поврзани се со предметите нотно, црквено и другото пеење и истите врменски лоцирани се некаде во втората половина од 19 век. Практиката покажа дека хор-

522. Исто

523. Исто, 1939 / 40, 46

524. м-р Кирил Македонски, **Музичките аспекти на револуционерниот лик на народниот херој Стив Наумов**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942 година**, книга втора, Општински одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Битола, Друштво за наука и уметност – Битола, Издавачка дејност „Развиток“ – Битола, Битола, 1978, 314

525. **Извештај за школску 1930 / 1931 годину**, Српска православна богословија...13

ските презентации како новина почнувале скромно, со крајно ограничен број посетители составени од родители и најблиски роднини на хористите.

Како новооткривање, хорот наскоро станува омилена музичка форма и се наметна трајно во повеќе битолски школи од повисок ранг.

Во тоа има и исклучок, била тоа османлиската Идадија (полната гимназија) во која, макар што школувањето траело седум години, пеењето и музиката отсуствувале, но благодарејќи на факултативните предмети во кои доминирале странските јазици (грчки, бугарски, ермenски, италијански, англиски и германски) имало обиди празнината да се надопополнува барем со основни познавања и за музиката.[526]

Меѓу првите кои ги прифатиле и организирале хорските состави во Битола се и француските школи (Машкиот и Женскиот лицеј), во кои на пеењето му се придавало посебно значење.

Во Машкиот на маристите, кој работел до учебната 1931/1932 год. и бил сместен во денешниот Работнички универзитет, имало рецитаторска секција, музички кружоци и хорски состав.[527] Женскиот на милосрдните сестри од редот „Сен Венсан де Пол“(„Кај калуѓериците“) кој опстоил до 1948 год., меѓу неколкуте секции, доста активен бил хорот.

Двава хора настапувале на школските приредби кои се одржувале најмалку двапати годишно, при што хорот бил придружен со неколку песнички на француски јазик, полесна театарска пиеса, за да стане сето заедно привлечен културно-уметнички колаж, именуван не ретко и за концерт.[528] Бидејќи во Женскот лицеј наставата се изведувала претпладне, увежбувањето на хорот и на останатите точки се правело попладне во четвртоците во најавен час.[529]

Американското протестанско мисионерско друштво „The American Board of Commissioners of Forein“, познато во градот

526. Др Влад. П. Петковић, Цит. дело, 25

527. Александар Крстевски, Цит. статија, 106

528. Исто, 122

529. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијално обрзование...**16

најмногу како Американската школа, основана во 1878 год., во која посетители биле ќерки од христијански семејства, најмногу од егзархиската заедница, наставата се изведувала на бугарски, а кога прераснала во повисок ранг, течела и на англиски јазик.[530]

Како и во француските школи и во неа биле организирани неколку секции, една била театарската, другата музичка, во чиј рамки работел и хор.[531]

Крајот на школава се случи на 10 мај 1924 год. и поврзан е со емотивното испраќање на последната директорка мис Мен од Битола. Последниот концерт што се дал, а на кој била присутна и директорката, бил „Божиќениот концерт" од 29 декември во претходната година. Се состоел од неколку хорски точки и од мала симпатична драмулетка, „Божиот дух", чиј автор и режисер била една од учителките, г-цата Камерун.[532]

Покрај во овие, хорови работеле и во останатите школи од повисок ранг. Со тој во Грчката машката гимназија раководел Александар Гунари со кој настапувал на школските свечености и при одбележувањата на национални и верски празници на грчката заедница во градот.[533]

И хорот во Романскиот машки лицеј, покрај што земал учество во школските свечености, се појавувал и на богослужбите во Романската црква,[534] кое не било никакво изненадување, зашто таква задача имале и други школски хорови. Покрај во Машкиот лицеј, хорско пеење се негувало и во Романската женска виша школа, во која тоа се третирало за важна воннаставна активност, а увежбувањето од два часа неделно се организирало во попладневните часови.[535]

---

530. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното обрзование**..18

531. Исто

532. **Божићни концерат**, Јужна звезда, г. III, бр. 86 (1), Битољ, 2 јануара 1924, 2

533. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното обрзование**...11

534. Исто, 13

535. Др. Влад. К. Петровић, Цит. дело, 39

Во Османлискиот период ваков хор имало и здружението „Пелистерски јунак" со кој раководел Васил Младенов, односно Никола Јанашлиев.[536]

## Диригенти

За развојот на музичката клима во Битола придонес дале многумина, дел воени музичари, дел учители, дел и духовни лица кои стекнале малку поголемо познавање околу нотите и музичките изведби, а над сите нив најзаслужни станале диригентите.

Најраниот познат диригент, кој работел во Битола некаде во средината на 19 век е капелникот Ахмед – ефенди. Има податок дека бил Германец, дека бил и еден од побројните исламизирани западноевропејци, кои, примамени од високите примања во Османската Империја за одреден период или трајно ги нуделе своите стручни знаења, избирајќи и нова татковина и нова вера и сосема поразличен живот од тој во татковината.

Освен дека бил капелник, за жал, други податоци нема, остана загатката и со какво музичко образование располагал. Третата армија стационарана во Битола имала воени оркестри, па и тој ќе да е еден кој раководел со еден. Со сигурност може да се тврди дека западноевропскиот живот и неговите сонародници му недостасувале и потврда за тоа е и друштвото во кое се движел, а кое во Битола се состоело од 200-250 Германци, Италијанци, Французи и др. Сите, иако со нови, муслимански имиња и нова вера, продолжиле да живеат како заедница, имитирајќи за цело време некаков живот што беа го напуштиле.

Во бројната Трета османлиска армија, покрај Ахмед – ефенди, веројатно имало и други воени капелници, зашто не еден, веројатно имало уште некој воен оркестар.[537]

Петвековниот период со османлиите ќе заврши, ќе настане ново време, доаѓа нова, српска војска, како и нови воени оркестри, според

536. Исто, 27; Александар Стерјовски, **Битола – Спорт,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2016, 67-68

537. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864**, 25

тоа и нови капелници. По Првата балканска војна стационирани се два пешадиска полка, Второт и Третиот, кои имаат воени оркестри, Третиот имал и хор, со кој, како и со оркестарот, раководел капелникот П. Ивановиќ.[538]

Воен оркестар во Битола има и по Првата светска војна. Според театарскиот плакат од 7 февруари 1919 год., истиот се вклучувал и во театарските претстави на театарот „Тоша Јовановиќ“ на Михајло Лазиќ. Задачата му била да го пополнува вакуумот меѓу чиновите, да ги потенцира и драматичните места. Извесно време со него диригирал капелникот М. Гунзиниќ и тој и неговиот оркестар во таа улога ги гледаме и при изведбите на претставате „Големиот Галеото“ и на „Ѓидо“, вечерна редовна за граѓанството и попладневна за војниците.[539]




Театарска објава
за „Големиот Галеото“ и „Ѓидо“

Воен оркестар во Битола има и меѓу двете светски војни. Капелник во годините 1923-1926 год. е поручникот Јосиф Свобода, кој заради недостатокот од вакви лица, бил ангажиран и како наставник по нотно пеење во Битолската богословија.[540]

538. Проф. К. Лозанић, **Извештај одбора за Св. Савску Прославу у Битољу**, Општинске новине, бр. 5, Битољ, 3 фебруар 1913, 5

539. Искрена благодарност кон м-р Јелица Тодорчевска за податоков

540. 51.**Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија... 41

Неговиот окрестар, како и оној на М. Гунзиниќ, ја продолжиле истата традиција со ангажмани во театарот. Пред Свобода да замине од Битола дошла и неговата замена, талентираниот композитор и собирачот на македонското фолклорно наследство Љубомир Бошњаковиќ,[541] кому тријаголникот Битола–Охрид–Преспа му станале посебно привлечни и трајно го врзуваат, дури и неговиот петгодишен престој (1925-1930) за него и за музичкиот живот во Битола станува и посебен.[542]

Наскоро се сфаќа дека ваквото решение со ангажман на Воениот оркестар за театарот не е најсоодветното решение и дека треба што поскоро да се избара ново, па се случи формирање исклучиво театарски оркестар кој во секое време стоел на располагање за потребите на оваа институција. Почнувајќи од 1925 год. со него работи нов диригент, Алберт Храше.[543]

За капелник на битолскиот Воен оркестар во 1930 год. поставен е Иван Гргиќ, кој ја продолжи традицијата во градењето на музичкиот живот и во градот, оттаму и високата оценка при неговото заминување дека со својот оркестар постигнал „*извонредни квалитети*" и дека оставил трајни траги.[544]

Покрај воени, во Битола работеле и многу цивилни диригенти. Скоро и да нема наставник што предавал пеење, а да не бил ангажиран и во школските или градските хорови. Гимназијата, пак, дала и плејада предани многу успешни диригенти, при што на прво место треба да се спомне името на првиот меѓу нив, Милан Вијатовиќ, кому му се препишува формирањето и на гимназискиот Мешан хор.[545]

Неговиот заменик, Русинот Григориј Кошевој, кој ја задржал работа со часовите и со хорот, туку и извонредните хорски резул-

541. Јелица Тодорчевска, **Македонија – творечка инспирација на композиторот Љубомир Бошњаковиќ (1891 – )**, Културен живот , бр. 1, Скопје, 1979, 45 – 46

542. Јелица Тодорчевска, **Македонија – творечка инспирација на композиторот Љубомир Бошњаковиќ (1891 – )**, 45 – 46

543. **Сан летње ноћи**, Comoedia", бр. 40, Београд, 31 мај 1925, 7

544. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Крста и Битољу**, Вардар, Скопље, 19 февруар 1933, 6

545. **Извештај за јануар-јул 1919 године**, Битољска гимназија, Битољ, 1919, 12

тати.[546] Следат и највредните, Калипсо Налча и Милосав Јовичиќ, благодарејќи на кои во Гимназијата ќе проработат четири хора, Детски, Мешан, Женски и Машки. Хорскиот ангажман на Налча во учебната 1933/34 год. ѝ се заменува со 6 школски часа[547], чии број следната година од непознатаи причини се сведува на 4 часа.[548] Наскоро раководи и со Мешаниот и Женскиот хор,[549] го подготвувала и хорот „Абрашевиќ".[550]

Милосав Јовичиќ работел со другите хорови, како и со школскиот оркестарот, но ангажиран бил и во Богословијата како наставаник по предметот пеење, раководител бил и на хорот,[551] а и со оркестарот,[552] повремено диригирал и со хорот „Абрашевиќ", со кого, како што се истакнува, постигнал и *„голем успех"*.[553]

Диригентски траги меѓу двете светски војни оставил и парохот Мирко Павловиќ, кој извесно време раководел и со богословскиот Машки, а и со Малиот хор,[554] како и со хорот на битолските геометри.[555]

Со Мешаниот богословски хор извесно време диригирал и Сергеј Наумов.[556]

Диригентот Григориј Кошевој не бил единствениот Русин што го развивал музичкиот живот во Битола меѓу двете светски војни, зашто во малата Руска колонија како него имало и други надарени и едуцирани диригенти без чии придонеси за музичкиот живот во градот тие би биле многу посиромашен.

---

546. **Извештај за школску 1929, – 30 год.„** Битољска гимназија... 7
547. Исто, 1933 / 34, 12
548. Исто, 1935 / 36, 15
549. **Ђирило-Методска прослава у Битољу**, Вардар, Скопље, 1 јуни 1933, 6
550. О., **Концерат Абрашевића у Битољу**, Вардар, Скопље, 5 јули 1934, 3
551. **Извештај за школску 1939 / 40 годину**, Српска православна богословија...10
552. Исто, 1938 / 39, 21
553. **Стање певачких друштава у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 мај 1936, 2
554. Исто, 1937 / 38, 18
555. Љуб. Д. Лазичић, **Забаве у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 јануар 1933, 3
556. **Извештај за школску 1935/ 36 годину**, Српска православна богословија.... 51

Русин, кој, исто така, се бавел со диригирање бил и Николај Карпов, еромонах, подоцна и архимандрит, кој бил и еден и од основачите на Битолската богословија. Пред да дојде во Битола бил предавач во Обојанското духовно училиште, а во Богословијата имал повеќе задолженија.[557] Бил еден и од основачите на оваа школа, како и диригент кој го водел прочуениот Рускиот црковен хор, како и хорот на монополските работници.[558] Нагризуван од носталгија пред драматичните настани од Втората светска војна, заедно со семејството се обидел да се врати во татковината, успеал да се префрли само во Бугарија, каде, не добивајќи советска виза, трајно останал.[559]

Русинот Сергеј Наумов, исто така, оставил значајни музички траги во Битола, бил раководител на хоровите на Богословијата и на Руският црковен хор.

За развојот на хорското пеење во Битола заслуги имале и други диригенти, ѓаконот Бранко Ристановиќ бил еден од основачите на Богословијата, каде предавал музички предмети,[560] раководител бил и на „Мокрањац".[561]

Многу значајна личност е и заслуги за развојот на хорското пеење и за музиката култура во Битола има и свештеникот Мирко Павловиќ. Почнувајќи од 1925 год., кога започнува силниот подем на хорското пеење во градот, бил избран за предавач (хонорарно) по предметот теорија на музиката, црковно и хорско пеење,[562] раководител бил и на некои градски хорски состави.

Во овој список не треба да се заборават имињата и на музичките ентузијасти, кои, немале редовно музичко образование, но како педагози и диригенти остававиле траги.

---

557. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...16

558. **Монополско певачко друштво у Битољу**, Вардар, Скопље, 2 март 1933, 3

559. Александар Стерјовски, **Битола – Руската колонија**, МКЦ, Битола, 2003, 131

560. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...15

561. **Недеља православља у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 март 1933, 3; Вук Ч. Вукомановић, **Слава певаче дружине „Стеван Мокрањац" у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 фебруар 1934, 4

562. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија...5

Скромниот селски учител од Брусник Спасое Поповиќ, со хорот на основците од своето училиште се презентирал во неколку прилики, еднаш и пред епископот Николај Велимировиќ во село Трново на црквената прослава во 1933 год.,[563] а уште позначајни заслугите има и учителот Велко Петровиќ – Паскали, бил не само успешен музички педагог, бил и успешен диригент особено со хорот „Абрашевиќ“.[564]

Мошне интересна е појавата и на диригенти – ученици. Еден од нив бил богословот Пазина, кој како диригент настапил на најсвечен чин, осветувањето на спомен–црквата во село Буково во 1933 год., кога сосема успешно раководел со хорот на своето училиште.[565]

По заблежителниот растеж на хорското пеење меѓу двете светски војни, следи потоа и видливо осиромашување, па и негов пад.

## Хорови во Гимназијата

Битолската гимназијата имала необично богат хорски живот и многу заслуги и за развојот на музичката култура воопшто во градот. Школските извештаи, кои биле објавувани скоро секоја учебна година, нудат изобилен материјал како за тековниот живот, така и за музичкиот, вклучително и за хорскиот.

Иако нема податоци за наставниот и за вонннаставниот хорски старт, но посредно сознанија сепак можат да се извлечат. На 10 декември 1914 година заеднички Гимназијата и Трговското училиште одржале концерт во салата на Народниот театар за кој билетите чинеле високи 1.200 динари и иститe биле испланирани како помош за воената болница.[566] Кои содржини ги имал тој и со кои точки се претставила и Гимназијава податоци нема, но дека се појавил голем интерес потврда е и следниот концерт истата година, чии средства сега

563. Л., **Владика Николај у народу,** Вардар, Скопље, 10 септембар 1933, 4

564. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 октобар 1934, 8

565. **У Букову код Битоља освећена је спомен – црква**, Вардар, Скопље, 27 август 1933, 3

566. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование**...34

требало да бидат упатени во фондот за сиромашните ученици, оној кој штотуку беше почнал да се оформува.[567]

Ваквиот ветувачки старт на хорот насилно и брзински бил прекинат со војната во 1914 год. Поголем број наставниците го напуштиле градот и заминале, некои со српската војска за Солун, други во Франција, во Ница, каде се нашол и Милан Вијатовиќ, учителот по пеење, каде станува диригент на хорот на Руската соборна црква, а неговата гимназиска колешка, г-цата З. Модунова, назначена била за преведувач и писар и држела часови и по музика.[568]

Воениот виор ќе одмине, наставниците ќе се вратат и повторно ќе почнат да ги заземаат своите работни места во Битола, Вијатовиќ продолжил да го предава истиот предмет, да го води и школскиот хор, кој бил од мешан состав и кој настапувал на прославите, исполнувајќи химни. Во таа улога го гледаме и на концерот од 14 јануари 1919 год. одржан по повод „Денот на св. Сава“, кога ја пее химната посветена за овој свеец како трета и нацоналната како седма точка. Учествувал и на мајскиот концерт што му бил посветен и на светите Кирил и Методиј.[569]

Кога поствоените приликите во градот се стабилизираат и кога Гимназијава започнала да работи поорганизирано и со полна піреа, на хорот му се посветува многу посериозно внимание. Почнувајќи од учебната 1929/1930 год., кога за учител по пеење дошол Русинот Григориј В. Кошевој, отпочнала и посистематската и поредовната работа со него, всушност, токму тогаш се поставуваат и темелите на оваа дејност. Иако работата со хорот и оркестарот не била дел од пропишаното службено задолжение, бил направен обид и за сосема поинаков однос и кон воннаставната дејност воопшто, а кон хорот и оркестарот посебно и резултат од тоа е измената и на хорскиот репертоар кој радикално се освежува. На концертите ја нема улогата само да ги исполнува химните, таа станува и многу посодржајна. На 27 јануари 1930 год. се претставил и со неколку други точки, за првпат се

567. **Извештај за 1913-1914 школску годину**, Српска краљевска гимназија....19-20

568. **Извештај за јануар–јул 1919 године,** Битољска гимназија, Битољ, 1919, 10-11

569. Исто, 12



*Мешаниот гимназиски хор со диригентот М. Јовичиќ*

слушна и Вагнер („Ѕвоно“), додека на оној од 8 март истата година и Мокрањац („Море извор вода извираше“).[570]

Најголемата, генералната промена на гимназиското хорско опеење се случува по доаѓањето на двајцата познати музички педагози, Калипсо Налча (1932) и Милосав Јовичиќ (1933). Обајцата го препородуваат ова пеење, па во периодот од 1932-1941 год. успеваат да оформат четири школски хора – Мешан, Женски, Машки и Детски, уште поважно и репертоарот во нив се збогатува и станува разнообразен, застапени се и домашни и странски композитори, оттаму неговите настапи да прераснуваат и во културен настан за градот.

Дел од оваа понова историја донекаде е позната и заслужува да се одбележи. Се градела долго а се презентирала на редовните концерти, од кои посебно биле значајни оние што се одржувале на крајот од школската година.

Концертот што му бил посветен на светите браќа Кирил и Методиј, кој се одржувал секоја година, во 1933 год., првин

570. **Извештај за школску 1929/30 годину**, Битољска гимназија, 11, 12

учениците, заедно со директорот Јован Продановиќ и наставниците присусвувале на претпладневна божја служба во црквата „Св. Димитрија“, каде имало и предавање за браќата од проѓаконот Миодраг Михајловиќ, а вечерта во Градскиот театар, се одржал и годишниот концерт кога Мешаниот хор под диригенската палка на младата наставничка Калипсо Налча, првин, според обичајот, ја исполнил националната химна, потоа Мокрањчевата 12 руковет, „Докле сем младе бла“ од Шпољер и „Две јаболка“ од Коњовиќ, а Женскиот „Под јоргованот“ од Крстиќ.

Хорот, според оценките, оставил впечаток дека е добро подготвен, дека располага со многу добар гласовен состав и остави многу пријатен впечаток, дури, како што запиша новинарот, „*може да се рече дека е и многу подобар одошто Гимназијата што го имала некогаш, што е голем успех за младата наставничка*“.[571]

Матурантот Елпида Дума потоа на клавир го исполни Шубертовото „Die Forelle“ многу прецизно, макар што клавирот беше расштимен, може да се рече и дека таа точка била и најдобрата. „Тажната песна“ од Чајковски на виолина ја исполни матурантот Г. Ѓ. Спасиќ, во клавирска придружба од г-ца Рада Лешњаревиќ со голема самоувереност и прецизност, додека Јован Групчевиќ, матурант, во клавирска придружба на Налча, ја испеа песната „Доме мој“. Имало уште една соло песна „Морнаревата судбина“ од Мартела во исполенение на Зорица Лиливиќ, а во клавирска придружба, исто така, на матурантката Лешњаревиќ. Оценката за ученичката пејачка била многу пофална: „*Таа нè изненади со пријатниот глас, полн со топлина. Пееше сигурно. Има лесни преоди и значителна висина и длабина. Нејзиниот гласовен орган доколку се исшколува, би се развил совршено. Таа беше една од најдобрите точки*“.

Квартетот, пак, доби лоша интонација и немал поголем успех со „Молитвата на Југословените“ од Бошњаковиќ. На крајот била изведена и гимнастичко–ритмична фантазија „На ливадите на Марс“ од Адолф Бартипан под ритамот на Военната музика, под диригентство

571. Љ. Л., **Ћирило-Методска прослава у Битољу,** Вардар, 1 јуна 1933, 6

на капелникот Иван Гргиќ. Презадоволната публика сите изведувачи ги награди со долготрајни аплаузи.[572]

На 27 јануари 1934 год (празникот св. Сава) настапиле трите хора, Мешаниот ги исполнил „Државната химна“ и „Химната на свети Сава“ и песните „Болен лежи“ од Шпољар и „Молитва на Југословените“ од Љубомир Бошњаковиќ, додека Женскиот песната „Враголан“ (Немирко-?) од П. Коњовиќ, а на Детскиот му биле доверени „Го будила мајка Ивана“ од Шпољар и Миронов и „Ој, тој војнички барабан“ од Шпољар.

На концертот од 22 мај 1934 год. Мешаниот се појави со „Народната химна“, „Ура“ од Шафр, „Месечината сјаје“ и „Горче езеро“ од М. Хубада и V руковет од Мокрањац, додека „Враголан“ повторно му припадна на Женскиот, а „Песни од Битола“ од Љ. Бошњаковиќ и „Солфеџио“ од Хендел ги доби Детскиот хор.[573]

Наместо еден или два, во учебната 1935/1936 год. се организирале три годишни концерти во кои хоровите доминирале. Мешаниот ги добил химните и уште неколку други песни, на останатите препуштени им биле увежбаните хорски точки. Бидејќи на концертот на празникот св. Сава (27 јануари) планирано било доделување и награди за изработени теми, музичкиот дел принудно бил скратен, оттаму да учествуваат само Мешаниот и Детскиот хор. Првиот, покрај химните, ги испеал и втората руковет од Мокрањац, „Град градиле“ од Славенски и „О бегај со мене...“ од Менделсон, а Детскиот „Песни од Јужна Србија“ од Љ. Бошњаковиќ.

Четирите хора настапуваат и на концертот од 15 февруари истата школска година, Мешаниот, според обичајот, го означил почетокот со државната химна, продолжил со втората руковетот од Мокрањац, Машкиот ја испеал „Во бој“ од Зајц, а ученичките од првиот клас тоа го направиле со „Солфеџо“, додека ангелските гласови на Детскиот хор ги доловиле популарните „Песни од Јужна Србија“ од Бошњаковиќ.

572. Исто

573. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Битољска гимназија, 21, 23

Истата учебна 1935/36 година, но сега на 26 април, во Градскиот театар се одржал годишниот концерт. По обичај Мешаниот хор ја испеал „Народната химна“, потоа и „Оф, бегај со мене“ од Менделсон и уште две други, „Магдо, мори“ од Трајчевиќ и „Град градиле“ од Славенски, на Женскиот ѝ припадна „Коледе“ од Мокрањац, Детскиот се претстави со „Разговор со мачето“ од Милојевиќ, „Малиот коњаник“ од Милосав Јовичиќ, „Горчез езеро“ и „Збогум море“ од Хубада и познатите „Песни од Битола“ од Бошњаковиќ.

Коментарот и за овој концерт во скопскиот дневник „Вардар“ е мошне ласкав, единствената забелешката била во врска со салата (Театарот) дека не одговара за еден ваков исклучителен настан, дека требало да се одбере по секоја цена некоја друга, поакустична и попространа, односно дека Соколаната би била најсоодветната.[574]

Кога, пак, на 10 мај истата година во гимназискиот двор се организирал јавен час со ритмички вежби, Мешаниот ја имал задачата да исполнува песни и преку нив да дава ритам, една била исполнета и со ученичките од IVа клас.[575]

На јануарскиот концерт 1937 год (21 јануари) повторно учествувале два хора, Мешаниот и Детскиот ги исполниле „Борјано Борјанке“ од Трајчевиќ, „Воденичко оро“ од Ѓорѓевиќ и „Штурецот мал“ од Гајдовиќ. Истите ги гледаме и на концертот од 15 октомври истата година, ги има и на 10 април 1938 год., кога беа испонети песни од Мокрањац („Козар“), од М. Јовичиќ („Учи, карај, Гана, мамо“) и Коруновиќ („Лето“ и „Ноќ“). Последните ги испеал Детскиот хор. [576]

„Празникот на св. Сава“ во 1940 год. Гимназијата го одбележа, како и секогаш, со голем концерт и со богата програма. По водоосветувањето и режењето на колачот, Мешаниот хор ја испеа „Химната на свети Сава“, веднаш потоа и државната химна, како и три други („Кољ Славен“ од Бортњански, „Ѓурѓовденска песна“ од Фран Дуган и „Нич не марам“ (словенечка) од Др. Долинар), а

574. М., **Музички концерат Битољске гимназије**, Вардар, Скопље, 29 април 1936, 2

575. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија, 23, 25, 26, 27

576. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното обрзазоване...**57

„Санкање" од д-р Милоје Милојевиќ му била остапена на Детскиот хор.[577]

Иако не со ист интензитет, хорскиот живот во Гимназијата продолжи и за време бугарската окупација. Со хорот, кој броел 98 хористи, раководител стана Тодор Скалов.[578] Благодарејќи нему имало пројави и за подготовка и за изведба и на поголеми музички дела, една била и оперетката „Брат и сестра", која, како што известува „Пелистерско ехо", се планирала да се одржи на 30 јуни (вторник) 1942 год.[579]

## Богословски хорови

Битола имала и рана и долга богословска школска традиција. Има податоци дека првата школа во која набразба добивале првите црквенослужители потекнувала уште од 1882 год. Истата беше ја востановил епископот Матеја (1876-1887) и дека по нејзиното гаснење (1888) се формириле и неколку слични. Токму тој факт поттикнало преземање иницијативи за отворање и на поствоената богословија, чија задача била да ги задоволува зголемените потреби од свештенички кадри не само за Јужна Србија (Македонија) и за новата православна држава на Балканот, а и за православните епархии надвор од неа.[580]

Битолската богословија официјално востановена е во 1921 год., но со редовна настава отпочна во месец февруари 1922 год.,[581] а дека од неа имало преголема потреба се откри подоцна, во 1936 год., од податокот дека таа година во неа се школувале ученици од 18 епархии од државата, по еден што доаѓал и од САД, Унгарија, Полска, Романија, а 13 и од Заткарпатието (Чехословачка).[582]

Очекувано, уште од почетокот, во неа се работело според одобрени план и програма, во кои посебно место заземале и предметите

577. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Битољска гимназија, 24, 25

578. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното обрзазоване**, 93

579. **Хроника**, «Пелистерско ехо", бр. 26, Битоля, 27 Юний 1942, 4

580. **Извештај за школску 1932/33 годину,** Српска православна богословија, 5

581. **Битољска Богословија**, Вардар, Скопље, 13 април 1933, 2

582. **Рад и уређење Битољске богословије**, Вардар, Скопље, 29 јули 1936, 2



*Богословите пред трпезаријата со патријархот Варнава*

поврзани со хорското пеење, оттаму доста рано да се формираат и успешно да работат и неколкуте хорови.

Најактивен и најпознат станал хорот, познат како Голем, односно како Машки, често и како Духовен. Бил составен преку строго проверени највисоки пејачки потенцијали, најчесто од учениците од погорните класови. Покрај него, имало уште еден, Детски или Мал хор, како и повремен, Мешан, кој се формирал по потреба, кога се ангажирале и ученички од битолските средни училишта.

Богословскиот Голем хор посебно ја милувал и во својата програма ја поставувал духовната музика, оттаму и неговото постојано место во богослужбите во црквите. Без него не можело да се случи и почетокот на учебната година во Богословијата, кога ден-два пред тоа, во една од црквите се правел и *„йовик на духоӣ“*. Тоа станало традиција и секоја година во црквата „Св. Димитрија“, покрај неколкуте говори што течеле, настапувал и тој.[583] На 9 јануари 1933 год. го гледаме и на светата литургија во црквата „Св. Богородица“, посве-

583. Љ. Л., **Вести из Битоља**, Вардар, Скопље, 18 септембар 1932, 3

тена на роденденот на Н. В. Кралицата,[584] како и во Буково истата година при осветувањето на Спомен–црквата на паднатите војници, кога диригирал ученик, богословот Пазин.[585] Слично учество имал и при прославата на 21 годишнината од „ослободувањето" на Битола.[586] Вакви ангажмани имал и низ државата и низ црквите во други градови, една на 8 и 9 октомври 1933 год. се случила во манастирот „Трескавец", кога на светата литургија одговарал.[587]

Посебен придонес давал и при редовното одбележување на „Неделата на православието". На 1 март 1931 год. заеднички учествувал со хоровите „Кајмакчалан", „Мокрањац" и хорот на Трговската академија,[588] додека во 1933 год., која се одржала во салата на Богословијата, бил единствениот па на свеченоста беше ѝ дал посебен белег.[589] Прославувајќи ги своите годишниници имал настапи и во годините што следат, 1935[590], 1936[591], 1937[592], 1938,[593] како и во последните две години од своето постоење.

Учествувал и давал придонес и на концертите кои имале добротворна намена.

На големиот зимски концерт на Црвениот крст од 11 февруари 1933 год. ја исполнил песната „Коледе" од Готовац под диригенство на Мирко Павловиќ во придружба на оркестарот на 46 пешадиски полки, кога, како што забележа хроничарот, настапот бил исполнет *„со полно полет"*.[594] Учествувал на прославата и на Мајчиниот ден во 1934 год., а стоел на располагање и кога се одржувале и други

---

584. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...8/2

585. **У Букову код Битоља освећена је спомен-црква**, Вардар, Скопље, 27 август 1933, 3

586. **Битољ је одушевљено прославио двадесетпрвогодишницу свога ослобођења**, Вардар, Скопље, 23 ноембар 1933, 2

587. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...8

588. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Срспкса прпвославна богословија...10

589. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...10

590. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...26

591. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...52

592. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија...45

593. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...24

594. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 фебруар 1933, 6



*Сирачињата од сиропиталиштето „Бог дај – Св. Никола“ и дел од истоимениот детски хор во присуство на вработените и патријархот Варнава (простум) и владиката Николај Веримировиќ (седи)*

слични одбележувања. На 9 октомври 1935 год., кога се правела комеморативната свеченост во врска со годишнината од смртта на кралот А. Караѓорѓевиќ, во Соколскиот дом дал посебен придонес.[595] Учествувал во осветувањето и на споменикот на рускиот конзул Ростковски,[596] како и во осветувањето на Германските воени гробишта во 1936 год.[597] итн.

Неговиот Детски хор бил составен од дечиња на сиропиталиштето „Св. Никола–Бодај“, оттаму и неговите додатни имиња „Хор на сиропиталиштето „Св. Никола–Богдај“ и „Детскиот хор на Богословијата“, кое остана најпознато и најтрајно.

Иницијаторот за востановувањето на сиропиталиштето, инаку, како што се тврди, вклучително и на хоров, истовремено и постојан

595. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...48-49

596. Исто, 49

597. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословивја...43

душегрижник, станал владиката Николај. Се трудел колку можел судбината на овие напатени деца без родителска грижа да им ја олесни, оттаму да вообичајувал со нив да е што почесто, најмногу на „Денот на св. Сава“.[598]

Хоров со нежните птичји детски гласови и другиот хор со духовните песни најмногу можеле да се видат на прославите на св. Сава.[599]Богословскиот земал учество и по повод одбележувањата на „Денот на ослободувањето на Битола“, како што направил и на 19 ноември 1932 год. на Српските воените гробишта,[600] дал придонес и на 26 јануари 1935 год.,[601] со духовни песни настапил и по случај „Неделата на православието“ во 1936 год.,[602] потоа и на 15 септември 1937 год. при одблежувањето на годишницата на Пододборот на здруженијата на резервните старешини,[603] па и во врска со празникот посветен на св. Сава и во 1938 год,[604] на истиот празник и на 26 и 27 јануари 1939 год.,[605] како и во многу други, слични прилики.[606]

## Хорот во Женската работничка школа

Во Битола во почетокот на 1913 год. формирано е здружение од посебно значење за граѓаните од женскиот пол, „Битолска женска подружница“. Го организирале и многу успешно раководеле млади жени кои успеале да ги омекнат стегите на пархијализмот и да добијат, барем за ова време, релативна лична слобода, што ќе има големо влијание и врз промената на односот на мажот кон жената, а

598. **Битољска богословија је и ове године врло свечано прославила Светога Саву**, Вардар, Скопље, 28 јануар 1936, 2; м-р Мимоза Клековска, **Од Културната традиција во Битола,** Во: **Српскиот конзулат и козулска Битола, Зборник,** Конзулт на Република Србија во Република Македониија – Битола, Битола, 2009, 216

599. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...22

600. **Извештај за школску 1931732 годину**, Српска православна богословија...6

601. **Извештај за школску1934/35 годину**, Српска православна богословија....25

602. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...52

603. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Срспска православна богословија...18

604. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...22

605. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...10

606. Исто, 24

и врз статусот кон жената во општеството. Упорните припаднички успеале да добијат и свое врталиште, клуб, каде се собирале, се дружеле во одредени денови и часови, подготвувајќи планови за идни активности. Се наоѓал во централното градско подрачје, во тогашната улица „Генерал Гојковиќ" (денес „Кирил и Методиј") бр. 15.

Работата на ова здружение го привлекло вниманието и на општинските татковци, па, не само што тие не им ја попречувале работата, во општинскиот буџет предвиделе и средства како материјална поткрепа. Иако не биле големи, станале значајни зашто со тоа се признал и статусот на здружениево и понатака можело посободно да работи, да планира како да ги збогатува средствата преку концерти, лотарии и на разни други начини.

Во почетокот на март истата, 1913 година, успеало да ја формирана и првата школа наменета за младата жена, позната како „Женска работничка школа". Намерата била посетителките да се оспособувааат за вршење работи од некаков занает, односно се правел обид да се осигура колку што може нивната иднина, да можат и самостојно да опстојат во животот.

За таа цел на 6 март 1914 год. преку локалниот весник „Општинске новине" објавувија оглас за запишување кандидатки, фиксирајќи ги и предметите што ќе се учат, кроење, шиење веш и алишта, посебно привлечни за идната мајка, а потенцирано било и дека школувањето било бесплатно.[607]

Бидејќи општинската материјална помош била скромна, управата се обидувала да привлече и донатори, да организирала и лотарија,[608] при што најмногу ги користела концертите. Од еден таков, одржан во месец март 1914 год., успеале да соберат навистина само симболична сума, но свесни дека тоа е само почеток, а со надеж дека состојбата ќе се мени, сепак топла јавна благодарност изразиле кон тие што дошле на концертот и дале прилог.[609]

607. **Женска радничка школа**, Општинске новине, г. II, бр. 38, Битољ, 6 марта 1914, 3

608. **Добитци на лутарији Женске подружнице**, Општинске новине, г. II, бр. 50, Битољ, 8 јуна 1914, 5

609. **Благодарност**, Исто

Неколку години по Првата светска војна школава повторно се активирала, а сега школувањето траело пет години, според тоа се добивал и многу поширок профил настава, во која имало и општи и стручни предмети. Од општите се изучувале математика, географија, српско – хрватски јазик, историја, веронаука, домашно стопанство, книговодство, но и пеење. Во стручните предмети предавале познати мајстори од Битола, Димитрије Петровиќ – кроење, Ванѓел Јошевиќ, килимарство, ткаење пиротски килими го држела Марија Прочковиќ, благодарејќи на која по ѕидовите на школата биле изложени бројни килими изработени за време одржувањето на завршните испити во учебната 1932/33 год.

Пеењето извесно време го предавал капелникот на 46 п. полк Љубомир Бошњаковиќ,[610] нешто подоцна и Паскали Петровиќ,[611] благодарејќи на кои се оформил и хор кој активно учествувал на концертите што се организирале во Битола, посебно оние со добротоворен предзнак. Еден бил во организација на Црвениот крст, кој бил одржан на први март 1924 год. во кого имало рецитации, соколски вежби и друга програма, а хоров ја исполнал песната „Српски потпури“.[612]

За историјата на овој хор посебно значајно е доаѓањето на капелникот на 46–п.п. Љубомир Бошњаковиќ, со кого тој постигнал и најдобри успеси. Во 1928 и 1929 год. организирал поширока посета и настапи низ градовите низ тогашната држава (Белград – „Политика“ – 2 јуни 1928; Загреб – „Нова Европа“, 14 јуни 1928); Сараево – „Вечерња пошта“ – 19 јуни 1928; Белград – „Политика“, 10 мај 1929 и 20 мај 1929) и оценките што ги добивал притоа биле повеќе од пофални.[613]

610. Јелица Тодорчевска,...

611. Вук. Ч. Вукомановић, **Испит у Радничкој школи женске подружнице у Битољу**, Вардар, Скопље, 29 јуни 1933, 5

612. **Програм Концертног дела са Забаве Друштва Црвеног Крста**, Битољски трговински гласник“, год. 2, бр. 55, Битољ, 28 фебруар 1924, 3

613. Јелица Тодорчевска, **Македонија – творечка инспирација на композиторот Љубомир Бошњаковиќ (1891 –)**, 46

Оттаму, според тоа, не треба посебно да се нагласува дека и овој хор станал дел од успешната хорска историја на овој град, дека и тој во неа имал свој придонес.

## Учителското здружение и учителскиот хор

Иако учителската организација меѓу двете светски мвојни била бројна, иако и музичката активност била дел и од работата на учителите, учителски хорски состави во Битола се организирале со значително задоцнување. Најголема причина за таквата состојба било отсуството организирано учителско здружение, уште повеќе скромниот број стручни лица, диригенти.

Дека од такво здружение имало насушна потреба, особено заради осовременување на наставата, се потврди уште на првите учителски собири, особено на годишните. Стана вообичаена практика на нив да се презентираат реферати за современи педагошки теми, да се изведуваат и огледни практични изведби од поискусните учители, да има и дискусија за часот, од кои се извлекувале сознанија како да изгледа и како да се унапреди истиот. Понекогаш собириве служеле и за проширување на знаењата од областите кои биле поврзани со наставната програма.

На едно такво, односно на петто редовно собрание на учителите од Битолската и Мариовската околија, одржано на 9 март 1933 год., тема на практичниот час гласела „Значењето на водата во животот на човекот", во изведба на Лаза Тихомировиќ, учител во Ивањевци, кое било надополнето и со сознанија од книжевноста и од други области.[614]

Кога ваквите собири добиле и регионално значење и кога во Битола надоаѓале со стотици учители од околиите Битолска, Мариовска, Прилепска, Охридска, Струшка и Крушевска, прераснале не само во школа за нова ука, а и за практика,[615] истовремено и важна прилика за

614. **Учитељски збор у Битољу,** Вардар, Скопље, 9 март 1933, 4

615. Вук Ч. Вукомановић, **Учитељи за град Битољ и срезове битољски и мориховски избрали ново управу друштва,** Вардар, Скопље, 27 октобар 1935, 3

истакнување сталешки проблеми,[616] најмногу од социјалниот живот и многу други кои завлегуваа во секојдневниот живот на учителите, но придонесуваа и во меѓусебното запознавање преку другарските вечери, во кои имало и музиката и ора.[617]

Иако тие требало да бидат појдовна основа и за формирање културно–уметнички секции, ретко кога таквите прашања доаѓале на дневен ред, оттаму и застоите во формирањето учителски хорови.



ПРОГРАМ СВЕЧАНЕ ЗАБАВЕ
Наставника-ца и Ђака основних школа у Битољу, на дан Св. Саве 1925 год.
ПОЗДРАВНА РЕЧ

КОНЦЕРТНИ ДЕО:

I. ДЕО

1. Народна химна — Пева ђачки хор шк. „Св. Саве"
2. Мали болесник — (дијалог) изводе учен. II раз.
3. Вила - Велебита — Пева ђачки хор шк. „Св. Саве"
4. Авђео годишњи декламује уч. II раз.
5. На планинах пева ђачки хор шк. „Св. Саве"
6. Мајка српског јунака — деклам. уч-ца. III раз.
7. Три девојке — пева ђачки хор шк. „Св. Саве"

II. ДЕО

1. Растко Немањић — дечји позоришни комад изводе ђаци IV разр. шк. „Св. Саве"
2. Деца у заробљеничком табору и одјек слободе изводе ђаци III раз. Јени-малске шк.

РЕД ИГАРА

*Србијанка*

1. Учитељско
2. Девојачко
3. Валцер
4. Битољка
5. Омладинско
6. Полка
7. Трговачко
8. Врањанка
9. Кадрил
10. Сарајевка

ОДМОР

1. Официрско
2. Професорка
3. Валцер
4. Неда гривне
5. Кокоњеште
6. Мазур
7. Срба
8. Тројанац
9. Фокс трот
10. Докторско

*Устај дико зора је.*

ОДБОР

*Учителска забава на 27 јануари 1925 год. со културно-уметничка програма и редослед на ората*

616. **Велика учитељска скупштина у Битољу,** Вардар, Скопље, 10 фебруар 1934, 2

617. Вук Ч. Вукомановиќ, **Учитељи за град Битољ и срезове битољски и мориховски избрали нову управу друштва,** Вардар, Скопље, 27 октобар 1935, 3

Првиот учителски хор за кој има сознанија дека постоел би требало да е оној кој настапувал со духовна песни на богослужбите во црквата „Св. Димитрија“. Бил, наводно, оформен скоро веднаш по Првата светска војна, односно во 1919 год.[618] Други податоци за него нема, според тоа не знаеме кои учители го сочинувале, кои раководеле со него, каде настапувал, каква програма имал итн.

За среќа повеќе сознанија има за оној од 1942 год.

Иницијативата за неговото формирање беше објавена преку локалниот весник „Пелистерско ехо“ на 22 јули 1942 год. и во неа заинтересираните учители се повикуваа до 2 август истата година да се пријават на наведеното место за да можат пробите на хорот да отпочнат навреме.[619] Меѓутоа, од ред тековни, најмногу организациски причини, хорот ќе се оформи дури во месец октомври истата година. Почитувајќи го правниот систем, првин бил востановен Управниот одбор на чело со Јоло Јолов, потпретседател станала М. Захариева, секретар Вера Јанкова, благајник М. Димкова, а како членови влегле Ст. Дренска и Ф. Каваев, додека во Надзорниот одбор биле избрани Л. Андреева, Геновева, Лештарова и Кр. Врлеков. Диригент станал Т. Скалов.[620]

Неговата промоција се случи на 24 октомрви истата година на учителската конференција во киното „Балкан“. Првин ги исполни двете химни, државната, „Шуми Марица“ и „Химната на царот“, потоа и неколку други песни.[621]

За жал, од неговата не така долга историја, барем засега. остана забележано само тоа.

---

618. Димитар Димитровски – Такец, **Како беше создадена македонската опера**, Битолски весник, 28 август 1996, 9

619. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 30, Битоля, 22 Юлий 1942, 4

620. **Учителски хоръ въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 42, Битоля, 17 октомврий 1942, 3

621. **Учителска конференция въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 44, Битоля, 31 октомврий 1942, 3

## Детски хорови

Божествениот детски глас како хорски бил сосема ново искуство за музичките педагози, требало првин да дојдат високо образовани музички кадри, да осознаат дека во децата постои вроден и неповторлив потенцијал, па да отпочне истиот да се обработрува и да се презентира. Бидејќи работата со малолетните деца е посебно специфична, ваквите кадри требало да располагаат и со извонредна педагошка вештина и топлина, скоро идентична со родителската, па децата без принуда да прифатат да соработуваат.



*Детскиот хор„Славејчиња“ на Солунската егзахиска гимназија (1911-1912), еден од првите вакви хорови*

Спасое Поповиќ, селскиот учител од селото Брусник рано беше го осознал тоа и беше се вброил меѓу првите кој започнал да го користи. Во 1933 год. беше оформил хор од своите основци со кој настапувал во разни прилики, најмногу на црквени богослужби. Еднаш тоа го наравил и во 1933 год. во црквата „Св. Богородица“ во село Трново во присуство на епископот Николај и пред многу народ, некои и од соседна Грција.[622]

622. Л., **Владика Николај у народу**, Вардар, Скопље, 10 септембра 1933, 4

Сепак, за натамошниот развој на овој вид хорско пеење требало да дојдат вистински предани и добро едуцирани наставници. Една од нив е и Калипсо Налча, која, иако никогаш не стана мајка, ќе направи генерален пресврт во работата со овие дечиња во битолската Гимназија. Меѓу четирите хорски состави, еден станал и Детскиот. Со него таа се појавува скоро на секој гимназиски концерт, него го среќаваме на 27 јануари 1934 год., кога Гимназијата го одбележувала празникот св. Сава, потем и на 19 мај истата година на годишниот концерт што се одржа во Театарот. Во јануарскиот истиот исполни две песни, „Го будила мајка Ивана" од Златко Шпољар и од Миронов и „Оф, тој војнички барабан" од Шпољар.[623] Бил прифатен веднаш како пријатно изненадување и со големо задоволство, што резултирало и никогаш повеќе да не биде изоставен, па го гледаме и на следните концерти (јануари и 26 април) 1936 год.,[624] а и на последниот од меѓувоениот период, 27 јануари 1940 год.[625]

Нешто по гимназискиов, ист таков во 1936 год бил формиран и во прифатилиштето за деца без родители, познато под името „Св. Никола – Богдај".[626] И него го гледаме на повеќе концерти, па и во „Неделата на православието" од 17 февруари и на 4 март 1936 год.,[627] потоа и на 21 март 1937 год., кога настапиле и хоровите „Кајмакчалан" и „Мокрањац",[628] го има и на празникот што му бил посветен на св. Сава од 12 јануари 1938 год. кога испеа две духовни песни, чии автор бил Сергеј Наумов („Воспрени душо" и „Небесна Царице"), учествувал и во „Недела на првославието" истата година,[629] како и следната година на истиот празник.[630]

Детски хорови во Битола се организирале и во некои битолски основни училишта. На посебен концерт, организиран за грчките учители

623. **Извештај за школску 1933 / 34 годину**, Битољска гимназија, 21

624. Исто, 1935 / 36, 24, 26

625. Исто, 1939 / 40, 25

626. **Извештај за школску 1935 / 36 годину**, Српска православна богословија у Битољу, 52

627. **Извештај за школску 1935 / 36 годину**, Српска православна богословија у Битољу, 52

628. **Извештај за школску 1936 / 37 годину**, Српска православна богословија у Битољу, 45

629. Исто, 1937 / 38, 22, 24

630. Исто, 1938 / 39, 25

– гости во Училиштето „Св. Сава“, со убави песни и со соколски вежби на 27 јуни 1936 год. се претставиле учениците од ова училиште.[631]

Практиката за организирање вакви хорови ја продолжиле и бугарските школски власти.

Спомнатиот бруснички хор повторно се претставил и во 1943 год., по повод доделувањето пензионерски книшки на дел од жителите од истото село, а на кое присуствувале и поголем број видни личности и од Битола. Ги исполни химните, државната и на царот.[632]

Сличен ангажман добил и Деткиот хорот на училиштето „Отец Паисиј“ (поранешното „Св. Сава“), кој на вториот ден Коледе настап имал во салата на киното „Балкан“, кога музичката програма беше надополнета и со сценската игра „Бадникова вечер“ со ученици од истото училиште.[633]

Ваков хор од ова време бил организиран и од учениците на прогимназиите. Еден негов настап бил во врска со празникот на просветните работници „Врбница“, кога, исто така, ги исполнил двете химни, кога свој придонес дале и битолските артисти со свои точки.[634]

## Градски

### Хорот „Градско казино“

Со цел да се подзаборават или да се разрешат некои од поранешните верски, национални и културни разлики, да се интонира и поинаква клима во севкупното живеење, посебно на културен план, група напредни битолчани повеле иницијатива за формирање собиралиште, некаков културен клуб, во кого, без разлика на вера и националност, граѓаните би се среќавале, би се дружеле, би работела таму и библиотека, би се оформило и некакво пејачко друштво.

631. М. **Прослава Видовдана у Битољу, Прославама у битоским основним школама присуствовали су и грчки учитељи**, Вардар, Скопље, 30 јуна 1936, 2

632. **Брусник – Битолска околия**, Пелистерско ехо, бр. 60, Битоля, 20 февруарий 1943, 4

633. **Хорътъ детски „Отец Паисий“**, Пелистерско ехо, бр. 3, Битоля, 14 януарий 1942, 4

634. **Празникътъ на просветните служители,** Пелистерско ехо, г. 3, бр. 111, Битоля, 11 априлъ 1944, 1

Иницијативниот одбор во месец септември 1913 год. свикал потесен состанок од група најзаинтересирани граѓани, дал смерници за натамошна работа, одреди и место и час за првата поширока средба, избра и одбор кому му била доверена задача да ги подготви правните акти, без кои правно тоа не би можело да се оформи.

Следувале потоа два месеца интензивна работа, па на 17 ноември 1913 год. бил одржан и сеградскиот основачки собир во хотелот „Централ". Според објавата, истиот требало да почне во 10 часот, меѓутоа, заради преголемиот интерес, многумина, меѓу нив не само обични граѓани, а и лица со посебно реноме и значење и пред закажаното време беа ја запоседнале салата.

Собиров го отвори и за цело време раководел авторитативниот судија од Окружниот суд во Битола, Милан Јовановиќ. Како прва точка на негов предлог беа избрани записничари (Ал. Павловиќ, адвокат и Јанковиќ, судски званичник) и заверувачи на записникот (Петар Лешњаревиќ, претседател на општината и П. Косовиќ, директор на Гимназијата). Како и во секој состанок, пригодното слово одржа воведничарот во кое ги истакна преголемите потреби од еден ваков клуб, ги набележа и поважните задачите што му претстојат, при што како најважна ја издвоил тој *„да биде центар во кој сите меѓусебно ќе се запознаваат и ќе се зближуваат"*, односно да биде јавен дом, дом на културата.

Следувало потоа разгледување на предложените правни акти, кои, со незначителни поправки, биле прифатени. Задржувајќи се на проблемот околу името, а користејќи го искуството од Србија и потпирајќи се и на претходните меѓусебни договарања, се одлучи тој да се вика „Градско казино"(градска куќа).

Втората точка од дневниот ред ја означи и формалната регистрацијата на членството. Меѓу првите пријави една беше ја потпишал Ѓ. Михајловиќ, кој токму тие денови беше се вратил во родниот град од странство и кој, посакувајќи ѝ успех на оваа институција, приреди и пријатно изненадување, впишал дар од 100 динари, со што стана и првиот донатор.[635]

635. **Први добротвор Грађанске Касине,** Општинске новине, г. 1, бр. 29, Битољ, 20 новембар 1913, 12

Следувало потем избор и на лицата во управните одбори.

По бројните предлози и дискусии, во Управниот одбор, влегоа: Милан Јовановиќ, за претседател, а за членови д-р Ѓорѓи Чкатровиќ, општински лекар, П. Косовиќ, директор на гимназијата, Филип Левензон, адвокат, Мих. Сонти, трговец, д-р Р. Алеви, лекар, Ј. Продановиќ, проф. д-р Христиди, лекар, Милорад Дединац, секретар на градскиот физикат, Влад. Вемиќ, школски надзорник, Јов. Филиповиќ, трговец, К. Ј. Козмеску, проф. Т. Христодуло, рентиер, Чопи, аптекар, А. Хаџи Илијевиќ, трговец и Спаса Петровиќ, судски писар (за секретар).[636]



**Први добротвор Грађанске Касине.**

Угледни крагујевачки трговац г. Ђ. Михајловић, Битољац родом, бави се у нашој средини. Он је дошао да види свој родни крај у слободи.

На збору за оснивање Касине био је и г. Михајловић и положио 100 дин. улога за члана добротвора.

И тако је Касина још првог дана свога живота, стекла првог члана добротвора.

*Новинарски запис за првиот добротвор*

Бидејќи една од првите задачи што беа си ја задале иницијаорите била отворањето јавна библиотека, се повела дискусија и за неа. Се истакна дека иницијативата е племенита, но, за жал, во градот скоро и да нема книги на српски јазик, а нема ни услови овде да се најдат. Оттаму падна падна управата да испрати јавен повик за донации, да упати и персонални писма и низ државата.

За голема радост, прв кој се јави уште на почетокот од 1914 год. и брзински испрати одреден број, бил д-р Владан Ѓорѓевиќ, поранешен претседател на Министерскиот совет на владата на Србија. Пријатно изненадената управа, од името на Клубов веднаш изрази топла благодарност и преку локалниот весник „Општинске новине" а и преку писмо до донаторот.[637]

636. **Грађанска Касина у Битољу**, Исто, 9

637. **Јавна благодарност**, Општинске новине, г. 2, бр. 38, Битољ, 6 март 1914, 5

Дали библиотеката проработила и со какви книги располагала нема податоци, но може да се третира и за прва градска јавна библиотека во основање.

Наскоро бил формиран и хор, кој, исто така, може да се третира за прв градски во Битола. Не е познато од каков состав бил, мешан или машки, кој бил диригент, каква програма негувал и каде и кога имал настапи.

Се знае дека при пречекот на Белградското академско пејачко здружение „Обилиќ" на 25 април 1914 год. бил на перонот на Железничката станица во Битола,[638] дека на прославата на празникот Видовден истата година, кога бил организиран јавен бесплатен концерт во паркот, ги испеа двете химни, државната и „Нашата прекрасна татковина",[639] се знае, исто така, дека влегол и во општинскиот буџет за 1914 год., кога му биле предвидени 1.200 динари материјална помош.[640]

Засега тоа е скоро сè што е откриено за него

## Градското хорско пеење по Првата светска војна

За разлика од школското, градското хорско пеење е поврзано со периодот по балканските и Првата свеска војна, кога настанува ново време во кое луѓето почнуваат да живеат без потреси од гранатирања и гладувања, се размислува и за градби, за радости што ги носи новиот ден, за дружби и зачленувања во најразноразни хуманитарни и културно – уметнички здруженија кои се формираат брзински и секојдневно.

Меѓу првите такви здруженија, основано скоро веднаш по Првата светска војна, кое стана и образец во Македонија, е скопскиот „Мокрањац". Констатанцијата на скопскиот весник „Вардар" дека „*слободно можеме да кажеме дека од Белград па надолу ниту едно друштво*

638. **„Обилић" у Битољу**, Општинске новине, г. 2, бр. 45, Битољ, 25 април 1914, 4; Исто, бр. 46, 2 мај 1914, 2, 3

639. **Битољске вести,** Општинске новине, бр. 51, Битољ, 15 јуна 1914, 9

640. **Буџет Општине града Битоља за 1914 год.**, Општинске новине, г. 2, бр. 49, Битољ, 23 мај 1914, 4(25)

*не придонесе толку како „Морањац“* (од Скопје) *за развојот на музичката култура на Југот“* вопшто не е дискутабилно.[641]

Наскоро во Прилеп било основано и здружението „Билјана“, чиј хор бил машки во кој членувале 80-на хористи со многу добар пејачки потенцијал. Најголем проблем му било отсуството диригент, оттаму и послабата активност. Наскоро ќе се оформи уште едно, кое го понесе името „Кралевиќ Марко“.

Здружение и хор со исто име имало и во Охрид, а како диригент извесно време работел Зоран Булиќ, вреден и предан работник, оттаму и видливите резултати.

Хорот во Гостивар се викал „Шијачки“, според името на еден од најпознатите и најпопуларни работници на полето на хорското пеење, Стеван Мил. Шијачки, диригент му бил Ананије Поповиќ, кој, исто така, постигнал добри резултати, а чии концерти се доживувале не само во поголемите градови и во некои села.

Како поново хорско здружение, кое ќе се оформи меѓу двете светски војни во Битола е „св. Сава“. На вториот ден Дуовден од 1922 год. успеа да го даде својот прв концерт во салата „Св. Сава“, но натака не projави некоја поголема активност, оттаму природно и да згасне.[642] После него проработиле уште три, „Кајмакчалан“, „Мокрањац“ и „Абрашевиќ“.

Во Скопје ги имало неколку, „Вардар“, „Српско-еврејското пејачко друштво“, „Свештенското пејачко друштво“ и „Академското друштво „Обилиќ“.

Во Тетово се појавија „Бинички“ и „Кирил Пејчиновиќ“, во Куманово две, по едно и во Дебар, Кавадарци, Гевгелија, Штип, во Велес се викало „Младост“, а во Кочани „Јован Скерлиќ“.

Се правеле напори вакви здруженија и хорови да се организираат и низ селата, но напорот останал без успех. Во сите нив во еден период околу себе успеале да прибират импозантна бројка, најмалку 1.500 хористи.[643]

641. **Пред почетак рада Певачког друштва „Мокрањац“**, Вардар, Скопље, 2 септември 1936, 4

642. **Концерат,** Битољски весник, г. 1, бр. 29, Битољ, 4 јуна 1922, 3

643. **Споменица двадесетпедгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937,** Скопље, 1937, 1016-1017

Сите имале управни и надзорни одбори, а еднаш годишно вообичаено стана да поднесуваат извештаи за својата работа, а хоровите да се претставуваат пред јавноста со концерти, да земаат учество и во културните манифестации што се организирале и од други културно-уметнички здруженија. Некои патувале и во околните градови и села, поуспешните и низ градови на Југославија, настапувале и преку белградското радио, некои, како битолските, да се сретнат и во странство, главно во соседна Грција.

Голем стимул во нивната работа било учеството на хорски натпревари, посебно доколку некој таму зазел и некое од челните места.

Богатството од вакви состави, како и сложеноста во работата, диктирала потреба и од посебна струкова организација, чија задача била да ги следи, да им помага во репертоарот и во тековните проблеми, оттаму да настане и Вардарската пејачка жупа „Мокрањац". На нејзино чело во 1936 год. ќе застане познатиот работник на полето на хорското пеење Стеван Мил. Шијачки („чичко Стево"), голем практичар, кој за да ја регистрира состојбата на теренот и да им помогне, во 1936 година беше заминал во широка обиколка низ градовите во кои ги имало.[644] Се правеле напори и лицата кои професионално работеле во нив, како и оние кои живееле од музиката и струково да се обединат и да заживеат.[645]

## Хорот „Мокрањац"

И „Градското касино" и хорот „св. Сава" ќе означат искуство што можело да се употреби и при формирањето и на најновиот, третиот битолски хор, „Мокрањац".

За неговото настанување најголемата заслуга има црквата и граѓаните кои гравитирале околу неа, ѝ бил нужен групен глас што ќе ја следи и ќе ја облагородува богослужбата, особено неделната или празничната, оттаму тој да го понесе и атрибутот за црковен хор.

644. **Стање певачких друштава у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 мај 1936, 2

645. **Организација централне управе музиканата Вардарске бановине,** Вардар, Скопље, 1. 01, 1933, 13

Прецизни податоци како настанал и низ кои премрежја и проблеми поминал во стартниот период, хроничарите и документите не оставија, освен што ја регистрираа годината на основањето, 1923.[646]

На челното место скоро веднаш ќе застане Михајло Пешиќ, претседател на Духовниот суд во Битола (објект од приземје и кат во непосредна близина на црквата „Св. Богородица"),[647] чии службени простории ќе станат и врталиште за хористите, место за проби, за годишни и други собири, не ретко и за хорски настапи.[648]

Не знаеме кој беше се наметнал со предлогот за името, меѓутоа сигурно е дека ја имал во предвид големата популарност на Морањац како композитор и во Македонија и Србија,[649] уште повеќе што со тоа име беше се украсил и скопскиот градски хор, потоа и скопската „Музичка школа",[650] „Вардарската пејачка жупа", а и Сојузот на пејачките хорови во Македонија.[651]

Неделните и празничните презентаци ги изведувал во црквата „Св. Богородица", учествувал на јавни и повремени и на годишните музички изведби кога настапувал самостојно со своја програма, но и на колективни, заедно со други хорови.

На прославата на св. Сава од 12/25 јануари 1932 год. настапил во салата на Богословијата со песната „Пушчи ме" (од 10-та руко-

646. Димитар Димитровски – Такец, **Како беше создадена македонската опера,** Битолски весник, Битола, 28 август 1996, 9

647. Самоуправни гласник, г. 2, бр. 2, Битољ, 15 јануар 1926, 7

648. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 јануар 1934, 3

649. Стеван Мокрањац (семејно презиме Стојановиќ), е крупна музичка фигура кој дал голем придонес за развојот на музичкиот живот на Србија, Македонија и пошироко. Се родил во 1856 год. во Неготин, умрел во Скопје 1914 год. Посетувал конзерваториум во Минхен, Рим и Лајпциг, а откако се вратил во татковината, почнувајќи од 1887 год. па до крајот на животот раководел со „Белградското пејачко друштво", основач бил, член бил (втора виолина) и на Гудачкиот квартет, станал директор и на првата Музичка академија

Како композитор најпознати му биле и најмногу му биле експлоатирани „15 руковети", како и прилозите од духовната музика.

650. **Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937,** Скопље, 1937, 1016, 1018

651. **Стање певачких друштвава у Јужној Србији,** Вардар, Скопље, 27 маја 1936, 2

вет на Мокрањац),[652] на 13 август 1932 год. оставил *„многу убава слика за својот квалитет“*,[653] учество зел и во „Неделата на православието“ од 1933 год. заедно со хоровите на Богословијата и „Кајмакчалан“, кога со Мешаниот состав ги исполнил песните „Коль Славен“ и „Внуши боже“ од Бортњански под диригенство на прота Бр. Ристановиќ,[654] а се претставил и на 9 декември 1933 год.[655]

За претседател во 1935 год. дошол енергичниот прота Стојан Константиновиќ, кој му дал и посебна живост во севкупната работа.[656]

Учествувал и на државниот натпревар во Лесковац во 1933 год.,[657] кога, за жал, се изроди и длабока криза и реална опасност за целосно негово распаѓање.

Што точно се случи таму остана загадачно, освен што се шпекулирало дека дел од раководните лица недолично се однесувале и го огрдиле и хорот и градот, но тоа никогаш со точни податоци не беше поткрепено.

На 9 декември истата, 1933 год., и покрај непријатните гласини, хорот успеал да смогне сили и во салата на хотелот „Јевтиќ“ да го одржи традиционалниот годишен концерт кој имал богата програма со дела од Архангелски, Мокрањац, Манојловиќ, Фран Лотка, Готовац, Хајдрих, Петар Крстиќ, Бајштански и др.,[658] кое, пак, никако не значело дека „лесковачкиот случај“ е ставен под тепих и дека нема да дојде и до разрешница, особено по внатрешните превирања кои продолжие и ја окупирале битолската јавност.

Драмата, која се очекувала со нетрпение, се случи на седницата од 21 јануари 1934 год. Иако поширoки податоци не протекоа во јавноста, индикативно стана што на старата управа веднаш ѝ се даде разрешница и беше избрана наполно нова со имиња на познати

652. **Извештај за школску 1931/1932 годину,** Српска православна богословија, 8
653. **Битољска певачка друштва**, Вардар, Скопље 21 август 1932, 3
654. **Недеља Православља у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 март 1933, 3
655. Љ. Л., **Битољске вести,** Вардар, Скопље, 7 децембар 1933, 4
656. **Извештај за школску 1934/35 годину,** Српска православна богословија...27
657. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 31 август 1933, 5
658. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 7 децембар 1933, 4

граѓани и со претстедател Стојан Константиновиќ, авторитативно црковно лице.[659] Во Управниот одбор влегоа: Здравко Радојевиќ, пензионер; Мих. Недељковиќ, управител на школа; инж. Милутин Кажиќ, управител на Монополската станица; Риста Мирчевиќ. трговец; Трпко Трпковиќ, терзија; Димитрије Илиќ, службеник; Драгослав Даниловиќ, ѓакон; Анастас Доневиќ, службеник; Борислав Костиќ и г-ца Митра Јовановиќ, а во Надзорниот прота Александар Јеремиќ, член на Црквениот суд; Ахило Димитријевиќ, аптекар; Јован Ристиќ, учител во пензија; Петар Пецаковиќ и г-ца Надежда Берковиќ, додека архивар стана Јован Миленковиќ.

На новата управа на истата седница ѝ било наложено службените книги и сиот имотот што го поседува здружениево веднаш да ги пренесе кај себе и да отпочнат активности за нов живот, што стана посебно индикативно.[660]

Како времето потоа одминувало, состојбите полека се стабилизирале, хорот растел и се надополнувал со нови членови, во програмата се прифаќале и световни песни, па хорот од црковен прераснувал и во црквено–граѓански, еден успешен профил што ќе го задржи и до крајот на своето постоење.

На претседателската функција потоа застана прота Александар Јеремиќ, а за диригент бил ангажиран Бр. Ристановиќ, кој малку се бавел и со компонирање хорски песни, односно една сосема погодна личност за овие прилики.

Во салата на хотелот „Јевтиќ" на 12 февруари 1934 година се случи одбележувањето славата на здружениево поврзано со „Светите велекомаченици три еархи", кое течело првин во претпладневните часови, според вообичаените црквени обичаи, со пресечување на колачот и богослужба и настап на хоров, кој исполни неколку песни од опусот на Мокрањац, една и од диригентот Бр. Ристановиќ. Вечерта се одржа и омилената забавата која хорот повторно ја укрси со неколку песни, придружуван од Воената музика на 46 пешадиски полк.

659. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 јануар 1934, 3

660. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 31 август 1933, 5

На чело на хорот повторно беше застанал омилениот и популарен Стојан Константиновиќ.[661]

Од непознати причини наскоро хоров остана без диригент, кое силно се одрази и врз неговиот квалитет како и врз бројот на настапите.[662]

Како посебно значаен настан од неговиот живот се доживеа и осветувањето на хорското знаме за кое се изработи и специјално сценарио врз кое потпис стави и владиката Николај.



# Припреме освећења заставе певачког друштва „Стеван Мокрањац“ у Битољу

У Битољу се већ врше припреме за свечано освећење заставе црквено-грађанске певачке дружине „Стеван Мокрањац“, а која ће се обавити 28 октобра т. г. под покровитељством Његовог Преосвештенства епископа охридско-битољског г. Николаја.

26 октобра одржаће се свечана седница управног и надзорног одбора, а поводом свечаности и освећења дружинске заставе, у сали зграде црквеног суда у Битољу.

27 октобра, у 12.42 часа, свеча...

Освећење заставе обавиће се у кругу цркве Св. Богородице. У 9.5 часова биће дочек изасланика Њ. Св. Патријарха, епископа, министра и бана. У 10 часова дочек изасланика Њ. В. Краља, када ће музика интонирати државну химну.

По извршеном обреду освећења заставе и укуцивању помен-клинаца, приредиће се свечана академија у Градском позоришту на којој ће претседник надзорног одбора друштва „Мокрањац“ прота г. А...

Новинарска објава за осветувањето на хорско знаме

За таа вест што ќе престои се дозна на свечената седница на двата одбора, Управниот и Надзорниот, на 26 октомври 1934 год., одржана во салата на Духовниот суд. Се откри дека на тој чин ќе присуствува и висока делегација, министер од Белград и банот на Вардарска Бановина, кои во Битола ќе пристигнат со воз. Следниот ден, групата за пречек, составена од здруженија, еснафи, школи, граѓанство, хоровите „Кајмакчалан“ и „Абрашевиќ“ и многу други, тргна од пред хотелот „Босна“ кон Железничката станиица на чело со Воената музика на 46 пешадиски полк.

Пред осветувањето на знамето имало и свечена академија во Народниот театар на која се изнесе и историјата на здружениево, задача што ја доби прота Александар Јеремиќ, а осветувањето, чин со забивање помен – клинец на знамето, било изведено во црквата

661. Вук Ч. Вукомановић, **Слава певачке дружине „Стеван Мокрањац“ у Битољу,** Вардар, Скопље, 15 фебруар 1934, 4

662. **Стање певачких друштава у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 мај 1936, 2



## Слава певачке дружине „Стеван Мокрањац“ у Битољу

Битољска црквено-грађанска певачка дружина „Стеван Мокрањац", чији је рад у последње време нарочито запажен, прославила је у понедељак, 12 о. м. своју славу Св. Вел. Три Јерарха.

У 9 часова пре подне, отслужена је литургија у цркви Св. Богородице, а у 11 часова извршено је резање славског колача у сали хотела „Нићифор Јевтић", која је, и ако најпространија у Битољу, била препуна гостију.

Резање колача извршио је г. М. Павловић, свештеник, уз асистенцију протођакона г. Миодрага Михаиловића. По том је друштво „Стеван Мокрањац" отпевало неколико Мокрањчевих песама и „Битољске песме", композицију г. Бр. Ристановића, друштвеног хоровође. Присутни су топло поздравили певаче, композитора и хоровођу г. Ристановића.

Домаћин славе г. Михаило Недељковић, управитељ осн. школе

[...] лиоје Момчиловић; ректор богословије г. др. Душан Лазић; генерал г. Чеда Јовановић; архијерејски заменик прота г. Драгољуб Милошевић; претседник општине г. Атанасије Сотировић; претседник Првостепеног суда г. Риста Михаиловић; претстојник полиције г. др. Велько Момировић; претседник „Јадранске страже", адвокат г. Миленко П. Динић; војни прота г. Петар Карановић; начелник среза мориховског г. Брана Васиљевић; претседница „Српске мајке", г-ђа Христина Борисављевићка; претседница „Кола Српских Сестара", г-ђа Атина Љешњаревићка, па велики број учитеља, судија, лекара, адвоката, професора и много других претставника културно-хуманих друштава и еснафа, као и виђенијих грађана и грађанка Битоља.

Друштво је увече приредило и забаву у сали хотела „Јевтић" у корист певачког хора, која је би-

*Новинарска објава за славата на хорот*

„Св. Богородица“, додека банкетот се одржа во салата на хотелот „Јевтиќ“.[663]

Сето тоа се доживеа како благотворен лек врз болна рана и помогна состојбите во здружениието и во хорот значително да се стабилизираат, горливите проблемите да се подзаборават, со што се овозможи да отпочне и неговата понова историја.

Хоров постојано бил во подготовки и трајно мобилен и не пропуштал прилики а да не се вклучува во разните градски прослави, одбележувања датуми или осветувања новоподигнати објекти. При осветувањето на новиот објект на Основното училиште „Вук Караџиќ“ (денес „Стив Наумов“) во 1935 год. дал еден таков прилог.[664]

Сето тоа е само дел од сторијата на ова друштво и на неговиот хор, кои ќе згасне административно по пристигањето на новите, бугарските окупаторски власти.

Историјата забележа дека низ него минале голем број надарени хористи кои оставија белег во неговата историја, меѓу другите членови станаа и Сотир Црвенко, солистката Љубица Џима, Петар Лазаревски и уште неколку други. Заедно со Сотир пееле и неговите две сестри, Ирина и Дора, како и брат му Ѓорѓи, кој тука ја запозна и својата животна сопатничка и сето тоа стана дел од неговата ненапишана историја.

663. **Припреме освећења заставе певачког друштва „Стеван Мокрањац“ у Битољу**, Вардар, Скопље, 25 септембар 1934, 3

664. **Једна ретка и врло лепа свечаност у Битољу, освећена нова школска зграда „Вука Караџића“**, Нови сјај, г. 2, бр. 20, Битољ. децембар 1935, 4

## Хорот „Кајмакчалан“

Најпознатиот и најпопуларниот битолски хор меѓу двете светски војни, кој подолго време го носел атрибутот и на еден од *„најдобрите хорови на Југот“*, бил „Кајмакчалан“.[665]

Основан е на 9 декември 1926 год. со дел отпадници од хорот „Мокрањац“, кои станале и основачко јадро.[666] Набргу се приклучиле и други вљубеници во хорската музика и бројката се заокружила на околу 70 членови, каква, со незначителни осцилации, ќе остане и стандардна. Дилемата околу името траела сосема кратко, првин се предлагало да биде именуван за „Караѓорѓе“, давајќи ѝ на тој начин посебна чест на династијата на власт, но бидејќи Битола била препознавана најмногу преку воените настани од Првата светска војна и со Кајмакчалан, име што го добиле стопански објекти, здруженија и институции, по предлог на членот од основачкото јадро Петар Лазаревски, се именувал и овој хор.[667]


Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан“

Певачко друштво „Кајмакчалан“ одржало је 23 о. м. своју годишњу скупштину у сали Трговачке Академије. Претседник Г. Д-р Миливоје Лазаревић, објављујући почетак рада, прочитао је поздравну депешу Њ. В. Краљевићу Томиславу, њиховом покровитељу друштва, коју су присутни акламацијом усвојили. Из поднетих извештаја видело се да је рад био у многоме отежан тешким економским приликама у Битољу. Поред свега тога радило се врло интензивно тако да је друштвени хор (који броји 73 члана) у свакој прилици суделовао у разним приредбама појединих културних и хуманих друштава. Нарочита пажња је посвећена црквеној музици ...

Скупштина је без дискусије усвојила извештаје, па се приступило избору нове управе. На предлог кандидационог одбора, акламацијом је изабран за претседника Г. Стева Ђурић, судија, а за чланове управног одбора: Г. Г. Миленко Ди... вац, Филип Николић, Димитрије Јановић, Васа Ђорђевић, Ставра Апостоловић, Сотир Црвенковић, Димитрије Христић, Г-ђице Даница Цветковић и Славка Саздовић.

У надзорном одбору су: Г. Г. Димитрије Поп-Димитријевић, Спира Стојановић, Петар Димитријевић и Г-ђица Василија Стојановић. За почасне чланове изабрани су: Г. Д-р Миливоје Лазаревић, досадашњи претседник, и Г. Михаило Ђукић, инспектор Банске Управе у Новом ...

*Новинарски запис за седницата на двата одбора од 23 април 1933 год.*

Откако се оформил и ги доби управните тела, за разлика од генимаалскиот „Мокрањац“, како прорежимски, успеа да гради мошне успешната историја. Бил не само здружение што го обединувал најдобриот пејачки потенцијал во градот, и музичка

[665] **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 4 јануари 1934, 13

[666] **Сто македонски години1903-203,** МИ-АН, Скопје, 2004, 210; Димитар Димитровски – Такец, **Како беше создадена македонската опера,** Битолски весник, Битола, 28 август 1996, 9

[667] Д.П. (Доне Пановски), **Најстарите хористи за себе,** Битолски весник, Битола, 17 март 1965, 6

школа од каде произлегле бројни кадри кои подоцна ќе влијаат и врз севкупниот музички амбиент и по ослободувањето.

Уште од почетокот бил третиран и за градски и за црковен, кој успешно го пополнувал местото на двогласието во битолските, често и во околните цркви и манастири,[668] кога, всушност, и најмногу се презентирал со раскошниот гласовен квалитет,[669] но станал незаменлив и на повеќето градските концертни презентации.

Материјално бил обезбедуван од сиромашниот општински буџет, од концерите, но и од донации. Во 1927 год. во општинскиот буџет под графата помош („потпора“) за следната година му била предвидена сума од 1.000 динари,[670] која за 1930 год. била дуплирала на 2000 дин.[671]

Меѓу регистрираните донатори забележани се неколку имиња. Еден, кој е впишан во списокот од 1933 год., бил Ѓорѓе Лозанчевиќ, шпедитер од Битола,[672] во 1936 год. била учителката г-ца Анѓелија Јовановиќ, која вложувала во неколку наврати, еднаш на свое име дала 1.000 динари, потем двапати на име од покојните, таткото Јован и мајката Василија за секој поединечно по 1.000 динари, го впишала и покојниот крал Александар Караѓорѓевиќ со 2.000 динари.[673]

Сето тоа придонесувало да се нивелираат материјалните проблеми и разликата меѓу приходите и расходите да се балансира успешно, потврда за тоа е и финансискиот извештај од 1933 год. каде приходите изнесувале 11.169 динари, расходите 9764 динари.[674]

Хоров ангажирал и времени и постојани диригенти. Мирко Павловиќ го водел во периодот меѓу 1932 и 1934 год., заменет бил од

668. Љ., **Битољска певачка друштва**, Вардар, Скопље, 31 август 1933, 2

669. **Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан**, Вардар, Скопље, 30 април 1933, 7

670. Книга бр. 21, Разне потпоре

671. Книга бр. 24, 7 марта 1939, Разне потпоре

672. **Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан“**, Вардар, Скопље, 30 април 1933, 7

673. **Учитељица Анђелија Јовановић**, Вардар, Скопље, 24 јули 1936, 2

674. **Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан“**, Вардар, Скопље, 30 април 1933, 7

воениот капелник Иван Ргиќ, следел и нововработениот наставник по музика во Битолската гимназија, амбициозниот Јовичиќ, со кого ги постигнал и најголемите успеси.

Како и останатите здруженија и „Кајмакчалан“ имал и Управен и Надзорен орган, избирани на јавни собранија, во кои влегувале познати личности и вљубеници во хорското пеење.



БИТОЉСКО ПЕВАЧКО ДРУШТВО „КАЈМАКЧАЛАН“ ПРЕД БЕОГРАДСКИМ РАДИОМ

Једно од најсолиднијих певачких друштава у Јужној Србији, „Кајмакчалан“ из Битоља, одавно је на себе скренуло озбиљну пажњу музичке јавности. Битољски „Кајмакчалан“ је и у Скопљу имао неколико врло лепих наступа и увек било дочекано са искреним симпатијама.

Битољски „Кајмакчалан“ је у недељу увече, 24 о. м. наступио пред Београдску радио-станицу и дао један изврстан концерт, састављен од композиција домаћих музичара. Поред осталог, „Кајмакчалан“ је отпевао и своју ефектну химну, а затим две Мокрањчеве руковети са мотивима из Јужне Србије. Од осталих уметничких композиција нарочито је примећена успело отпевана Христићева „Јесен“, по песми Војислава Илића.

Битољски „Кајмакчалан“ је пред Београдским радиом достојно репрезентовао вокалну музику нашега краја и слушаоци радиа имали су заиста једно ретко уметничко уживање, слушајући овај леп и успели концерт симпатичних битољских певача.

*Настап на Белградското радио (1933)*

До 1933 год. претседател на Управниот одбор бил Михајло Ѓукиќ, некогашен инспектор на Банската управа во Нови Сад, кој во месец април истата година бил заменет од д-р Миливој Лазаревиќ, следи потоа Стева Ѓуриќ, судија, кој останал на тоа место до 1936 год., кога бил заменет со Ѓорѓе Цветковиќ. Почнувајќи од 1936 год. подолго време благајничката работа ја вршел Ѓорѓе Анастасијевиќ.

Стана практика Управниот одбор еднаш годишно преку извештаи да ја презентира севкупната работа, да ги нотира успесите, проблемите, пропустите, како и материјалната состојба, кога истовремено се потврдувале или се менувале и управните тела.

На годишното собрание одржано на 23 април 1933 год., со акламација за претседател бил избран Стева Ѓуриќ, а во Управниот одбор влегоа Миленко Дивац, Филип Николиќ, Димитрије Јановиќ, Васа Ѓорѓевиќ, Ставре Апостоловиќ, Сотир Црвенковиќ, Димитрије Христиќ, Даница Цветковиќ, а во

Надзорниот Димитрије поп Димитријевиќ, Спиро Стојановиќ, Петар Димитријевиќ и Василија Стојановиќ. [675]

Претседател во 1935 год. станал прота Ѓорѓе Цветковиќ.[676]

Ваквите прилики давале можност да им се оддаде признание и на оние кои веќе не биле активни, а се истакнале со својата работа и со успесите. За почесни членови во една ваква пригода биле прогласени поранешните претседатели д-р Миливој Лазаревиќ и Михајло Ѓукиќ, додека дипломи добиле најзаслужните и сè уште активни хористи, меѓу нив и инженерот Русин – емигрант Валериј Гусев, кој не само што го збогатувал хоров се својот прекрасен баритон, подолго време учествувал и во неговото управување.[677]

Хоров бил од мешан и женски состав. Кога на 20 март 1932 год. била прославата „Неделата на православието" Мешаниот настапил со две духовни песни „Достојно јест" од Вл. Рибиков и „Њест свјат" од Мокрањац".[678]

На духовниот концерт од првиот ден Божиќ во 1933 год., на свечената богослужба во соборната црква „Св. Димитрија", со која чиноначалствувал охридско–битолскиот владика д-р Николај, станал оној длабок одглас што го исполнувал сиот постор на црквата.[679] Мешаниот хор учествувал и во „Неделата на православието", која била во организацијата на Битолското свештенство „св. Ѓорѓи" во неделата од 7/20 март 1932 год., кога се претставил и хорот на Богословијата и кога ја исполнил Мокрањчевата „Њет свјат".[680] На концертот во истата, „Недела на православието" од следната година (февруари 12/25) зел учество заедно со хоровите „Мокрањац", „Рускиот црквен хор", „Детскиот хор на Гимназијата" и богословскиот,[681] кога ги испеал

675. **Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан"**, Вардар, Скопље, 30 април 1933, 7; **Извештај за школску 1931/32 годину**, Српска православна богословија...10

676. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...27

677. Александар Стерјовски, **Битола – Руската колонија,...96**

678. **Извештај за школску 1931/32 годину**, Српска православна богословија...10

679. Љуб. Д. Лазичић, **Божић у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 јануари 1933, 4

680.

681. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија... 12

„Богородицје пријељежно“ и „Господи услиши“ од Архангелски.[682] На „Денот на мајката“ во 1934 год. настапил со „Богословскиот хор“ и со Воената музика на 46 полк, кога имало и театарска претстава, „Венец на славата“, во изведба на драмската секција на училиштето „Св. Сава“, која ја имало подготвено учителската г-ѓа Зора Јанковиќ.[683] Истата година (28 јули) учествувал и на прославата на „Денот на руската слава“, поврзана со одбележувањето на големиот датум поврзан со улогата и значењето на Русија и на кнезот Владимир за словенството и христијанството.[684]

Најпознати и најзапаметени, сепак, му биле самостојните годишни концерти кога го презентирал сиот вокален потенцијал. Таквата практика, за жал, извесен период изостанала,[685] оттаму и оној посебен интерес што се очекувал за годишниот концерт во 1934 год. Истиот, според дневниот печат, требало да биде одржан на вториот ден Божиќ, а програмата требала да биде исполнета со композиции и од домашни и од странски автори, а по концертот, што била практика, се планирало да има и забава, што било уште еден мотив за нетрпеливото исчекување.[686]

Вакви концерти одржал и во 1935[687], и во 1936[688], па и во 1938[689], 1939[690], како и во годината непосредно пред војната, 1940 год.[691]

Покрај во градските цркви и во Богословијата, хоров настапувал и во околните цркви и манастири придонесувајќи и за културното издигнување на тамошното население, кое, инаку, имало сосема ретки прилики за вакви музицирања.[692]

---

682. **Недеља Православља у Битољу**, Вардар, Скопље, 13 фебруар 1933, 3

683.. В. В. **Матерински дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 мај 1934, 6

684. **Извештај за школску 19334/35 годину**, Српска православна богословија... 20

685. Исто

686. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 4 јануар 1934, 13

687. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...26

688. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...52

689. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...24

690. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Српска православна богословија...25

691. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија..11

692. Љ., **Битољска певачка друштва**, Вардар, Скопље, 31 август 1933, 2

Пејачката програма му била богата и разновидна и се состоела од духовни и од световни песни, најмногу од големите мајстори на хорското пеење, а посебно омилени му станале оние кои го обработувале фолклорното наследство од овие краишта.

Хоров имал и своја химна, песната „Слобода", имал и хорско знаме, за разлика од другите, имал и покровител, синот на покојниот крал Александар Караѓорѓевиќ, Томислав.[693]

Работата и настапите не секогаш оделе без проблеми и падови на квалитетот, но тука биле и дежурните судии, граѓанството и печатот. Нивните забелешките најмногу биле поврзани со промената на диригентите и со неакустичните сали. Еден таков пад се случил и на концертот од јануари 1934 год. кога новиот диригент не беше се снашол во материјалот што беше го наследил од својот претходник, па во изведбата беа се јавиле грешки и пропусти, за да биде уште полошо, придонес дала и запарата, чадот и пренатрупаноста во тесната сала.[694]

Се случувало понекогаш редовни негови членови да настапуваат и самостојно. Кога на вториот ден Велигден во салата на Офицерскиот дом се одржала забавата на „Местниот одбор на Југословенската младина" заедно со соколите, кои извеле ритмични вежби, терцетот да му припадне на негови членови, Дим. Димитријевиќ, судија, г-цата Славка Саздовиќ и на Марика Најдовиќ,[695] а песната „Чекање" во една друга прилика повторно ја исполниле Славка Саздовиќ и Марика Павловиќ.[696]

Хоров располагал и со одлични солисти. Во 1934 год. посебно се истакнале, покрај спомнатите г-ците Савка Саздовиќ и Марика Павловиќ и Тодор Тодоровиќ, Јован Зембровиќ и Темистокли Стефановиќ.[697]

За да може работата да се канализира, хорот да стане и привлечно собиралиште за сите што гравитирале околу него, раковод-

693. **Скупштина битољског певачког друштва „Кајмакчалан"**, Вардар, Скопље, 30 април 1933, 7

694. **Концерат „Кајмакчалана" у Битољу**, Вардар, Скопље, 16 јануар 1934, 3

695. **Битољска певачка друштва**, Вардар, Скопље, 21 август 1932, 3

696. **Битољска певачка друштва**, Вардар, Скопље, 21 август 1932, 3

697. **Концерат „Кајмакчалана" у Битољу**, Вардар, Скопље, 16 јануар 1934, 3

ните луѓе решение гледале во подигање сопствен дом, каде тој ќе вежба, каде ќе се одржуваат концерти, во кого членовите ќе се дружат и спријателуваат. Веќе било одредено и место, се наоѓало во централното градско подрачје, покрај улицата „Солунска", а како алтернатива се посочувал и слободниот плац од улицата „Обилиќ". Се чини, барем во почетокот, дека тоа биле само пусти желби без реални покритија, оттаму и молкот на тие до кои било упатено барањето, локалната самоуправа.[698]

Меѓутоа управата на хорот не се предала во својата намера, набргу упатила и друго барање, кога, на големо изненадување, локалната самоуправа известила дека располага со слободен плац покрај Ловечкиот дом со површина од 674,44 метри квадратни по актуелна цена од 30 динари по квадратен метар и е расположена да го оттуѓи и да ѝ го додели на здружениево.[699]

Наскоро, меѓутоа, вриежот на меѓународната политичка сцена ќе отпочне, дослухот ќе пристигне и овде и оваа идеја наполно ќе замре и ќе се фрли во тотален заборав.

Втората светска војна и новата, бугарска власт, означи и негово трајно испраќање во историјата.

## Хорот „Абрашевиќ"

Синдикалното работничко движење во Битола не било без традиција, имало и рани и бележити претходници, а жилав ластер што ќе го претставува најмногу било здружението и хорот „Абрашевиќ". Почетоците му се поврзани со социјалистите на Васил Главинов, кои во Битола имале моќно средиште, успеале да објавуваат и весник („Работническа искра"), врз чии темели ќе се надоврзат и никулците на Комунистичката партија, појавата на Ратко Жуњиќ и неговите следбеници. Сите иднината ја гледале идеализирано, во поправедно и национално и социјално општество, заедница без поделби на класи и омаловажувани народи и поединци, оттаму

698. Книга бр. 64, 10 февруари 1930, т. 31

699. Книга бр. 67, 14 јули 1938, т. 2

нивните клубови да станат не само политички средишта во кои се негувала таа идеја и места за културно–уметничко опуштање.

Оттаму сега сосема е разбирливо зошто Жуњиќ на јавните собири да држи говори и на македонски јазик и да ги подгрејувал таквите идеи, да поттикнува пеење и револуционерни песни и да овозможува прикажување и забранети театарски дела. Неговото движење имало и подмладок, „Иднина", надежно и симболично име.[700]

Врз тие основи, во нови политички прилики, во текот на третата деценија од 20 век, се формираат и две нови битолски работнички здруженија, Уросовиот „Абрашевиќ" и „Здружението на монополските работници" на кои целта им била потполно иста, да ги приберат, да ги организираат и да им дадат надеж на обесправените.[701]

Здруженија со име „Абрашевиќ", инаку, веќе постоеле во Југославија, во Белград го имало уште во 1905 год., наскоро се појавиле и во Ниш, Јагодина, Ваљево, Крагуевац и во други градови, а во Македонија биле и со силна подршка на еден од хорски раководители, Стеван Шијачки.[702]

Основачкото собрание на битолското здружение се случило на 03.12.1932 год. во присуство на поголем број заинтересирани работници од разни структури. За претседател бил изгласан Ристо Вељковски, секретар станал Димитрие Ристиќ, благајник Гане Стевановиќ, а членови во управата влегле Сотир Нумовиќ, Ацко Стојчевиќ и Славно Михајловиќ. Во уметничкиот одбор се нашле Фред Покоп, Сотир Ѓорѓевиќ и Ѓорѓе Линовиќ.

Една од секциите, која почнала да работи скоро веднаш, била театарската и како прва претстава што ја поставила и била изведена во

700. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Революционерната дејност на Ратко Жуниќ во Битола и Битолско**, Зб. **Зборник**, Педагошка академија – Битола, Битола, 1984, 188-189

701. Проф. д-р Трајче Грујовски, **Развојот на народноослободителното движење во Битола и Битолско 1941 и 1942**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942**, книга прва, Општински одобор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ – Битола, Друштво за наука и уметност – Битола, Издавачка дејност „Развиток" – Битола, Битола, 1978, 19

702. М-р Ленче Насев, **Битола и музичките врски меѓу Македонија и Србија,** Во: **Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и ументички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија, Зборник,** Битола, 2014, 247

синдикалното седиште, кое стана и постојан клуб на здружениево, била „Предавник“.[703]

Името на здружениево и на хорот, инаку, поврзано е со гневниот поет на обесправените работници, Коста Абраш, подоцна Абрашевиќ (Охрид, 1879 – Шабац, 1898),[704] кој бегајќи од сиромаштија и политичка несигурност уште како младолетен, заедно со семејството прибежиште беше нашол во Србија, во Шабац. Уште како средношколец се разболел од туберклоза од која и умрел, а како постар гимназист почнал да пишува зрели, социјални песни, кои доживееја посмртно издание („Песни“, 1903) со кои прерасна во вистински *„пролетерски бард и нежен лиричар“,* оставајќи траги не само во книжевноста и во меѓувоеното работничкото движење на тогашната држава.[705]

Наскоро здружениево почна пошироко да се афирмира организирајќи концерти. Еден одржал во месец мај 1934 год.,[706] друг на 22 јуни истата година на кој имало говори, рецитации, хорски песни и театарска претстава.[707]

По повод годишнината од неговото основањето била организирана посета во Прилеп каде бил презентиран дел од неговата културно–уметничка програма, додека по повод „Денот на жената“ на 03.03.1935 год. во Тетарот настап имал Машкиот хор, кога дал и тетарската претстава, „Невини“.[708]

---

703. Д-р Лидија Ѓурковска и д-р Александар Манојловски, **Улогата на работничко-уметничкото друштво „Абрашевиќ“ во Битола во периодот меѓу двете светски војни,** Во: **Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија – Битола, Битола, 2014, 262

704. Охридското карактеристично црвенокосо семејство согра́ганите, според локалните обичаи за избор на прекари и презимиња, беа го нарекле *„Абраш“*

705. **Jugoslovenski knjiŽevni leksikon,** Matica srpska, 1971, 13

706. О., **Концерат Абрашевића у Битољу,** Вардар, Скопље, 5 јуна 1934, 3; Вуком. Ч. Вукомановић, **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 октомбар 1934, 8; Г. **Хорот и дилетанската трупа „Абрашевич“ во минатото**, Братство, бр. 18, првомајски број, Битола, 1946, 7

707. Д-р Лидија Ѓурковска и д-р Александар Манојловски, Цит. статија, 262

708. Исто, 262-263

Заради патријалхалните сфаќања и строгите ограничувања за јавно појавување на жената, хорот подолго време фигурирал само како Машки,[709] но откако почнала да се случува и мека корекцијата во тој однос, бројот му се искачил на околу 70, па се востанови и Мешаниот хор и обата, заедно со тие на „Мокрањац" и „Кајмакчалан", ќе ги испишат најпрекрасните страници на битолското градско хорско пеење.[710]

Машките членови скоро сите биле чираци, калфи, односно млади луѓе без работа, кои правеле обиди слободното време да го пополнат со културно–уметничка дејност. Трипати неделно доаѓале на проби во простории на Урсовите синдикати (подоцна „Југопластика"), првин под диригентската палка на Велко Петровиќ (Паскали), потоа и на Калипсо Налча.

Хоров, инаку, се одвојувал со неколку посебности, првин според изборот на репертоарот, најомилени му станале громките масовки, посебно „Работничката песна", „Марсељезата", „Интернационалата" и уште неколку други слични на нив, кои го поттикнувале револуционерниот дух и се обидувале да ги мобилизираат масите. Драмската секција, пак, оформена наскоро, го следела примеров, па биле изведувани „Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински, „На дното" од М. Горки, „Евреин и каплар", авторска творба на двајца негови членови, Кочо Тромбе и Павле Павлевски, како и други, слични на нив. Една била и „Дактилографка", чиј автор бил Милорад Белиќ.[711]

Стана правило промоцијата на програмата првин да се провери среде членството, па доколку е успешна, да се патува со неа и надвор од градот, најчесто во Прилеп,[712] да се репрезира и на излетите во

709. **Стање певачких друштава у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 мај 1936, 2

710. д-р Вера Весковиќ – Вангели, **Жената од Битола и Битолско во Народноослободителната војна и револуцијата (1941-1942)**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942**, книга прва, 243

711. Д-р Лидија Ѓурковска и д-р Александар Манојловски, Цит. статија, 262

712. Ѓорѓи Димовски – Цолев, **Револуционерната дејност на Ратко Жуниќ во Битола и Битолско**, Зб. **Зборник**, Педагошка академија – Битола, Битола, 1984, 179

## МАШКИОТ ХОР »КОСТА АБРАШЕВИЌ« ОД БИТОЛА

На фотографијава што денеска ја објавуваме е машкиот хор „Абрашевиќ" од Битола, со неговиот диригент, проф. по музика Калипсо Налча, која денеска живее во Скопје.

И покрај тоа што располагаме со сосема малку податоци за неговото формирање и репертоар, сосема е сигурно дека хористите биле големи симпатизери на комунистичкото движење во тогашна Битола. Мнозина од нив зеле активно учество во Народно-ослободителната борба на нашиот народ (1941—1944).



*Хорот „Абрашевиќ" со диригентот Налча*

природа, каде настапите биле и послободни и можело да се пеат и забранетите песни.[713]

Некои од овие активности скопскиот дневен печат „Вардар" ги бележел со внимание и денес претставуваат ценет материјал за неговата интересна, драматична и преполна со настани историја.

713. **Хорот и дилетанската трупа „Абрашевич" во минатото**, Братство, бр. 18, првомајски број, Битола, 1946, 7

Благодарејќи нему, читаме дека во саботата на 30 јуни 1934 год. во Градскиот театар тој дал многу успешен концерт, концептиран предвреме и со однапред спремено сценарио. На бината првин се искачил Борисав Николиќ, кој ја изложил историјата и работата на друштвово, потоа настапил и хорот кој исполнил три точки, од кои најуспешна му била „Уде“ од М. Павловиќ под диригентство на Калипсо Налча.[714]

Во месец октомври истата година, сега во просториите во Работничката комора, за членството и заинтересираните граѓани, драмската секција повторно се претставила со уште еден драмски текст, комедијата „Сомнително лице“ од Б. Нушиќ. Посетата била одлична, таква била и изведбата.[715]

Сеќавањата говорат дека секцијава подготвувала некогаш еднočинки, другпат и целовечерни претстави чии број, како што се тврди, бил околу 50, што е импресивно за аматери, оттаму во отсуство на професионален театар во градот, здружениево некои да го прогласат и за нов градски театар.[716]

Здружениево на 22 декември 1934 год. требало да гостува во Прилеп и за таа цел подолго време го подготвувало својот концерт под раководство на Паскали Петровиќ. Истиот се состоел од хорски песни и театарска претстава, песните биле со мелодика која произлегувала од фолклорното подрачје на Македонија, додека драмскиот текст бил сложениот, тежок и со длабоки пораки, Шилеровите „Разбојници“.[717]

---

714. О., **Концерат Абрашевића у Битољу**, Вардар, Скопље, 5 јули 1934, 3

715. Вук. Ч. Вукомановић, **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 октомбар 1934, 8

716. Ентузијасти и вљубеници во драмската уметност, членови негови, секоја година подготувале и презентирале одреден број драмски текстови, во 1935 год. ја прикажале и популарната „Коштана“ од Б. Станковиќ, но за жал посетата била скромна (В., **Рад битољског дилетанског позоришта**, Вардар, Скопље, 1 јануар 1936, 2). Освежување претставувале посетите на Скопскиот народен театар“, но заради високите цени на влезниците, ретко кој се осмелувал да ужива во неговите настапи (Д. Ђ. Г., **Културни живот Битоља**, Вардар, Скопље, 9 октомбар 1936, 2; **Хорот и дилетантската трупа „Абрашевич“ во миналото,** Братство, г. 1, бр. 18, Битола, Првомајски број од 1946 год„ 7

717. **Битољски „Абрашевић“ гостује у Прилепу**, Вардар, Скопље, 22 декембар 1934, 5

Ваквите активности продолжиле и понатака па по повод „Меѓународниот ден на жената“ 8-ми март во 1936 год., здружениево во театарот приредило концерт, кој имал богата програма, се прочитал првин реферат за неговата историја, потоа следеле и музички и други точки.[718]

Заради својата работа, најмногу заради јавно изразените ставови против власта, постојано бил на тапет и забрани, што не влијаело премногу врз неговата работа.[719]

Досега познати се две негови фотографии, едната ја објави скопскиот весник „Вардар“, втората е на Јелица Тодорчевска објавена во весникот „Нова Македонија“.[720]

Кога во 1936 год. се правела инспекција и се вреднувале активностите и придонесите на пејачките здруженија во Вардарска Бановина, „Абрашевиќ“ било издвоено како едно од најзаслужните на културно поле, успеало да стои и на рамна нога со „Мокрањац“ и „Кајмакчалан“.[721]

Здружениево продолжи да живее и по ослободувањето. На вториот ден Велигден, на 22 април 1946 год., во Офицерскиот дом, во организација на „Месниот одбор на работниците и намесниците“ настапил со својот хор, сега именуван за „синдикален“. Публиката го препознала и го поздравила мошне топло, а во името на организаторот тоа го напрви претседателот на одборот Димитри Грданов.[722]

## „Рускиот духовен хор“

Хорот, кој најмногу се третирал за црковен, кој го оформиле, раководеле и го пополнувале локалните Руси, бил „Рускиот хор“, познат и како „Рускиот духовен хор“. Настапувал во Руската православна црква „Св. Тројца“ во Битола, сосема ретко и во други православни богомоли и на коцерти што се организирале во градот. Бил квали-

718. д-р Вера Весковиќ – Вангели, цит. статија, 244
719. Д-р Лидија Ѓурковска и д-р Александар Манојловски, Цит. статија
720. **Машкиот хор „Коста Абрашевиќ“**, Нова Македонија, Скопје, 17 март 1979, 2
721. **Стање певачких друштава у Јужној Србији**, Вардар, Скопље, 27 маја 1936, 2
722. **Синдикална приредба во Битола,** Братство, г. 1, бр. 17, Битола, 25 април 1946, 2

тетен машки состав, со моќен и неповторлив гласовен потенцијал, благодарејќи на кој многу рано беше присвоил мошне ласкав атрибут за еден од најдобрите машки хорови во градот. Тоа стана основа неговите редовни четврточни настапи во „Руската православна црква“ да имаат масовна посета не само од ревносни христијански верници и од многумина други кои го милувале и се водушевувале од неговиот вид пеење.

Зачетоците веројатно треба да му се бараат и порано, односно во руското одбележување на „Рускиот ден“ во далечната 1913 год. По иницијатива на рускиот конзул Кохмански тогаш се прославувал имenденот на рускиот император Николај Втори со музички настан,[723] но уште повеќе да се поврзуваат и со напливот на Русите емингранти, кои по Првата светска војна беа ја преплавиле Битола и кога настанува енклавата именувана Руска колонија. Наскоро во неа организирани се и „Рускиот клуб“, „Руската билблиотека“, црквата „Света тројца“, како и богат руски културно–забавен живот, вклучително и рускиот хор.

Хоров во јавноста беше се појавил скоро веднаш по Првата светска војна, по сè во 1920 година.[724] Следната, 1921 година, на 14 август, во придружба на Воената музика, во салата на хотелот „Босна“ ја имал и промоцијата со концерт за паметење, не толку заради квалитетната изведба, најмногу заради посебниот пристап кон песната и рускиот или црковно-словенскиот јазик со кој песните биле пеени.[725]

Следи потоа подигање и на Руската црква во 1926 год. и востановување на хоров и неговите презентации. Исполнувал духовна музика со руска интонација, како и дела од познати руски композитори, што било уште една новина и свежина во битолското хорско музицирање. Диригентската палка уште од почетокот и во континуитет се наоѓала во рацете на Руси, посебно на двајца, Сергеј

723. **Имен дан Руског цара**, Општинске новине, г. I, бр. 30, Битољ, 6 децембар 1913, 9

724. Димитар Димитровски – Такец, **Како беше создадена македонската опера,** Битолски весник, Битола, 28 август 1996, 9

725. **Концерат Руса**, Развитак, Битољ, 11 август 1921, 3

Наумов и Николај Карпов, кои се и најзаслужни за неговата извонредна популарност.[726]

Сосема ретко го напуштал омилениот амбиент на својата црква, а меѓу ретките исклучоци е она негово учество во „Неделата на правослвието“ во месец март 1933 год., кога исполнил две хорски песни од Бортњански, „На рјеках вавилонских“ и „Покајнија отверзи ми двери“ кои ги извел со многу голем успех.[727] На истиот празник, сега на 12/25 февруари 1934 год., учествувал и во друг концерт, заедно уште со неколку други хорови сега во салата на Богословијата.[728]

Во истата сала на 28 јули 1934 год. на „Денот на големиот свет кнез Владимир“ („Денот на руската слава“) настапил заедно со Југословенско–руският хор“ и „Кајмакчалан“ кога имало и популарно предавање за рускиот кнез од владиката Николај.[729]

Во 1936 год., сосема очекувано, бил ангажиран и при осветувањето на споменикот подигнат во чест на убиениот руски конзул во Битола Александар Аркадиевич Ростковски.[730]

## Хорот „Георги Сугарев“

Хорот „Георги Сугарев“ оформен е на 16 номври 1941 год. и уште од стартот беше го искористил хорскиот потенцијал што веќе постоел во Битола. На прво место ги привлекол хористите од „Мокрањац“ зашто биле третирани за генимаалци, како и тој,[731] но зачленил хористи и од „Кајмакчалан“ кои биле во пријателски врски со генимаалци. Најголема заслуга за неговото настанување сепак имал бугарскиот

726. Александар Стерјовски, **Битола – Руската колонија**...95

727. **Недеља Православља у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 1933, 3

728. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...12

729. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...20

730. **Његова светост патријарх Варнава на Српском југу, Прилеп–Битољ**, 1937, 12

731. Историски архив – Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев“ – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.1/14

Народен универзитет познат со името „Труд и радост“ во кого биле формирани и други културно-уметнички здруженија.[732]

Скоро веднаш околу себе обединил 80-на работници кои на хорските проби доаѓале вон работното време, односно во вечерните часови,[733] дека во работата владеела строга дисциплина и одлична колективна солидарност, односно дека бил „*жив организам со специфичен внатрешен живот*“.[734]

За прв негов претседател бил назначен Христо Светиев, докажан бугарифил, а почесни и доживотни претседатели станале митрополитот Филарет и кметот Ил. Ненчев. Како знак на благодарност тие, пак, во касата на хорот донирале, првиот 3.000, вториот 1.000 лева, а презадоволниот митрополитот испратил и лично писмо до Светиев за честа.[735]

Со хорот, кој бил од мешан состав, од почетокот до крајот на неговото постоење, раководел Тодор Скалов (Скаловски), учител по пеење во „Битолската мешаната гимназија“. Работата навистина му била наплатувана, изнесувала 1.200 лева месечно,[736] но заради самопрегорот што го внесувал, кон тоа и одличен педагот и тактичен, станал и вистинска негова душа.[737]

Само што се акомодирал и почнал со сериозна работа, објавил дека ја напушта Битола и дека заминува за Скопје на друго работно место, кое предизвикало нескриена искрена жал. И покрај тоа, членовите на хорот решиле да го испратат со добра мисла, дури и со прошталнa вечера, која ја организирале на 18 ноември 1942 год., која,

732. Галена Куцуловска, **Бугарската окупаторска власт во Битола и Битолско 1941-1942 и средствата за пропаганда во системот на власта**, Во: НОБ во Битола, кн. 1, 339

733. **Хоротъ Георги Сугаревъ**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 110. 4 априлъ 1944, 4

734. Т. Г. Крайничанецъ, **Хорътъ „Георги Сугарев“**, Пелистерско ехо, Битоля. бр. 7. 14 февруарий 1942, 4

735. **Едно писмо на Филарет**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 5, 31 януарий 1942, 3 и 4, Исто, бр. 6, 4

736. Историски архив – Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев“ – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.2/17

737. **Вести и съобщения**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 71, 6 Юлий 1943, 4



**ХОРЪТЪ „ГЕОРГИ СУГАРЕВЪ“ ВЪ БИТОЛЯ**

**По случай днешниятъ му концертъ-балъ**

Хоровото пѣние е най-демократическото, най-социялно и най-близко до широката публика музициране. Хоровото пѣние не е лична, а колективна духовна дейность.

Какво създаде народниятъ пѣвчески хоръ „Георги Сугаревъ“? Задължението за задружно пѣние, една общность за задоволство и съзнание да постигнатъ музикални художествени резултати. Хорътъ създаде една особена духовна връзка, за провежкува красотитѣ на българската народна пѣсень.

Битолската младежь организирана въ пѣвчески хоръ „Георги Сугаревъ“ изпълнява една доброволна повинность, съ една небивала енергия и ентусиазъмъ съ цената на много жертви и усилия.

Всѣка подкрепа дадена на хорътъ е приносъ за културното издигане на Битоля. Прочие да подкрепимъ пѣвческото дѣло въ Битоля.

Т. Г. Крайничанецъ

*Новинарски запис како е создаден хоров*

очекувано, протекла со премногу емоции и со бескрајни благопожелби.[738]

Хорот во меѓувреме го презел и со него почнал да работи нов диригент, Конст. В. Минев, но откако Скалов во Скопје не успеал да ги разреши есенцијалните прашања околу престојот и работата, непланирано и скоро веднаш се вратил во Битола и повтгорно го презел старото место во хорот.

Наскоро на челното место дошло до промени, кое било извршено на првото годишно собрание одржано на 12 октомври 1942 год., кога на тоа место бил избран Славчо Чичев, директор на Б. З. и К. банка,[739] кому, за да му ја олеснат работата и да се разрешат дел од болните материјални проблеми, неколкумина од власта решиле и тие да се вклучат во управните тела и да го потпомагаат колку што можат, ако треба и со лични средства, па Антон Козаров, обласниот директор вложил 3.000 лева, колку и полковникот Иван Маринов, додека битолчанецот Спас Темелков, кој живеел и работел во Софија, тоа го направил со 10.000 лева донација.[740]

[738] Историски архив – Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев“ – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.2/12-13; **Хора „Георги Сугарев,** Пелистерско ехо, Битоля, бр. 47, 21 ноеврий 1942, 4

[739] Историски архив – Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев“ – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.2/10-11

[740] **Ново управнително тело на битолския певчески хоръ „Георги Сугарев“**, ,Пелистерско ехо, Битоля. бр. 43, 24 октомврий 1942, 2

Како единствен градски хор бил вклучен скоро во секоја поголема културна градска или друга манифестација, од каде се влечеле понекогаш и одредени средства. Во неговиот статут, донесен на денот на основањето, децидно стои дека материјално ќе се обезбедува од концерти и од други извори,[741] па од вечеринката одржана на 21 март 1942 год. биле добиени 2.669 лева, кои веднаш биле испратени како солидарна и ургетна помош за настраданите од поплавата во градот Видин,[742] додека средствата од концертот одржан во декември истата година во салата на Подофицерскиот клуб, биле наменети за т.н. „зимската помош", така што за хоров не останувале многу,[743] но, за среќа, пак, некој се сети на средствата што беа останати в банка од хорот „Кајмакчалан" па веднаш биле префрлени на сметката на овој хор, со што нешто е корегирало со горливиот проблем.[744]

Настапувал на свои концерти, но и во други прилики кога го повикувале.

Така, при одбележувањето на едногодишницата од смртта на двајцата германски војници настрадани при влегувањето во Битола, на местото на нивниот закоп (дворот на денешното Економското училиште), хорот ја испеа наменската песна „Покојници".[745] Учествувал и на концертот од 9 мај 1942 год. во салата на „Јунашкиот клуб" (Соколаната),[746] потоа и во тој од крајот на јуни 1942 год.,[747] како и следниот месец во кино „Б'лгарија" (по ослободувањето кино „Македонија").[748] Во истата сала го одржал и својот концерт од

741. Историски архив – Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев" – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.2/1-4

742. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 12, Битоля, 21 мартъ 1942, 4

743. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 50, Битоля, 12 декемврий 1942, 4

744. Историски архив-Битола, Фонд: **Народен пеачки хор „Георги Сугарев" – 1941-1944 – Битола,** 2.583.1.2/12-13

745. **Незаборавими дни въ Битоля,** Пелистерско ехо, год. 1, бр. 16, Битоля, 18 април-1942, 1

746. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 18, Битоля, 2 май 1942, 4

747. Т. К., **Предъ концерта на певческия хоръ „Георги Сугаревъ",** Пелистерско ехо, бр. г. 1, бр. 26, Битоля, 27 Юний 1942, 4

748. **Концерътъ на хорътъ „Георги Сугаревъ,** Пелистерско ехо, г. 1, бр. 29, Битоля, 18 Юлий 1942, 4 -

28 јуни истата година, кога биле презентирани бугарските хорски композитори, меѓу другите и Д. Христов, П. Стојанов, А. Морфов, Шекерџиев, Ведел и др. Кулминација во овој концерт претставувала хорската композиција од самиот диригентот, озоглавена за „Македонска хумореска бр. 2", која била наградена со овации.[749]

Вакви настапи имал и во 1943 год.

Концертот од 13 јануари во салата на Театарот пред предавањето од обласниот училишен инспектор Коста Црнушанов за преродбенецот Р. Жинзифов, бил некаков негов музички вовед.[750] Истиот месец и истата година била испланирана и *„зимската спомагателна акција"* за бедните битолчани поврзана со божиќните празници, кое требало да биде некакво литературно-музичко утро, со воведна реч на кметот Христо Светиев, а во кое учество зедоа и децата од „Обласното сиропиталиште", а главен настан сепак требало да биде богатата програма на овој хор.[751]

Истата година многу сериозно се подготвувал и за концертот што требало да се одржи кон средината на летото, а на кој требало да се презентираат хорски творби од познати домашни и странски композитори, но сега под диригенство на претходниот диригент, Конст. В. Милев.[752]

Исклучив настан и за хоров и за неговите 80 члена, но и за градот, бил духовниот концертот организиран под покровителство на митрополитот Филарет. Се одржал во крајот на март 1944 год. во „Обласниот театар". Како и обично, првин се исполниле двете химни, следувало обраќање на кметот д-р Константин Робев, па воведното предавање на тема „Идеал и реалност" од протосинтелот и еромонахот Генадиј, по што продолжила и богатата програма, која била ислушана, како што открива хроничарот, со *„голема наслада"*.

749. Златанъ Танчевъ, **Концерътъ на хорътъ „Георги Сугаревъ,** Пелистерско ехо, г. 1, бр. 29, 18 Юлий 1942, 4 18

750. **Съобщения и новини**, Пелистерско ехо, бр. 55, Битоля, 16 януарий 1943, 4

751. **Зимната помощна акция въ Битоля,** Пелистерско ехо, год. 2, бр. 94, Битоля,14 декемврий 1943, 1

752. **Вести и съобщения,** Пелистерско ехо, г. 2, бр. 71, Битоля, 6 Юлий 1943, 4

Презадоволната и восхитена публика и хористите и диригентот Т. Скалов ги наградила со френетички ракоплескања.[753]

Хорот имал гостувања и надвор од Битола, едно било и во Софија, другите низ околните градови и села.

За сето време додека во градот била бугарската власт и се правеле напори да се организира уште некој друг ваков состав, со еден и се успеа, го добил името „Пелистер". Почнал да работи, но, за жал, не забележал некој позабележителен успех, оттаму да не остави траги зад себе.[754]

## Хорски пројави низ младински, спортски и работни организации

Со зголемување бројот училишта, како и нивниот вертикален растеж на грчки јазик, во втората половина од 19 век видливо се збогати и интересот кај младите за зачленување во најразноразни здруженија, особено за театар, спорт и музика. Последново, кое го понело името „Филхармонично здружение", членувале младинци од повидните прогрчки семејства, а негов прв раководител стана Орпис, едуциран музички стручњак дојден од Солун, кој, како што се тврди, вложил голем труд за едукација на членството и токму со него тоа постигнало најдобри резултати. Не само што се презентирало во градот, посети правело и низ поблиските села, една, особено забележителна се одржала во 1902 год. во селото Брусник.[755]

Слични зафати, покрај во прогрчката, се правеле и во егзархиската средина. Швајцарецот Даниел Бланшуд во 1909 год. бил специјално поканет да дојде во Битола и да помогне за формирање градско спортско здружение. Дошол, се зафатил со ангажирана ра-

753. **Духовенъ концертъ на хорътъ „Георги Сугаревъ",** Пелистерско ехо, г. трета, Битоля, 4 априлъ 1944, 4

754. Галена Куцуловска, **Бугарската окупаторска влст во Битола и Битолско 1941-1942 и средствата за пропаганда во системот на власта**, Во: **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942,** книга прва, *342).*

755. Пандели Цали, **Страници од македонската борба,** Солун, 1932 (машинопис, превод од грчки јазик, сопственост на Завод и музеј – Битола, 29

бота и успеал да го оформи познатото здружение „Пелистерски јунак“. Поаѓајќи од римскиот лозунг „Во здраво тело здрав и дух“, инсистирал да се востановат и секции поврзани со културата и уметноста, па биле организирани една за оркестар, другите за хор и театар. За да биде нивната работа редовна и успешна, истите добиле и лица што ќе раководат со нив, учителот Иван Василев станал задолжен за за музиката, Васил Младенов за хорот, а Јордан Бадев раководел со секцијата за театарот, додека Никола Јанашлиев станал диригент.[756]

По прекинот со работата заради војните и забраните од српската власт во меѓувоениот период, „Пелистерски јунак“ со активности ќе отпочне повторно во 1941 год., кога ќе проработат и секциите за спорт и хор, кои учествувале и на разни градски културни манифестации.[757]Хоров, како што се тврди, *„земал учество во разни културни манифестации“*, бил присутен и на големиот јуначки собор што се одржа во 1943 год. во Битола, кога настапиле и спортски здруженија од цела Бугарија.[758]

Како и во сите поголеми градови каде се обработувал тутунот, и во Битола во 1930 год. била оформена „Станица за откуп и преработка тутун“. Била тоа трикатна зграда на влезот од градот, која набргу добила и неколку помали за заокружување на технолошкиот процес. Обидувајќи се да им го олесни мачниот живот на 400 редовно вработени лица[759] (800 во сезоната),[760] управителот Милутин Кажиќ организирал речиси бесплатна кујна (1 динар оброк), околината ја облагородил со дрвја и цвеќиња, се обидел да го збогати и нивниот живот со културни содржини, формирајќи пејачка и драмска секција. Со хорот, кој броел 50-на членови, раководел познатиот музички работник, Русинот Глигор Карпов, кој пробите ги одржувал речиси секој ден, оттаму и успесите што се пристигнале. Во месец март 1933 год.

756. Александар Стерјовски, **Битола – Спорт,** 66

757. **Големъ Юнашки съборъ въ Битоля,** Пелистерско ехо, година прва, бр. 8, Битоля, 29 февруарий 1942, 1

758. **Големъ Юнашки съборъ въ Битоля,** Пелистерско ехо, г. 1, бр. 8, Битоля, 31 февруарий 1943, 1

759. Цеко Стефановић, **По Вардарској Бановини**, Вардар, Скопље, 13 априла 1933, 11

760. Т. Л., **Дуванска станица у Битољу**, Вардар, Скопље, 25 мај 1933, 6




*Концертот на монополските работници*

интезивно се подготвувал и за првиот концерт, чиј приход предвреме бил испланиран да влезе во работничкиот фонд.[761]

Концертот бил одржан на големиот празник Ѓурѓовден (празник на монополските работници) кое на настапот му дал и посебно значење, а хорот исполнл неколку народни песни од овој крај, кое уште повеќе предизвика внимание. Коментарот на новинарот што го следел концертов, гласел: „*Впечатокот што се понесе од нивниот концедрт е таков, да човек никогаш не би помислил дека тоа се луѓе обични работница на кои мирисот на тутунот им го опијанува мозокот и градите, туку напротив, дека тоа е клуб на млади и безгрижни луѓе*“.[762]

Дали ваквите активности продолжиле и по доаѓањето на новата, бугарската власт ќе треба да се истражува.[763]

Машки хор имало и здружението „Битолските геометри“. Многумина биле невработени, а вработените, со желба да им помогнат, скоро секоја година организирале забави и добиените средства им ги пренаменувале ним.

---

761. **Монополско певачко друштво у Битољу**, Вардар, Скопље, 3 марта 1933, 3

762. Т. Л., **Дуванска станица у Битољу**, Вардар, Скопље, 25 маја 1933, 6

763. **Собщения и новини**, Пелистерско ехо, бр. 54, Битоля, 9 януарий 1943, 4

Една таква забава организирале на 8 јануари 1932 год., иста таква се планирало и за 1933 год.[764] Првата, како и останатите, не била само забава, била вистински културно-забавен собир со многу точки. Првин собирот го поздрави геометарот Г. Миљаниќ, потоа отпочнала и програмата, при што хорот, кој го подготвувал свештеникот Р. Павловиќ, ги исполни песните „Малку јас, малку ти“ од Шпољар, „Зготвив вечерка“ од Лотка, па и Биничката „Селанчичка“ бр. 6, а од Мокрањац неговата 11 руковет. Имало и соло песни, Русите геометри потоа играле козачки игри и малорускиот „казачок“, како и свирење на цитра, на крајот сето тоа за да заврши и со игранка и да се прибре солиден материјален приход.[765]

Има податоци дека хор имало и во С. К. „Единство“, дека во 1937 год. настапил на заеднички концерт со хорот „Кајмакчалан“,[766] но, за жал, други податоци отсуствуваат.

Во средината на 1940 год., во просториите на црквата „Св. Богородица“, каде што бил сместен Духовниот суд, бил оформен и Работнички клуб во кого имало библиотека, читална, има несигурни податоци дека работел и хор.[767]

Работнички хорови се организирале и за време бугарската окупација, еден имал и здружението „Труд и радост“, каков што имале и браниците. Непосредно по ослободувањето хор оформиле и Власите. На вториот ден Божик во 1946 год. организирале приредба со скромна музичко–литерарна програма, на која се рецитирале стихови од познатите влашки поети Бацарија и Коста Белемаче, имало и хорска нумера инспирирана од лирска песна од творештвото од Белемаче „Димандоре п’ринтааст“ („Родителска порака“), напишана во далечната 1885 год.[768]

764. **Битољски геометри за незапослене,** Вардар, Скопље,1933, 3

765. **Забаве у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 јануар 1933, 3

766. **Једна успела спортска забава у Битољу,** Нови сјај, бр. 33, Битољ, јануар-фебруар 1937, 2

767. Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, Збирка на издвоени документи, кутија 1 (трета категорија), л. 87

768. **Битолските Власи ја дадоја својата културна приредба,** Нова Македонија, Скопје, 12 јануари 1946, 2

## Првично претставување воени хорови

Битолчани на 14 јануари 1913 год. доживеале настан што бил за паметење, хорско претставување на воен хор од увежбани машки гласови, кој му припаѓал на српската војска која учествувала во освојувањето на Битола во Првата балканска војна. Се претставил во црквени услови и на нов празник, „Денот на св. Сава“.

Истото се случи во катедралната „Св. Димитрија“, во т. н. *„Грчка црква“*. Денот бил пазарен, оттаму и бројна посета, меѓу ним и рускиот и англискиот конзул. Сите биле најсвечено облечени и најубаво расположени, а централна личност за цело време, кон кого сите погледи биле упатени, бил генералот кој командувал со војската што го освоила градот.

Богослужбата течела на три јазици, српски, грчки и бугарски од тројца богослужители на три посебни цркви, нешто како предвесници на нови времиња, една дотогаш недоживеана, восхитувачка сцена, можна само во потајните желби на визионери во обединета и национално незатруена Европа. На пеењето на грчкиот митрополит Г. Хрисостома на грчки јазик, на српски јазик одговарал воениот прота Г. Милојевиќ, а одглас на обајцата им давал српскиот Воен хор.

Митрополитот Хрисостома служел долго и достојанствено, а протата со својот благ глас го дополнувал со словенско читање на божјиот текст, додека хорот со *„своето складно пеење будеше чувства на побожност и восхит: оној војник кој така лавовски се бореше низ битолските полиња, еве сега смирено го моли господ и со своите уметнички песни да го слави светецот. Војник и уметник во исто време!“*, ќе регистрира хроничарот на овој крајно необичниов настан.

Бугарскиот митрополит ја окончал богослужбата со говор полн со срце. После него говорел и српскиот прота, два говора на два јазика на два народа, закоравени дотогаш со омраза, кои сега ги споил српскиот светец, кои како знак на помирување си поддадоа раце и се бакнаа.

По богослужбата поголемиот број присутни заминале во српската школа каде, во присуство на многу народ, воени лица и рускиот конзул, продолжила свечноста со свирење на сојузничките

химни и химната на рускиот народ,[769] а за посебното расположение на присутните придонес дале воените музики на II и III пешадиски полк и двата воени хора што ги подготовувал капелникот П. Ивановиќ.[770]

769. **Свети Сава у Битољу**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битола, 20 јануар 1913, 1

770. **Извештај Одбора за Св. Савску прославу у Битољу**, Општинске новине, г. I, бр. 5, Битољ, 3 фебруар 1913, 5

# Оркестри

## Воени

### Рани османлиски воени оркестри

Првиот османски воен оркестар наречен „Мехтерхане“ потекнувал од времето на основачот на османската династија Осман Први и бил дар од султанот Алаеддин од Коња, кој потекмнувал од династијата на Селџуците. Свирел во султанскиот дворец по икиндија, по третата молитва и се состоел од барабан, тимпан и обои, се збогатил со уште 8 свирачи на цимбали, од кои еден бил предводник, а имало и свирачи на мали тапани. Следувало и надополнување и со 9 чауши со ѕвончиња и прачки, предводени од башчаушот на јаничарскиот подмладок (аџамиогланите), па севкупен број му броел 64 исполнители. Имал и диригент, мехтербаши, чие место било на челото, но и тој бил дел од иструменталниот состав, свирел на вид кларинет. Задачата му била да е дел од церемониите при приемите кај големиот везир или кај други високи воени личности и додека траел настапот, во делот на интервалот меѓу едната и другата мелодија, се вклучувале и чаушите со своите ѕвончиња и прачките, кои од ударите едни врз други произведувале дополнителни вибрации, дополнети и со продорните извици „Аллахи“.[771]

771. **Румелийски делници и празници от 18 век**, 127



*Музички инструменти за османлиски воен оркестар*

Во воени услови оркестриве секогаш биле во првите борбени редови, особено при опсадите или фронталните напади кога требало да го крепат и подигаат борбениот дух кај своите, а да сеат страв и паника кај непријателот.[772] Јаничарот Константин (15 век) се сеќава дека при освојувањето на Константинопол учествувале многу вакви оркестри, кои заедно со продорните извици што ги создавале освојувачите, се добивала звучна експлозија *„како земјата да се тресе или громови да удираат“*.[773] Истата улога ја имале и при префрлањето на бродовите преку ридот до Златниот Рог кога се разрешил и исходот од историскиот судир и освојувањето на византиската престолнина.

Слична улога имал и секој друг воен оркестар и во воените бродови не само во османлиската и во армиите на другите народи.[774] Забележано е дека воениот оркестар на австриската војска во 1689 год. при освојувањето на Скопје (26 и 27 октомври), додека пламените

772. Исто

773. Константин Михаиловић из Островице, **Јаничарове успомене или Турска хроника**, Предговор, превод и напомене Д-р Ђорђе Живановић, Просвета, Београд, 1966, 170, 180

774. **Балканот во делата на странските патописци, 1664-1779**, 249

јазици го голтале градот, а генералот Пиколомини од блискиот рид го набљудувал тоа, за цело време тој го свирел победничкиот рефрен.[775]

Местото на османлиската воена музика на парадите кога се претставувале воените и другите структури пред султанот ѝ било во предниот ешалон, од што произлегува и големото значење што ѝ се придавало. Понекогаш добивале и подруга намена, Омер паша, големиот османлиски заповедник кој војувал и против Русите, ѝ беше наредил на воената музика да ја научи „Марсељезата“ и за цело време да ја свири додека траел судирот, најмногу за да ги дразни.[776]

Во мирновременски прилики добивале и мирновременски задолженија. Воениот оркестар на султанот кој броел 150 свирачи, во 1547 год. бил задолжен да го одредува вечерното време во градот, се огласувал во два часот по полноќ, по што никој не смеел да излезе од својот дом, се огласувал и наутро еден час пред изгрејсонце за да означи и дека забраната веќе престанала.

Дел од овие оркестари располагале со толку големи барабани што издржливите камили одвај можеле да ги носат и во случаи кога врз себе имале само еден, а кога ќе се употребеле сите, како што забележале современиците, треперела и земјата.[777]

Сосема природно и очекувано било да бидат учесници и на разните паради, на свеченостите на градските или еснафските манифестации. Во Солун во крајот на 18 век еден од нив цели 15 дена ги известувал еснафлии и повидните граѓани за свечесноста што требало да се случи со прогласувањето на новите мајстори на занаетот, настапил и на денот на нивната промоција надвор од градот.[778]

Стандарден обичај станало ценетиот гостин или видните личности со вакви оркестри, не само да се пречекаат надвор од гра-

[775]. **Собрани четива за историјата на македонскиот народ**, Составил Љубен Лапе, Скопје, 1951, 190

[776]. **Балканот во делата на странските патописци, 1664-1779**, 205

[777]. **Балканот во делата на странските патописци, 1402-1657**, 86

[778]. **Френски пътеписи за Балканите 15-18**, 371

дот, а и да се испратат. Такво нешто во 1658 год. доживеала групата европејци при напуштањето на Рача на пат за Митровица.[779]

Многу често биле вклучени и во одбележувањата и на муслиманските празници, најмногу на Бајрам. Полноќниот час, кој бил толку битен за верниците, покрај од муезимите, се огласувал и со оркестри.[780] Не само што притоа била ангажирана оваа музика, исто така, и месни цивилни музички групи, кои заеднички трештејќи низ улиците и маалите, ја надополнувале сеопштата какафонија, збогатена и со пукот од многубројното лично вооружување.[781]



*Османлиски воен оркестар (Едгард Ревихом, 1483)*

Составот на ваквиот оркестар зависел од големината на воената единица, онаа што ја водел пашата имала седум свирачи на шалмои, качени на коњи, потоа тапанџии, исто така, качени на коњи, двајца

779. Милан Мирковић, **Један француски путописац у нашој земљи 1658**, Гласник историског друштва кн. 7, Нови Сад, 313

780. **Румелийски делници и празници...**, 227

781. **Македонија во делата на странските патописци, 1864-1874**, 135

други со помали тапани и тие качени на коњи, пет трубачи и двајца кои чукале на чинии.[782]

Сето тоа е само дел од раната историја на османлиските воени оркестри.

## Битолски османлиски воени оркестри

Многу рано и многу многу често низ Битола врвеле или престојувале големи османлиски воени состави, кои ја имале за попатна станица. Многу султани, исто така, заедно со војската, во неа се одморале чекајќи промена на временските прилики (османлиската војска не војувала во доцна есен или во зима). Султанот Селим во (1512-1520) зимата од 1518/1519 година во неа ја поминал заедно со 3.000 коњаници,[783] во 1820 год. била стационар за бројка од над 30.000 војници,[784] во 1856 год. повторно била одморалиште за 20.000 војници,[785] а сите тие биле екипирани со една или со неколку вакви воени оркестри.

Битола, почнувајќи од првите години на 18 век, станува седиште на Румелискиот ејалет, во кого била сместена бројна војска и голем офицерски апарат.[786] По краткотрајното негово гаснење, почнувјќи од 1751 год., повторно го добила истото значење со сите одлики, кое ќе потрае скоро половина век.

Од Битола во 1768 год., како од голем воен стационар, со бројка меѓу 50-100.000 војници, се презела воена акција против Венецијанците[787] и колку, притоа, воени оркестри овде беа се нашле, може само да се претпостави.

782. **Балканот во делата на странските патописци во времето на турското владеење (јаничари, хареми, робови)**, 2, **1664-1779,** 205

783. **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1777,** 92

784. **Турски документи за македонската историја**, 4, **1818-1827,** 71

785. **Извештај на францускиот вице–конзул Белег де Буга**...45

786. Драги Георгиев, **Битола и Битолскиот вилает средината на 19 век,** Во: **Ataturk ve Manastir, Bitola i Kemal Ataturk, Sempoziumu,** Gazi universitest, Ankara, Sv. Kliment ohridski universitesi/Bitola, Manastir – Bitola, 1998, 38

787. **Македонија во делата на странските патописци**, **1778-1826,** 166

Кога во 19 век, по кој знае кој пат станува воен центар, да се чујат звуци на воени оркестри низ градот станало обично катадневие. Познато е дека на еден од нив му бил одреден и наменски објект (конак) кој во 1803 год. бил темелно реновиран и оспособен за подог смештај за цена од 100 гроша,[788] додека киријата за 6 месеци што се плаќала претходно изнесувала високи 15 гроша, од што може да се заклучува дека бил и голем и простран.[789]

Кога дел од битолските бегови во 1809 год. заминувале во воен поход против српските востаници, истите од градот биле испратени од бројни загрижени граѓани, од воениот штаб, како и од Воениот оркестар, кој на настанов му придодал и посебен белег, за што бил и награден со 103 1/2 гроша.[790]

Ами Буе при посетата на Валијатскиот сарај забележал дека Воената музика на везирот во валијатскиот двор за цело време „тресеше", вежбајќи ја својата професионална задача.[791]

Ваковиот оркестар бил дел и од големата воена единица што била стационирана во 1850 год. во Довлеџик.[792] Кога, пак, во 1856 год. Англичанецот Едвард Мани бил пречекан во Битола, истото било направено и со воена музика,[793] а кога во 1858 год. се проширувал патот Битола–Солун и кога ангажманот станал општоградски, а работниот елан спласнувал, повикан бил оркестарот на војската да помогне.[794] Со истата задача и на истиот пат, истиот оркестар повторно учествувал и во 1865 год.[795]

Воената музика била неизбежниот учесник и во бројните одбележувања на значајни државни и други датуми и во Битола. При

788. **Турски документиза македонската иисторија**, 2, **1803-1808,** 15

789. Исто, 18

790. **Турски документи за македонската историја**, 3, **1809-1817,** 21

791. **Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849,** 244

792. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 24

793. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 125

794. **Цареградски вестникъ**, бр. 389, 26 јули 1858

795. **Македонија во делата на странските патописци**, **1864-1874,** 38

устоличувањето на султанот Абдул Азис Хан во 1862 год., градот ечел од највисоките акорди на *„царските музики“*.[796]

И во првата деценија на 20 век, ги имало најмалку две, обете на 1 септември 1908 год. присутни биле на првата официјална посета на бугарска делегација на Железничката станица и дале придонес во свечениот пречек, па на чело долгата поворка од граѓани и други, свирејќи арапски маршеви, повремено и омилената „Марсељезата“, пристигнале во Битола.[797]

Зависно од приликите, истата се преобразила и во музика за кафеанско расположение. Исполнувајќи ја повторно „Марсељезата“ и уште неколку арапски маршеви, секој гостин поединечно и бучно го доиспратувала до станот што му бил одреден за престој.[798]

За време прогласувањето на Хуриетот, првин на 11 јули 1908 год. Воената музика пристигнала во дворот на црквата „Св. Богородица“, од каде поведе броен народ по Широк Сокак до Валијатската порта, а другиот ден, истото го направи и со востаниците кои доаѓааа од планини, водејќи ги од Девеани до градот.[799]

Во парадна униформа, според филмските записи на браќата Манаки, Воената музика марширала на чело и на колоритната поворка од бројни здруженија од Битола што сакале да го видат и да му изразат почит на султанот Решад во 1911 год., кој седнат на прозорецот од резиденцијата со внимание ги следел отпоздравувајќи им.

## Српски воени оркестри

16-от пешадиски полк, стациониран во Битола, покрај хор, во 1913 год. имал и Воен оркестар, кој беше го понел името на рускиот император „Николај Втори“. Учествувал во бројни културни манифестации, станал дел и од битолското културно живеење, непишано правило било и да не може да има пречек на гости, да има забава или градска манифестација, а тој да не биде дел од сето тоа. На прославата

796. **България**, бр. 12, 2 јули 1862

797. Петръ Завоевъ, **Писма отъ Македония**, 127

798. Петръ Завоевъ, Цит. дело, 128-129

799. Тома Николов, **Спомени от моето минало...,**265, 258

на големиот празник посветен на св. Сава на 14 јануари 1913 год., одржана во големата сала на Гимназијата, првин ги отсвирил химните на сојузничкиот протекторат и руската, па потоа длабоко во ноќта ја загревал атмосферата со народни ора.[800] На 6 ноември истата година ја предводел и масовната поворка од граѓани кон времениот дом на претстолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ, кој беше дошол по повод едногодишницата од влегувањето на српската војска во градот.[801]

При пречекот на Академското пејачко друштво „Обилиќ“ од Белград во 1914 год., покрај голем број граѓани и ученици од сите возрасти и училишта, учествувале и два оркестра, оркестарот на учениците на Романскиот лицеј и спомнатиов оркестар. Првин и тука ја исполнил националната химна „Ој Словени“, поздравувајќи ги белграѓаните, потоа, заедно со другиот оркестар, ги предводел и гостите и граѓаните до центарот на градот.[802]

Во Битола по Првата светска војна беше се стационирал 46-от пешадиски полк, кому му бил придоделен и 29-от артилертиски полк, па обата имале оформено поголема воена формација.[803] Заеднички имале Воен окрестар, именуван за „Оркестарот на 46-от пешадиски полк“, кој располагал и со симфониски оркестар, па прераснал во ценет дел од севкупниот музички амбиент на градот.[804]

Оркестаров често бил предводник на маршевите, бил на Железничката станица и на другите места кога се пречекувале групи или поединци на кои требало да им се оддаде почит, се појавувал и на добротворни и другите забави, му се препишуваат и бројни целовечерни концерти на кои настапувал со богат репертоар.

При повторното доаѓање на Академското друштво „Обилиќ“ на 14 јули 1923 год. учествувал и сега во масовниот бучен пречек. Нај прво, во познатата крајдрагорска кафеана „Каваци“, каде била сред-

800. **Свети Сава у Битољу**, Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 1

801. **Наше славље**, Општинске новине, г. 1, бр. 29, Битољ, 20 ноемвар 1913, 3

802. **„Обилић“ у Битољу**, Општинске новине, г. 2, бр. 46, Битољ, 2 мај 1914, 2-4

803. Проф. д-р Трајче Грујовски, **Развојот на нартодноослободителното движење во Битола и Битолско 1941 и 1942 година**, НОВ, 1, 20

804. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православлвна богословија... 28

бата, го исвири познатиот „Поздрав", наменет за белграѓаните, потоа водејќи ја поворката низ улиците, свирел маршеви и гостите не ги напуштал сѐ додека не ги доиспратил до домовите во кои биле сместени, бил и на Тумбе Кафе, каде се одржал и свечениот ручек.[805]

Следат и други, слични активности. Во 1933 год. ја предводел групата офицери, соколи и граѓани кои учествувале во носењето бадник, обиколувајќи ги главните улици до Офицерскиот дом, каде бадникот бил ставен во претходно запалниот оган. Бројните ора што настанаа потем му припаднаа нему.[806]

Кога на 20 мај 1933 год. во Битола пристигна група љубљански службеници, пречекот на Железничката станица повторно го имал тој.[807] На 28 мај 1933 год. на чело на поголема поворка организирана од управата на Трезвената младина, која врвела по позначајните улици и која се растурила пред Офицерскиот дом, повторно ја предводел.[808] На големата прослава во 1933 год., организирана по повод влегувањето на српската војска во Битола, а по свечената богослужба во црквата „Св. Димитрија", на челното место од маса народ и видни граѓани водении низ поважните улици, се наоѓал овој оркестар.[809] Таква улога имал и во 1936 год. кога во Битола пристигнале и француските ветерани од Првата светска војна[810] итн.

Бил неодминлив и на забавите.

Музичкиот дел од забавата на друштвото „Српска мајка" во почетокот на февруари 1932 год. му припадна нему.[811] За иста таква забава од 11 февруари 1933 год., чиј организатор бил „Црвениот крст",

805. **Академско певачко друштво „Обилић" у Битољу**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 24, Битољ, 19 јули 1923, 1-2

806. Љуб. Д. Лазичић, **Божић у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 јануар 1933, 4

807. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 28 мај 1933, 3

808. Вук Ч. Вукмановић, **Дан трезвености у Битољу**, Вардар, Скопље, 8 јули 1933, 2

809. **Битољ је одушевљено прославио двадесетпрвугодишњицу свог ослобођења**, Вардар, Скопље, 23 новембар 1933, 2

810. **Битољ је одушевљено и свечано дочекао француске ратнике са Солунског фронта**, Вардар, Скопље, 13 септембар 1936, 2

811. Вукоман Ч. Вукомановић, **Рад друштва „Српска мајка" у Битољу**, Вардар, Скопље, 13 фебруар 1934, 2

хроничарот ќе запише: „*Потоа почна програмата со „Увертирата“ од „Граничари“ од Зајц. Свиреше оркестарот на Воената музика под диригенство на г. Иван Гргиќ. Воениот оркестар даде повеќепати докази за својот вонреден квалитет. Овајпат беше во својата полна форма*“.[812]

При одбележувањето на „Денот на мајката“ во организација на Друштвото „Српска мајка“ во 1934 год. во Градскиот театар, настапиле хорските состави на Богословијата, „Кајмакчалан“ и хорот на учениците од Основното училиште „Св. Сава“, како и овој оркестар, секој со своја посебна програма.[813]

Неговата соработка со пејачкото друштво „Мокрањац“ била многу тесна, па кога друштвото во салата на хотелот „Јевтиќ“ приредило забава на 14 февруари 1934 год., музичкото надополнение му припадна мему,[814] се приклучил и во прославата при предавањето на знамето на ова друштвото[815] итн.

Мошне интересен е делот од концертот од 11 февруари 1933 год., организиран во рамките на „Зимскиот ден на Црвениот крст“, каде се јави како придружник на клавирскиот настап на Калипсо Налча во Веберовата „Konzertstück“.[816] Нешто слично се случи и на 25 јануари истата, 1933 год., кога се прославувал „Денот на св. Сава“, кога го придружувал хорот на Богословијата во песната „Коледе“ од Готовац[817], како и во изведбата на песната „Југословенската химна на слободата“ од Ф. С. Вилхар[818].

Посебно значајни и посебно забележителните сепак биле неговите целовечерни концерти кога се презентирал со сите свои вредности.

812. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног крста у Битољу**, Вардар, Скопје, 19 фебруар 1933, 6

813. В. В., **Матерински дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 мај 1934, 6

814. Вук Ч. Вукомановић, **Слава певачке сружине „Стеван Мокрањац“ у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 фебруар 1934, 4

815. **Припреме освећења заставе певачког друштва „Стеван Мокрањац“ у Битољу**, Вардар, Скопље, 25 септембар 1934, 3

816. Љ. Л., **Зимски дан Црвеног Крста у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 фебруар 1933, 6

817. **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...9

818. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...10

Еден таков одржал во салата на Офицерскиот дом на 3 март 1933 год. кога програмата му се состоела од: 1. „Ouverture „Les dragons de Villars“– Alme Maillart; 2.Suite II „L’ Arlesienne“– Georges Bizei (I Pastorale II Intermezzo, III Menuet. IV Faraudole); 3. Фантазија од операта „Фауст“ од Гуно; 4. Suite de ballet Copella во 4 став – Leo Delibes., кога со него диригирал Иван Гргиќ.

Скопскиот весник „Вардар“ по тој настан, ќе запише: „*Целата програма беше технички подготвена најсовесно, така е и изведена на општо задоволство. Наскоро ќе биде приреден и друг ваков концерт со нова програма, а би било потребно во врска со тоа да се изрази желба концертот да се одржи во свечената сала на Офицерскиот дом, зашто салата во која се концетрираше сега не е најпогодна за вакви изведби*“.[819]

По повод отворањето на бафчата на Офицерскиот дом во 1933 год., повторно ќе понуди со одбран репертоар. Неговата управата најави дека такви концерти преку летото ќе одржува двапати неделно, четврток и недела во 18 часот, дека секоја сабота ќе ги има со почеток од 21 часот, па потоа ќе следи и другарска вечер.[820]

Во него имало вработени и неколку Руси како музичари, еден бил Андреј П. Маљцов (р. 1886), друг Видоје Никич, наредник.[821]

Неговиот симфониски оркестар имал, исто така, забележителни настапи, го гледаме на прославата на св. Сава на 11 мај 1935 год., кога во огромната сала на Соколаната ја исполнил увертирата „1812“ од Чајковски,[822] во 1936 год. добил неколку точки од коцертот што го организираше и Соколско здружение[823] итн.

## Битолска школа за воени музичари

Заради зголемениот број воени оркестри, најмногу заради масовните загубите на членството од војните, се наложи ургентната

819. **Концерат војне музике у Битољу**, Вардар, Скопље, 16 март 1933, 5
820. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2
821. Александар Стерјовски, **Руската колонија**, 78
822. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...28
823. **Соколске приредбе у Духовима у Битољу**, Вардар, Скопље, 5 јуни 1936, 2



*Хорот „Кајмакчалан“ и Воениот гудачки оркестар*

потреба од нивно надоместување, па на 28 ноември 1913 год. Командата на XVI пешадиски полк „Цар Никола II“ донесе решение за организирање курс, наречен понекогаш и „школа“, за воени музичари во Битола. Конкурост беше објавен на 6 декември истата година во локалниаот седмичник „Општинске новине“ и во градот, особено меѓу заинтересианите, предизвика посебно внимание.

Организицијата и трошоците за време школувањето беше ги презела врз себе командата на овој полк, а наставата се планирало да се органзира во просториите на Белата касарна во Битола. Максималниот број бил ограничен на 20 ученици на возраст од 14 до 17 години, од кои не се барало претходно музичко искуство, но требало да поседуваат завршено основно училиште, да биле примерни ученици за време школувањето, а родителите да им ја дале согласноста за одлуката. Посебната напомена говорела дека военот рок морале кога–тогаш да го отслужуваат, но тогаш откако ќе се создаделе услови за тоа. Заинтересираните документите можеле да ги доставуваат во канцеларијата на капелникот П. Ивановиќ, кој бил и раководител и наставник во школава.[824]

824. **Војне набавке и конкурси**, Општинске новине, г. I, бр. 30, Битољ, 6 децембар 1913, 12

Дали школава проработила и какви, евентулно, резултати постигнала, сознанија не постојат, но обидот за нејзиното отворање остана како прв и единствен случај и Битола да се вброи во регистерот на ваквите школи и тоа доста рано.

Напори за обезбедување ваков кадар за Битолската дивизија продолжиле и понатака. Во 1922 год. Штабот на Битолската дивизија во локалниот седмичник „Битољски радикал" беше го преобјавил конкурсот одобрен од министерот на војската бр. 87056 од 24 јули 1921 год. за школување воени музиканти во Музичката школа во Вршац. И во него се повикувале младите меѓу 12 и 18 год. под истите услови на претходниот конкурс, потенцирајќи го родителско одобрение како посебно битно, и сега школувањето било бесплатно, а траело 3 год.[825]

## Бугарски воени оркестри

Воен оркестар за време Првата светска војна имале и Бугарите кога беа ја окупирале Битола. Има податок дека на 20 јули 1916 год. во Битола имало масовна Илинденска свеченост во црквата „Св. Недела", по чиј повод поголема група битолчани од градот заминаа компактно, со венци и портрети на илинденци, поведени од тогашната бугарска Воена музика. По молебенот во црквата, во дворот пламен говор одржал Светислав Добрев, а попладнето градот беше се исполнил од песни, ора и разноразни веселби.[826]

И за време поновата бугарска окупација во Битола беше се стационирал поголем воен состав, 15-та дивизија и 54 пешадиски полк, под команда на полковник Иван Маринов. Покрај во градот, истите имале и истурени единици во околните села, со кои ги обезбедувале и граничните караули.

И овие единици имале свој оркестар, кој, како и оркестрите од претходните војски, придонесувал и за културното живеење во градот и благодарејќи нему скоро во секоја позначајна манифестација, особено доколку го носела предзнакот „пробугарска", давал посебни

825. **Конкурс,** Битољски радикал, г. 1, бр. 28, Битољ, четвртак 27 јула 1922, 4

826. Ал. Пиронковъ, **Илинденско тържество презъ 1916 год.,** год. 1, бр. 31, Битоля, 1 августъ 1942, 2

прилози. Инауругацијата негова се случила на 24 мај 1941 год. на големата парада по повод влегувањето на бугарската војска во градот и присоединувањето на Македонија кон Бугарија.[827]

„Торжествата", какви што биле наречени некои од новите бугарски прослави и манифестации, а кои станаа и составен дел од битолското катадневие, исто така, беа следени од оваа музика. Едно, одржано по повод „Денот на разбудените", во кое учество зеле учениците од повеќе училишта, се случило на 2 ноември 1941 год.[828]



*Бугарскиот Воен симфониски оркестар (Манаки, 1942)*

827. Васко Ангеловски – Пурино, Цит. статија, 65

828. Кице Најдовски, **Скоевската организација во 5 клас на битолската гимназија во учебната 1941/42**, НОВ-2, 153

Одбележувањата, пак, на славни имиња или датуми од бугарската национална историја, познати како „зарја", никако не можеле да поминат и без бучната свирка на овој оркестар.[829]

Забележителен негов настап бил и оној при одбележувањето на „Денот на влегувањето на германските војници во градот".

Оркестаров имал и симфониски состав,[830] кој често настапувал посебно и со своја програма во Театарот, од кои некои со својот фотографски апарат беше ги регистрирал и Милтон Манаки.

Истиот не еднаш ги развеселувал гостите и на јавни забави. Таа, која почнала во 20 часот, а завршила на полноќ, се одржала во Градскиот клуб „Ројал" на Широк Сокак на 31 октомври (сабота) 1942 год.[831] Слична имало и на 28 ноември истата година, организирана од „Друштвото на општинските работници".[832]

Забележително било неговото учество особено на концертот во салата „Балкан" на 10 јануари 1943 год., по повод свеченото отпочнување со работа на Народниот универзитет при читалиштето „Дамјан Груев",[833] кога ги исполнил двете химни, националната и на царот, потоа и неколку маршеви и народни песни.[834]

„*Првата битова вечер*" (манифестација на женски народни носии) одржана на 3 март 1943 год. во Офицерскиот дом, на која биле доделени и три награди за најдобри и најоргинални носии, завршила, исто така, со бучни и развеселени народни ора и танци, исполнети од овој оркестар[835] итн.

829. **Празникътъ на войската и ордена за храбростъ**, Пелистерско ехо, бр. 18, Битоля, 2 май 1942, 1

830. М-р Кирил Македонски, Цит. статија, 314

831. **Важно за битолчани**, Пелистерско ехо, бр. 44, Битоля, 31 октомврий 1942, 3

832. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 48, Битоля, 28 ноемврий 1942, 4

833. **Собсения и новини**, Пелистерско ехо, бр. 54. Битоля, 9 януарий 1943, 4

834. **Културен животъ и строителство въ Битоля,** Пелистерско ехо, година втора, бр. 55, Битоля, 16 януарий 1943, 4

835. **Първата битова вечеръ въ Битоля,** Пелистерско ехо, г. втора, бр. 62, Битоля, 6 мартъ 1943, 1

## Цивилни

### Рани мали состави

Покрај солистичките настапите на музичари поединци, кои биле чести, имало случаи кога се презентирале и рани инструментални состави.

Во дел од нашиот средновековен фрескопис, како и во илустрациите низ старата литература такви има подоста. Во црквата „Св. Ѓорѓи" од Старо Нагоричане во сцената „Исмејување на Христос" се среќава состав од пет музичари, тројца со дувачки инструменти (две труби и еден кавал), еден е со тапан, а петтиот со тасови.[836] Во средновековековен роман од 16 век што му е посветен на животот и подвизите на Александар Велики, исто така, можат да се најдат илустрации од сличен инструментален состав.[837]

Ваквите групи често настапувале и во средновеквните дворови на српските деспоти по разни поводи, понекогаш биле и цели дружини (brigata). Ги имало за време празнувањето на денот на св. Влахо и во Дубровник, кога настапувале со познати инструменти, односно среќаваме трубачи, гајдации, лаутисти и др.[838]

Доаѓањето на османлиите направи голема диференцијација во музичкиот живот на Балканот. Во почетокот, држејќи се за својата долга традиција, христијаните сосема ретко посегале по новодонесените музички инструменти, додека османлиите продолжиле со музичкото искуство.

Ромките танчарки во настапите често користеле лесно прилагодливи состави од харфа, дајре и кастењети, при што кастењетите биле од коски или од дрво и такви среќаваме и во 1560 год.[839] „Ќеменче"(вид виолина), харфа и „баскиска тамбура" како состав

836. Dr Svetozar Radojčić, **Ruganje Hristu na fresci u Starom Nagoričnu**, Zagreb, 1934

837. С. Радојчић, **Минијатуре у српским Александридима**, Уметнички поглед, 1938, 5

838. Константин Јиричек, Цит. дело, 296

839. Радован Самарџић, Цит. дело, 337




*Османлиски цивилен оркестар (С. Швајгер, 1577)*

откриваме и во 1637 год.[840] *„Дилбер чочеците“* од харфи, тамбури и саз ги развеселувале битолчани во средината на 17 век на излетите во Довлеџик,[841] два века подоцна, иста група тоа го правела со побогат инструментален состав, кој се состоел од тапан, гајда, тамбура и кавал.[842]

Османлиска свадбарска поворка од 1574 год. била водена од *„мали тамбури од бакар, свирки и хартии, со коишто се правеше голема бучава“*, како што е забележано.[843]

Евреите, исто така, имале засебен музички звук што се добивал со посебна инструментална комбинација. Џулија Пардо (1836) сретнала состав од *„едно мало арапско тапанче, две до три лоши гитари и една тамбурина“* во гласовна комбинација од пискави и високи тонови на млади момци.[844]

840. **Балканот во делата на странските патописци**, 1, **1402-1657,** 379

841. **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1777,** 426

842. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 228

843. **Френски пътеписи за Балканите...**, 157

844. **Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849,** 125



*Турска свадбена поворка водена од оркестар, невестата качена на коњ и таа и коњот заштитени од туѓи погледи (С. Швајгер,1577)*

Имало комбинација на гусла и гајда. Во 1850 год. со нив се виеле ора во патријаршиско село во Битолско,[845] тапан и тамбура среќаваме во 1876 год., а состав од тапан, гајда, тамбура и кавал опиша Елија Блант (1858-1878).[846] Имало комбинација кавали со гитари што имаат по три струни,[847] потоа гајда со тапан и доколку таков состав се сретне, речиси е правило, гајдаџијата да е христијанин, тапанџијата Ром и со ваков состав во 1894 год. се виеле ора низ серските села.[848] Состав од гајда, тапан и зурла регистриран е и во 1658 год.[849] Комбинацијата зурла и тапан била најчеста и најпопуларна, забележана е уште во 1648 год.,[850] со таков состав ората ги играле бун-

845. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 21

846. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 219, 228

847. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 151

848. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, кн. 10, 1893, 504

849. Милан Марковић, **Један француски путописац у нашој земљи 1658**, Гласник историског друштва, кн. 7, Нови Сад, 312

850. Исто, 313

товниците на Дервиш Царе во 1844 год.[851] Ваквиот состав бил скоро и на секоја, селска и друга свеченост, без разлика, христијанска ли е или е мухамеданска. Бидејќи таквиот состав скоро по правило им припаѓал на изведувачите Роми, истата била именувана и за *„циганска музика“*.[852] Според еден патописец, каде и да се сретнеле зурлаџии, скоро исклучиво биле Роми,[853] додека *„тамбурата и баскискиот барабан се задолжителни инструменти во песните“* на Власите, тврди Ами Буе (1836-1838).[854]

Среќаваме состав и од кавали и гитари со три жици.[855]

Меѓу двете светски војни активни стануваат и камерните оркестри и фотокамерата на Милтон Манаки ги регистрира ревносно. Во Воениот оркестар на 46 пешадиски полк имало и камерен оркестар составен од две виолини, чело, бас и два кларинета. Се среќавал и секстет од три виолини, чело, гитара и хавајска гитара. Една фотографија претставува камерен гудачки оркестар со мешан хор, како и машки гудачки оркестар во состав од два кавала, три кларинети, четири труби, тромбон, хорна и две бас гитари. Ученички машки оркестар востановен бил од две виолини, кларинет, труба и мал тапан, но имало и машко музичко трио од виолина, гитара и бас, како и трио од две манолини и една гитара[856] итн.

## Школски оркестри во османлискиот период

Неколку средни училишта во Битола и во османскиот период имале оркестри, главно дувачки. Во Грчката машка гимназија организиран бил еден, кој учествувал на манифестациите низ градот што

851. д-р А. Матковски и П. Ангелакова, **Патувањето на двајца Англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година,** ГИНИ, г. 18, бр. 1, Скопје, 1974, 246

852. **Македонија во делата на странските патописци**, **1875-1878,** 150, 152

853. **Пътуване въ долините на Струма, Места и Брегалница**, кн. 10, 1893, 504

854. **Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849,** 277

855. **Македонија во делата на странските патописци**, **1889-1898,** 151

856. д-р Киро Дојчиновски, **Развитокот на културата во Битола кон крајот на XIX и првата половина на XX век**, Во: **Браќата Манаки**, Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1996, 388-389

ги организирале грчките школи,[857] го правел тоа и кога се изведувале и ритмичните вежби во дворот на оваа гимназија. Браќата Манаки такви или подруги ги снимиле и во другите грчки школи, кои биле ангажирани во школските театарски и други изведби.[858]

Богат дувачки оркестар од 37-38 инструменти имал и Романскиот лицеј, дар од гопешанецот Караца, кој продолжил да биде активен и по доаѓањето на српската власт.[859]

Окрестар имала и Машката егзархиска гимназија. Бил ангажиран на градските манифестации што ги правела школава, но кога се изведувале и концертите по повод доделувањето дипломи на завршените ученици. Исполнувал маршеви, но и народни песни, обично во салонот на Женската гимназија. Раководител бил учителот Иван Василев.[860]

Посебно запаметен станал во 1910 год. на празникот Бадник, кога му ја украсил вечерта на рускиот конзул од Битола за време приемот на дипломатскиот кор во конзулатот. Додека внатре меѓусебно си честитале и веселеле, надвор одненадеж се слушнала руската химна „Боже, чувај го царот“, изненадениот и воодушевен домаќин истрчал надвор, ги поканил да влезат, каде исполниле уште неколку нумери, меѓу другите и „Шуми Марица“ како и француски, германски и други мелодии. Домаќинот ги наградил со 15 златници, неговиот пример потоа го следеле и останатите дипломати, па се собрала поприлична сума од 130 златници.[861]

## Оркестри во Гимназијата

Во Битолската гимназија во османлискиот период два часа биле му биле посветени за хорско пеење, исто толку за работа и со оркеста-

857. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 11

858. Исто, 13

859. Др. Влад. К. Петковић, **Средње и стручне школе у ослобођеним крајевима**, Београд, 1913, 39

860. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 28

861. Александар Стерјовскси, **Битола – Спорт,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2016, 68-69

рот.[862] Во 1914 год. имала востановен и музички кабинет, но вистинскиот подем во совладувањето со музичките инструменти се случило во 30-те години од 20 век, по што оркестарот станува учесник скоро на сите концерти, особено по учебната 1929/30 год.

Дека со него добро и сериозно се работело потврда се и настапите со сериозни и тешки за изведување музички дела. На 27 јануари 1930 год., ги исполнил Sullu – „Menuet", VII руковет од Мокрањац и „Дон Жуан" од Моцарт. Располагал и со гудачки оркестар, кој на 8 март 1930 год. како засебна точка ја исполнил увертурата од „Орфеј во пеколот" од Офенбах.[863] Гимназијата имала и детски оркестар, кој на 26 април 1936 год., како 11 точка од концертот ја исполнил „Ој, таа пушка" од Хубада.[864]

Забележително е дека во музичкото образование во школава виолините заземале посебно место, па се јавуваат во настапите и како дует[865], но и како квартет што е потврда и концертот од 27 јануари 1937 год. кога тој ја исполни „Серенадата" од Шуман.[866] На 10 април 1938 год. истиот ја извел и „Басник и седлај" од Fr. Supeho.[867] Според сеќавањето на Кирил Македонски, кој средношколските години ги поминал во оваа школа, оркестарот бил со високо уметничко ниво, па во својата програма имал дела и од Дворжак, меѓу другите и неговата „Хумореска".[868]

Активен бил и за време бугарската окупација.[869]

862. Др. Влад. К. Петковић, Цит. дело, 12

863. **Извештај за школску 1929-30 год**, Битољска гимназија... 11, 12

864. **Извештај за школску 1935-36 год**, Битољска гимназија...26

865. **Извештај за школску 1935/36**, Битољска гимназија,...23, 26

866. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 57

867. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 57

868. м-р Кирил Македонски, **Музичките аспекти на револуционерниот лик на народниот херој Стив Наумов**, **Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942**, книга втора, 314

869. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола...** 85

## Театарски оркестри

За битолскиот театар сосема вообичаено стана, особено за раниот период, претставите да се илустрирани и со музика. Ја имало во музичките претстави, со неа се потенцирале драматичните места и на обичните драми, присутна била додека течеле и паузите или кога се менувале кулисите, по што подолг период израсна и во составен дел од театарот.

Првиот професионален театар, Битолскиот градски театар „Тоша Јовановиќ", кој со претстави отпочна скоро веднаш по доаѓањето на српската војска, за оркестар во 1915 год. беше се снашол со заробеници од германската и бугарската војска, оттаму и името да му е „Заробенички оркестар".[870] Векот му бил краток и додека не се изнашло подруго решение, во месец август истата година бил ангажиран друг, некаков тамбурашки оркестар за кој не се знае од каде дошол и колку време останал во Битола и театарот. Дал придонеси во неколку претстави, меѓу другите и во „Грабежот на Сибињанките" одржана на 12 август 1915 год..[871]

Сепак, најчест и најангажиран остана Воениот оркестар на 46-от пешадиски полк со кој работеле неколкумина капелници, меѓу другите и капелникот Свобода.

Свобода остана забележан како предан работник, кој со преголема сериозност ги извршувал поставените задачи, оттаму и тој и неговиот оркестар меѓу вљубениците на театарската уметност да стекнат посебен углед и почит. Особено силен впечаток оставиле во претставата „Циганин", во која имало и музичка и балетски нумери, кои наполно беа се вклопиле во драмската игра.[872] Свобода никогаш не дозволи да има експлоатирани мелодии, за секоја претстава доаѓал со нова музичка програма.[873]

870. **Општинске новине**, г. 2, бр. 193, Битољ, 29 јануар 1915, 1

871. **Битољске новине**, г. 1, бр. 46, Битољ, 10 август 1915, 3

872. **Позориште**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 21, Битољ, 28 јуни 1923, 3

873. **Позоришне недеље**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 16, Битољ, 23 мај 1923, 3

Кога заминал од Битола во 1926 година, го заменил друг, ист таков капелник–хонорарец, Алберт Храше, кој веќе се наоѓал во Битола од претходната година.[874]

Оркестаров, за жал, правел и киксови, кои фрлале и непријатна светлина врз работата.

Во една театарска претстава, одржана во октомври 1923 год., недисциплината меѓу музичарите станала мошне непријатна. Додека траела драмата и течела музиката, засега неименуваниот диригент си поднамигнувал со басистот шеретски, по кое обајцата прснале во смеа, која заразно се пренела и врз останатите музичари и наместо публиката да ја следи играта на актерите, присуствувала на непланираната комедија.

Се разбира, веднаш се реагирало, биле упатени оштри критики и кон диригентот и кон музичарите, се побарало од одговорните во театарот што побрзо да ја средат состојбата и никогаш истото да не се повтори.[875]

## Оркестри во спортски и други здруженија

И во османлискиот период, а и подоцна, во Битола имало бројни спортски здруженија, сите биле младинските и повеќето биле и доста активни. Некои, покрај спортски справи и спортски активности, имале и културно–просветни секции, најчесто хорови, но и за танц, драма, а некои располагале и со окрестри.

Едно од постарите, чии корени се протегале до средината на 19 век, било „Елиникос гимнастико силогос“ (Грчко гимнастичко друштво), кое своите спортски програми беше ги презентирало во пространиот двор на Грчка машка гимназија (денес училиштето „Гоце Делчев“). Оркестарот му бил од дувачки инструменти со кого учествувал не само во градот и во селата Гопеш, Нижеполе, Магарево, односно каде имало школи на грчки јазик.[876]

874. **Comoedia**, бр. XL, Београд, 31 мај 1925, 7, Исто, бр. VIII, 1925/ 1926, 31

875. **Музика у позоришту**, Јужна звезда, г. 2, бр. 75 (37), Битољ, 14 октобар 1923, 2

876. Александар Крстевски, **Физичката култура кон крајот на XIX и почетокот на XX век во Битола**, Во: **Творештвото на Браќата Манаки**, Архив на Македонија, Матица македонска, Скопје, 1996,

Слично на него било и пробугарското здружение „Пелистерски јунак", основано во 1908 год. Восхитувало со својата масовност, околу него во 1911 год. гравитирале најмалку 700 члена. Имало хор, а и оркестар од 32 дувачки инструменти, кој со посебни програми настапувал и надвор од градот, најмногу во Лерин, Сорович, Прилеп и на други места, а најзабележан бил при посетата на султанот Решад Петти во Битола.[877] Расформирано било во 1912 год. по наредба на српските власти, возобновено е во 1941 год.[878]

Масовно и многу популарно и спортско–политичко здружение било и соколското. И тоа имало оркестар со кој учествувало на спортски активности, од кои слетовите му биле најпознати. Индивидуално или и со други, оркестарот се вклучувал и во одбележувања на верски и други празници, на Дуовден 1936 год. со оркестарот на 46-от пешадиски полк ја предводел манифестацијата низ битолските улици, а на академијата што била организирана по тој повод, ги исполнил химните, државната и соколската, потоа, заедно со симфонискиот оркестар на Воениот оркестар на 46-от першадиски полк, пополнил дел и од спортските вежби на соколите.[879]

Здружението „Месен одбор на Југословенската младина на Вардарска Бановина во Битола" (од 1934 год. „Југословенски препород") основано во почетокот на 1933 год., исто така, имало окрестар. Истиот со ативности започнал во јули 1933 година со 20-на младинци,[880] набргу се презентирал и пред битолската публика. На 12 ноември истата година свирел на игранка организирана од своето здружение,[881] имал настап и на концертот од 30 јуни 1934 год, заедно со хорот „Абрашевиќ".[882]

Браќата Манаки, особено Милтон, оставиле сведоштва и за доста мали битолски оркестри. На една слика се наоѓа Воен камерен оркестар составен од двајца виолинисти, челист, басист и два кларине-

---

877. Александар Крстевски, Цит. статија, 213-214

878. **Големъ Юнашки съборъ въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 8, 21 февруарий 1942, 1

879. **Соколске приредбе у Духовима у Битољу**, Вардар, Скопље, 5 јуни 1936, 2

880. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2

881. Ацевић, **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 9 ноембар 1933, 4

882. **Концерат Абрашевића у Битољу**, Вардар, Скопље, 5 јула 1934, 3

тисти. Среќаваме фотографија и на музички секстет, кој е состол од три виолини, чело, гитара и хавајска гитара. На друга има камерен гудачки оркестар со мешан хор, како и машки гудачки оркестар во состав од два кавала, три кларинети, четири труби, тромбон, хорна и две бас гитари, потоа и ученички машки гудачки оркестар од две виолини, кларинет, труба, и мал тапан, како и машко музичко трио од виолина, гитара и бас, па и мандолинско трио од две мандолини и една гитара.[883]

Вакви младински оркестри има и за време бугарската окупација. Здружението „Труд и радост“ уште во почетокот на 1942 год. организирало неколку секции, танчерска, театарска, хор и за оркестар.[884] За хорот на вториот ден Коледе во 1943 год. во киното „Балкан“ за работниците и занаетчиите исполнил неколку хорски песни за кое има податоци,[885] во крајот на април 1944 год. на работниот собир на делегатите на читалиштата од Битолската, Охридската, Ресенската и Крушевската исто така, хорот настапил, а дали и оркестарот се вклучил во програмата, остана непознато.[886]

## Градски оркестри

Пандан на воените оркестри, кои во повеќе прилики прераснувале и во градски, во Битола постоеле и посебни, градски оркестри. Биле дувачки, чии членови најчесто биле од редот на цивилните музичари, но заради недостаток од такви, во составот влегувале и воени музичари.

Бегли податоци за нив можат да се сретнат низ документите кои откриваат дека во 1929 год. како градска музика, финансирана од општинскиот буџет бил оркестарот познат со името „Сокол“ („Соко“). Основањето ќе да му е и поранешно, зашто материјална помош била

883. Д-р Киро Дојчиновски, **Развитокот на културата во Битола кон крајот на 19 и првата половина на 20 век,** Во: **Творештвото на браќата Манаки,** 388-389

884. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 14, Битоля, 4 априлъ 1942, 4

885. **Съобщения и новини,** Пелистерско ехо, год. 2, бр. 54, Битоля, 9 януарий 1943, 4

886. **Съборъ на читалищата отъ Битолска областъ**, Пелистерско ехо, бр. 113, Битоля, 2 май 1944, 1

издвоена за него и во 1927 год., за 1928 год. изнесувала 4.000 дин., наспроти 1. 000 динари што ги добивал хорот.[887]

Од каков состав бил и на кои манифестации учествувал, остана непознато, веројатно бил полупрофесионален, чија заработка се добивала со учеството во настапите. Задоволувал потреби околу закопи, пречеци и испраќања гости, учествувал на забави, најмногу на неделните младински матињина.

Друг таков бил и „Битолскиот дувачки оркестар" во кого членувале 32 едуцирани музичари и кој, исто така, исполнувал потреби околу закопи, забави, најмногу на игранките во неделните попладнења. Неговиот член Стефан Видимче се сеќава дека на неделната игранка во големиот салон на камбанаријата на црквата „Св. Богородица", организирана од младинското друштво „Младеж", свирел валсови, полки, мазурки, кадрили и некои други музички нумери.[888]

887. Книга бр. 21, 7 март 1927, Разне потпоре

888. **Пелистерски Юнакъ**, Битоля, Юний, 1942 (јубилејно издание)

# Концерти

## Поливалетното значење и првите наши концерти

И кај нас поимот „концерт“ рано е прифатен и масовно е употребуван, но без она значење што му се препишувало во Европа. И кај нас претставувал презентација на музички настан од соло, дует, хорски и други песни, придодатоци и на оркестарски и други состави, но и ред други содржини, политички и други говори, рецитации, јавни спортски часови, театарски претстави, како и најомилените и неизбежните забави, преполни со разиграни ора кои траеле до утринските часови од другиот ден. Тоа е причината нашиот концерт да му е поблизок со значењето за приредба или за вечеринка, како, врочем, и многупати се именувал. Не треба притоа да се заборави дека и основниот мотив за негово организирање било не толку да се ужива во културен настан, туку прибирање материјални средства за тековни и други зафати на организторите, за помош на културно–уметнички или хуманитарни и други здруженија.

Почетоците на ваквиот „концерт“ треба да се бараат во втората половина од 19 век кога тој е поврзан со работата на средните училиштата. Со цел на едногодишната долга и мачна школска работа да ѝ се даде оптимистичка завршница, истата се заокружувала со завршни испити, доделување дипломи, а како финале се организирал и културно–уметнички настан наречен „концерт“.

Како нова и прифатлива форма во своите наставни програми беа ја вградиле не само патријаршиските и егзархиските школи, дел и османските средни училишта.

Еден таков „концерт“ беше го понудила Егзархиската гимназија во Солун кој се случи на 6 февруари 1893 год. До тој датум, севкупниот наставен и ученички потенцијал, школава трескавичо беше го вложила премиерниот настап да има и богата содржина да биде и без било каков пропуст. Со хорот поработиле неколкумина, г-цата Лефе и г-ин Ѓаковиќ, кои биле задолжени да помагаат околу него, г-ѓа Бадева, пак, требало да биде диригент. Завесата беше ја подготвил учителот по цртање г-ин Буфети, текстот на одата, специјално наменета за оваа прилика, вдахновено, само за пет минути, беше ја составил директорот на Народна просвета на Солунскиот вилает, кој задолжил ученик од петтиот клас да ја изрецитира пред почетокот на концертот.

Речта благодарност кон султанот, стандарден приклучок, требаше да го искаже г-ин Б. Димитров, а кога тоа и го направи, истиот беше прифатен со воодушевени крикови од присутните. Дел ученици и дел наставници беа ја подготвиле и ја прикажаа и комедијата „Насила оженет“ од Молиер, потврдувајќи дека сите носат вродена артистичка дарба.

Салата била преполна и жалосно остана на крајот што не можела и повеќе да прибере посетители и токму тоа ја роди идејата и за втор ваков концерт но во поголема сала.[889]

Овој и ваков концерт, иако најпознат, всушност, и не бил прв, ги имало и низ повеќе наши населени места.

Еден на 28 јануари 1890 год. беа го приредиле учениците на Военото училиште во Битола во кој имало и театарска претстава. Организацијата паднала врз двајца високи воени службеници, гувернерот на вилаетот Фаик паша и командантот на корпусот Фазли паша, а претседател на организациониот одбор стана директорот на училиштето Муариф. За да биде презентацијата пошироко позната, директоров испрати и бројни покани со личен потпис до дипломатите и до повидните граѓани, што се потврди како умен потег, па резултат на тоа бил присустен не само броен и одбран свет, и можност да се прибрат и поприлични материјални средства, во кои само

---

889. **Новини, ,** бр. 45, февруарий 1893

српскиот вицеконзул приложил 5, а граѓаните кој по 2, 3, 4 лири, односно сума која можела слободно да се употреби во планираните градежни и други зафати во училиштето.[890]

Вакви концерти имало и во другите битолски училишта и сите биле со добро подготвена и разнообразна програма, во кои, очекувано, доминирале пејачките и музичките точки, но во кои имало презентации и на спортски вештини и натпревари, омилените пирамиди, понекогаш и балет, театарски претстави, на крајот и обврзната забава.

Покрај школските, уште популарни и попосетени станале концертите на бројните културно–уметнички друштва, особено оние кои се именувале за годишни, кога се презентирала и едногодишната нивна работа. Иако замислени за себепретставување, имало случаи кога учество земале и поединци, музички групи, а и оркестри и од други слични или сродни здруженија.

Покрај годишните, уште почести станале и добротворните концерти, на кои исклучива цел им била да се приберат средства за школската кујна на училиштето, да се помогне во зафати на некаква добротворна организација, некого материјално да се згриже, да се пополни празната каса на некакво културно или спортско здружение или да се обезбедат средства за планирано патување.

Ваквиот концерт обично се состоел од два дела, музички и забавен, при што во поканите или при рекламирањето забавата и посебно се потенцирала. Со вака набиена програма, особено кога се исклучувала забавата, концертите навистина станале прилика за вистинско културно уживање, уште повеќе што во нив настапувале понекогаш и познати уметнитици или личности од градот, кои од лично задоволство се бавеле со музика и од чии домови излегувале изведби на клавир, виолина или на друг музички инструмент.

Концертиве, очекувано, имале многу позитивно влијание и врз развојот на музичкиот живот во градот, па музиката станала дел и од

---

890. **Грађа за историју македонског народа из Архива Србије/ Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија**, Приредио–приредил д-р Климент Џамбазовски, том V, книга I (1890), Београд, 1988, с. 89, д. 32


НАСТАВНИЦИ-ЦЕ ОСНОВНИХ ШКОЛА
У БИТОЉУ СА СВОЈИМ ЂАЦИМА

ПРИРЕЂУЈУ

У уторак 27. јануара 1925. год.
на дан „СВ. САВЕ" у општинској
сали у Алимпићевој улици.

СВЕЧАНУ
ЗАБАВУ

У корист Фонда сиромашних
ученика.

*На коју имају част позвати Вас са Вашом поштованом породицом.*

Улазница за самца дин. 20. у породици
од члана дин. 10.

Добровољни прилози
примају се са захвалношћу

Почетак у 8. часова у вече.

ОДБОР.

51 Концерт со музика и забава од 1925 год.

желбите да се доживува, да се совладува исто онака каков што бил со случајот и со учењето на францускиот јазик во Битола.[891]

Вакви вечеринки, односно концерти, се разбирал, се случувале и во другите градови низ Македонија.

Во Штип во 1909 год. беше организирано младинското „Музичко друштво" кое имало и свој оркестар. На 13 август истата година тоа го посети соседниот Кочани каде даде два концерта, едниот за османлиските воени и админисративни службеници, другиот за граѓантвото. И обата, како што говорат податоците, поминале со *„одличен впечаток"*.[892]

По инцијатива на Црквено–училишната општина во Охрид во 1909 год. биле оформени неколку вакви здруженија, Земјоделско-стопанство друштво „св. Симеон", Јуначко друштво „Прогрес" и Младинско просветно друштво „Сознание". Последново организирало и давало литерарни и музичко–забавни вечеринки, влегувајќи заради

891. Д. П., **Писмо из Битоља**, Вардар, Скопље, 27 јули 1932, 5

892. **Отечество,** бр. 53, 22 августъ 1909

нив понекогаш и во отворен кофликт со црквено–училишната општина за нивното несфаќање за мисијата што ја имало, а еден и заради неизлегување во пресред за користење на салата на училиштето за проби и прикажување на неговите концерти.[893] Сличен конфликт имало и со османлиските власти за недавале одобренија за нови претстави.[894]

Покрај во овие градови, слични културно-уметнички здруженија се органзирале и во други населени места и сите правеле или обиди или организирале и успели концерти со специфики што веќе беа изградени.

## Концерти поврзани со празнувањето на св. Сава

Обидите за српска национална преобразба на населнието од новоосвоените тритории по балканските и Првата светска војна најпрвин отпочна со промоција на нов светец и на нов празник, српскиот св. Сава, а потајните намери биле да се сфати дека ослободувањето на балканските народи од османлиското робство не го направила српската победничката војска, туку токму овој светец, кој истовремено требало да му парира и на веќе одомаќениот и со векови славен, а поврзан со Браќата од Солун.

Неговото инаугурирање во Битола се случи на 14 јануари с.с. 1913 година, на неговиот ден и во катедралната црква „Св. Димитрија", кое продолжи и со културно–уметничка свеченост и веселба што траела до утринските часови, исполнета и таа со химни и други содржини, односно со концерт.[895]

Следниот концерт поврзан со истиот светец одржан е во годината што ќе дојде, од кој собран бил и поприличен материјален прилог, а за кој Наставаничкиот совет на тукуштo формираната Српска кралска гимназија на седницата од 18 јануари 1914 год. и посебно расправала и беше решила да формира и специјален фонд за бедни уче-

---

893. **Вести,** бр. 7, 18 септемврий 1909

894. **Право,** бр. 380, 25 януарий 1912

895. **Свети Сава у Битољу,** Општинске новине, г. 1, бр. 3, Битољ, 20 јануар 1913, 1

ници, чии изработени правила требало да ги одобри Министерството за просвета во Белград.[896]

За „Светославската прослава“ и за концертот од 1914 год. нема податоци, но за оној од 1919 год. позната е и програмата.

Истата се остоела од:

1. Режење колач;
2. Ј.Ј. Змај – „свети Сава“ – рецитира Д. Поповиќ, ученик од 8 клас;
3. Химна на свети Сава – исполнува Мешаниот хор на Гимназијата;
4. „Времето на свети Сава и денешното време“ – обраќање на Григорие хаџи Ташковиќ, директор на Гимназијата;
5. А. Лондра – „Второто ослободување на Битола“ – рецитира Ст. Богичевиќ, ученичка од 4 клас;
6. Григорие хаџи Ташковиќ, „Војници од петтата година“ – ода за српската војска, рецитира Б. Поповиќ, ученик од 8 клас
7. Народна химна

Попладнето и за учениците и за родителите била прикажала и театарска претстава, „Ѓидо“.[897]

Откако, пак, била оформена и „Православната српска богословија“ (1921) и истата отпочна со редовна настава, концертите поврзани со овој светец особено беа се намножиле.

Меѓу првите е и концертот од 12 (25) јануари 1924 год., кога Богословскиот хор исполни неколку песни, имало и неколку рецитации, за да заврши и со театарска претстава, со „Школскиот инспектор“.[898]

Концертот нејзин во 1929 год. од 26 јануари (сабота) во присуство на многуброен одбран свет, содржел многу музички точки, имал и театарска престава, „Бадниковата вечер“ од К. Трифковиќ,[899] тој од 25 јануари 1932 год. имал претпладневен и попладневен дел,

896. **Извештај за 1913-1914 школске године,** Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 19, 44

897. **Извештај за јануар-јул 1919 године**, Битољска гимназија, Битољ, 1919, 11-12

898. **Прослава св. Саве**, Јужна звезда, г. III, бр. 89 (4), Битољ, 30 јануар 1924, 2

899. **Белешке**, Глас Омладине с југа, г. III, св. 2, Битољ, фебруар 1929, 24

првиот, по свечената литургија во црквата „Св. Димитрија“ се одржа во салата на Богословијата, кога доминантен настап имал хорот на Богословијата, исполнувајќи ги двете химни, државната и „Химната на св. Сава“ од М. Милојевиќ, потоа имало и пригодното обраќање поврзано со светецов од архимандритот Кипријан, па и рецитација, повторен настап на хорот со песната „Воскликните“, како и доделување награди за изработени теми од учениците и, на крајот, презентација и на состојбите со ученичките фоднови.

Вечерниот дел повторно отпочна со државната химна од истиот хор, следувале песни во придружба на клавир, како и повторен настап на хорот со неколку точки.[900]

Најбогато и најторжественото богословско одбележување на празников било во врска со „Зимскиот ден на св. Сава“ кое се случило на 27 јануари 1933 год., кога беа се вклучиле скоро сите училишта, и средни, и основни.

Во Гимназијата тогаш првин се изврши литургија под раководство на свештеникот М. Павловиќ и протоѓаконот Михајловиќ, а во присуство на директорот Продановиќ, домаќинката г-ѓа Марица Ивановиќ и неколку ученици, па гимназискиот хор под диригенство на Калипсо Налча ги испеа химните и „12 руковет“ од Мокрањац, додека ученикот од 8 клас Ал. Старчевиќ ја рецитираше песната „Милош кај Латините“, истото го направи и Надежда Беќаревиќ (уч. 5 клас) со „Полноќ“ од Ѓ. Јакшиќ и Василије Поповиќ (уч. 2 клас) со „Песна за единството“ од А. Шантиќ. Имало и ритмични вежби, пирамиди и дискуси, а проф. г-ѓа Олга Кањух одржа поучно предавање на тема „За воспитувањето на женските деца“. На крајот директорот Продановиќ ги додели наградите за добро познавање на српскиот јазик и српската историјата финансирани од Српската кралска академија.

Попладнето било резервирано за веселба на учениците.

---

900. „Јадранско морје од Антон Хајдрих, „Што ни работи...“ од Фран Лотка, „Пушчи ме“ (10 руковет од С. Морањац) и „Славија“ од Ј. Маринковиќ. По овој, дел била изведена и историската драма „Растко Немања“ од Бр. Нушиќ (**Извештај за школску 1931/32 годину,** Српска православлвна богословија... 8)

Истата свеченост Трговската академија ја одржа во Офицерскиот дом, првин со религиозен обред, па предавање од д-р Јосип Челар „За Чехословаците", додека хорот, под диригентство на капелникот Иван Гргиќ, ги испеа химните и песните „Песна в зора" од М. Милојевиќ и „Цин-цан-цвргудан" од Жганец, а ученик од 4 клас ја изрецитира песната „Постскриптум на едно писмо" од Драниц, како што направи и ученичката Ирена Неновиќ со петтиот оддел од „Мечокот Брундо" од В. Назор. На крајот дојдоа и наградите за најдобро изработени теми во врска со светецот.

Попладнето било резервирано за ученичка игранка.

Основните школи празников го одбележаа во своите училишта, освен училиштето „Св. Сава", кое го направи користејќи ја салата на Богословијата.[901]

Прославата од 25 јануари 1934 год. (четврток) Богословијата го отпочна со литургија во црквата „Св. Димитрија", а во 10 часот нејзините свечености продолжија со концерт во самата школа. Истиот се состоел од хорско пеење и свирење, рецитации и со историската драма „Светска војна" од Нушиќ, како вечерна, чиј почеток бил во 20 часот.[902]

Гимназијата повторно беше се вклучила во негово одбележување. На концертот од 27 јануари 1934 год. учество зедоа трите нејзини хора, Мешаниот ги испеа државната химна и „Химната на свети Сава", продолжи со „Болен лежи" од Шпољар и „Молитва на Југословените" од Љубомир Бошњаковиќ, додека Женскиот го исполни „Враголан" од П. Коњовиќ, а на Детскиот доверени му биле „Го будила мајка Ивана" од Шпољар и од Миронов и „Ој тој војники барабан" од Шпољар.

Мешаниов хор обично ја имал задачата да ги отвора концертите со химните, така било и во 1940 год., кога празникот се одбележа во најголемата градска сала, Соколскиот дом. По водоосветувањето и режењето на колачот, ја испеа „Химната на свети Сава", веднаш потоа и државната, следдуваа уште и три други („Кољ Славен" од

901. **Дан Св. Саве у Битољу,** Вардар, Скопље, 2 фебруар 1933, 7

902. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 20 јануар 1934, 5

Бортњански, „Ѓурѓовденска песна“ од Фран Дуган и „Нич не марам“ (словенечка) од Др. Долинар), една („Санкање“ од д-р Милоје Милојевиќ) му била остапена на Детскиот хор.[903]

Наскоро дојде Втората светска војна и бугарската окупација па ваквите прослави и празнувања во врска со овој светец целосно биле забранети.

## Концерти на Гимназијата

Бидејќи хорот е исклучително сложена музичка активност и бара преголем напор и за организирање и за изведба, не беше можно од школските извештаи да се утврди дали битолската „Српска кралска гимназија“ по отпочнувањето со работа (1 декември 1913) ќе успее веднаш да оформи и еден таков состав. Во школскиот извештај од 1913-1914 год. има податок дека учител по пеење е Милан Вијатовиќ, но не и податок дека функционирал и хор.[904]

Наспроти школскиот извештај, локалниот седмичник „Општинске новине“ открива пак за доста рана гимназиска концертна активност. Во почетокот на 1913 год. вработените и в.д. директорот проф. К. Лозаниќ, со желба да им помогнат на ранетите и болните српски војници кои од Битола за Белград заминувале со санитетскиот воз, а по повод „Денот на св. Сава“ организирале музичка забава, односно концерт. Истиот се одржа во салонските просториите на школово, а за посебното расположение на присутните прилог дале воените музики на II и III пешадиски полк, како и двата хора што беше ги подготвил капелникот П. Ивановиќ. [905]

По повод ослободувањето на Белград, на 10 декември 1914 год., гимназистите и нивните професори излегоа низ улиците низ градот

903. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Битољска гимназија... 24, 25

904. **Извештрај за 1913-1914 школску годину**, Српска краљевска гимназија у Битољу... 17

905. **Извештај Одбора за Св. Савску прославу у Битољу**, Општинске новине, г. I, бр. 5, Битољ, 3 фебруар 1913, 5

со развиорени знамиња и песни, прославувајќи го него, а вечерта дале и концерт во Народниот театар.[906]

По Првата светска војна Вијатовиќ веќе располагал со Мешан хор со кој организирал и јавни настапи. При прославата на „Празникот на свети Сава" на 14 јануари 1919 год. извел концерт од музички и рецитаторски точки, таков имал и при прославата на „Денот на светите Кирил и Методиј" на 24 мај истата година.[907]

Приходот од концертот истата година, кој заеднички беа го организирале српските и француските (воени) уметници, во износ 412,10 дин. влегол во гимназискиот „Фонд за сиромашни ученици".[908]

Наскоро биле оформени и мошне активни станале и гимназиските здруженија „св. Кирил и Методиј", „Трезвена младина" и „Пододборот на „Црвениот крст"", кои, исто така, самостојно или со други здруженија се обидувале да го збогатат културно–забавниот живот и во школово и во градот. Организирале вечери со богати програми на кои настапувале ученици со рецитации, песни, музички нумери и со други содржини. Литературната секција „Кирил и Методиј" во 1919 год. самостојно дала 2 концерта и 4 театарски претстави, од кои, исто така, се извлекле материјални средства.[909]

Концертот на оваа секција, одржан во месец мај 1922 год. во гимназиската сала, имал 13 точки, а како последна бил монологот „Пред матурата".[910] Сличен имало и на 24 мај 1923 год.,[911] па и на 24 мај 1924 год.[912] По повод осветувањето на зградата на Народниот театар (1926), пак, како посебен гимназиски прилог на вториот ден од славјето, бил концертот во кој најзабележана точка бил балетот, инспириран од алегориската слика од песната „Вардар" од Алекса

906. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование**...34

907. **Извештај за јануар-јул 1919 године**, Битољска гимназија, 11, 12

908. Исто, 15

909. Исто, 17

910. **Матине са игранком**, Битољски весник, г. I, бр. 27, Битољ, 21 мај 1922, 3

911. **Концерат битољске гимназије**, Битољски трговински гллсаник, г. I, бр. 16, Битољ, 23 мај 1923, 3

912. **Концерат наше гимназије**, Јужна звезда, г. III, бр. 105 (20), Битољ, 29 мај 1924, 3

Шантиќ, подготвена од гимназискиот наставник по гимнастика, Чехот Адолф Бартипан.[913]

За да им помогне на сиромашните ученици за планираната велигденска ескурзија за 8 март 1930 год., Гимназијата повторно се одлучила за концерт, кој ја имал оваа содржина:

> Поздравна реч на директорот; 2. Моцарт – „Дон Жуан (исполнува гимназискиот оркестар); 3. Воислав Илиќ – Младиот – „Војниковата смрт", (рецитира ученик од 7 клас); 4. Јован Дучиќ – „Малата принцеза" (рецитира ученичка од 7 клас); 5. Мокрањац – „Море вода извирала" (исполнува гим. хор); 6. Пирамиди (исполнуваат ученици); 7. Бели состави (исполнуваат ученици од првиот клас); 8. „Пропаст на царството српско" – народна песна (рецитира ученик од 7 клас); 9. „Косовска девојка" – симболична слика според народната песна (исполнуваат ученици); 10. Офенбах –„Орфеј во пеколот" – увертира (исполнува гудачки квинтет); 10. „Пастировиот сон" – гимнастичко ритмични фантазии (исполнуваат ученички од повисоките класови).[914]

Се редат концерти поврзани и со „Денот на св. Сава" или органзирани и по други поводи, а во кои имало хорски песни исполнети од хорските состави, рецитации, презентации и музика од познати композитори.

Генерална промена во гимназискиот хорски и музички живот се случи по ангажманот на двајцата музички педагози, Калипсо Налча (1932), Милосав Јовичиќ (1933), кога работат четири хорови – Мешан, Женски, Машки и Детски. Репертоарот им е богат, застапени биле и домашни и странски композитори, оттаму нивните настапи да се ценат и за културни настани на градот.

Забележително учество на хоровиве имало особено на годишниот концерт одржан на 22 мај 1934 година. Мешаниот ги испеа „Народната химна", „Ура" од Шафр, „Месечината сјаје" и „Гор чез језеро" од М. Хубада и V руковет од Мокрањац, додека „Враголан" го пеел

913. –. Јевтимовић, **Битољско Народно Позориште**, Comoedia" 1925-1926, 15; **Концерат Битољске гимназије**, Јужна звезда, г.V, бр. 191 (18), Битољ, 23 мај 1926, 3

914. **Извештај за школску 1929/30 годину**, Битољска гимназија... 12

Женскиот хор. Две песни исполни и Детскиот хор, биле тоа „Песни од Битола" од Љ. Бошњаковиќ и „Солфеџио" од Хендел.[915]

Паралелно со ваквите школски настапи, гимназиските здруженија отпочнале и самостојно да се презентираат.

„Трезвената младина" на 4 март истата 1934 год. ја прикажа комедијата „Зла жена" од Ј. Ст. Поповиќ како последна точка, а пред тоа учениците концертот беа го исполниле со рецитации и песни, со соло и дуети, придружени со музика на хармоника, имало настап и на оркестарот кој сеебеси се потпишал со „*Џазбанд*". [916]

Наместо стандардните два, во учебната 1935/1936 год. Гимназијата одржа три концерти. Хоровите повторно доминира, а Мешаниот го имал и примарното значење, ги исполни обврзните химни, а и неколку други песни. Бидејќи на концертот за „Празникот св. Сава" (27 јануари ) планирано било доделување и награди за изработени теми, музичкиот дел бил редуциран, што било причина да учествуваат само Мешаниот и Детскиот хор. Првиот ги исполни, покрај химните и II руковет од Мокрањац и „Град градиле" од Славенски, а од Менделсон „О бегај со мене...", додека Детскиот настапи со „Песни од Јужна Србија" од Љ. Бошњаковиќ.

На концертот од 15 февруари истата школска година, кој бил пребогат со содржини, настапиле трите хорови, Мешаниот го означи почетокот со државната химна, продолжи со II руковет од Мокрањац, Машкиот, пак, го испеа „Во бој" од Зајц, а „Солфеџо" им припадна на ученичките од првиот клас, „Песни од Јужна Србија" од Бошњаковиќ ги надополни Детскиот хор.

Годишниот концерт од 26 април од учебната 1935/36 година во Градскиот театар имал пребогата содржина. Првин настапи Мешаниот хор со „Народната химна" и со «Оф, бегај со мене" од Менделсон, испеа и две други песни, „Магдо, мори" од Трајчевиќ и „Град градиле" од Славенски, по што Женскиот се претстави со „Коледе" од Мокрањац, а Детскиот со „Разговор со мачето" од Милојевиќ, „Малиот коњаник" од Милосав Јовичиќ, „Горчез езеро" и „Збогум море"

915. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Битољска гимназија... 21, 23

916. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд Збирка на плакати...I O/13

од Хубада и „Песни од Битола“ од Бошњаковиќ. Посебно интересно е што 11 точка, „Ој таа војничка пушка“ од Хубада ја исполни Детскиот оркестар, што укажува и на многу големиот ангажман што го вложувале наставниците по музика на оваа школа.[917]

Во гимназискиот двор на 10 мај истата година бил изведен и јавен час со ритмички вежби со ученичките од IVа клас врз мелодија од руковет од Морањац, а во изведба на Мешаниот хор.[918]

Коментарот за концертот од 1936 год. на новинарот на скопскиот дневник „Вардар“ бил многу ласкав, единствената забелешка му била дека салата на Театарот, во која се одржал, не била најсоодветното решение и дека за истиот требало да се избере поакустична и попространа сала, односно Соколаната.[919]

На концертот од 21 јануари 1937 год. учествувале Мешаниот и Детскиот хор, кога беа исполнети „Борјано Борјанке“ од Трајчевиќ, „Водедничко оро“ од Ѓорѓевиќ и „Штурецот мал“ од Гајдовиќ. На големиот концерт од 15 октомври истата година повторно на сцената во Театарот излегле истите хорски состави, ги среќаваме и на 10 април 1938 год., кога биле застапени Мокрањац со „Козар“, М. Јовичиќ со „Учи, карај, Гана, мамо“ и Коруновиќ со „Лето“ и „Ноќ“ испеани од Детскиот хор. [920]

Подмладокот на гимназискиот „Црвен крст“ на 6 март 1937 год. во салата на хотелот „Гранд“ приредил концерт со забава за граѓанството, кој бил мошне успешен и од кого биле собрани 4.000 динари, планирани како материјална помош за сиромашните ученици.[921]

Мешаниот хор скоро секогаш ја имал задачата со химните, така било и во 1940 год. „Празникот св. Сава“ таа година се одбележувал во најголемата градска сала, Соколскиот дом, кога по водоосветувањето и режењето на колачот, ги испеа првин „Химната на свети Сава“, вед-

917. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија... 26

918. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Битољска гимназија... 23, 25, 26, 27

919. М., **Музички концерат Битољске гимназије**, Вардар, Скопље, 29 април 1936, 2

920. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образование во Битола**, 57

921. **Успела забава**, Кајмакчалан, г. I, бр. 4, Битољ, 20 март 1937, 3; Државен архив на Македонија – Подрачно одделение – Битола, Збирка на плакати...I к/2

наш потоа и државната химна, па и три други песни („Кољ Славен“ од Бортњански, „Ѓурѓовденска песна“ од Фран Дуган и „Нич не марам“ (словенечка) од Др. Долинар), а една („Санкање“ од д-р Милоје Милојевиќ) му била остапена на Детскиот хор.[922]

Иако не со ист интензитет, хорскиот живот на Гимназијата продолжи и за време бугарската окупација. И сега располагал со хор со кој раководел Тодор Скалов, кој во учебната 1943/44 год. броел 98 хористи.[923] Имало и појави што не ги забележуваме меѓу двете светски војни, подготовка и изеведба и на поголеми музички дела, една била и оперетката „Брат и сестра“, која, како што известува „Пелистерско ехо“, премиерно се планирала да биде изведена на 30 јуни (вторник) 1942 год.[924]

Со гимназискиот хор извесно време раководел и диригирал Иван Маџаров. Во почетокот на месец април 1944 год., првин во читалиштето „Св. Климент“ предавање „Патот на Бугарија“ одржа Ангел Узунов, брат на Христо Узунов, а во попладнето во салата на Гиназијата бил изведен и концерт под диригентство на овој музички работник.[925]

Тоа е, се разбира, дел од таа пребогата музичка традиција на битолската Гимназија.

## Концерти на Богословијата

Откако била основана Српската православна богословија во Битола, градот се здоби со многу значаен и моќен аниматор, покрај во верскиот, и во музичкиот живот, кој ќе трае додека траела и оваа школа.

Нејзините многубројни концерти секогаш се одликуваа со пребогата содржина, оттаму и масовна посетеност, покрај од ученици и од обични граѓани, но и од оние што нешто значеле во градот. Токму тоа било и причина истите да бидат поделени и на два дела, претплад-

922. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Битољска гимназија... 24, 25

923. Ѓорѓи Димовски, **Гимназијалното образоване во Битола...**, 93

924. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 26, Биитоля, 27 Юний 1942, 4

925. **„Пътътъ на България,** Пелистерско ехо, г. 3, бр. 110, Битоля, 4 априлъ, 4

невен и попладневен, понекогаш да траат и два дена. Пространата богословска сала, трпезаријата, стана традиционално нивно место, привлечна и од други субјекти, институции и здруженија.

Меѓу првите концерти што ги дала Богословијава (основана 1921, почнала со работа во 1922 год.) бил оној од 12 (25) јануари 1924 год., кога настапи Богословскиот хор исполнувајќи неколку песни и во кого имало и содржини, рецитации и театарска претстава, „Школскиот инспектор“.[926]

Следат такви и во наредните години.

„Светославскиот празник“ на 26 јануари (сабота) 1929 год., во присуство на многуброен и одбран свет, се отпразнувал, исто така, со многу музички и други точки и театарската претстава, „Бадниковата вечер“ од К. Трифковиќ.[927]

Концертот од 25 јануари 1932 год., пак, ја продолжи традицијата, имал претпладневен и попладневен дел, во претпладневниот, по свечената литургија во црквата „Св. Димитрија“, се префрлил и во салата на Богословијата како попладневен. Богословскиот хор првин ги исполнил државната и „Химната на св. Сава“ од М. Милојевиќ, следел говорот од архимандритот Кипријан, па рецитација, повторно точка од хорот („Воскликните“), за да заврши со вообичаеното доделување награди за изработени теми и презентација на состојбите со фондовите наменети за бедните ученици.[928]

Оваа матрица остана и за 1933 год., па и сега во претпладневниот дел хорот ги исполни химните за св. Сава од М. Р. Павловиќ и „Државната химна“ од Јенко–Руњанин и уште една, „Взаиде Бог“ од Дехтјаров, за да продолжи со говори, рецитации и доделување

926. **Прослава св. Саве**, Јужна звезда, г. III, бр. 89 (4), Битољ, 30 јануар 1924, 2

927. **Белешке**, Глас Омладине с југа, г. III, св. 2, Битољ, фебруар 1929, 24

928. „Јадранско морје“ од Антон Хајдрих, „Што ни работи...“ од Фран Лотка, „Пушчи ме“ (од 10 руковет) од С. Морањац и „Славија“ од Ј. Маринковиќ. По овој дел била изведена историската драма „Растко Немања“ од Бр. Нушиќ (**Извештај за школску 1931/32 годину,** Српска православна богословија... 8)

награди. Во попладневиот дел повторно имало рецитации, соло песни и многу хорски состави.[929]

Претпладневниот дел и во 1934 год. бил исполнет не со две, со три химни од истиот хор, „Химната на св. Сава“ од М. Р. Павловиќ, државната од Јенко–Руњанин и „Југословенската химна на слободата“ од Ф. С. Вилхар, па и вечерниот отпочна со „Химната на св. Сава“, за да продолжи со рецитации, соло пеење и хорски содржини.[930]

Почнувајќи од 1935 год., ваквите одбележувања за првпат се прават двапати годишно, еднаш на вообичаениот датум, 25 јануари и уште еднаш, на 10 мај, на „Денот на палењето на моштите на светецот“.

Првиот траел два дена, петокот на 25 и саботата на 26 јануари и обата биле во претпладневните часови. Петочниот ги имал сите стекнати карактеристики – сечење колач, свечена литургија во црквата „Св. Димитрија“ и уметничка програма во салата на Богословијата. Неизбежни и сега, се разбира, биле химните во изведба на хорот на Богословијата, дошле рецитациите и другите точки, како и доделувањето награди за изработени теми и извештаите за состојбите со фондовите.[931]

Саботната програма била побогата, па покрај химната за св. Сава и рецитациите, исполнети биле и хорски песни, имало и театарска

929. Тие се „Химната на св. Сава“ и песните: „Дамно се мрачи“ од М. Бајук, „Вниз по матушкје по Волгје“ од Калиников, „Ти взјоди, взјоди“ од Мусоргски, „Морнар на немирно море“ од Дирнер, „Еј ухњем“ од С. Жаров, „Коледе“ од Ј. Готовац, „Тополи“(Јаблани на српски) од Ј. Готовац и „Свирките се слушаа“ од Фран Лотка (**Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...9/2)

930. „Воскресни Боже“ од Турчанинов, „Вечерна песна“ од В. Новак, „Закувала“ од Ф. Шпајдер, „Југословени“ од д-р М. Милојевиќ, „Црни горо“(од 11 руковет) од Моравац, „Момчето без гунчето“ од Јаков Готовац, „Како гром песна да ни се шири“ од Ив. Пл. Зајц и „Дуде“ од М. Р. Павловиќ, а театарската претстава повторно била историската драма од Бр. Нушиќ – „Светска војна“ (**Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...10-11)

931. „Стихира на српските светители“ и „Стихири на Св. Сава“(6 и 4 гл.) (**Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...24)

пиеса,[932] омилената „Растко Немања“ од Нушиќ и овојпат во изведба на ученици од 2, 4, 5 и 6 година.[933]

Одбележувањето „Спалувањето на моштите на св. Сава“, инаку, било со решение на св. Синод на Српската православна црква, за кое во Битола бил оформен и специјален градски одбор, во кого влегле видни граѓани и првите луѓе на општината, а концертот се одржал на 11 мај 1935 год. но сега во салата на Соколаната, со почеток во 20 часот.

И овојпат, откако во претпладневните часови, се одржала свечената литургија, концертот отпочна со двете химни („Народната химна“, во исполение на оркестарот на 46 пешадиски полк) и „Химната на св. Сава“ од Мокрањац во заедничка изведба на хоровите „Мокрањац“, „Кајмакчалан“, Гимназијата и Богословијата, како што се гледа, со исклучок на вклучените неколку рецитации и спортските вежби на Соколскиот подмладок, скоро исцело им бил остапен на хоровите.[934]

Голем концерт се одржал и во 1936 год. и ако се изземе литургијата во црквата „Св. Димитрија“, имал три дела, два претпладневни и еден вечерен. Првин се освети и се разрежа колачот, се исполнија химните (за св. Сава и државната во исполение на хорот на Богословијата), следеле рицитации и доделување награди.[935] Вечерниот, повторно почнал со „Химната за св. Сава“ од М. Р. Павловиќ како прилог на хорот на Богословијата, следеле рецитации, соло

932. Хорот ги исполни „На рјеках вавилонских“ од С. Морањац, „Под твоја милост“ од Малашкин и Мокрањчевите: „Глас Господењ“ и „Днес вод освјашчајетсја“

933. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...24-25

934. Биле исполнети: „Тропар на Св. Сава“ Мокрањац (Хорот на Богословијата), „Сеј ден“ од Бортњански (Хорот на богословијата), „Југословени“ од М. Милојевиќ (Машкиот хор на „Кајмакчалан“), „Вториот руковет“ од Мокрањац (Мешаниот хор на „Кајмакчалан“), „Нека песма забруи“ од Волариќ (Мешаниот хор на „Мокрањац“), „Козар“ од С. Мокрањац (Мешаниот хор на „Мокрањац“). Концертот заврши со симфонискиот оркестар на 46 пешадиски полк, кој ја исполни увертирата „1912“ од Чајковски (**Извештај за школску 1934/ 35 годину**, Српска православна богословија... 28)

935. „Со гласот мој“ од Архангелски (Мешаниот хор на Богословијата) и „Одамна се срачи“ од М. Бајук (Хорот на Богословијата) (**Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија... 50

пеења, музички нумери, како и настапите на двата хора, со Мешаниот диригирал Сергеј Наумов, со Машкиот Мирко Павловиќ.[936]

Истиов во јавноста предизвикал посебен интерес, а печатот првин го најави,[937] потоа и детално го опиша, давајќи и подробности и за него и за посетителите.[938]

Во 1937 год. овој празник за првпат се одбележа без концерт, само со предавање и со седница на богословското литературно здружение „Братство“ на кое како гости му дојдоа врсниците од Гимназијата и Трговската академија.[939]

И концертот во 1938 год. бил скромен. Литургијата, наместо во црквата „Св. Димитрија“, извршена била во новоподигнатиот храм „Св. Јован Крстител“ во дворот на Богословијата, при што химните ги исполни хорот на Богословијата, првин за св. Сава од Мокрањац и државната од Јенко–Руњанин, па следеле рецитации, музички точки и хорски песни повторно од хорот на богословите.[940]

Главниот настан на концертот од 1939 год. бил говорот на новиот епископ Платон, но имало и рецитации, музички и хорски песни,[941] таков бил и во 1940 год., кога со хорот раководел новиот диригент на Богословијата, Милосав Јовичиќ.[942]

---

936. Тие беа: „Скажи ми Господи“ (Машкиот хор), „Народен збор“ од Ј. Маринковиќ (Машкиот хор), „Војвода Дејан“(Машкиот хор), „Втора руковет“ од Морањац (Мешаниот), „11 ора на српски народни песни“ од Ј. Маринковиќ (Машкиот хор) (**Извештај за школску 1935/1936 годину**, Српска православна богословија... 51

937. **Битољска богословија ће свечано прославити у суботу Св. Саву**, Вардар, Скопје, 23 јануари 1936, 5

938. **Битољска богословија и ове године врло свечано прославила Светога Саву**, Вардар, Скопје, 28 јануари 1936, 2

939. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија... 44

940. „Акатист на Мајката божја“ од С. Морањац-Манојловиќ, „Блажен маж“(катизма) мелодија од Киево – печерската лавра, „Воспрени душо“ и „Небесна Царице“ од С. Наумов, „Воскликните Господеви“ од А. Гречанинов и „Боже Братимства“ од Д. Јенко ( **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...24 )

941. **Извештрај за школску 1938/39 годину**, Српска православна богословија...25

942. **Извештрај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...10

За „Светосавската прослава“ од 25 јануари 1941 немаме податоци, а заради настаните што ќе дојдат, се случи наскоро и укинување на школава.

## Хорот и концертите на Трговската академија

Иако не со такво значење и популарност, какви што ги имале музичките активности на Гимназијата и Богословијата и битолското трето средно училиште, Трговската академија, давала придонеси, учествувајќи и со својот хор во бројните музички настани.

За жал, во отсуство на школски годишни извештаи што ги издавала, а кои не можеа да се пронајдат низ Битола, како и скромниот интерес на печатените медиуми, податоците за оваа дејност се премногу скромни.

Сепак се дозна дека хорот во 1925 год. броел околу 100 членови,[943] дека настапувал и на концерти во своја организација и на други училишта и друштва.

Оној, кој го организирала таа и кој се одржа во нејзината сала од горниот кат, која за оваа прилика од страна на школава била и специјално посебно декорирана, бил концертот одржан во саботата на 19 април 1924 год. и кој привлекол огромен број посетители.

По емотивниот говор на директорот Мил. Петровиќ, првин се претставија учениците со рецитации, следел потоа и настапот на школскиот хор со одбрани хорски песни, при што песната „Кајмакчалан“, композиција на Јосиф Слобода, капелникот на 46 пешадиски полк, посебно воодушевила. Концеротов ја имал и вообичаената театарска претстава, драмата во три чина „Наречници“. Импресивна притоа била актерската игра на неколкумината ученици, Ф. Стефановиќ (Тихомир), Т. Димитријевиќ (Гурчин), К. Пауниќева (мајката), Х. Христодулова (свршеницата), А Маневиќ (Смиља).[944]

943. Љ. Л., **Вести из Битоља,** Вардар, Скопље, 18 септембар 1932, 3

944. **Концерат Трговачке академије**, Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 59, Битољ, 27 април 1924, 2; **Концерат Трговачке школе,** Јужна звезда, г. 3, бр. 101 (16), Битољ, 25 априла 1924, 3

Вакви имало и подоцна, но, за жал, податоците заради спомнатите причини, отсуство на школските извештаи не можат да се поткрепат и со подетални факти.

На 1 март 1931 год. на концертот, пак, кој се одржа во салата на Богословијата во организирација на Богословијата и Здружението на свештениците, кој бил духовен, учество зел и хорот на оваа школа.[945] По сличен повод и со истите организатори и во истата сала, организиран во 1940 год. на концертот бил вклучен и овој хор.[946]

Не треба да се пропушти, а да не се спомене дека ученици од Академијва земале индивидуално учествуво и на концерти што ги организирале другите училишта, на еден била вклучена и ученичката од 4 клас Ирина Неновиќ.[947]

Училиштето работело во долните ростории на Грчката машка гимназија (денес училиште „Гоце Делчев") во долниот кат, додека горниот кат, заради отсуство попогодна градска сала, истиот служел и како општнска, во која долго време се одржувале седниците и на локалната самолуправа, како и разните градски културно–уметнички настапи. Тука на 13 септември 1925 год. оперскиот пејач од Атина Апостол Предари го дал својот прочуен концерт со арии од познати опери,[948] тука имало и ликовни изложби[949] и многу други, слични настани. Едно време своите театарски претстави ги прикажувал и театарот на Михајло Лазиќ.

Не е безначајно, исто така, и прилогот што го давало ова училиште во заживувањето и на ученичките литературните потенцијали од средните училишта(„Иван Гудулиќ" на Трговската академија, „св. Кирил и Методиј" на Гимназијата и „Братство" на Богословијата), на чии средби се читале лични литературни творби, се воделе дисусии за литературни и културолошки теми.[950]

945. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија...10

946. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...11

947. Исто, 28

948. **Comoedia**, br. VI, 28 septembar 1925, 14-15

949. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија...11

950. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...26

## Концерти во врска со светите Кирил и Методиј

Почитта кон светите Кирил и Методиј во нашите краишта имала многу долга традиција, оттаму и бројни училишта да се именуваат со нивните имиња.[951]

Нивниот ден за дел од населението бил неработен и целосно му бил посветен во активности за афирмација на нивното дело и значење. Црквената богослужба тогаш се одржувала во црквата „Св. Богородица", после тоа се организрал и марш на учениците и наставниците од Машкото и Женското егзархиско училиште низ Широк Сокак, следеле потоа и вообичаените културно–уметнички настани.

Во 1899 год. тој остана забележан и заради т.н. „Учителскиот бунт" против употребата на старословенскиот и бугарскиот јазик во наставата и црквата и барање нивна замена со локалниот македонски јазик. Истиот беа го организирале група учители на чело со учителот Цоков, кој користувајќи го интервалот меѓу богослужба и словото на директорот на училиштето за придонесот на браќата за словенското дело, кое обично се одржувало во просторот меѓу црквата и училиштето, скоро грубо го прекинал истото, изложувајќи свое видување дека говорниот јазик на месното население треба да биде витинска замена на јазиците кои се употребуваат и во црквата и во училиштето. Настанал шок, рускиот конзул и бугарското трговско агенство демонстративно го напуштиле собиров, а останатите останале вџашени и поединечно започнале да го напуштаат одбележувањето.

Бунтовниците и по настанов продолжиле со промоција на своите ставови и пред пошироката јавност, соопштенија изналепија низ градот, со што на настанов му дале и пошироко значење. Иако се очекувале брзи и решителни реакции, Цоков и неговите истомисленици не биле отстранети од училиштето, а основната причина за тоа бил крајот на учебната година и желбата да не се прекинува наставата, па решение за случајов се пролонгирал за некое време.[952]

951. **Светилник,** Народна просвета, София, 1983, 61-62

952. Симон Дракул, **Македонија меѓу автономијата и дележот,** том први**,** 267

Османлиските власти по овој настан станале крајно внимателни во давањето согласност за вакви одбележувања, па во 1907 год., наведувајќи безначајни причини, одбиле тоа и да го направат.[953]

Генерална промена кон чествувањето на „Денот сесловенските браќа" се случи во 1914 год. со новата, српската власт, кога тој празник се прифати за нов државен, рамноправен на денот на св. Сава и отсега натака секоја година почнал и редовно да се одбележува и да се слави. Од ова време потекнуваат и иницијативите некои и од институциите да го понесат нивното име, битолската Гимназија ќе го прифати за нејзиното литературно здружение, истовремено отпочна и секоја година да го одбележува и да организира годишни концерти.

Еден меѓу другите одбележувања, е и оној од 19 јануари 1923 год., кога била прикажана и претставата „Девојчината клетва" со извонредните ученици од погорните е класови,[954] потоа и оној од месец мај во 1923 год., одржан во Општинската сала. Истиот имал 13 точки, од кои највпечатлива остана шестата, монологот „Пред матурата" со извонредниот Момчиловиќ, ученик од 8 клас. Влезниците чинеле 10 динари, кои како приход влегувале во „Фондот за сиромашни ученици".[955]

Имало и други вакви концерти, оној од 1933 год., стана најзабележан и заслужи да се внесе во богатата музичка историја и на школава и на градот.

Првин во сите класови се одржаа предавања за значењата и придонесот на Светите браќа во културната историја на словенството и на човештвото, потоа редовната наставата била заменета со присуство на учениците и наставниците, на чело со директорот Продановиќ, на богослужбата во црквата „Св. Димитрија".

Вечерта во салата на Театарот се случи и долго поготвуваниот и очекуван концерт, кој отпочна со воведно предавање од проф. Милорад Вујовиќ за начењето на браќата за културната историја на сло-

953. Исто, 316

954. **Гимназијално удружење „Кирила и Методија",** Јужна звезда, год. 2, бр. 41, Битољ, 25 јануар 1923, 2

955. **Концерат Битољске гимназије,** Битољски трговински гласник, г. 1, бр.16, Битољ, 23 маја 1923, 3

венството и човештвото по што следувала и музичката и другата програма.

Мешаниот хор под диригенство на Калипсо Налча ги исполни народната химна и „12-та руковет" од Мокрањац, потоа и „Докле сем младебла" од Шпољер и „Две јаболка" од Коњовиќ, а Женскиот „Под јоргованот" од Крстиќ, многу увежбано и многу успешно, од што веднаш можеше да се заклучи дека истиот има воедначен гласовен состав и дека со него се работело долго и напорно.

Матурантката Елпида Дума на клавир (и покрај лошиот тоналитет) многу прецизно ја исполни Шубертовата „Die Forrel", која била и една од најдобрите точки. Матурантот Г. Спасевиќ на виолина ја презентирал „Тажната песна" од Чајковски во придружба на клавир од матурантката Радмила Лешњаревиќ, па ученикот од 8 клас Јован Групчевиќ, во клавирска придружба на Калипсо Налча, ја испеа Зајлевата „Доме мој", следувала и песната „Морнаревата судбина" од Мартела исполнета од Зорица Лилевиќ (уч. 7 клас) во придружба на клавир (Лешњаревиќ) и виолина (Спасиќ). Лилевиќ пеела сигурно, со лесни преоѓања висински и длабински на топлиот глас од што се оцени дека нејзината точка, исто така, е една од најдобрите.

За жал, заради лошата интонација, квартетот на песната на Бошњаковиќ „Молитва за Југославија" скоро и го обезличи овој толку успешен и пријатен концерт.

На крајот била изведена и гимнастичко–ритмична фантазија со наслов „На ливадите на Марс" од Адолф Бартипан во придружба на Воениот оркестар.

Сето тоа присутните го наградиле со топли ракоплескања,[956] а вакви празнувања имало скоро до почетокот на Втората светска војна.

## Концерти на Клубот пријатели на Франција

Големото почитување кон Франција што се градело долго и упорно во меѓувоената југословенска држава, било базирано, покрај врз огромниот придонес и цената што ги дала оваа држава во Првата

956. **Ћирило–Методиска прослава у Битољу,** Вардар, Скопље, 1 јуна 1933, 6

светска војна, а и врските на некои градови што ги имале во минатото со неа, за да прерасне потоа истот и во сеопшта, голема и топла љубов.

Битола, пак, имала посебни причини да ја гради и да ја негува неа, најмногу заради повеќедецениското француско школско присуство. Генерации млади битолчани кои го учеле и владееле францускиот јазик, заљубенички ја прифаќале и француската литература и култура, оттаму и синтагмата за Битола за *„најфранкофонски град на Балканот“*. Не треба да се заборави и големиот придонес за засолнувањето на бројни млади битолчани, најмногу деца, низ градовите на Франција, додека траеле жестоките бомбардрања врз градов, како и изобилната хуманитарна помош што надоаѓала од француската влада за гладното население за време и поствојната.

Сето тоа стана основа за формирање и неформален клуб, наречен „Пријатели на Франција“, кој нешто подоцна се преименувал во „Француско–југословенски клуб за пријателство“.

Истиот многу рано стана не само дневно вrталиште за битолските франкофони и франкофили и место во кое се случувале и бројни културно–уметнички настани, чајанки и концерти.

Еден, меѓу првите собири со културен предзнак, е оној од 9 февруари 1924 год., кога претседателот на Клубов, Петар Косовиќ, директор на Битолската гимназија, изложи впечатливо предавање за длабоките врски меѓу двата народа, за кои, за жал, како што нагласил, малку се знае, а кои, напротив, треба да се истражуваат, откриваат и посебно да се ценат. Концертниот дел кој потоа следел бил исполнет со богата програма, најмногу со сериозна музика.

На клавир тогаш настапиле г-ѓа Пенелопа д-р. Чопи и г-ца Кети Христидис, исполнувајќи го „La muette de Potici“ на виолина, потоа и прочуеното „La fille du Regiment“ од господин Џамаули, па на виолина настапил и г. Продановиќ, презентирајќи ја „Caratine“ од Раф, додека Русинот М. Маљута ја испеал многу впечатливо руската „Верјолочка“. Севдалинки, полни со посебен ориентален темперамент и сенс испеале госпоѓиците хаџи Поповиќ, ученичка на Прилепската учителска школа и Младеновиќева, ученичка на Битолската гимназија, кои биле поздравени со овации, кое, според новинарот на

записов, никако не требало да помине без да се извлече и заклучок дека најзаслужен за тоа бил учителот по музика Доминис.

Како и обично, веселбата продолжила до длабоко во ноќта со многу разиграни и весели ора.[957]

Слични концерти организирал и „Француско–југословенскиот клуб за пријателство“, а со амбиција да се осознае подетално неговиот историјатот, а по повод десетгодишнината од востанување (1933), управата реши да подготви и темелен извештај, задача што ја доби секретарот на здружениево, почесниот конзул на Франција, Марсел де Вос, кој истовремено требало да подготви и да организира и културно – уметничка вечер во Градскиот театар, а и вообичаената забава.[958]

Истиот месец и истата година во просториите на Клубов било одржано и предавање од Мр. ф. Сима Филиповиќ на тема „Potpourri literraire“ по што следувало и мошне успело соаре и помал концертен дел.[959]


КЛУБ ПРИЈАТЕЉА ФРАНЦУСКЕ

Приређује у очи Нове Године — среду 31. Децембра 1924 год. — у ово-годишној сезони свој

ПРВИ ВЕЛИКИ КОНЦЕРАТ СА ИГРАНКОМ

У просторијама Општинске сале у Алимпијевој улици, на који има част позвати Вас са Вашом поштов. породицом.

Познавајући Вас као искреног поборника духовног зближења између нашега Народа и Велике Француске Нације, Управа се нада да ћете се горњем позиву одазвати и својим присуством увеличати успех овој корисној установи.

Улазна цена: За даме Дин. 10. — за господу Дин. 20.

Само позвани имају приступа.

Почетак тачно у 8 час. у вече.

Управа

Štam. R. Kirjaza Bitolj

*Концерт со музика и забава од 1925 год.*

957. **Забава клуба пријатеља Француске,** Битољски трговински гласник, год. 2, бр. 53, Битољ, 16 фебруара 1924, 2

958. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 21 мај 1933, 2

959. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 28 мај 1933, 3

Клубов веќе броел 147 членови, почесен член стана маршалот Франше д' Епере, а во библиотеката се наоѓаа 1294 книги, како и бројни списанија на француски и српско–хрватски јазик, со што таа се вброила во една и од малубројните градски библиотеки.[960]

Клубов се потврди и како мошне успешен организатор и на балови, некои и многу ретки, под маски, еден е и оној од 7 март 1936 год.,[961] со еден збор стана значаен центар во севкупното културно–уметничко живеење на битолчани.

## Концерти на битолските учители

Бројното битолско учителско тело било едно од поактивните и доста рано беше се вклучило во организирање концерти. Колегиумот на егрзахирските учители уште во месец јануари 1914 год. беше организирал еден, кој, според објавата што беше ја дал во локалниот седмичник „Општинесе новине", приходот беше го наменило за српскиот „Црвен крст", сметајќи на мотивирачки поттик и за масовна посета на овој многу редок културен настан. Истиот се одржа, привлекол внимание и доста посета, приходот изнесувал 632,60 динари, кој учителите беа го испратиле до Главниот одбор на „Црвениот крст" во Белград.

Овој податок е еден и од првите што упатува на сознанија за востановување и на оваа хуманитарна организација и во Битола.[962]

Во мирновременски средени услови, по Првата светска војна учителите се зафатиле и формирале и свое струково здружение преку кое развиле широки активности, ги организирале и културно–забавните настапи. Повеќето биле именувани за концерти, кои содржински се состоеле од хорски, соло и други прилози, едночинки, па и од

960. **Рад Француско–југословенског клуба у Битољу,** Вардар, Скопље, 29 децембар 1933, 7

961. **Француско–југословенски клуб у Битољу приреди ће велики костимирани маскенбал у суботу 7 марта,** Вардар, Скопље, 2 марта 1936, 4

962. **Битољске вести,** Општинске новине, г. 1, бр. 4, Битољ, 27 јануар 1914, 3

целовечерни драмски дела, за да завршат скоро сите со сеопшта и бучна веселба и со омилените исцрпувачки ора.

Во една таква забава, одржана во месец април 1922 год., на вториот ден Велигден, покрај музички и вокални прилози, здружението ја презентирало и Нушиќевата комедија „Свет“.[963] Во сличен концерт, одржан, исто така, за велигденските празници во 1926 год. се презентирале хорски и музички точки, како и целовечерна театарска претстава, „Ѓидо“, во која, на општо задоволство, како актерки беа се вклучиле за првпат и учителките, кои дотогаш давале силен отпор заради познатите вкоренети патријалхалните забрани.[964]

Иако ваквата активност имала придонес во збогатувањето на културно–забавниот живот во малиот град, кој полека го фаќал мирновременскиот ритам, уште позначајно е и придонесот на педагошки план, пренесувањето практични искуства од постарите на помладите учители.

Ова е време кога и порешително се ангажираат и децата во културно–уметничките изведби. Меѓу првите такви била и вторничната, односно од 27 јануари 1925 год. за која биле напечатени и посебни покани во познатата и ефтина печатницата на Ристо Киријас. Било подвлечено дека подготвувачи и организатори се настаниците од основните училишта, дека приходот ќе биде наменет за сиромашните ученици, а и дека ќе има и три полесни театарски претстави од ученици основци. Првиот требало да биде дијалогот „Малиот болен“ во изведба на учениците од второ одделение, вториот драмата „Растко Немањиќ“ од ученици од четвртото одделение на училиштето „Св. Сава“, а учениците од третото одделение на Генималското училиште ќе ја претставиле „Децата од заробеничкиот табор и одјекот на слободата“.[965]

963. **Из живота нашег друштва, Учитељска забава,** Битољски весник, г. 1, бр. 22, 16 априла 1922, 2

964. **Учитељска забава,** Јужна звезда, г. 5, бр. 190 (17), Битољ, 15 маја 1926, 2

965. Историски архив – Битола, **Збирка на плакати, 2 Е/3**

Дека ваквата активност со основците била мошне интензивна говорат и сеќавањата на интелектуалци кои го посетувале Светославското училиште.[966]

Слични ангажмани на учителите следат и во годините што доаѓаат. Големата годишна скупштина од 6 февруари 1934 год. со над 300 учители од Битола, Прилеп, Охрид, Крушево, Преспа и Мариово имала два дела – стручен и културно–забавен. Првин во салата на Театарот се расправаало за стручни проблеми, потоа, во Офицерскиот дом бил приреден концерт кога со свои точки настапи хорот „Мокрањац".[967] По повод слична средба истата година во месец ноември, учениците од Основното училиште „Св. Сава" во просториите на своето училиште за своите воспитувачи и нивните колеги од другите училишта приределе мал и многу симпатичен концерт.[968]

Ваквата учителската активност продолжи и за време бугарската окупација.

Најпрвин здружението на учителите од основните училишта и од прогимназиите реши да оформи неколку секции, меѓу другите хор и оркестар, а било планирано нивните активностите да се одвиваат во рамките на градското здружение „Труд и радост". Иницијаторите преку весникот „Пелистерско ехо" на 22 јули 1942 год. ги повикаа заинтересираните до 2 август истата година да се пријават за да се овозможи пробите да отпочнат навреме.[969] Од ред причини, хорот бил оформен во месец октомври истата година, добил и управен одбор, на чие чело бил избран Јоло Јолов, а Т. Скалов станал диригент.[970]

Истиот за првпат настапил на 24 октомрви истата година на учителската конференција што се одржа во салата на киното „Балкан",

966. Сеќавање на Веселин Филиповски, пензионер, разговор воден на 1 февруари 1995 год.

967. Вукоман Ч. Вукомановић, **Велика учитељска скупштина у Битољу**, Вардар, Скопље, 10 фебруар 1934, 2

968. Вук Ч. Вукомановић, **Годишња скупштина Заједнице дома и школе у Битољу**, Вардар", Скопље, 3 новембар 1934, 2

969. **Хроника**, Пелистерско ехо, бр. 30, Битоля, 22 Юлий 1942, 4

970. **Учителски хоръ въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 42, Битоля, 17 октомврий 1942, 3

кога се претстави со двете химни, државната „Шуми Марица“ и „Химната на царот“, а потоа исполни и неколку музички точки.[971]

## Први концерти во Офицерскииот дом

И пред да се подигне сегашниот Офицертски дом и истиот да отпочне да се користи од активните и резервните српски воени старешини, во Битола постоел постар, османлиски, кој подоцна бил именуван за Стариот офицерски дом. Бил доминатен објект кој сѐ уште постои, а денес среде битолчани познат е како Домот на Зволу. Додека не бил подигнат сегашниов, српските воени старешини го користиле за свое врталиште, ги организирале таму своите средби, забави и културно–уметнички програми одржани по разни поводи, најчесто поврзани со роденденот на претстолонаследникот Александар.

Концерт што бил организиран во него бил оној што се случи скоро веднаш по Прва балканска војна, на 4/17 декември 1913 год.,[972] следниот бил на први март 1914 год. Познато е и дека на второв било присутно, покрај воени лица и бројното видно граѓанство и дека поминал во големо расположение, па дел од присутнте останале и до утринските часови.[973]

Оваа активност помина и се подзаборави, а да се случи и да се организира и првиот концерт во денешниов Офицерски дом, односно да се официјализира неговата јавна употреба, требало да мине доста време, да се вложат многу напори и многу средства.

Како објект во габаритен профил наследен од османлиите веќе бил подзаборавен, па активните офицери и подофицери од 46 п.п. повеле акција за негово градежно оспособување и за негова секојдневна употреба (подофицерите нешто подоцна ќе добијат и засебен – Подофицерфски дом во негова близина), а бидејќи се планирало еден ден тој да стане и „граѓански дом“, односно да биде во услуга и на би-

971. **Учителска конференция въ Битоля**, Пелистерско ехо, бр. 44, Битоля, 31 октомврий 1942, 3

972. **Официрска забава**, Општинске новине, г. I, бр. 30, Битољ, 6 децембар 1913, 9

973. **Битољске вести,** Општинске новине, г. 2. бр. 38, Битољ, 6 марта 1914, 3

толското граѓанство, иницијаторите на акцијата ѝ придадоа и пошироко значење, ги повикаа добронамерните и поимашливите граѓани да партиципираат средства па на тој начин тој да стане и нивно врталиште, под услов офицерите да го задржат правото на трајна сопственост, да станат и носечка групција што ќе го сноси најтешкиот товар, материјалниот и организацискиот,[974] а да се задоволи и егото, правото да говорат и за свој *„новоподигнат дом“*.[975]

Инагурацијата негова, возобновен по десет години упорна работа и големи материјални вложувања, воените лица посакаа да ја поврзат со роденденот на кралот Александар (17 декември) во 1923 година, во кое не може да се рече дека во тоа немало и задна мисла за државна материјална помош во градежната финализација. Идејата тоа да се случи и со културно–уметнички чин, со концерт, во кој прилози би дале и војската и граѓанството, при што музичкиот дел би му припаднал на граѓанството, а војската би ја извела последната точка, драмскиот текст, наполно била прифатена.

Иако во ова време многу популарни биле историските драми, најмногу оние од Бр. Нушиќ, организаторите се определиле за лесна и скоколива комедијка, едночинката *„Се издава стан под кирија“*.

Коцертотот се одржа на планираниот датум и на него биле поканети одбрани лица, само оние со посебни покани.

Истиот се состоел од овие точки:

„Zampa“ – Herold, – клавирска изведба со 4 раце (исполнуваат г-ците Каја Костиќева и Кети Христидис); 2. „Ѓаурко мила“ (пее Љубица Младеновиќева во клавирска придружба); 3. „Il Trovatore“ – Verdi (соло на г-ца Скантели); 4.„Lucia di Lammermoor“, фантазија од Donizeti (на виолина исполнува д-р Џамаули во клавирска придружба на М. Џамаули); 5. „Ат ми седи, нане“ (пее соло г-ца Милица хаџи Поповиќ во кавирска придружба на Веља Путник); 6. „Serenada“, – Franz Drdla (на виолина исполнува д-р Џамаули во клавирска придружба на Кети

974. **Офицери Битољ. Гарнизона за свој Дом,** Битољски трговински гласник, бр. 40, Битољ, 8 новебра 1923, 2

975. **Дневне вести,** Битољски трговински гласник, бр. 43, Битољ, 14 фебруар 1923, 3

Христидис); 7. Сексет „Бабичка"; 8. „Се издава стан под кирија", шеговите игра во еден чин; 9. Музика: „Аида" од Verdi.

Втор дел – Игранка.[976]

Шеговитата сценска игра ја изведе тројца актери – аматери, професорот ја играл умешно г. Глоковиќ, а женските ролји им припаднале на г-цата Коухал (вдовицата) и на Николашевиќева (куќната помошничка), ќерка и сопруга на режисерот, потполковикот Урошевиќ.[977]

Неколку дена подоцна, односно на 23 декември, Офицерскиот дом се отвори и за граѓанството.

Првин била организирана детска забава, исполнета со лесни детски игри и песнички и дијалоготот „Наши деца", во која гимназијалците Б. Урошевиќ, ученик од втор клас и Слободанка Милошевиќ, ученичка од први клас, соживувајќи се со ликовите, слободно и многу впечатливо ги пренесоа креации. Восхитената публика потврди дека ваквата забава ѝ е симпатична и дека на децата треба да им се даваат и други слични прилики.[978]

Домов натака ќе се отвори наполно и за граѓанството и за нивните концерти и забави, па на 1 март 1924 год. бил приреден уште еден концерт, во кој имало и драмска претстава, „Косовска девојка".[979] Од концертот што бил одржан на 7 јули 1928 год., пак, биле собрани 2563 динари и истите му биле остапени за градот.[980]

Изобилната негова културно–уметничка употреба продолжила и во годините што следат.

На вториот ден Велигден во 1933 год. управата на „Месниот одбор на „Југословенската младина на Вардарска Бановина" од Битола ја организираше својата прва забава на која имало презентација и на

976. **Дневне вести,** Битољски трговински гласник, бр. 45, Битољ, 14 децембар 1923, 2-3

977. **Забава у Официрском дому,** Јужна звезда, г. 2, бр. 81(46), Битољ, 19 децембар 1923, 2

978. **Дечја забава,** Јужна звезда, г. 2, бр. 85 (47), Битољ, 26 децембар 1923, 2

979. **У Официрском дому,** Јужна звезда, бр. 94 (9), Битољ, 6 марта 1924, 2

980. Градско поглаварство, Кутија 2/208, 16.07,1928, бр.12743

народни носии,[981] а на 3 јули 1938 год., во кермесот на Аероклубот имало и големо изненадување, за првпат избор „Мис на кермесот“.[982]

Таквата искористеност продолжила и за време бугарската окупација.

## Концерти на „Црвениот крст“

„Црвениот крст“ од Битола има историја повеќе од еден век, покрај што бил носител на најважните хуманитарни потфати,[983] бил и еден од стожерниците во културно–забавниот живот во градот. Неговите концерти станале, исто така, многу значајни материјални извори за неговата работа, но и за хуманитарните акции што ги преземал. Благодарејќи на неговото многу активно членство, лесно можел да скрпари организационен одбор, богата програма, која би се состоела од рецитации, песни, музички изведби, понекогаш и балет, придодадена кон нив и привлечна лотарија од донирани награди, па во закупена сала, во време кога луѓето имале помалку работни ангажмани, обично во зима, да организира и да приреди концерт.

Еден од првите бил велигденскиот од 1923 год., кој со своето лично присуство беше го украсил и претседателот на градот, Драгиќ Пауновиќ, повикувајќи со тој чин и на посета од граѓани. Истиот отпочна со пригодна реч, следела химна, која ја отсвирил Воениот оркестар, продолжил со рецитации, народни песни, а хорот на Гимназијата ја извел и арија од оперета „Зрински“, додека богословите го одиграле и првиот чин од Нушиќевата историска драма „Кнез Иво од Семберија“.[984]

981. **Забава Ј. О. В. Б.,** Вардар, Скопље, 23 априла 1933, 3

982. **Кермес Аеро клуба,** Битољске новине, бр. 5, Битољ, 1 јула 1938. 3

983. Александар Стерјовски, **Еден век Црвен крст во Битола,** Општинска организација на Црвен крст – Битола, Битола, 2012, 96-136

984. **Са концерта Црвеног крста,** Југославија, г. 2, бр. 21, Битољ, 13 априла 1923, 2; **Велигденска забава,** Јужна звезда, г. 2, Битољ, бр. 51 (13), 25 априла 1923, 2

Друг концерт, кој траел три дена, а со кој се одбележувал настанувањето на оваа битолската организација, се одржа на 8, 9 и 10 јуни (петок, сабота недела) 1923 година.

Уште во средата, волонтери беа се растрчале низ градот да лепат плакати и да го навестат и да го популаризираат, кој, како што се тврди, среде граѓанството се очекувал со нескриен интерес.

Во претпладнето во петокот, групи девојки и млади жени во придружба мажи, со „кутии за донации", одејќи низ поглавните битолски улици од дуќан до дуќан, од дом до дом, ги береле доброволните прилози, додека вечерта бил предвиден првиот забавен дел за кој, според планот, беше определен прекрасно декорираниот парк пред Офицерскиот дом.

Пред главниот настан од концертот имало и воведен дел, кој се состоел од *„социјални игри"*, наречени *„риболов на суво"*, *„провлекување низ ништо"*, *„конфети"*, соколски вежби, вежби на Еврејското спортско друштво „Макаби", *„карусел"* на сирачињата од Детскиот дом во Битола, а и слични прилози дало и Американското школо, па следел и главниот настан, коцентрирањето на Воената музика и сето тоа било заокружено со величествен и возбудлив огномет кој се следел во пријатна летна ноќ.

Саботнот ден се состоел од претпладневна проповед во синагога, а во попладневнот имало фудбалски натпревар помеѓу Гаризонот и екипата на Гимназијата, кој беа го добиле учениците. Почнувајќи од 16 часот биле предвидени филмски претстави, а во театарот екипата на Михајло Лазиќ се определила да ги прикаже историските драми „Кнез Иво од Семберија" и „Светска војна".

Третиот, неделниот ден од 10 јуни, бил најсодржаен и најбогат. Отпочнал со проповеди во црквите и со прибирање доброволни прилози по улиците и со концертрирање на Воената музика на Широк Сокак, кое стартирало во 10 часот и траело два часа. Попладнето соколите и соколките на чело со Воената музика марширале низ поглавните улици, а во 16 часот се случиле и кермесот и игранката во богато декорираното Александрово Брдо до кого се проаѓало преку умет-

ничко изработени капии. Следувал и бенгалски оган, па огномет и другите ефекти, како и многубројните ора и веселби.[985]

Вакви концерти посветени на оваа организација следат и следната, 1924 година. Зимскиот имал голема посетеност,[986] а во оној од 1 и 2 март (сабота и недела) биле 3, на 3 различни места, Офицерскиот дом, Основната школа во „Алипиќева улица“ и салата на „Духовниот суд“.

Првиот ја имал оваа програма:

1. Увертира од операта „Семирамис“ – свири Воениот оркестар; 2. „Шар Планина“ – народна песна, исполни хорот на Богословијата; 3. Варијации на пијано, исполни г-ѓа Томиќ; 4. Уметничка игра на г-ѓа Познаковиќ; 5. „Клетници“, пее г-ин Ферјанчиќ, на пијано го придружува г-ѓа Томиќ; 6. „Музички варијации“ – исполни Воениот оркестар; 7. „Косовска девојка“, театарска претстава во еден чин од делото „Кога ми се чинеше дека ќе умрам“ со музички илустрации на Воениот оркестар.

Програмата на концертот во училиштето во „Алимпиќева улица“ се состоела: 1. Воведен говор на Драг. Михајловиќ, школски инспектор; 2. Народна химна – ја исполни Воениот оркестар, 3. „Крај Вардара“, пее хорот на Гимназијата; 4. „Српска мајка“, рецитира ученичка од основно училиште; 5. Народен кадрил – играа ученички од Гимназијата; 6. „Враќање“ (дијалог), исполнуваа ученик и ученичка од основните училишта; 7. Балет – исполнија гимназијалци; 8. Втор дел од операта (?) пееле и свиреле гимназијалци; 9. Паметна шега – реализација на учениците од основните училишта; 10. Јадран.

Почеток на концертов бил зкажан за 8 часот, цената на влезницата изнесувала 10 дин.

Концертот во салата на Духовниот суд ги содржел овие точки: 1. Поздравен говор; 2. Химна – пеат ученичките од Женската подружница; 3. Поздрав на Подмладокот на „Црвениот крст“, на кла-

985. **Дани „Црвеног Крста“ у Битољу,** Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 2-3

986. **Велика забава Друштва Црвеног крста у Битољу,** Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 17, Битољ, 20 марта 1924, 3

вир исполнуваат Гала Истомина и Михајло Т. Крстиќ, гимназијалци, членови на „Црвениот крст“; 4. „Српски порпури“ – исполнуваа ученички на Женската подружница; 5. „Козарица“ – рецитира ученичка на Женската подружница; 6 „Весела е Србадија“ – на клавир исполни г. Путник; 7. „Ти се поткрадувам под...“ и „Кармен“ – пее соло Маљут; 8. „На излет“- рецитира ученичка од Женската подружница; 9. „Македонски ланс“ – исполнија ученички од Женската подружница; 10. „Раненик на одр“ – исполнија членови од Подмладокот на „Црвениот крст“; 11. Соколски вежби – исполнија ученички од Женската подружница.[987]

По ваквиот ангажман на учесниците, Обласниот одбор на „Црвениот крст“ од Битола се почувствувал обврзан да изрази и јавна благодарност кон сите учесници, тоа беше и го направил преку весникот „Битолски трговски гласник“ од 20 март истата година.[988]

„Летните денови на Црвениот крст“ се одбележаа и во 1925 год. (6 и 7 јуни),[989] а и во 1926 год. Последново се случи по повод основањето на „Црвениот крст“ на 6 и 7 јануари 1926 год. со концерт и забава. Првиот ден имал помал концерт и забава, потоа во салата на театарот била прикажана и претставата „Девојкина клетва“.[990] Во летото (5 и 6 јуни) таа година течеле овие денови, за жал, послабо одбележани, само со некакви маршеви и соколски вежби на основците, кои набрзина беше ги подготвила учителката Зора Ристиќ. На забавата, за која билетите биле совреме откупени, присутвото на граѓаните било бледо.[991]

Ваквите концерти продолжуваат и во наредните години. Еден од најбогатите и посебно запаметен, со успешно одбрана и изведена програма бил наменет како помош за бедните. Бил одржан во салата на хотелот „Јевтиќ“ на 11 февруари 1933 год. кој потврди и дека *„музич-*

987. **Дневне вести,** Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 54, Битољ, 23 фебруара 1924, 2;
988. **Дневне вести,** Битољски трговински гласник, г. 2, бр. 57, Битољ, 30 марта 1924, 3
989. **6, 7 и 7 јуни дани Црвеног крста,** Наша Стара Србија, г. 2, бр. 123, Скопље, уторак, 2 јуна 1925, 2
990. **Друштвени живот,** Самоуправни гласник, г. 2, бр. 2, Битољ, 15 јануара1926, 7
991. **Дани Црвног крста у Битољу,** Јужна звезда, 20 јуна 1926, 4

*киот живот во Битола е развиен и дека има поголем број вистински уметници, а чија работа е скромна и нерекламирана“.*

Отпочнал со воведно предавање на адвокатот Филип Јаковљевиќ за значењето на „Црвениот крст“ во мир и во војна, додека концертот се отворил со „Увертирата“ од „Граничари“ од Зајц, која ја исполнил Воениот оркестар под диригенство на Иван Гргиќ, кој, инаку, *„повеќепати ги потврди своите вонредни квалитети“.* Следел и настапот на хорот на богословите под диригенство на свештеникот Мирко Павловиќ, кој ја исполнил песната „Коледе“ во придружба на оркестар, која богословите ја реализираа со посебен полет.

Шопеновото „Ноктурно“ бр. 9 изведено од д-р Константин Робевиќ на виолина било во придружба на клавир, а имало и севдалинки, „Кој го искина герданот од грлото“ и други испеани од Недељко Лазиќ, кои биле посебно доживување. Следеле и „Рапсодија бр. 4“ од Лист во клавирска изведба на г-ците Сонти и Лилика Атанасиевиќ и песната „Plaisir d'amour“ од Мартин, па и Чајковски со „Легенди за Христос“, арија од операта „Весели жени винзорски“ од Ото Николај, а г-цата Калипсо Налча ја исполни аријата на Виолета од првиот чин од операта „Травијата“ со многу нивелирања и драматика на гласот и со дискретно клавирско надополнување од г-цата Кое.

Последната точка од овој извонредно успешен концерт бил клавирскиот настап на Налча, која го извела „Konzertstuck“ од Вибер, (*„свирела напамет“)* со дискретно созвучие на Воениот оркестар.

Сенасе, тоа било една извонредна музичка вечер какви ретко ги имало во Битола,[992] кои продолжиле и во годините што следат.

## Концерти на Народниот универзитет од Битола

Народниот универзитет во Битола, основан е на 15 февруари 1930 год., по иницијатива на богословскиот учител д-р Драгомир Павловиќ. Првин се оформил Иницијативен одбор, па откако идејата проработила, следувало и избор на Извршен одбор, кој ја презел сета

992. **Зимски дан Црвеног крста у Битољу,** Вардар, Скопље, 19 фебруара 1933, 6

натамошна работа, наскоро се оформиле и 4 секции за: предавања, театар, музика и технички науки.

Со Секцијата за музика раководел диригентот и композиторот Љубомир Бошњаковиќ со припомош на Калипсо Налча и д-р Константин Робевиќ и задачата ѝ била преку предавања и концерти проширување на видиците за музиката (европската) и нејзино прифаќање како индивидуална потреба и задоволство.

Првото предавање во првата година од работата било „Гуслањето и гусларите" кого го претстави гусларот М. Вујовиќ, кој со гуслата и се следел во песните. Се редат потоа и други предавања и други илустрации, едно било „Жорж Бизе и операта Кармен" од д-р Робевиќ, кое на пијано го надополнила Налча, па „Шопен и Лист" од Налча, „Франц Шуберт" од д-р Робевиќ, „Творештвото на Роберт Шуман" повторно од Налча и уште неколку други, сите со жива музика и со илустрирации од плочи.[993]

Секцијава организирала и чести концерти, академии, прослави и други слични форми со кои ја презентираше најмногу европската музика, со учество на локални хорови и оркестри како прилози.

И почетокот на редовната работата на Народниот универзитет (16 март 1930 год.) одбележан бил со посебен музички настан, концерт.

Ја имал оваа содржина: 1. „Значењето на народните универзитети" – предавање од Драгомир Мариќ, наставник во Богословијата; 2. Народна химна – исполнува хорот на Трговската академија; 3. Мухвиќ – „Србин, Хрват и Словенец" – китка народни песни во изведба на Воениот оркестар; 4. Ст. Христиќ – „Есен", исполнува хорот „Кајмакчалан"; 5. Зорко Преловац – „Добердоб"- исполнува хорот на Богословијата; 6. а. Прости вежби – исполнуваат гимназисти. б. Пирамиди, в. Вежби на справи – исполнуваат членови на Соколското друштво; 7. Јенко – „Косово" – Коценртна увертира во изведба на оркестарот на Воената музика; 8. „Косовска девојка" – слика според народната песна, исполнуваат ученици од Гимназијата.

---

993. Елица Тодорчевска, **Музичката дејност на Народниот универзитет 1930-1940 година,** Македонска музика бр. 8, Скопје, 2001, 213-218

Со оркестарот на Воената музика диригирал Љубомир Бошњаковиќ, со хоровите Мирко Павловиќ, свештник.

Неколку дена подоцна, односно на 23 март се одржа уште еден концерт наречен „детски", кој бил со оваа програма: 1. „Значењето на школските поликлиники" – предавање од г-ца Ленка Стефановиќ – лекар во школската поликлиника; 2. „Што ми се Трамник така замаглил" – пее мешан ученички хор; 3. „Мојот дом" – рецитира ученик од 2 одд.; 4. „Мали патници" – дијалог, исполнуваат ученици од 2 одд.; 5. „Го зел дедото својот внук" – пее мешан ученички хор; 6. „Елината кукличка" – исполнуваат ученички од 3 одд.; 7. „Детската школа" – рецитира ученичка од 2 одд.; 8. „Оди долу" – пее мешан ученички хор; 9. „Од каде си" – рецитира ученичка од 4 одд.; 10. „Милосрдни дела" – исполнуваат ученички од 1 одд.; 11. „Плет" – пчелини игри – исполнуваат ученички од прво одд.; 12. „Вечер" – исполнува мешан ученички хор; 13. „Деца на татковината" – театарска претстава во еден чин во изведба на ученици и ученички.

На 30 март истата година се одржа повторно концерт, сега со оваа содржина: 1, „За соколството" – предавање на Велимир Петковић; 2. Г. Филип „Празник на село" – увертира, исполнува соколската музика; 3. „Стариот Вујадин" – народна песна, рецитира брат Јован Секулиќ; 4. Љ. Бошњаковиќ – „Сплет македонски народни песни" – исполнува соколската музика; 5. „Се ближи летото" – рецитира брат В. Тасиќ; 6. Соколски вежби. Подготвил Адолф Бартипан, наставник во Гимназијата.[994]

Тоа е само дел од работата на музичкава секција на овој универзитет, која продолжила со активности и во наредните години.[995]

994. **Извештај о раду Народног унверзитета у Битољу 1930-1935,** Народни универзитет у Битољу, Битољ, 1935, 14-16.

995. Елица Тодорчевска, **Музичката дејност на Народниот универзитет 1930-1940 година,** Македонска музика бр. 8, Скопје, 2001, 216-219

## Концерти „за народ“ на воените оркестри

Концертите *„за народ“* на воените оркестри кај нас имаат посебна историја, биле познати уште од раниот Османски период. Познато е дека во 17 век од затворениот простор на Охридското кале до Охрид преку целиот ден допирале звуци од локалното мехтерхане (воениот оркестар),[996] а во 1836 год. наместо галење на увото, неговата музика, пак, *„трештела“*.[997] Ваков оркестар ги забавувал војниците (5-6.000) додека тие изведувале воени вежби и физички активности, стационирани во Битола во Довлеџик (1850).[998] Еден друг, пак, при крајот на истиот век пред Валијатот на мостот од Драгорот, повеќе *„од досада, отколку за радост на оние што шетаат“* свирејќи се забавувал.[999]

Сличен концерт во Битола организирале и војници Сенегалци, припадници на француската армија за време Првата светска војна, кои себе си се нарекле „Мукаилулу“. Бил многу поразличен од домашните ореkстри најмногу заради инструменталниот состав од тапани, зурлаџии и од непознат вид инструменти, направени од исушени кокошкини црева, намотани на стапови во различна големина. Концертот се одржал во приградската населба Ѓупска Маала под диригенство на Сенегалецот Мамаду, сержант – мајор. Покрај песни и музика се извеле и танци со специфични движења, својствени на фолкорот на Африка, а впечатокот, најмногу заради новината, бил извонреден.[1000]

По повод одбележувањето на празникот од тригодишнината од влегувањето на српските војници во Битола (1915), а по богослужбата во црквата „св. Богородица“ и по прекрасниот говор на владиката Варнава, на платото меѓу Општината и Начелството, односно на

---

996. **Македонија во делата на странските патописци**, **1371-1777,** 439

997. **Македонија во делата на странските патописци**, **1827-1849,** 244

998. **Македонија во делата на странските патописци**, **1850-1864,** 24

999. Спиридон Гопчевић, **Стара Србија и Македонија**, 1, 1890, 120

1000. Димитар Димитровски – Такец, **Абеаму буру?-абеа, ен дилјаи!**, Битолски весник, 14 август 1996, 9

денешното место пред Антипожарната служба, Воената музика, исто така, извела концерт за народ.[1001]

Воената музика на овдешниот гарнизон, почитувајќи ја наредбата на Битолската дивизиска област, уште во мај 1923 год. започна да се презентира и двапати неделно, среда и недела, да одржува „концерти за народ“, но бидејќи средата бил работен ден, истиот се дислоцирал во паркот покрај Офицерскиот дом за попладне и траел од 16 до 19 часот, додека неделниот бил пренесен на Тумбе Кафе, каде можело и да се следи, благодарејќи на клупите што ги имало.[1002]

На третиот ден од првата прослава на „Денот на Црвениот крст“ Воената музика на 10 јуни 1923 год. (недела) концентрирала на најфрекфетната битолска улица, Широк Сокак, и уживањето на граѓаните кои го следеле, траело не помалку од два часа, односно од 10-12 часот.

Ваквите настапи на Воената музика продолжиле и во годините што следат. Познатиот капелник на 46 п.п., Љубомир Бошњаковиќ (1925-1930) истите и ги интензивирал, внесувајќи и квалитетни промени со претставување и на големите европски композитори Хајдн (Симфонија бр. 6), Сметана (Симфониската поема „Влтава“), Бетовен (Симфонија бр. 4), Вебер („Оберон“ – предигра), Бородин („Половецки игри“), Дворжак („Словенска игра“ бр. 6), Лео Делиб („Копелија“ – балетска свита) итн.[1003]

На 4 март 1933 год. Воената музика на 46 п.п. за првпат приредила и годишен концерт кој се одржал во затворена просторија, во Офицерскиот дом. Настапил со оваа програма: 1. Ouverture „Les dragons de Villars“ – Alme Maillart; 2. Suite 2 „l> Arlesenne – Georges Bizet (1 Pastorale, 3. Фантазија од операта „Фауст“ од Гуно, 4. Suite de ballet de Coppelia 4 став Leo Delibes.

Најавувал наскоро уште еден таков концерт со подруга програма, кој требало да се одржи во друга, попространа сала.[1004]

---

1001. **Девне вести**, Битољске новине, г. I, бр. 222, Битољ, 7 новембра 1915, 2

1002. **Војна музика**, Битољски трговински гласник, г. I, бр. 15, 16 мај 1923, 3

1003. Јелица Тодорчевска, **Македонија – творечка инспирација на композиторот Љубомир Бошњаковиќ (1891 –)**, Културен живот, бр. 1, Скопје, 1979, 46

1004. **Концерат војне музике у Битољу,** Вардар, Скопље, 16 марта 1933, 5

Скопскиот весник „Вардар“ на 6 јули истата година најави дека истиот и со истиот диригент, Иван Гргиќ, ќе концентрирал и на Главната улица во време од 10-12 часот,[1005] кое и се реализирало со нумиери од опери и други музички дела и од домашни и од странски композитори.[1006]

Оркестраров се вклучи и при отворањето на бафчата на Офицерскиот дом со одбрана програма, по што следела и вообичаената игранка. Новата најава укажувала дека концентрирањето на Главната улица ќе биде трипатни неделно, четврток и недела од 18 часот, а во саботите ќе приредува и другарски вечери.[1007]

Бугарскиот воен оркестар продолжи со оваа убава традиција и тој во неделите или празниците се претставувал пред граѓаните. Местата сега биле дворот на Офицерскиот дом или платото пред Соколаната (сега преименувана во „Пелистерски јунак“). Вообичаени посетители сега најмногу станале бугарофили, војници, полицајци и агенти[1008]. Еден таков се одржал 6 мај 1942 год. меѓу 16-18 часот[1009] и сеќавањата говорат дека додека концертрирал, малолетници, лижејќи лимони како вид детска забава, ги дразнеле слузниците на музичарите, всушност, ги попречувале изведбите.[1010]

## Концерти на добротворни здруженија

Како и во целата поствоена држава по Првата свеска војна, и во Битола бројот на добротворните здруженија зависел од економските и социјални прилики, колку станувале полоши и нивниот број градивно се збогатувал. Кога, пак, економската депресија го до-

1005. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 9 јула

1006. Вук Ч. Вукомановић, **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 9 јули 1933, 4

1007. **Битољске новости,** Вардар, Скопље, 16 јули 1933, 2

1008. Васко Ангеловски – Пурино, Цит. статија, 64

1009. **Празникътъ на войската и ордена за храбростъ**, Пелистерско ехо, бр. 18, Битоля, 2 май 1942, 1

1010. Соопштение на Илија Чукалков, пензионер од Битола

стигна својот максимум и кога решенијата за излез од неа станаа најзагадочни, се искачија и најмногу.

„Црвениот крст“ стана една од првите најмасовни организации преку која се организирале хуманитарни акции, а концертите прераснаа и во насушна потреба од каде можело да се извлечат необходни средства и за најмали интервенции.

Покрај „Црвениот крст“ наскоро се востановуваат и други вакви организации, од кои, меѓу поактивните, се издвоиле „Српска мајка“, „Пастир“, „Богдај – св. Никола“ и неколку други.

„Месната државна заштита на децата и младината“ на 9 октомври 1920 год. требало да одржи еден таков добротворен концерт во полза на бројните напуштени или гладни деца.[1011] Слични за ваква помош во 1923 год. организирале и железничарите, а и здружението „Царица Јелена“. Тоа го правеле и поединци, па на еден таков добротворен концерт на битолските Руси, симпатичната г-ѓа Подзњаков, со мотив приходот да биде поголем, се согласила својата точка, балетската игра што ја извела, да ја репрезира.

Местата каде биле одржувани биле различни, бафчата на Прилепската станица секогаш стоела на располагање, исто такво значење добила и „Убавата и убаво украсената бафча „Фикиќ““.[1012]

„Српска мајка“ уште од почетокот како образец го прифатила истоименото белградско здружение, дури и на седницата при формирањето (14 декември 1930 год.) делегати присуствувале и белграѓанките г-ѓа Даринка Павиќ (претседател) и членот г-ѓа Љубица Аранѓеловиќ. На чело на битолсково беше застанала енергичната и многу амбициозна сопруга на големиот жупан Буда Борисављевиќ, Христина, која користејќи ја позицијата и угледот на сопругот, давала и ритам и содржина на севкупната работа и токму нејзе и на уште неколкуте други угледни градски дами, нејзини пријателки, да стојат и забележителите успеси на здружениево. Успеале да организираат работилници во кои се шиеле или се плетеле облеки за сиромашни граѓани, организирале диспанзер за доенчиња во кој сиромашните

1011. **Концерат,** Развитак, г. 1, бр. 4, Битољ, 3 октобар 1920, 3

1012. **Забавник,** Битољски трговински гласник, год. 2, бр. 18, Битољ, 6 јуна 1923, 1923, 2; **Слави Бит. трг. занат. омладине,** Исто

мајки можеле да добијат бесплатен лекарски преглед, лекови, храна и облека за нивните деца. Здружениево имало и активен подмладок од 20-на млади, исто така, амбициозни дами,[1013] а средствата за него ги обезбедувале на различни начини, најмногу преку концертите.

Преку дневниот печат на 19 јануари 1933 год. неговата управа навестила дека на 4 февруари во салата на хотелот „Јевтиќ" ќе приреди годишна забава на која ќе има богата музичка, а и друга, интересна содржина, што навистина и се потврди. Биле исполнети песните „Ајде во оро" и „Девојка од ружи" од Зајц, „Nobles seigneurs" од операта „Хугеноти" од Мејербер, „Les regrets de Manon" од операта „Манон" од Масне, „Solvergs Lied" од Григ, „Mon coeur no peut chapger" од операта „Mireille" од Гуно и други.

Песните и ариите биле следени на клавир од г-цата Јелена Кос.

Инструменталниот дел ѝ припадна на г-ца Калипсо Налча, која на клавир ги исполни IX і XII etude од Шопен, „Danses Espangole" од Гренадос и „Konzerstük" од Вебер.

Презадоволната публика топло ја поздравувала скоро секоја точка, од овој, како што се истакна потоа во печатот, концерт со *„добра програма"*.[1014]

Славата на здружениево бил празникот Благовест, по чиј повод на 11 април 1933 год., се одржа и мала свеченост, а по два дена во Стариот Офицерски дом (домот на Зволу), седиштето на здружениево и забава во која симпатичните штитеници рецитираа песнички, сите топло поздравени од присутните.[1015]

Во Офицеракиот дом на 1 мај 1933 год. бил прославен „Денот на мајката". Доброволки – хуманитарки од истото здружение на главните улици, првин тој ден, кога битолчани најмасовно излегуваат надвор од градот и престојуваат во природа, продавале мајчина душичка, прибирајќи прилози за здружениево, а вечерта во *„стариот*

1013. Вукоман Ч. Вукомановић, **Рад друштва „Српска мајка" у Битољу**, Вардар, Скопље, 13 фебруар 1934, 2

1014. **Концерт у Битољу**, Вардар, Скопље, 12 фебруар 1933, 9

1015. **„Српска мајка" у Битољу,** Вардар, Скопље, 13 априла 1933, 17

*Офицерски дом“,* како што било нагласено, била организирана и забавата.[1016]

Истото го повториле и во 1934 год. берејќи и сега прилози за сиромашните мајки а вечерта во Градскиот театар приредиле и концерт. Настапиле хоровите на Богословијата и „Кајмакчалан“, како и Воениот оркестар на 46-от полк, имало и неколку рецитации, а на крајот учениците од 4 одделение на Основното училиште „Св. Сава“ ја прикажале и пиесата „Венец на славата“, која беше ја подоготвила учителката г-ца Зора Јанковиќ[1017].

„Денот на мајката“ во 1936 год. детската забава била во салата на Офицерскиот дом. Посетеноста, како што е соопштено, била изобилна, била присутна и целокупната управа на чело со претседателката г-ѓа Христина Борисављевиќ, а прибраните средства се планирало да бидат употребени за работа на Детскиот диспанзер.[1018]

Месец дена пред овој настан, односно на 8 јануари добротворен концерт дале и Русите геометри, чиј приход бил наменет за невработените колеги. Почнал вообичаено со говор на еден од геометрите, Миљаниќ, хорот на геометрите под диригентство на свештеникот Павловиќ ги исполнил песните „Малку јас, малку ти“ од Шпољариќ, „Ја подготвив вечерката“ од Лотка, „Селска девојка“ бр. 6 од Бинички и XI руковет од Мокрањац. Г-цата Најдовиќ ја отпеа песната „Три години“ од Павловиќ, а г-цата Саздовиќ – „Вечерен ѕвон“. Материјалниот приход бил многу добар.[1019]

Во Градскиот театар ден по овој, концерт, приредија и учениците од Основното училиште „Св. Кирил и Методиј“, чиј приходот се планирал да биде искористен за ученичката кујна. Посетата, особено од родителите и родниниte на учениците, била забележителна.[1020]

Не како хумано здружение, повеќе како колегијална хумана акција, поткрепа за болниот колега да се лекува во Белград, акте-

1016. **Матерински дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 21 мај 1933, 3

1017. **Матерински дан у Битољу**, Вардар, Скопље, 19 мај 1934, 6

1018. В. Ч. В., **„Српска мајка“ у Битољу приредила је дечју забаву**, Вардар, Скопље, 1 јануар 1936, 2

1019. Љуб. Д. Лазичић, **Забаве у Битољу,** Вардар, 19 јануар 1933, 3

1020. Љуб. Д. Лазичић, **Забаве у Битољу**, Вардар, Скопље 19 јануар 1933, 3

рите на Битолскиот театар „Тоша Јовановиќ“ во месец август 1923 год. навестиле концерт со интересна програма, најмногу со драмски прилози и песни во салата на Основното училиште „Св. Сава“.[1021]

Вакви активности продолжиле и со другите хуманитарни организации со претпоставка дека битолчани ги посакуваат концертите како вид развлечение и дека ќе има посета и хуманост.

За да го помогне подигањето на црквата „Св. Богородица“ во село Трново, пак, „Одборот на жени за оваа акција“ во 1938 год. во салата на хотелот „Босна“ одржа голем концерт, во кого имало и богата лотарија и игранка.[1022]


КОНЦЕРАТ
у корист г. Јове Ковачевића члана битољ. позоришта „Тоша Јовановић“

Наш пријатељ и друг г. Јова Ковачевић, члан Битољ. Позоришта «Тоша Јовановић» да би услед изненадне болести могао отићи у Београд ради издржања операције (која је му је неопходно потребна) — приређује 8. ов. м. Концерат у томе циљу, а уз суделовања својих другова и пријатеља у сали или у дворишту основне школе у Алимпијевој ул. а са програма, који ће се накнадно објавити плакатима.

Моле се познаници другова и пријатељи драгог нам друга Ковачевића да га у овој тешкој по њега прилици помогну својом посетом и прилозима.

*Објава на концертот*

## Концерти со духовна музика

### Богобојажливи битолчани

Општата оценка за битолчани од минатото била дека и како поединци и како групации биле искрено посветени на православието, дека биле всушност, богобојажливи луѓе. Успеале, според преданијата, да подигнат 365 цркви, за секој ден по една, оттаму и

[1021] **Концерат у корист г. Јове Ковачевића члана битољ. позоришта „Тоша Јовановић“**, Битољски трговински гласник, Битољ, г. I, бр. 26, 2 август 1923, 3

[1022] **Концерат одбора жене за довршење цркве св. Богородице у Трнову,** Битољске новине, г. 1, бр. 8, Битољ, 9 јула 1938, 3

ласкавиот атрибут за *„Света Гора Македонска"* за нивниот град.[1023] Од четирите официјални имиња што важеле сè до 1912 год. (Битола, Пелагонија, Монастир и Толи – Монастир) само едно, Пелагонија, не било во врска со божји храм.[1024]

Во Битола се родил и израснал во богобојажливо семејство (14-15 век) св. Нектариј Пелагониски, денешниот заштник на градов,[1025] во него живеел и творел во 14 век и еден од првите и најзначајните творци во православното црковно музичко творештво, Атанасиј од Пелагонија.[1026]

Обидот за целосно бришење на христијанската вера при османлиското заземање (1383-1385), столбот на верата, неугледниот параклис од крајот на градот, „Св. Димитрија", преживеал во луњата, околу кого изретчено православно население беше се збрало во грчевид обид живот да го продолжи и да тече.

7-те црквенослужители (поп Стојан, поп Радин, поп Димо, поп Никола, поп Михаил, поп Стар и поп Јован) од 1468 год, се оние кои ја поведоа новата битка за негов опстанак,[1027] внесувајќи и силна желба светилиштево да се сочува, да се крпари, обновува и да остане столб врз кој ќе се крепи и опстојува заедницава. Иако не прва, во 1661 год. регистрирана е една од тие градежни корекции, која, како и секогаш, почитвувајќи ја строгата службена процедура, првин да се поднесе барање до Шеријаткиот суд за оправданоста, сега дека покривот и ѕидовите се во фаза на распаѓање и дека е нужна ургетна интервенција за не дојде до целосно распаѓање, потоа да се очекува и службена проверка, па одобрение, па на крајот зафатот и да отпоч-

1023. Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво,** седма книга, **Преданија,** 223

1024. Александар Стерјовски, **Битола – Градби,** Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2020, 9-12

1025. **Извештај за школску 1932/33 годину,** Српска православна...6

1026. Андрија Јаковљевиќ, **Еден непознат средновковен музичар од Битола,** Во: **Македонска музика,** бр. 5 (1981/82) 51-56

1027. **Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од 15 век**, том 2, Архив на Македонија, Скопје, 1973, 143-145




Дрвено клепало како замена за забранетите кабани

не.[1028] Следат и други слични интервенции, некои и потајни, чин со преголем ризик, посебно за иницијаторите и изведувачите.[1029]

Додека не дојдат нови времиња и стегите ќе отпочнат да олабавуваат, со поткуп и со други слични вонзаконски малверзации, во 1830 год. овој параклис ќе прерасне во катедрална црква, на која во 1863 год. ќе ѝ се приклучи и приградската „Св. Недела", потем и „Св. Богородица", па и руската „Св. Тројца", мал список богомоли спореден со оној од минатото, кои ќе го ожививуваат и враќааат некогашното христољубие.

Основата на сето тоа е збогатување и на бројот новопрогласени битолски светци, па покрај Нектариј Битолски, се приклучија и Ангел Битолски,[1030] и Јован Шангајски (или Битолски) и Николај Велимировиќ, кој Битола ја сметал за свој град.

1028. Сицил бр. 18, 1661, 1 ноември

1029. Сицил бр. 62, 1779, мај 4, 162

1030. Александар Гулевски, **Битола и нејзините светци (ум.1750),** Во: **Битола низ вековите, 6,** Педагошки факултет – Битола, Битола, 2003, 23-39

## Свештеници, чтеци и псалтови

Макар што православната црква за време османлиите била подложна на жесток притисок и откопачување, кога доживеа и црквите се рушат и палат, свештениците и калуѓерите да се гонат, затвораат и нестануваат, подготвувањето свештенички кадар и свештенички подмладок продолжило упорно. Стефан Герлах (1578), кој остави толку многу ценети податоци за животот на балканецот, тврди дека во последните децении од 16 век школа која подготвувала свештеници постоела во Софија, дека богослужбите ги воделе и свештениците и нивни помошници.[1031]

Во црквата „Св. Ѓорѓи“ во селото Куричешме, во близина на Пирот, ја изведувале двајца, свештеник и ѓакон, последниов го следел и дополнувал пеењето на свештеникот.[1032]

Состојбата во православната црква во 19 век, пак, генерално се менува, изнудените верски слободи од големите европски сили, најавија и зголемена потреба од нив. Битолчани во далечната 1859 год. прават напори за воведување и на црковно пеење во наставните планови и учениците да ги оспособат и за црквени потреби, односно да можат, како што се тврдело тогаш, *„да пеат в црква“*, оттаму пеењето да стане и еден од обврзните предмети во некои школи.

Кога, пак, потребите од свештенички и помошен кадар уште повеќе нараснува, се размислува за отворање и на специјализирани школи за ваков профил.

Првата таква во Битола е од 1882 год., која беше ја организирал грчкиот епископ Матеја (1876-1887) во Грчката машка гимназија. Работела до 1888 год., кога е затворена, па по осум години е обновена и продолжила со работа до 1900 год. во Барешанскиот манастир, од каде по три години вратена е повторно во Битола. Имала профил на богословско–учителска школа во која посебно внимание му се посветувало на црквеното пеење и на учењето напамет текстови од црква-

1031. д-р Конст. Иричекъ, **Стари пътешествия по България,** Периодическо списанаие на Българското книжовно дружество, кн. 7 София, 1883,112

1032. Исто, 122

ните книги и опстоила до балканските војни. Покрај неа, во 1897 год. организиран бил и курс за егзархиски селски свештеници.[1033]

Токму овој дел од битолска црквена историја станува основа за организирање и на специјализирана школска институција, на „Битолската православна богословија“. Со работа отпочна на 16 февруари 1922 год., ќе опстане две децении, нудејќи кадар за црквите во Вардарска Бановина, за православна Југославија, како и за православните цркви во Чешка, САД и за други земји.[1034]

Помошниот катар, именуван за чтеци, отпочна да се промовира мошне рано, всушност, немало позначаен настан поврзан со оваа институција, а неколку ученици или десетина, а да не се прогласуваат за чтеци. На „Светославската прослава“ (25 јануари) 1931 год. епископот Николај лично произведе десетина, исто толку на 14 јуни истата година го направи и епископот Јосиф,[1035] а такви чинови на озваничувања ги има скоро и секоја година.

И бугарската власт, со образаложение дека состојбата со овој кадар, е *„катастрофална“*, дека многумина од свештениците не познаваат ноти, делумно ја познавале и црквената литургија, слабо го знаеле и црквено–словенското писмо, во почетокот на 1942 год. решија да организираат курс за псалтови. Бил во организација на Охридско-битолската митрополија, започна со настава на 11 јули 1942 година, траел месец дена, а завршните испити потврдија дека бил и крајно неопходен.[1036]

Познати битолски псалти од крајот на 19 и почетокот на 20 век се спомнуваат, меѓу другите, Манасиј поп Тодоров, Калистрат Зографски, Георге Казана, нешто подоцна и Таќи, Петар Димитровски, Веле Гурџев, Ѓорѓи Иванов – Караѓуле, протоерej Ристевски,

1033. **Прве духовне школе и духовни живот у старом Битољу,** Вардар, Скопље, 5 јуна 1934, 2

1034. **Извештај за школску 1932/1933 годину,** Српска православна богословија...8-16

1035. **Извештај за школску 1930/1931 годину,** Српска православна богословија...9, 11

1036. **Курсътъ за църковн певци,** Пелистерско ехо, г. 1, бр. 29, Битоля, 18 юлий 1942, 2

Никола Јанакиевски – Мурго, Трифун Радевски, протоѓакон Димитар Велјановски, Трајан Ацевски и др.[1037]

## Вертеп

Вертепот има долга и мошне интересна историја. Роден е некаде во 5 или 6 век во времето на официјалнто прифаќање на христијанството во Константинопол, од каде наскоро бил пренесен и низ поголемиот дел од православниот свет. Во Македонија најрано го среќаваме во фреската од сцената „Исмејување на Христоса“ во Старо Нагоричане, додека во поново време беше се задржал во Војводина, од каде доживеа да биде пренесен и низ другите балкански делови.[1038]

Најчестите драмски сцени поврзани со него, меѓу другите, се: „Христовото раѓање“, „Поклонение на овчарите“, „Мудреците кај Ирода“, „Убиството на децата“, „Патот на мудреците до Ерусалим“, „Иродовото советување со книжевниците“, „Јавување на ангелот пред Јосифа“, „Бегството во Египет“ и др.

Битолските богослови се најзаслужни за неговото возобновување во нашиот град, а откако стана и познат, од битолчани бил именуван за *„носење спилјон“*. Во 1933 год., имено, на Божиќ, за првпат богословите се појавија во облека на трите новозаветни мудреци (Гашпар, Валтазар и Мелхиор), кои, *„пеејќи божиќни песни“* ја прикажуваа и драмската сцена како мудреците, следејќи ја ѕведата што долго и силно сјае, стигнале до Ерусалим и кај Ирода, од кого побарале да дознаат каде се родил и каде е младиот бог што се родил, со желба да отидат кај него, да му се поклонат и да го даруваат.[1039] Истата ја прикажувале на отворен простор, пред влезовите од дуќаните

---

1037. Игор Гулевски, **Псалтите во Битола од 20 век и нивната улога во развојот на источното црковно пеење,** Во: **Струшка музичка есен 2014 – 100 години по К. Зографски,** 12-14 септември, Скопје 2015, 136-144

1038. Д-р Мираш Кићовић, **Старо позориште код Срба,** Сборник радова САНУ, Београд, 1951, 9-10

1039. **Извештај за школску 1933/1934 годину,** Српска православна богословија...9-10

и домовите,[1040] ја репрезирале и во 1934[1041] и во 1935 год.,[1042] а како интересна и привлечна била прифатена и од помладата популација битолчани. Обичајов ќе згасне во првите години по ослободувањето, доживувајќи првин да биде полу-забранета, потоа и целосно избришан од сеќавањето.[1043]

Очекувано, како новина предизвика интерес и во дневниот печат, првин како најава,[1044] потоа и како се доживеала,[1045] поттикна дури и мало научно истражување откривајќи ја и нејзината древност.[1046]

## Концерти

Благодарејќи на црковната духовната музика која почесто се презентирала во црквите, битолчани одамна беа го засакале овој вид музичко развлечение и спремни биле слушајќи ја, посебно да уживаат. Таму е и одговорот зошто концертите во кои таа била присутна секогаш да бидат преполни со крајновнимателни слушатели.

Двата градски хора, „Мокрањац" и „Кајмакчалан", врочем, имале третман и за духовни хорови, кои со ваква музика редовно настапувале во неделните и празничните денови во црквите. Хорот на Руската црква „Св. Тројца" имал ист таков третман и неговите настапи имале дури и масовна посета, не само од верници, но и од обични граѓани, кои надоаѓале само да уживаат и духовно да се опуштаат.

1040. Љуб. Л. Лазичић, **Божић у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 јануар 1933, 4; **Извештај за школску 1932/33 годину**, Српска православна богословија...8

1041. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...9

1042. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...23

1043. Александар Стерјовски, **Вертепот во Битола,** Во: **Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија,** Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија, Битола, 2014, 37-40; Истиот, **Битола – Каријатиди на театарот**, НУ Народен театар – Битола, Битола, 2005, 357

1044. **Један леп божићни обичај**, Вардар, Скопље, 5 јануар 1933, 25

1045. Љуб. Д. Лазић, **Божић у Битољу**, Вардар, Скопље, 15 јануар 1933, 4

1046. Д-р Томо Смиљанић, **Божични обичаји у Јужној Србији,** Вардар, Скопље, 5 јануар 1933, 5

Голема заслуга за љубовта и прифаќањето на оваа музика имале и празниците „Неделата на православаието“ и „Светославската прослава“ кога се исполнувале не само црквите, а и во градските сали кога се презентирала преку концерти.

Традиција стана на нив да има и предавање како дополнение од сферата на православието од свештено лице или од наставник во Богословијата, по што следувало хорска и друга музика поврзана црквата, па рецитации и други културно–уметнички содржини кои тематски им припаѓале на верскиот празник што се одбележувал.

На концертот од 1 март 1931 год., кој беа го организирале Богословијата и Здружението на битолските свештеници „Св. Ѓорѓи“, предавањето во салата на Богословијата го одржа епископот Николај на тема „Задгробниот живот“, додека духовната програма им припадна на хоровите на Трговската академија, „Мокрањац“ и „Кајмакчалан“.[1047]

На оној од 7/20 март 1931 год., а кој бил поврзан со „Неделата на православието“, ја имал оваа содржина:

> 1. Јосиф Маринковиќ – „Оче наш“ – (исполнува хорот на богословите); 2. Смоленски – „Осана“ – (исполнува хорот на богословите); 3. ... „Воскликните“ – (исполнува хорот на богословите); 4. Обраќање на епископот Николај; 5. Вл. Рибиков – „Достојно јест“ – (исполнува Мешаниот хор на „Кајмакчалан“); 6. Епископ Николај – „XXXIX молитва на езеро“ – (рецитира М. Продановиќ, ученик од 4 клас); 7, Ст. Мокрањац – „Њест свјат“ – (исполнува мешаниот хор на „Кајмакчалан“).[1048]

Следат и други вакви концерти и следните години.

„Светославскиот концерт“ од 12/25 март 1933 год. имал првин утринска света литургија во црквата „Св. Димитрија“, па во салата на Богословијата се презентирала програма од два дела, претпладневен и вечерен.

1047. **Извештај за школску 1930/31 годину**, Српска православна богословија...10

1048. **Извештај за школску 1931/32 годину**, Српска православна богословија...10-11

Претпладневниот почна во 10 часови со овие 8 точки:

1. Сечење на лебот; 2. М. Р. Павловиќ – „Химната на св. Сава“ (пее хорот на Богословијата), 3. Јенко–Руњанин – Државната химна – (пее хорот на Богословијата); 4. Предавање на супленотот Лазар Тркље – „Современата реалност и православната црква“; 5. Рожнов – „Не имами инија помошчи“ – (пее хорот на Богословијата); 6. Ср. Диниќ – „Смртта на св. Сава“ (рецитира Борисав Дидиќ, ученик од 2 клас на Богословијата; 7. Ф. С. Вилхар – „Југословенска химна на слободата“ – (пее хорот на Богословијата во придружба на Воената музика); 8. Доделување награди за изработени теми во врска со свецот.

Вечерниот повторно почна со химна – 1. М. Р. Павловиќ – „Химната на св. Сава (исполнува хорот на Богословијата); па следуваа: 2. Државин – „Бог“ (рецитира Љуб. Иванчевиќ, ученик од 6 клас на Богословијата); 3. Турчаников – „Воскресни боже“ – (пее хорот на Богословијата); 4. Епископ Николај – „XCVII – молитва на езеро (рецитира Славко Фајндовиќ, уч. од 4 клас на Богословиајта); 5. В. Новак – „Вечерна песна“ (пее хорот на Богословијата); 6. Ј. Хаце – „Кога ми се чинеше дека ќе умрам“ (тенор, соло на Славко Фајндовиќ, уч. од 4 клас на Богословијата, во придружба на клавир); 7. Ф. Шпајер – „Закувала“ (пее хорот на Богословијата); 8. Д-р М. Милојевиќ – „Југословени“ (пее хорот на Богословијата); 9. Ст. – „Црни горо“ (од 11 руковет) (пее хорот на Богословијата); 10. Цезар Кви – „Ориентал“, соло виолина, (Стеван Пазина, уч. од 5 клас на Богословијата во придружба на клавир); 11. Јаков Готовац – „Момчето без гунчето“ (пее хорот на Богословијата); 12. Гречанинов – „Романса“ (баритон, соло на Василије Сабов, ученик од 6 клас на Богословијата во придружба на клавир); 13. Ив. Пл. Зајц – „Ко гром нек песма ори нам“ (пее хорот на Богословијата); 14. М. Р. Павловиќ – „Дуде“ (пее хорот на Богословијата.[1049]

На концертот во истата 1933 година (12/25 февруари) во истата сала, а во врска со „Недела на првославието“ учество зедоа хоровите

1049. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија...,10-11

„Кајмакчалан“, „Мокрањац“, „Рускиот црквен хор“, Детскиот хор на Гимназијата, хорот на Богословијата, а предавањето „Во што е силата на православито“ го одржа суплентот на Богословијата Петар Момировиќ.[1050]

Истиот започна со песната „Оче наш“ од Ј. Маринковиќ во исполнение на богословскииот хор, а под диригенство на М. Павловиќ. После него, ректорот на Богословијата д-р Душан Лазиниќ го прочита посланието од патријархот Варнава и од Светиот синод, објавено по повод одбележувањето на „Годината на покајувањето“.

Следувале потем настапите и на градските хорови.

Мешаниот хор на „Мокрањац“ под диригенство на свештеникот Ристановиќ ги исполни песните „Кољ Славен“ и „Внуши Боже“ од Архангелски, кога како солист во последната песна се јави судијата од првостепениот суд Димитријевиќ. Хорот „Кајмакчалан“ ги исполни песните „Богородицје пријљежно“ и „Господи услиши“ од Архангелски, а Рускиот црквен хор овој дел го заокружи со песните од Ботњански „На рјеках вавилонских“ и „Покајнија отверзи ми двери“ под дригентство на Русинот Карпов.

Богословите се претставија со својот хор под диригентво на Павловиќ со „Взиде Бог“ од Дехтјаров и со неколку други песни, а песната „Хероите на крстот“ од Воислав Илиќ – Младиот ја изрецитира Л. Радовановиќ, ученик на Богословијата, додека М. Продановиќ го прочита 107 мисионерско писмо од епископот Николај, а песната „Полноќ“ од Ѓура Јакшиќ ја изрецитира Надежда Беќаревиќ, ученичка на Гимназијата.

Концертот заврши со обраќање на епископот Николај кој ја искористи приликава да говори токму за значењето на овој празник.[1051]

И концертот од 1935 год., кој се одржа во салата на Богословијата, но сега во месец март (4/17) зедоа учество богословскиот хор, „Мокрањац“ и „Кајмакчалан“, а предавањето „За Неделата на православито“ му припадна на суплентот на Богословијата Бранко Цисарж[1052].

1050. Исто, 12

1051. **Недеља Православља**, Вардар, Скопље, 12 март 1933, 3; **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија..., 12

1052. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...20

Кон овие хорови во 1936 год. (17 февр./4 март) во „Неделата на православието" организаторите приклучија уште еден хор, Детскиот од сиропиталиштето „Св. Никола – Богдај", кого само што беше го основал епископот Николај. Предавањето „Иконопочитувањето" му припадна на еромонахот Амвросие, суплент во Богословијата.[1053] Истите хорови учествуваа и на концертот од 21 март истата година.[1054]

Во „Неделата на православието" (28 февр./13 март) 1937 год. Богословијата имала многу висок гостин, православниот руски архиепископ од Харбина (Манџурија) и по тој повод, а и во врска со празников, во присуство на одбран свет, во салата на Богословијата, предавањето го одржа гостинот, кој говорел за „Животот на Русите во Далечниот Исток", додека музичкиот дел го пополнија хоровите на Богословијата, „Кајмакчалан" и Детскиот хор „св. Никола – Богдај".[1055]

Истиот празник и со истите хорови се прослави и на 26 јан./13 февр. во 1938 год., кога популарното предавање го одржа еромонахот Михајло Ѓусиќ на тема „Трите видови смрт".[1056] Наместо Детскиот хор на сиропиталиштето, на истиот празаник од 17 март 1939 год. учествуваше хорот на Трговската академија. И сега имало традиционално популарно предавање на тема „Победа на вистината на православието",[1057] додека следната година на истиот празник со хорски песни настапија хоровите на Богословијата, Гимназијата, Трговската академија и „,Кајмакчалан".[1058]

Духовниве концерти продолжија и за време бугарската окупација.

Големо значење ваквите предавањата дабија и заради пропагандата што беше ја повела новата власт. Во почетокот на април 1942 год. претставител од св. Синод од Софија, Борис П. Стоменов, неколку одржа во двете цркви, „Св. Богородица" „Св. Димитрија", а во големата сала на „Јуначкиот дом" едно му било наменето и за војниците од мес-

1053. **Извештај за школску 1935/36 годину**, Српска православна богословија...52
1054. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија...45
1055. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија...24
1056. **Извештај за школску 1938/39 годину**, Српска православна богословија...25
1057. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...11
1058. **Извештај за школску 1939/40 годину**, Српска православна богословија...11

ниот гарнизон, кога говорел за „Духовната мисија на бугарскиот народ на Балканот“.[1059]

Понекогаш се одржувале и концерти и богата духовна музика.

Во неделата од 28 јуни 1942 год., во преполнетата сала на Театарот, хорот „Ѓ. Сугарев“ исполни богата програма во која имало и духовни и народни песни. По барање на презадоволната публиката, некои биле и репрезирани, а кметот Ненчев, на крајот од концертов на диригентот Т. Скалов му подари букет цвеќе искажувајќи на отворена сцена бројни пофалби и за хорот и за него.[1060] Следниот месец (5 јули) на годишниот концерт на Трговската академија учество зедоа оркестарот на гарнизонот како и хорот „Ѓ. Сугарев“, при што гарнизонскиот хор, покрај неколку народни песни, придодал и сплет духовна музика.[1061]

Гимназијата на 3 март 1943 год. организираше забава во која музичкиот дел бил исполнет, исто така, со духовна музика но со инструментите што беа купени со донации од трговци и обични граѓани, љубители на музиката. Впечатокот, според репортерот на битолскиот неделник „Пелистерско ехо“, бил *„извонреден“*.[1062]

Хорот „Г. Сугарев“ на 29 март 1944 год. во Театарот уште еднаш даде целовечерен духовен концерт, кој, исто така, предизвика внимание и потврди дека битолското граѓанство ја љуби оваа музика и ја очекува да ја има што почесто.[1063]

## Концерти на младински, спортски и други здруженија

Во културниот и забавниот живот на Битола многу често се вклучувале и бројни младински, спортски и други здруженија и главниот

1059. Иванъ Софкаровъ, **Духовни беседи въ Битоля,** Пелистерско ехо, г. 1, бр. 15, Битоля, 11 априлъ, 4

1060. **Концерътътъ на „Г. Сугарев“**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 27, 4 Юлий 1942, 3

1061. **Годишния актъ на Търговската гимназия**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 28, 11 Юлий 1942, 3

1062. **Съобщения и новини**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 62, 6 мартъ 1943, 1

1063. **Духовенъ концертъ на хортъ „Георги Сугаревъ“**, Пелистерско ехо, Битоля, бр. 110, 4 априлъ 1944, 4

мотив, притоа, секогаш бил материјалниот, односно да се скрпарат некакви средства за активности на здружението или за помош на член или за некоја друга ургентна намена.

Соколското друштво, кое обединувало членови од школите, занаетчиите и селската младина, било едно од најактивните. Како просрпско, основано во 1921 год., ја имало и целосната подршка од власта, за негови потреби бил подигнат и спортски дом, „Соколана", а во него, покрај со спорт, работеле и хорска, драмска и шаховска секција.

Меѓу првите јавни презентации што беше ги организирало тоа, била забавата од 26 февруари 1921 год. Се одржа во вечерните часови во салата на ОУ „Св. Сава" и имала и богата и разнообразна програма.[1064] Во јануари 1924 год. била одржала уште една и забава и концерт, сега во штотуку обновениот Офицерски дом.[1065]

Во првите години по војната на културен план доста активна била и организацијата „Битолска младина", позната и како „Битолски младински клуб", која во своите редови прибирала чираци и калфи, меѓу кои можело понекогаш да се сретне и ученик. Ја имале подршната на дел од напредните мајстори, кои и материјално ги потпомагале, од кои еден од најистакнатите бил индустријалецот Петар Герас. Со негова материјална и организациона помош организацијава успеа да издава и неделник, „Битољски трговински гласник", во кого се третирале проблеми на овие членови, се носеле вести и од секојдневниот живот од градот, со што тој стана многу значаен хроничар на своето време.

Меѓу првите концерти што ќе ги организира оваа организција бил оној во 1921 год., кој се одржа во сопствената сала покрај реката Драгор и кој изобилувал со музички и други точки, а главната точка била комедијата „Кир Јања" од Ј. С. Поповиќ. Оставила силен впечаток, особено играта на аматерите – работници, кои толку беа се сожиveале со ликовите што ги толкувале како да биле професионални актери.[1066] Иста таква забава дадоа и во месец февруари 1923 год., сега

1064. **Соколска забава**, Развитак, г. II, бр. 24, Битољ, 20 фебруар 1921, 3

1065. **Соколско друштво**, Битољски трговински гласник, г. II, бр. 51, Битољ, 1 фебруар 1924, 3

1066. **Велика забава**, Развитак, г. II, бр. 28, Битољ, 30 март 1921, 2

во салата на Училиштето „Св. Сава“, која имала и многу интересна и привлечна новина, за првпат во градот се случи избор мис на забавата („Кралица на забавата“).[1067]

Концерти давале и фудбалските клубови, меѓу нив и младинскиот СК „Балкан“. На оној од 19 декември 1925 год. бил прикажан мнонологот „На мртва стража“ во кој Г. Павловиќ ја одигра улогата маестрално, оттаму да остави и неповторлив впечаток“.[1068]

Секцијата на поштарите од Битола на 12 март 1921 год., во најексплатиранта, салата на ОУ „Св. Сава“, приреди музичко-забавна вечер во која најсилен впечаток оставил магионичарот К. Секулиќ,[1069] следела и друга на 8 март 1924 год. во истата сала, а со намера прибраните средствата да помогнат за подигање поштенски дом.[1070]


*Седумгодишниот Османлиевиќ со својата мандолина*

За да им помогне на своите невработени или сиромашни сонародници а и да се претстават пред битолското граѓанство, членовите на Руската колонија од Битола организираа, исто така, концерти.

Во салата на киното „Манаки“на 5 септември 1924 год. бил изведен еден со богата програма во кој влегле руски соло и дует песни и ру-

1067. **Забава Битољске трговинске омладине**, Битољски трговински гласник, г. I, бр. 2, Битољ, 11 фебруар 1923, 2

1068. **Концерат СК „Балкан“,** Јужна звезда, г. 4, бр. 173 (43), Битољ, 25 децембар 1925, 2

1069. **Забава**, Развитак, г. II, бр. 28, Битољ, 30 март 1921, 3

1070. **Забава,** Македонија, г. 3, бр. 2, Битољ, 21 фебруар 1924, 2


Битолски спортенъ клубъ „ЛЕВСКИ“

П. Г.

Поканвате се да почетете съ присжтствието си

СПОРТНИЯ БАЛЪ

съ пиесата

„ПЕЧАЛБАРИ“

Драма съ музика и пѣене отъ македонския животъ

и

БОГАТА ЛОТАРИЯ

което клубъ „Левски“ устройва на 14 - II - 1942 год.

въ салона на ЮНАШКИЯ ДОМЪ.

Начало въ 8 часа вечерьта.

Ще свири музиката „Георги Сугаревъ“

10 - II - 1942 год.

гр. Битоля

Отъ клуба.

Концерт на бугарски спортски клуб

ски народни игри,[1071] Русите се претставиле и на 2 август 1925 год., кога бил прославен Рускиот ден.[1072]

Концерт на 5 декември 1925 година одржало и малку познатото здружение „Ојруна“.[1073]

Во салата на киното „Манаки“ забава на 12 декември 1925 год. одржале и резервните офицери.[1074]

Мандулинскиот оркестар под диригентство на Тома хаџи Стојковиќ во хотелот „Босна“ на 11 јули 1938 год. голем концерт одржа и здружението „Младост“. Покрај што се претстави оркестарот, соло точка на мандолина имал и седумгодишниот Ставро Османлиевиќ.[1075]

Вакви забави и концерти се одржуваат и во годините што следат.

1071. **Руски клуб**, Јужна звезда, г. 3, бр. 118 (33), Битољ, 13 септембар 1924, 2

1072. **Руски дан**, Јужна звезда, г. 4, бр. 154 (24), Битољ, 24 јули 1925, 2

1073. Исто

1074. **Забава Ојруне**, Јужна звезда, г. IV, бр. 171 (41), Битољ, 12 децембар 1925, 2

1075. **Концерти и забаве,** Битољске новине, год. 1, бр. 5, Битољ, 1 јуна 1938, 3

## Прв целовечерен клавирски концерт

Макар што бројот на клавирите во Битола бил за почит, целовечерните клавирски концерти биле исклучива реткост, оттаму да ги има само како *„маалски концерти“*, кога вљубеник во клавир за „своја душа“ изведувал некаков непланиран концерт за себе, кој траел додека го понесувала музиката, а во кој уживање како непланирана публика имале соседите и случајните минувачите и токму тие на Битола ѝ го придодадија атрибутот *„град на клавирите“*.

Се случувало, меѓутоа, да се доживеат и наслади преку формата *„скратен концерт“*, кога со музика од клавир се надополнувала програмата на одделен музички настан. Такво задоволство на 25 јануари 1936 год., приредила Калипсо Налча на прославата на свети Сава, исполнувајќи едноподруго неколку клавирски точки од Шопен – IX étude, Моцарт – Rondo alla turca и Албенис – Seguidillas, оставајќи впечаток на вистински клавирски концерт.[1076]

Прв целовечерен клавирски концерт во Битола се случи дури на 24 февруарии 1943 год.

Додека низ Европа се воделе најинтензивни воени дејствија, на иницијатива на „Германско–бугарското здружение“, во нашиот град пристига млад, веќе афирмиран германски пијанист, Ѓутнер Вајнерт, кој приреди концерт за паметење. Го одржа во најсоодветниот и најакустичниот објект, салата на Офицерскиот дом пред крајно одбрана публика, нудејќи уживање на подзаборавени музички класици, Хендел, Моцарт, Бетовен и др. Присутниот битолски хроничар остави сведоштво и за концерот и за реакциите, запишувајќи дека гостинот со *„виртуозна прецизност“* беше ја исполнил „Чијакона“ од Хендел, со продлабочено чувство го направил и со „Ѕвездената соната“ од Бетовен, во која, откако посебно ја нагласил романтичноста на првиот дел, *„во кого јасно ја истакна меланхолијата и резигнацијата... дополнувајќи ги дискретно благозвучните разложени акорди, со што ги допре срцата на присутните“*.

1076. **Извештај за школску 1935 / 36 годину**, Српска православна богословија... 51

Неговото големо мајсторство особено било доживеано на крајот, кога со брилијантен пристап исполнил и една полонеза од Шопен, па општиот впечаток што го наметна беше прашањето, а и јадот, зошто битолската публика е лишена од вакви настани и зошто не се организираат истите почесто.[1077]



Пијанистот Вајнерт

Битолчани, благодарејќи на концертов дознале дека Вајнерт бил роден 1915 год., дека со музичка активност започнал да се занимава во 1934 год., ја продолжил до 1938 год., кога се запишал во Вишата музичка академија во Берлин, а откако ја завршил, настапувал на концерти низ Германија и странство, најпрвин во Финска, Естонија и Летонија, па во Италија, Романија, Југославија, Хрватска, Шведска, жнеејќи секогаш успеси и еве сега и тие имале среќа и да го видат и да го доживеат неговиот голем музички талент.[1078]

Воодушевената публиката по секоја точка го наградувала со бурни аплаузи, а по изведбата, претседателот на Друштвото Димитар Лучански го поздрави со посебно одбрани зборови искажани на германски јазик.[1079]

1077. **Клавренъ концертъ на ГЮтнеръ Вайнертъ,** Пелистерско ехо, г. втора, бр. 65, Битоля, 27 мартъ 1943, 4

1078. **Гютнеръ Вайнертъ,** Пелистерско ехо, г. втора, бр. 60, Битоля, 28 февруарий 1943, 2

1079. **Клавиренъ концертъ на ГЮтнеръ Вайнертъ**, Пелистерско ехо, бр. 65, Битоля, 27 мартъ 1943, 3

# Гостувања

## Гостувања на хорови и други музички состави

### Појави на европска музика

Навлегувањето на европската музика во Битола одело паралелно со откривањето и на Европа, кое позабележително започна да се прави во првите децении на 19 век. Решителни стопанственици отпочнале да патуваат низ европските метрополи нудејќи овдешни стоки, организирале потоа и сопствени претставништва во Виена, Лајпциг, Дрезден и уште во неколку други градови. Тоа се и меѓу првите балканци кои откриваат дека и надвор од полузаспаната Османска Империја постои подруг свет, побогат и поразличен, со подруги навики и обичаи, полесна, попрактична и поубава надворешна лична гардероба, примамлива да се проба и да се присвои.[1080] Бидејќи дел од нивниот живот продолжувал таму, иманетно стана да се потрудат да го совладаат и тамошниот јазик, а и колку што можат да се „европеизираат“.[1081]

Европското навлегување, пак, одело и преку самите европјани кои скоро во исто време нагргнуваат на Балканот. Најрано и пајпрвин се појавуваат дипломатите, ги следат добро платените високостручни кадри, лекари, воени лица со високи чинови чија задача е да ја

1080. **Македонија во делата на странските патописци, 1778-1826,** 667

1081. **Македонија во делата на странските патописци, 1778-1826,** 667

осовременат османлиската војска која е во фаза на преструктруирање, трговци кои носат европска стока (француска, австриска, англиска, германска), градежници кои изведуваат капитални градежни објекти во кои се вбројува и пругата Солун – Битола.[1082]

Токму во ова време се јавува и интересот кај нашите млади луѓе за школување во центрите во Европа, посебно за медицинските, правните и неколкуте други науки што биле ценети и овде. Има и такви, иако ретки, некои да посетуваат часови и по музика, оттаму воопшто сега да не било за изненадување што уште во средината на 19 век овде да се слушнат ноти изведени на виолина, кларинет, гитара и други европски инструменти,[1083] да се сретне некаде и хармоника,[1084] да се слушаат поотоа и арии и од опери,[1085] да се игра валцер и полка (1867) итн.[1086]

Ваквиот интерес кон оваа музика и нејзиното навлегување кај нас можеби најдобро може да се илустрира со она трогателно испраќање на странец, Германец, Густав Вајганд, професор на Универзитетот во Лајпциг, што го направија учениците од битолското влашко село Гопеш на 23 септември 1890 год., кога како топол поздрав му ја исполнија германската песна „Збогум, татковина моја", не на германски, на домашен, влашки јазик.[1087]

Западноевропската музика, ете, рано и заинтригирано почна да се открива, присвојува, да се шири, процес што незадржливо ќе продолжи.

## Можно ли е Франц Лист и Рихард Вагнер да дошле во Битола!?

Најраното, можеби и најзначајното гостување на европски музичари во Битола било она што го направиле двајца големи композитори, Франц Лист и Рихард Вагнер.

1082. **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878,** 347
1083. **Извештај за Битолскиот вилает...**90
1084. **Македонија во делата на странските патописци, 1879-1888,** 123
1085. **Македонија во делата на странските патописци, 1875-1878,** 345
1086. **Македонија во делата на странските патописци, 1864-1874,** 138
1087. **Македонија во делата на странските патописци, 1889-1898,** 68

Познато е дека од есента 1846 до јануари 1848 год. Лист бил на долга продолжителна турнеја низ Јужна Русија и Балканот, каде приредил бројни концерти, а на Балканот ги посетил Софија, Цариград и Битола. Во Цариград бил примен и од султанот Абдул Меџид.

Доколку е точна информацијата дека дошол и во Битола, тогаш тоа се случило во месец јули од 1847 год., кога заради овдешните несигурните прилики обврзно бил во континуирана придружба и заштита на неизбежната сенка, верниот гаваз.

Димитар Димитровски – Такец, кој го објавува ова, за жал, не успеа да најде одговор дали Лист навистина дошол во Битола, ако дошол, бил ли на пропатување или имал и некаков музички настап и ако истиот се случил, каде бил одржан и со која програма беше се претставил.[1088] Затоа, пак, од Музејот на Рихард Вагнер, во писмото до Петар Петров, открија дека големиот композитор никогаш не дошол во Битола, но дека за Лист тоа било сосема можно.[1089]

Меѓутоа, дека битолчани многупати самофално сакале да истакнуваат вакви посети на врвни уметници веќе е потврдено, познато е и сериозната и строгата белградска „Comoedia" успеале да ја инфицираат и неа, па во 1925 год. и таа да се впушта во шпекулации, тврдејќи дека свои актерски настапи овде имале и Сара Бернар, Режан, Муне Сили, Закони, Салвини, дека во неа се пееле италијански опери, се изведувале дела и од Вагнер и од други композитори,[1090] за кое изворни податоци никогаш не беа понудени.

Врз таа основа подоцна ќе се организира и еден многу редок и интересен приватен музеј „Вагнер – Лала", кого беше го оформил и за него се грижеше сега покојниот Петар Петров, еден голем вљубеник на сериозната музика и подалечен роднина на семејството Лала, дури и наследник на нивниот дом. Музејов опстои неколку децении, до смртта на Петров, станувајќи мошне привлечен особено за странските туристи, најмногу за тие од германското јазично подрачје.

1088. Димитар Димитровски – Такец, **Кој беше во Битола: Вагнер или Лист?**, Битолски весник, Битола, 12 јуни 1996, 13

1089. Д-р Боривое Цимвревски, **Битолчанецот Димитрие Лала еден од капелмајсторите на Рихаред Вагнер,** Музика, г. 3, бр. 4, Скопје, 1999, 41

1090. **Comoedia,** br. 45, Beograd, 14 decembar 1925, 22-23

Уште при влезот посетителите ги пречекувал впечатливото торзо на Вагнер, а куќните експонати по потекло од Германија од 19 век (кревет, лавабо, огледала, метален прибор за јадење и други) донесени лично од Димитрие Лала при неговото трајно враќање во татковината, го надополнуваа тој германски амбиент од минатото. Иницијативни битолчани, со припомош на некогашниот министер за градежништво во владата на Р. Македонија Томе Тромбев, успееја истите да не се префрлат во Грција, од каде се јавија силни интереси, туку да се задржат во Битола и денес се наоѓаат во локалниот градски музеј.

Упорните напори на Петров, пак, да добие веродостојна потврда од Музејот на Вагнер во Германија, дека таква посета големиот композитор реализирал во Битола, останаа без резултат.[1091]

## ОК Белградското Академското друштво „Обилиќ" во Битола

Претставување

За намерата на Академско друштво „Обилиќ" од Белград да ја посети Битола најпрвин дозна Одборот на битолската општина на седницата од 15 април 1914 год. Истото се случи преку писмото што го добиле, а во кое белграѓаните навеле дека имаат желба да ја посетат Битола, еден од поголемите градови од *„новоослободените краишта"*, дека би останале неколку дена и би приределе концерт. планирале да пристигнат на 25 април истата година преку вообичаената врска од ова време, железницата Белград – Солун. Бидејќи доаѓале за прв пат, мoлеле да им се обезбеди неколкудневно сместување, патем навеле и податоци за себе, дека нивното здружение е академско, студетнско, го носи името на еден на најголемите српски јунаци, Милош Обилиќ, имаат историја од четврт век, а членството изнесува 120 студенти.

Бидејќи тоа била прва поголема организирана група што доаѓала во новата заедничка татковина, затечените одборници не само што го прифатиле престојот, набрзина оформиле и специјален одбор за пре-

1091. Усно соопштение на Петар Петров

чек, биле издвоени и средства од 1.200 динари за покривање на трошоците околу пречекот, престојот и банкетот по концертот.[1092]

Пречекот на студентите се случи на 25 април истата година на Железничката станица во Битола во попладневните часови, истиот бил масовен и многу срдечен, меѓу оние кои биле присустни биле и учениците и професорите од тукушто оформената Битолската кралска гимназија. Имало таму многу цвеќиња, пламени родољубиви говори, со што на целата средба ѝ се придаде и национална боја. Водач на гостите бил универзитетскиот професор д-р Драгољуб Аранѓеловиќ, кој за цело време предизвикувал и најголемо внимание и почит, зашто за првпат доаѓала личност со такво портфолио.



Прочитано је писмо акад. певачког друштва «Обилић» из Београда, којим јавља да долази у Битољ са 120 чланова 25. о. м., а да ће 26. приредити концерат.

Председник реферише да је већ образован одбор за дочек у који би требало послати једног нашега одборника, као и да се вотира извесна сума за дочек.

Сви су одборници поздравили долазак «Обилића», те је једногласно *решено:* да се у одбор за дочек пошаље као представник општинског одбора г. Лазар Пантазијевић, одборник; да се члановима «Обилића» приреди банкет после концерта; да се на ту цељ може утрошити до 1200 дин.; да се за извршење ове одлуке имају постарати одборници г. г.: Б. Крапчевић, К. Козмеску, Ћира Лозанчевић, Наум Мајмука, Др. Христиди, Л. Пантазијевић.

*Општинско решение за престојот*

Од Железничката станица до општинската зграда и домаќините и гостите оделе здружно, поздравувани најсрдечно и со ракоплескања од битолчани што се нашле случајно или намерно и беа ја опседнале главната улица по која се движела поворката. На платото пред Општината се направила распределба на гостите по битолските инивидуални домови, при што бројот на оние што сакале да примат гостин, бил многу поголем отколку што ги имало.[1093]

Друштвово во градот се претстави трипати со културно–уметничка програма, имало уште еден, непланиран настап, во Прилеп.

---

1092. **Рад у Одбору и Општини**, Општинске новине, год. 2, бр. 45, Битољ, 25 априла 1914, 1

1093. **Извештај за 1913-1914 школску годину**, Српска краљевска гимназија у Битољу, Битољ, 1914, 23

Другиот ден, односно на 26 април во една од црквите за време богослужбата студентите настапиле и како црквен хор, ги посетиле и Српските воени гробишта, каде со нив беа дошли и бројни граѓани, и ученици, ослободени од редовната настава. И таму беа одржни пламени говори, а тие, како свој дар, како што известува хроничарот на настанот, ја исполниле песната „Народниот собир" од Маринковиќ.

Вечерта во преполнетата сала на Народниот театар се случи и главниот настан, очекуваниот концерт.

Првин била исполнета химната, во која, покрај хорот „Обилиќ" учество зел и месниот оркестар на XVI-от пешадиски полк, по што следела богата и добро осмислена програма при што особен впечаток оставиле и многу топло биле поздравени песните „Козар" и IX-та руковет од Мокрањац, за првпат слушнати, оттаму доживеани многу емотивно, особено зашто беше се препознал домашниот мелос во една сосема поинаква обработка. Новинарот на „Општинске новине", кој остави многу податоци за престојов, направи и неколку забелешки, особено за маршевскиот тоналитет на песните, посебно на словенечката химна „Напреј застава славе".

Ако овој концерт бил наменет за одбраните и најпривилигираните битолчани, другиот, од следниот ден, се одржа во Градскиот парк. На него присуствувале меѓу 6-8.000 граѓани и селани, кој, по неговото завршување, прерасна и во сеопшта веселба и доколку не се случел ненадејниот дожд, истиот сигурно ќе продолжел до длабоко во ноќта.

Концертот во Прилеп, пак, се одржа на 28 април со ист успех, а академциве, искористувајќи го присуството во градот на опеаниот Марко Крале, својата посета ја збогатиле и со доживување на манастирот Трескавец.

Престојот на овој дел од Македонија „Обилиќ" го заврши на 30 април истата година, повторно со срдечно и топло испраќање на истата Железничка станица со длабоки импресии од обете страни.[1094]

1094. **„Обилић" у Битољу**, Општинске новине, г. 2, бр. 46, Битољ, 2 мај 1914, 2-4

## Следни гостувања

Битола Друштвото „Обилиќ" ќе ја посети уште неколку пати, за втората ќе го одбере летниот студентски распуст од 1923 год. и основната намера сега му била да им оддаде чест на српските војници од Првата светска војна паднати на Кајмакчалан. Планирале повторно да се претставаат и пред битолчани, но сега со сосема понов состав, со нова управа и со нова концертна програма.

На челното место и сега се наоѓал наставник, универзитетскиот професор д-р И. Ѓаја, кој во придружба беше го повел и својот заменик, потпретседателот на друштвото, студентот Пера Тодоровиќ. Вообичаениот пречек на Железничката станица сега изостана, зашто гостите патуваа со камиони и по сосема друга рута, преку Охрид и Ресен.

Нивното доаѓање беше најавувано на повеќе начини, првин со ударен воведник и со топли благопожелби во локалниот седмичник „Битолски трговски гласник",[1095] потем со ист таков и во истиот неделник но сега со потпис од големиот жупан на Битолската област Ѓока Тодоровиќ, но за секоја сигурност се употреби и најсигурното и најпопуларното средство – општинскиот *„барабан"*.

Средбата меѓу домаќините и студентите се случи на 14 јули 1923 год. во 18 часот во популарната крајдрагорска кафеана „Каваци", каде совреме беа се собрале официјалните лица од локалната власт на чело со претседателот на градот Драгиќ Пауновиќ, имало таму и многу граѓани кои ги памателе настапите на ова здружение, меѓу кои биле и претставници од локалното „Женско еврејско друштво", кои беа понеле и свежо цвеќе.

При доаѓањето еден од студентите уште оддалеку како објава беше го истакнал високо знамето на друштвото, на кое веднаш реагирала Воената музика исвирајќи го познатиот „поздравот", при што воздухот се расцепил од воодушевните извици на присутните битолчани. Следело потоа растоварувањето од камионите и вообичаените поздрави и топли говори од обете страни.

---

[1095] **Академско певачко друштво „Обилић" у Битољу,** Битољски тровински гласник, г. 1, бр. 23, Битољ, 12 јула 1923, 1

Сценариото предвидувало и јавна презентација низ градот преку заедничка поворка на чело со Воената музика и со знамето на обилиќевци, во придружба и на месните соколите, преставниците од локалната власт и од мноштвото граѓани. Сите заеднички ги промаршираа улиците крајдрагорската „Престолонаследник Александар", потоа и „Крал Петар" и „Савска" (денес „Ленинова") до одредиштето – Богословијата, каде требало да биде нивното сместување. Пред да се ослободат од другите обврски и да се сместат во интернатот, заради долгото и напорно патувањето со камиони по прашливите макадам патишта, белграѓани заминаа во амам *„за да се освежат од прашината"*, како што реферира месниот хроничар.

Вечерата и за студентите и за поканете граѓани била подготвена вечера на атрактивното Тумбе Кафе, која била во организација на здружението „Српски сестри", во кое посебен ангажман вложиле неколку месни госпоѓи, Атина П. Лешњаревиќ, сопруга на поранешниот претседател на градот Петар Лешњаревиќ и Стоја Ф. Јаковљевиќ. Истата помина како што се и очекувало, со бројни здравици, многу говори и со пријатните звуци на Воената музика.

За другиот ден, неделата, бил предвиден концеротот, кој требало да се одржи во широкиот двор на Основното школо „Св. Сава" (денес „Гоце Делчев") за кое била подигната и посебна бина.

На истиот настапи Мешаниот хор на обилиќевци, кој, како што соопштува хроничарот, течел *„хармонично, уметнички, без било какви грешки, во кое не можеше да се забележи никаква гласовна невоедначеност...па својата програма гостите ја иосполнија на гомело задоволство на публиката, кое се преобрази во овации, заради што тие мораа одделни точки и да ги повторуваат"*.

По официјалниот дел се даде прилика да се предадат и многубројните цвеќиња донесени не само од еврејското здружение и од другите што се пријавиле, па следела и општонародна веселба, но пред да се случи тоа, излезе директорот на гимназијата Григорије хаџи Ташковиќ, кој помалку се бавел и со поезија и ја изрецитира својата песна „Кајмакчалан", кое предизвика овации.

Вечерта во чест на ценетите гости Битолскиот театар „Тоша Јовановиќ" ја прикажал претставата „Ѓидо".[1096]

Другиот ден членовите на „Обилиќ" повторно со камиони се упатија да ја реализираат најважната задача, да го посетат херојскиот Кајмакчалан. Пред самиот планински врв беше ги изненадил дарежлив домаќин со богата вечера, кој беше им обезбедил и преноќиште.

Без камионите, кои веќе не можеа да ги корстат заради отсуство пат, на Јелак ги очекувало ново превозно средство, коњи. Бил вторник (17 јули) кога обилиќевци стапнале на светото место. Пред да се одржи планираниот парастос, првин ги посетиле и бакнале светите гробови и оттаму испратиле емотивна телеграма со патриотски изливи до својот крал. Следувало и усно предавање одржано од воено лице за битката, со конкретни укажувања и на местата каде битките се воделе, па понесеани од сето тоа потпретседателот на белградското друштво на присутните воени и други лица им предал повелби како вид благодарност за гостољубието и за сѐ друго што било во врска со оваа посета.

Истиот ден и по истиот пат обилиќевци се вратиле во Битола.

Повратниот пат за Белград одел по истата рута. Во Ресен имале краток одмор кој студентите го искористиле да организираат краток концерт во кој, покрај другите, ја испеале и популарната македонска песна „Билјана платно белеше", а бидејќи тој ден бил пазарен, бројот на присутните на овој редок настан за малиов град, како што тврди хроничарот, бил преголем. Со тоа заврши и оваа посета на ова познато културно–уметничко друштво.[1097]

Се чини дека обилиќевци останале и овојпат со пријатни спомени штом решиле само по неколку години повторно да доаѓаат во Битола. Постапката одела вообичаено, најава и молба за пресред и назнака да се очекуваат околу 12 јули 1927 год., за кое Општинскиот одбор беше решил да одвои 5.000 динари,[1098] кои му биле предадени

1096. **Свечена представа у позоришту**, Битољски трговински гласник, г. 1, бр. 24, Битољ, 19 јули 1923, 3

1097. **Друштво „Обилић" у Ресну**, Битољски трговински гласник, год. 1, бр. 24, Битољ, 19 јули 1923, 2

1098. Книга бр. 16, 30 јули 1927, т. 4

на Киро Лозанчиќ, кој требало да ги отправда потоа со поднесување сметка.[1099]

За жал, податоци дали обилиќевци дошле во Битола и дали дале и концерт, отсуствуваат.

Членовите на ова здружение во Битола престојувале и на 21 февруари 1937 год. И сега бил организиран пречек, а вечерта се дал и концертот од хорски родољубиви песни, наменет за учениците од средните училишта од градот.[1100]

Вакво академско друштво, покрај во Белград со слично име (Југословенско академско пејачко друштво „Обилиќ") имале и студентите од Филозовскиот факултет во Скопје. Со претседателот д-р Миливој Павловиќ и диригентот Риста Ѓорѓиковиќ и тие престојувале во Битола и во Богословијата два дена (11 и 12 јули 1934 год.) и во таа прилика се впишале за член втемелувач во „Фондот на учениците на Богословијата", но остана непознато дали дале и концерт.[1101] Диригенти му биле Р. Радоев, Александар Залиев, Ристо Ѓорѓичков, Станко Виличиќ и Трајко Прокопиев.[1102]

## Концерти од училишта и здруженија

Во Битола набргу по Првата светска војна пристигнуваат хорски состави од училишта од други градови и се преставуваат со културно уметнички програми.

Меѓу првите, а за време велигденските празници (вториот ден) во 1924 год. концерт приреди крагуевската „Женска учителска школа", еден редок настан за кого владеел голем интерес. Истиот се одржа во салата на Основното училиште „Св. Сава" и се состоел од два дела:

1099. Книга бр. 24, 12 декември 1930, т. 6

1100. **Извештај за школску 1936/37 годину**, Српска православна богословија...45

1101. **Извештај за школску 1934/35 годину**, Српска православна богословија...20

1102. **Сто македонски години 1903-2003,** МИ-АН, Скопје, 2004, 9

*Прв дел*:

1. Мокрањац, „13 руковет“ – пее хор;
2. Гостинчар, „Звоно ѕвони“ – пее хор;
3. Вл. Ѓорѓевиќ – „Не жали моме“ – соло сопран во придружба на оркестар;
4. Ал. Шантиќ, „Куманово“ – рецитира ученичка во придружба хор;
5. Вилхар, „Млатичи“ (словенечка песна) – пее хор;
6. Јенко, „Поток жубори“ – дует (сопран и алт);
7. Ѓорѓевиќ, „Фалбаџијата мајмун“ – пее хор;

*Втор дел*:

1. „Хорот на Словените“ (од драмските слики на Воислав Ј. Илиќ), 2. „Словенско ѕвоно“ – пее хор;
3. Алекса Шантиќ, „Балада“ – рецитира ученик и ученичка во придружба хор;
4. Бајиќ, „Соколи“ – пее хор;
5. Каракашевиќ, „Мајска песна“ – дует (сопран и алт);
6. Јоксимовиќ, „Бачко оро“ – пее хор;
7. Жганец, „Шел в ....(?), (хрватска песна) – пее хор.[1103]

Наскоро пристигаат и други вакви школски состави и здруженија.

Во истата, 1924 год. доаѓа и Пејачкото друштво „Балкан“ од Загреб, кому битолската општина му излегува во пресрет и дел од трошоците за доаѓањето ги презела врз себе.[1104] Дали тое е истото или е и некое друго со модифицирано име, „Младост – Балкан“, кое на 9 јули 1931 год. требало да даде концерт за граѓаните на Битола, остана нејасно, но и за неговите 60 членови трошоците и сега биле одвоени 3.500 динари.[1105]

1103. **Крагујевачка Женска учитељска школа у Битољу**, Битољски трговински гласник, г. I, бр. 29, Битољ, 27 април 1924, 2

1104. Книга бр. 15, 3 септември 1924, т. 2

1105. Книга бр.27, 8 јули 1931, т. 1

Дошол и велешкиот 60-ти членовен пејачки состав „Одлас од Вардар“ за кого во 1931 год. за вечерата во хотелот „Јевтиќ“ општината ја чинело 1.920 динари. И во врска со него остана нејасно дали и тој се претставил со концерт.[1106]

Следната, 1932 година, требало да пристигне и пејачкото друштво „Слога“ од Сараево, кое својот концерт го најавувало за 6 мај. И за него за концерот и за вечерата биле предвидени општински 3.500 динари.[1107]

Најава за концерт во месец октомври 1932 год. даде хор и од Нови Сад и за него Општинскиот одбор одлучи да постапи според традицијата, да издвои средства за пречек и за концертот.[1108] Според дополнителното известување било прецизирано дека пристигањето требало да се случи следниот месец, односно на 25 ноември.[1109]

И следната, 1933 год., се очекувале да пристигнат две пејачки друштва, едното од Земун, другото од Тетово. Бидејќи се немало никакви сознанија за нив, одборниците решиле првин да ги побараат од битолските пејачки друштва па дури потоа да одлучат како натака ќе постапат.[1110]

Хорот на Учителската школа од Скопје на чело со директорот Јован Ристиќ, во придружба на познатиот музички работник Стеван Шијачки и диригентот Никола Савченко, пристигнале во Битола и го искористеле интернатот на Богословијата за престој. На 21 април 1934 год. се претставиле со концерт во сала на Богословијата, кој бил масовно посетен од богослови и заинтригирани граѓани и кој остави мошне пријатен впечаток. Другиот ден заминале во посета и на Прилеп.[1111]

Еден месец подоцна, односно на 9 мај, а на минување низ Битола за Охрид. гости дошле и студенти на Православниот богословски факултет од Универзитетот во Белград под водство на д-р Ду-

1106. Книга бр. 27, 11 мај 1931, т. 3

1107. Книга бр. 31, 21 април 1932, т. 11

1108. Книга бр. 32, 1 октомври 1932, т. 2

1109. Книга бр. 32, 3 ноември 1932, т. 5

1110. Книга бр.34, 29 март 1933, т. 4 и 5

1111. **Извештај за школску 1933/34 годину**, Српска православна богословија..13

шан Станковиќ. И тие следниот ден, пред посебно одбрана и градска и друга публика, во преполнетата богословска сала го изведоа мошне успешно својот духовен концерт.[1112]

Во летото од 1936 год. требало да пристигне и пејачко друштво од Земун, кое броело 60 хористи. За пречекот и за концертот во Општинскиот одбор на локалната самоуправа се оформил и специјален одбор, чија задача била да им обезбеди преноќиште и престој, а трошоците и за нив било решено да паднат врз општинскиот буџет од стафката за следната, 1936/37 год.[1113]

Духовен концерт во салата на Богословијата на 12 март 1939 год. приреди и Хорот на свештениците од град Скопје,[1114] додека концеротот на Железничкото музичко друштво се одржал на 16 мај 1939 год.[1115]

Учителите и учителките од околијата на Ириг, на пат за Охрид пристигнале во Битола. На 8 мај 1940 год. во богословската сала ја прикажале драмата „Бранко Радиќевиќ" од П. Петровиќ, а другиот ден положиле венец пред споменикот на починатиот крал Александар Караѓорѓевиќ и продолжиле кон планираната дестинација.[1116]

Гостувања на вакви состави има и за време бугарската управа од Втората светска војна и сето тоа е само исечок од една богата хроника на ваквите гостувања во Битола.

Со цел материјално да им помогнат на своите бедни соученици, прилепските гимназијалци во Битола предиле нешто како концерт (*„мизичко-литерарно утро"),* кое почнало во 11 часот во киното „Балкан", а вечерта се претставиле и со театарска претстава со делото „Милионерот" од познатиот бугарски драмски писател Јордан Јовков.[1117]

1112. Исто, 14

1113. Книга бр. 58, 10 август 1936, т. 30

1114. **Извештај за школску 1938/39 годину,** Српска православна богословија... 25

1115. Кутија 16, 1939, 2.1.16.38/251-258

1116. **Извештај за школскуи 1939/40 годину**, Српска православна богословија...12

1117. **Културен живот,** Пелистерко ехо, г. 1, бр. 11, Битоля, 14 ма- 1942, 3

## Презентации на еднострунo гусларство

Само што се востанови српската власт во нашите краишта, започнале често да пристигаат и гуслари кои го негувале црногорско – херцеговското еднострунo гусларство. Ако се појде од сознанијата дека меѓу ним имало и професионалци чии имиња веќе биле познати, а не биле на нивниот список, бројот ќе да им бил поприличен. Не било тоа, врочем и за изненадување, во Македонија се настанале и поприлична бројка конолонизатори Срби поттикнати од белградската национална политика за менување на етничка мапа на овој дел од државата,[1118] а кај кои ова гусларство било традиционално. Покрај нив никако не треба да се заборават и бројните административни и воени лица кај кои еднострунoто гусларство, исто така, било популарно. За да стане, пак, тоа и туристичка атракција, биле преземани и акции за организирање меѓугусларски двобои, како и гусларски фестивали кои опочнале уште во 1929 год.[1119]

Посетите на познатите гуслари кои надоаѓале во бранови, од новите доселеници овде се доживувало за нешто што е препознатливо и домашно, додека среде домородното население, за ново и мошне интересно, оттаму нивните презентациите да бидат следени со внимание, а и масовно и со топло гостољубие.

Меѓу првите професионални гуслари што пристигнаат во Битола е и прославениот Г. Перуновиќ. Пред да дојде во Битола имал успешен концерт во Прилеп во 1922 год., па оттаму, најавувајќи своето доаѓање и овде, се послужил со оргинален манир, преку песна, чии први стихови гласеа *„Књигу пише Перуне гуслара/ из Прилепа града бјелога“.*

Неговиот битолски концерт се одржа во хотелот „Босна“ пред поголем број посетители и истиот бил исполнет со епски песни од неговиот необично богат репертоар, ја испеал и онаа актуелна во ова време „Бојот кај Куманово“. Доколку му се верува на локалниот пе-

1118. М-р Петар Солаковски, **Колонизацијата на Битолско и Прилепско (1919-1941),** Друштво за наука и уметност – Битола, Битола, 1992, 140-147

1119. **Акција Туристичког савеза за унапређење туризма у Јужној Србији,** Време, 2 јули 1940, 6

чат, кој го регистрираше неговиот престој, понудил вистинска *„незаборавна вечер“*.[1120] Се чини дека неговите патувања и презентации му биле омилени, патувал и во САД, каде останал осум години меѓу иселениците, посетил и градови и низ Европа.[1121]

Покрај вакви поединечни гостувања, за популарноста на ова гусларство заслужни се и одредени институции, најмногу Гимназијата, Богословијата и Народниот универзитет.

На 26 март 1934 год. пред гимназистите на гусли пеел и свирел Милован Томановиќ,[1122] такво презентирање на еднострунoто гусларство во 1936 год. понудил и еден друг познат гуслар, Обрад Шимин,[1123] како и *„народниот гуслар“* Милован Бајрактаревиќ на 24 октомври 1939 год..[1124]

Суплентот на Богословијата Јован Бајрактаревиќ, пак, учествувајќи на концертот одржан по повод „Светосавската прослава“ во 1938 год., на гусла ја исполнил песната што му била посветена на светецот што се славел.[1125]

Такво значење има и Народниот универзитет во Битола.

Првото предавање во текот на 1930/31 год. било „За гусларите и гуслањето“ од М. Вујовиќ, а гусларот Нико Скуриќ од Чилипи, Далмација го илустрирал и со гусла.[1126] Следи предавањето под наслов „Хуманост и расност во нашето епско народно творештво“ и живата презентација од гусларот Новак Вулетиќ во учебната 1934/35 година.[1127]

---

1120. **Јужна звезда,** г. прва, бр. 33, Битољ, 23 новембар 1922, 2

1121. Аноним, **Повратак нашег гуслара П. Перуновића. После осмогодишњег бављења међу нашим иселеницима у Сједињеним државама,** Политика, бр. 8957, Београд, 21 априла 1933, 10; Аноним, **Један југословенски песник, Човек који је са гуслама обишао Европу и Америку,** Политика, г. 32, бр. 9716, 8 јун 1935, 9 (во написот се наоѓаат неговата фотографија и мислењата за него во странскиот печат)

1122. **Извештај за школску 1933/34 годину,** Државна реална гимназија... 22

1123. **Кајмакчалан,** г. прва, бр. 1, Битољ, 1 децембар 1936, 2

1124. **Извештај за школску 1939/40 годину,** Државна реална гимназија... 23/18

1125. **Извештај за школску 1937/38 годину**, Српска православна богословија... 22

1126. Елица Тодорчевска, **Музичката дејност на Народниот универзитет во Битола 1930-1940 година,** Македонска музика, бр. 8, Скопје, 2001, 217

1127. Исто, 217

## Гостувања на оперски пејачи

Иако битолчани немале своја опера, повремено сепак можеле да уживаат во оперски изведби од гостувачи пејачи. Бидејќи биле и сосема ретки, основа стана да бидат и масовно посетени.

Во Битола на 13 септември 1925 год. пристигна членот на Атинската опера Апостол Предари и приреди целовечерен концерт исполнувајќи делови од познати опери, меѓу другите, прологот од „Пајаци“ од Леонкавало и од „Трубадур“, арии од 2 и 3 чин од „Риголето“, „Крабуљното оро“ од Верди, како и арии од „Севилскиот бербер“, вклучително и песната „Мама нон мама“. За целотвреме на пијано го придружувал И. Доминис, наставаник по музика во Гимназијата, кој помалку бил и композитор. Белградската „Комедија“ вака го коментираше овој настап „*Г. Предари доживеа голем успех меѓу битолската публика, која таа вечер дојде во огромен број и долго и гласно му аплаудираше на уметникот*“.

„Комедија“ обелодени дека Предари бил и со намера концерти да одржи и во поголемите градови на Југославија.[1128]

Воениот рок во Битола во 1936 год. го отслужувал познатиот оперски пејач од Сараево Јосип Папо – Сасон. Дознавајќи за тоа, иницијативни битолчани, адвокатите Миленко Дивац и Филип Николиќ, посакале пред отслужувањето на рокот и пред неговото заминување од градот да го замолат да одржи оперски настап. Разговарале, тој ја дал согласноста, но со напомена концертот да биде добротворен и приходот да биде наменет за школските кујни на Гимназијата и основните училишта. Пријатно изненадените иницијатори, и за разговоров и за согласноста негова одржале конференција за печат во салата на хотелот „Босна“ и ја известиле битолската јавност за тоа. Бидејќи за настанов се очекувал голем интерес и голема посета, а посоодветна сала во градот немало, паднало решение концертот да се одржи во „Соколаната“.[1129]

1128. Ђ. Јевимовић, **Члан Атинске опере у Битољу**, Comoedia, бр. VI, Beograd, 28 septembar 1925, 14-15

1129. В.Ч. В., **Оперски певач, млади Сарајлија г. Јосип Папо – Сасон приређује у Битољу уметнички концерат у корист битољске сиротиње,** Вардар, Скопље, 14 фебруар 1936, 4



# Оперски певач, млади Сарајлија г. Јосип Папо-Сасон, приређује у Битољу уметнички концерат у корист битољске сиротиње

Битољ, 12 фебруара. — Овде се налази на отслужењу свога кадровског рока млади Сарајлија г. Јосип Папо-Сасон, оперски певач, који ће при крају овог месеца бити пуштен из војске, јер је већ отслужио свој кадровски рок.

Г. Папо је посећивао чувену уметничку париску школу „Канторум". Он је у Паризу био и генерални секретар певачког друштва „Јадран", а и секретар просветног друштва. Готово по целој Француској наш млади уметник пронео је многе наше националне песме, и био је увек одушевљено поздрављан и хваљен.

Г. Папо дошао је у додир са овдашњом интелигенцијом, по чијој је жељи пристао да приреди један уметнички концерат за битољско грађанство, пре свога одласка из Битоља. У том циљу пре неко вече

ни — кухињама при гимназији и основним школама.

Образован је и један одбор за приређивање концерта, на челу са

Оперскиот пејач Папо

Како протекол концертот и како тој бил доживеан податоци, за жал, немаме.

Вакви настапи имало и други. На 30 декември 1937 год. во Битола гостувале две театарски групи, една од Белград, другата од Скопје. Белградската ја прикажала драмата „Рокси" со Мери Прохаска и Г. Матиќ, скопската се претставила со „Улични музиканти", во која главната ролја како гостинка ја исполнила првенката на Белградската опера Богичевиќ со оперски прилози.[1130]

1130. **Позориште**, Кајмакчалан, г. 1, бр. 2, Битола, 5 јануари 1937, 3

## Настапи на Воениот царски симфониски оркестар и Хорот на Духовната семинарија од Софија

Иако Воениот царски симфониски оркестар од Софија имал не долга историја, бил оформен на лично инсистирање на царот на Бугарија Борис Трети на 14 февруари 1936 год., сепак станал еден од најпознатите и најексплоатираните бугарски оркестри. Од чинот на востановувањето па во наредните седум години имал посетено над 100 градови, не само во Бугарија, и во Италија, Унгарија, Хрватска, Романија, заокружувајќи бројка од околу 600 концерти. За сето време и за сите негови успеси стоел проф. Саша Попов, еден многу познат и многу талентиран музички педагог и стручњак.

Во Битола пристигна на 4 септември 1942 год. и на Железничката станица бил пречекан од официјални лица од локалната власт и од мноштво граѓани, а како знак на топло добродојде девојки облечени во народна носија им предадоа букети од свежо цвеќе.

Првиот концерт бил планиран за следниот ден во салата на „Пелистерски јунак“ („Соколаната“) со почеток во 19,30 часот со програмата преполна со дела од Моцарт, Брамс, Шуберт, Штраус, Вагнер, и од домашни музички мајстори, Стајнов, Владигеров и др. Како поминал и дали имало и друг концерт, за жал, не дознавме зашто локалниот весник „Пелистерско ехо“, кој го објави неговото доаѓање, не се обиде тоа да го презентира.[1131]

Во средината на јуни 1943 год. следи нова посета од Софија, сега од „Хорот на учениците на Духовната семинарија“. Биле со намера да приредат целовечерен концерт од духовни и народни песни, како и китка маршеви. Диригирент бил Георги поп Василев, кој успеа, како што забележа хроничарот, да открие духовен свет скоро непознат, уште подобро, станал „*блаженство кое ги исполни душите кое уште долго нема да ги напушти присутните*“. Преку песна и мелодија се обиде да го открие она што црквата во неделните и другите миси правела да му го доближи на обичниот верник, а сега тоа на толку ед-

[1131]. **Царския военен симф. оркестъръ въ Битоля,** Пелистерско ехо, год. бр. 36, Битоля, 5 септемврий 1942, 1

ноставен и приемлив начин, преку хорот било постигнато. Заслугата била заедничка, како што забележа хроничарот, и на ректорот на Семинаријава, архимандритот Николај, кој одржа и кратко упатно слово пред настапот под наслов „Народ, држава и црква", и на семинаристите и на нивните топли и усогласени гласови, како и на раководителот на хорот.

И овојпат заклучокот бил вообичаен, зошто ваквите настани што ја галат и ја вознесуваат душата ги нема почесто во Битола.[1132]

## Симфонискиот оркестар од Трст во Битола

Скоро веднаш по ослободувањето, односно во почетокот на март 1946 год. во Битола пристигна Симфонискиот окрестар на прочуената и со високо меѓународно реноме Филхармонија од Трст, настан од посебно значење и за градот и за регионот. Војната штотуку беше завршена, па оваа посета прерасна не само во исклучив музички настан, и политички, најмногу зашто Италија, која беше ја изгубила војната трпејќи ги последиците од тоа, правела грчевити обиди за територијални корекции на државен план.

Составот на оркестарот бил од поединци кои совршено беа се вклопиле во изведбата, подготвени чувствително и динамично да реагираат на секое, и на најмало укажување на диригентот, маестро Јаков Ципци, голем музички мајстор и човек со висока музичка култура.

Гостите од Трст пристигнаа на 3 јуни 1946 год., а концерот се одржа следниот ден во најголемата сала во градот, „Соколаната".[1133]

Програмата се состоела од два дела во кои доминираа големите музички мајстори од словенско потекло. Истата почна со Петтата симфонија на Дворжак која била *„полна со богати идеи и чувства и со неговата оргинална ритмика"*, додека во вториот дел беше изведена *„драматичната увертура"* од Берс и таа богата со мелоди-

1132. В. Д. К., **Концертътъ на софийските семинаристи, искуство което стига право въ душата,** Пелистерско ехо, г. втора, бр. 69, Битоля, 22 Юний 1943, 4

1133. **Во Битола гостуеше Трстјанската филхармонија,** Братство, г. 1, бр. 23, Битола, 6 јуни 1946, 2

ски нијанси, следеа и „Бурлеска“ од Бравничар, карактеристична посебно со елегантниот хумор, па на ред дојдоа и „Половецките танци“ (од операта „Кнез Игор“) од Бородин и таа со *„оргиналност во ритмиката и егзотичноста на мелодијата“*.

Воодушевената и музички образована битолска публика секоја изведба ја наградувала со заглушувачки аплаузи и сето тоа по кој знае кој пат откри дека ваквите концерти и гостувања многу им недостатуваат на битолчани.[1134]

Надополнување на овој голем музички настан за таа година бил и концертот на Културно–просветниот одбор на Третиот реон од Битола кој на 16 февруари 1946 год. во салата на Четвратата пролетерска бригада го збогати музичкиот живот во Битола, кој полека почна да пулсира на голема радост на битолчани и да зазема ритам.[1135]

Битолски гостувања во други градови

## Битолските сподвижни слепи гуслари

Балканот бил преполн со индивидуи и групи, кои онесреќени заради физичките проблеми или заради вроденото или стекнатото слепило, беа се определиле секојдневниот опстанок да го разрешуваат како просјаци. Некои, отфрлајќи го паразитскиот статус, со труд го заработувале својот горчлив леб, користејќи ја песната и музиката како средство за заработка, препознавани насекаде како *„просјаци гуслари“*, *„талкачи гуслари“*, *„талкачи свирачи“*, појава не само балканска и европска.[1136]

На Балканот ги имало во минатото толку на број што се востановиле и неколку издвоени средишта, центри, од каде поаѓале и го поплавувале фолклорниот простор.

---

1134. Н. Савченко**, Во Битола гостуеше Трстјанската филхармонија,** Братство, г. 1, бр. 23, Битола, 6 јуни 1946, 4

1135. **Културно-просветна приредба за нашата војска,** Братство, г. 1, бр. 3, Битола, 21 февруари 1946, 4

1136. Катя Михайлова, Цит. дело

Во еден период како најпознати такви центри се издвоиле во Ириг (Војводина), па во Балдево (Бугарија), Разлог (Пиринска Македонија), а најпрочуен и најмногуброен се наметнал Битолскиот, кој многу рано беше го понел и атрибутот за *„класичен крај на народните пејачи“*.[1137] Нему посветени му се неколку научни истражувања, една е и со обид и за продлабочена проекција.[1138]

Иако слепи и физички онеспособени, со припомош на други, организирани и групно и еснафски, ги крстареле не само местата на живеењето, а и најоддалечените краишта на Балканот. Насекаде го презентирале фолклорниот материјалот што беа го совладале кај своите учители или самите беа го создале, станувајќи со тоа и автори и презенти, но и чувари и сејачи, оставајќи зад себе неизмерно и незаменливо нематеријално богатство.

Основниот и најпознат нивни талкачки состав им бил од двајца, слеп или сакат гуслар и окат водач, при што задачата на вториов била го води и да го доведе интепретаторот на местото на настапот, односно до месните анови, пазаришта, до соседното село, соседниот град, а кога се формирале и групи составени од неколку водачи и неколку свирачи, со превозни средства или товарни животни, тогаш просторот им бил неограничен, а времетрањето на патувањата се пролонгирало со денови, недели, па и месеци, додека престојната зима што доаѓала им била крајниот термин за враќање, кога во местата каде постојано живееле, заеднички со семејството или со пријателите го трошеле или го продавале испросеното.

Сведоштвата за ваквата сподвижност на битолските просјаци се бројни и се добиени од поединци кои ги доживеале и ги мемориралe.

Бугарскиот научник и родољуб Љубен Каравелов во своите записи открива дека во негово време (крајот на 19 век) во лето ја преплавувале Бугарија и дека со своите песни ги славеле старите јуначки времиња.[1139] При крајот на 19 век и д-р Јован хаџи Васиљевиќ, сеќавајќи се на своето детство, ќе запише *„Писателот на овие редови*

[1137]. П. Безсоновъ, **Калеки перехожiе**, вып. III, Москва, 1861, 581

[1138]. Александар Стерјовски, **Македонските слепи гуслари**, Матица македонска, Скопје, 1998

[1139]. Любенъ Каравеловъ, **Записи за България и Българете**, София, 148

*памети дека битолските слепи доаѓаа дури до Куманово и Врање и гудеа и рецитираа јуначки песни"*.[1140] И Белград бил преполн од нив, вели сведок, кој, исто така, ги доживеал,[1141] а за престојот нивни во Солун и Солунско, известува секретарот на српскиот конзулат во овој град, Иван Иваниќ.[1142] Друг бугарски фолклорист, П. Славејков, пак, на брегот на Црното Море од ваков битолски пејач беше забележал и четири епски песни, испеани на источно–бугарско наречје.[1143]

При крајот на 19 век Битолскиот центар веќе бил на изумирање, беа се задржале уште само неколку осамени егземплари како живо сведоштво на нивното минато.[1144] Истражувачот П. Чилев, кој беше се ангажирал да ги истражи, беше дошол во Битола во последен миг и откри дека во минатото живееле еснафски, дека имале еснафски



*Подготвени за долг пат на поголема група*

1140. Д-р Јован Хаџи Васиљевић, **Прилеп и његова околина**, Београд, 1902, 188

1141. Сретен Л. П.(оповић), **Путовање по Новој Србији**, Издање књижаре Браће Поповића у Новом Саду, 297/1

1142. Иван Иванић, **Maћeдoнија и Maћeдoнци**, кн. II, Нови Сад, 1910, 149

1143. Антонъ П. Стоиловъ, **Показалец на печатените презъ XIX векъ български народни песни**, БАН, София, 1916, 200/419, 201/420, 204/322

1144. Милош Хр. Константинов, **Занаети и еснафи во Битола и околијата причини за развиток и опаѓање со посебен осврт врз нивната улога во 19 и 20 век**, Научно друштво – Битола, 1961, 66

светец – заштитник, свој таен јазик, од кој успеа да забележи и мал исечок, оставајќи со тоа и значајни траги за нив.[1145]

Како последен, рудиментиран остаток од перодот меѓу двете светски војни, живи беа останати уште двајца, Ташко Павлов и Коста Михајлов Најче, чии талкачки радиус сега бил крајно ограничен, Битола, Прилеп и неколку околни села.[1146]

Кога и како почнал да се развива овој центар, кои биле неговите први припадници, во фолклорната наука има разни претпоставки. Некои научници заземаат став дека во илјадниците ослепените Самоилови војници, кои потекнувале од тријаголникиот Прилеп–Битола–Охрид, треба да се бараат почетоците,[1147] а како аргумент ја посочуваат и дрвената пластика на свирач на едноструна гусла што се наоѓа на портата од манастирот „Св. Јован Продром" од Слепче – Демир Хисар, која потекнува од XV-XVI век,[1148] но тоа секако треба добро да се истражи и да се документира.

## Оркестар од Битола на Олиписките игри во Атина во 1906 год.

По Олимписки игри во Атина од 1896 год., како првично востановување и со обврска да продолжат по секои 4 год., следувале потоа во Париз (1900), па во Ст. Луис (1904), Лондон (1908) и натака по утврден редослед. За да се одбележи, Меѓутоа, јубилеј, мал јубилеј, десетгодишница, во 1906 год., се организираат нови олимписки игри, наречени „Меѓуолимписки" и сега во Атина, кои имаат изворедно значење зашто токму на нив ќе се востановат правилата на олимпизмот што ќе бидат важечки засекогаш.

1145. П. Чилевъ, **Тайниятъ езикъ на слепците въ Битолско**, Сборникъ на народни умотворения, наука и книжнина", кн. XVI-XVII, София, 1900, 148

1146. Александар Стерјовски, **Македонските слепи гуслари**, 150-158

1147. Ѷ Ивановъ, **Беласицка битка, 29 Юли 1014 год.,** Известия на Историческото дружество въ София, год. III, 1911, 12-14

1148. Петар Момировић, **Један средновековни потре гуслара**, Прилози проучавању народне поезије, г. I, св. 2, Београд, 1934, 169-170; Истиот, **Врата мсанастира Слепча код Битоља**, Гласник Скопског научног друштва, књ. XV-XVI, Скопље, 1936, 326-327



*Битолскиот дувачки оркестар на Олиписките игри во Атина во 1906 год.*

Отворањето нивно се случи на 22 април, а затворањето на 1 мај. Учество зеле 20 земји со 903 спортисти и во 13 спортски дисциплини, кога за првпат се организирало и дефиле на учесниците. На нив тогаш Загреб испрати службена делегација, а од Суботица Ѓорѓе Станчиќ го освои првото место во брзо одење.[1149]

Истите биле отворени за првпат со музика, прилог на оркестар од дувачки инструменти пристигнат од Битола. Истиот му припаѓал на здружението „Силогос филхармоники“, бил под раководство на двајца музички педагози, Константинос Димитриос Спатис (1874-1940) и Орпи, едниот врботен во Машката, другиот во Женската грчка гиназија во Битола.[1150]

1149. **Enciklopedija Leksikografskog zavoda,** knj. 4, Jugoslavenski leksikografski zavod, MCMLXVIII, Zagreb, 647

1150. Αντονησ μιχ. Κολτσιδασ, **Ιστορια του Μοναστηριου**, Thessaloniki, стр. 565

## „Битолски полк“ и концертот во Ваљево

Пред Првата светска војна, српската армија војнички била структуирана како и повеќето европски армии прифаќајќи го регионалното начело за служење на воениот рок. Регрути од ист град и иста регија формирале единица препознавана со името на градот или регијата, заеднички настапувале во мирновременски и воени услови, односно се третирала за територијална. Таквата определба имала и предности и слабости, се воспоставувале многу полесно социјалните врски зашто поединецот бил меѓу своите и со своите, но истовремено воените трагедии трауматично ја разградувале.

Според оваа структура и првите битолски регрути од 1914 год., познати како „Битолски полк“ го отслужувале својот воен рок. Со тоа име учествувале и во Првата светска војна, кога дале премногу жртви, тој полк ќе продолжи да опстојува и по војната како здружение на воени резервисти.

Откако на 15 март 1914 год. заклетвата била дадена пред платото на Црвената касарна, скоро веднаш обврзниците биле испратени со солзи од родители, роднини и пријтели на Железничката




*Заклетвата на првите битолски регрути дадена на платото пред Црвената касарна*

станица за Ваљево, постојаниот стационар. Токму тогаш се роди и идејата за посета на Ваљево, а во месец мај истата година бил оформен и иницијативен одбор на чие чело застана првиот човек на градот, претседателот Петар Лешњаревиќ и плановите почнале да се разработуваат. Идејава дошла и на една од седниците на Општинскиот одбор, а за да се избегнат, притоа, шпекулациите, на патувањето ѝ се даде боја за туристичко, па се реши да се именува за неколкудневна посета на престолнината, додека празникот Дуовден бил избран за најпогоден датум.[1151]

Четири преполни ваговни со над 120 патници, преку Солун заминале за Белград, каде битолчани останале 3 дена, потоа со брод и воз пристигнале во Ваљево.

На Железничката с таница во овој град биле пречекани од синовите и браќата во војнички униформи, како и од лица со воени чинови од тамошниот полк, од градската елита и од сосема обични граѓани многу најгостољубиво.[1152]

Вечерта во касарната се одржа заеднички концерт, во кој настапи локалното музичко здружение со свои нумери, а војниците битолчани рецитирале стихови и испеале некоја позната песна.

Повратниот пат се случи другиот ден, повторно со солзи на истата Железничка станица.[1153]

## Концерти на битолските богослови и гимназисти надвор од Битола

Учениците на Битолската богословија, за разлика од останатите средношколци, почесто ги напуштаа школските клупи и редованите часови и патуваа на неколкудневни посети во други градови со културно–уметнички програми.

На една, организирана на 8-9 октомври 1933 год., го посетиле манастирот Трескавец, кого го доживеале како најсвето место и поне-

[1151]. **Рад у Одбору у Општини,** Општинске новине, бр. 49, Битољ, 23 маја 1914, 1

[1152]. Александар Стерјовски, **Битола – Каледиоскоп,** 71-75

[1153]. **Битољ – Београд – Ваљево,** Општинске новине, бр. 50, Битољ, 8 јуна 1914, 3-4

сени од амбиентот таму, извеле и имал духовен концерт. Додека траела литургијата, која ја воделе ректорот на Богословијата д-р Јустин Поповиќ и еромонахот Јован Максимовиќ, хорот го пополнувал внатрешниот акустичен простор.[1154]

Поголема група богослови, на чело повторно со проф. д-р Јустин Поповиќ, диригентот М. Павловиќ и наставникот Ј. Марушиќ, направиле маршута која траела меѓу 9-20 април 1934 год. Ја одбрале на рутата Скопје – Лесковац – Ниш – Нишка Бања – Св. Роман – Крагуевац – Краљево – ман. Жича – Студеница – Кос. Митровица – Грачаница, а во Лесковац, Ниш, Крагуевац, Краљево и Скопје се претставиле и со својот хор.[1155]

Повремено ја посетувале и семејната кралска гробница во Опленац, која посебно стана омилена откако бил закопан и кралот Александар. Меѓу првите такви посети и поклоненија било и тоа од 3 јуни 1936 год., кога Малиот хор таму имал настап.[1156]

Покрај богословите и учениците на Гимназијата повремено правеле слични посети, приредувајќи и тие концерти.

Управата на Гимназијата за меѓусебно запознавање и за потесна соработка беше одлучила дел од учениците да го посетат соседниот Прилеп и таму да приредат концерт. Претходно, на 8 март 1930 год., како подотвителен имале и во градот, па откако се оцени дека заслужува да се репрезира, гимназистите отпатуваа и на 23 март го одржаа концертот. Следниот ден, заеднички и битолските и прилепските ученици, го посетија излетничкото место Маркови Кули.[1157]

## Гостувања на хоровите „Кајмакчалан“ и „Мокрањац“

Обата битолски граѓански хора, и „Кајмакчалан“ и „Мокрањац“, имале обичај времено да ја напуштат Битола и да тргнат на пат низ

1154. **Извештај за школску 1933/34 годину,** Српска православна богословија...8
1155. **Извештај за школску 1933/34 годину** , Српска православна богословија...13
1156. **Извештај за школску 1935/36 годину** , Српска православна богословија...57
1157. **Извештај за школску 1929/30 год.,** Битољска гимназија...13

државата, што, инаку, се третирало и за вид награда за вложениот труд и за душевно и физичко закрепнување на хористите.

Од записниците на Поглаварството на градот Битола дознаваме дека во 1930 год. хорот „Кајмакчалан“ планирал со екипа од 50 члена на празникот Петровден да отпатува до кралската гробница во Опленац, таму да се поклонат и да го украсат местово со настап, а за кое им била потребна општинска материјална помош од 3.000 дин.[1158]

Откако истиот во 1932 год. одржал неколку успешни концерти низ Вардарска Бановина, презел поголема турнеја и низ државата. Насекаде, како што известуваат весниците, жнеел успеси, па понесени од тоа, подготвиле нов план, на чело со претседателот на хорот д-р М. Лазаревиќ да ја посетат и Грција и во неколку тамошни градови да се претстават со концерти, патем да заминат и до Солунскиот саем за да го видат и да го доживеат и југословенскиот павилјон.[1159]

Голема турнеја низ Северна Србија хоров извел и во месец мај 1936 год., при што повторно го посетиле и Опленац.

Првин во Битола на 16 мај истата година приредиле концерт со многу богата програма, која како подготовка требало се најде на списокот за следната турнејата што се планирала да се изведе во најскоро време. Биле исполнети 7 и 15 руковет од Марањац, песната „Слобода“ (химната на хоров), како и неколку други, Милојевиќ („Мува и комарец“), Готовац („Јадованка“), Христиќ („Есен“), Григоријев („Боже, боже мој“), Славенски („Дедо и мечките“) и уште неколку други.

Следниот ден, на чело со претседателот на друштвото Ѓорѓе Цветковиќ, стартирајќи од Велес и Скопје, планот почнал да се р еализира. Во Скопје дале неколку успешни концерти, па турнејата продолжила за К. Митровица, Краљево, Крагуевац, Опленац и Белград.[1160]

Во Белград на 24 мај истата година имал презентација и преку Белградската радио–станица со дел од програмата, при што посебен

1158. Книга бр. 24, 4 јули 1930, т. 3

1159. **Битољска певачка друштва,** Вардар, Скопље, 21 август 1932, 3

1160. М., **Концерт и турнеја певачког друштва „Кајмакчалан“ из Битоља**, Вардар, Скопље, 21 маја 1936, 5

впечаток оставила Христиќевата песна „Есен“, инспирирана од богатото поетското творештво на Воислав Илиќ.

Дневниот печат реагирал на неа и ќе запише дека граѓаните имале „*навистина ретко уметничко уживање, слушајќи го овој убав и успешен концерт на симпатичните битолски пејачи*“.[1161]

Имале и трогателна средба со веќе остарениот и болен Бранислав Нушиќ, кој им пренел дел од своите спомени поврзани за Битола кога бил дипломатски претставител на Србија и кога бил прв окружен началник.[1162]

Слични гостувања организирал и хорот „Мокрањац“. И тој во 1932 год. пошол низ државата и дал неколку концерти, а за да го реализира тоа, побарал општинска материјална помош од 1.000 дин.[1163] Има тврдење дека во 30-те години патувал и низ градовите на Далмација,[1164] а во 1933 год. во Лесковац го зазел првото место на хорскиот натпревар кога добил и парична награда од 5.000 динари.[1165] На него првин настапиле домаќините, потоа и битолчани, кои исполниле неколку песни („Во ноќта пролетна“, химната на „Кајмакчалан“, „Тече вода, тече“, „Вечерен ѕвон“ (на руски јазик), а заслугата за големиот успех најмногу се должела на изворедната соло партија „Тече вода, тече“ од Љубица Цима, која ги воодушевила сите.[1166]

Многу успешно негово тридневно гостување му било и тоа во Корча (Албанија), каде „*...по барање на публиката можевме уште десет дена да пееме*“, се сеќаваше подоцна член на хоров, кога покрај песни, биле исполнети и арии од операта „Зрински“, па и „Козар“, XV руковет од Морањац, „Да знаеш, моме, да знаеш“ и уште неколку други.[1167]

1161. **Битољско певачко друштво ..Кајмакчалан“ пред Београдским радиом**, Вардар, Скопље, 26 маја 1936, 2

1162. Александар Стерјовски, **Нушиќ во Битола,** Во: **Нушиќ и Македонија, Зборник,** Македонска искра, Скопје, 2008, 45-75

1163. Книга бр. 31, 1 октомври 1932, т.3

1164. Димитар Димитровски – Такец, **Како беше создадена македонската опера,** Битолски весник, Битола, 28 август 1996, 9

1165. **Битољске новости**, Вардар, Скопље, 31 август 1933, 5

1166. Д. П., (Доне Пановски)**, Најстарите хористи за себе**, Битолски весник, Битола, 17 март 1965, 6

1167. Исто

Во 1937 год. повторно имал намера да отпатува за Србија и повторно да го посети гробот на кралот Александар Караѓорѓевиќ, па побарал и сега материјална помош. Молбата од Општинскиот одбор била разгледана и прифатена, но со крајно минимални, дури и понижувачки 500 динари, кое било протолкувано дека не им е во голем кејф на одборниците, што, впрочем, било и општопознато.[1168]

## Гостувања на хорот „Георги Сугарев"

Голем и значаен настан за хорот „Георги Сугарев" се случи во средината на 1942 год. кога се оствари и најголемата желба за посета на престолнината на Бугарија, Софија. Било тоа првично претставување во еден голем град и тоа претстолишен истовремено и пред крајно пребирлива и музички образована јавност. Бидејќи се работело за извонредно значаен настан не само за хорот и за Битола, управата и хористите задачата ја сфатија премногу сериозно, оттаму и ревноста во пробите.[1169] Откако програмата била зацртана и прифатена и почнала да се подготвува, сепак, за секоја сигурност, управата беше решила да организира и проверка, концерт, пред домашната публика. Истиот се одржа на 28 јуни истата година и со олеснување се оцени дека хорот наполно е подготвен и може да тргне на пат.[1170]

Водач на бројната екипа од хористи, членови од управата и од неколку личности од градската управа, бил кметот на градот (претседателот), Илија Ненчев. На Железничката станица во Софија на 15 јули 1942 год. биле пречекани од своите колеги, членовите на софискиот хор „Родина", како и од претставници од Министерството за народна просвета и Дирекцијата за национална пропаганда.[1171]

Концертот се одржа следниот ден, бил вечерен и пред строго одбран свет во големата сала „Б'гарија". Одгласите што следеле веднаш

1168. Книга бр. 58, 1937, 13 октомври, т. 3

1169. **Хроника,** Пелистерско ехо, Исто, 4; Исто, бр. 28, 4

1170. **Концерътътъ на „Г. Сугаревъ"**, Пелистерско ехо, бр. 27, Битоля, 4 Юлий 1942, 3

1171. **Хорътъ „Георги Сугаревъ" въ София,** Целокупна България, бр. 334, Скопие, 16 юлий 1942, 2

потоа и за хорот и за диригентот, на големо задоволство на сите, биле мошне пофални.[1172]

Покрај овој крупен настан од не така неговата долга историја се вбројуваат и оние концерти приредувани и во околните градови. Еден бил одржан на 21 мај 1944 год. во Прилеп. Бил одржан во попладнедвните часови во салата на Занаетчиското здружение и бил исполнет главно со духовни и народни песни под сигурната палка на Т. Скалов.[1173]

Наскоро ќе пристигне војната и плановите за други слични посети и во други градови наполно се заборавиле.

## Самоубитво на концерт

Случајот со самоубиството на германски војник додека течел концертот („матинето") веројатно е уникатен во музичката историја на Битола, по сѐ и за Македонија, но, за жал, освен потресното и впечатливо сеќавање на Сотир Ѓорѓиевски (Сотката), член на музичката група што го дала него, други податоци нема.

Година–две пред крајот на Втората светска војна во Битола беше се настанил охриѓанецот Никола Автовски – Боби, кој тукуштo беше се вратил од отслужување на воениот рок и оформил помала инструментално–пејачка група, квинтет, познат со името „Дипи". Тој е и оној кој подоцна стана познат актер во битолскиот Народен театар, кој прв го испеа и го популаризираше првиот југословенски шлагер „Кажи зошто ме остави" и остави значајни траги и во Битола и во Македонија. Покрај него, каде настапувал како соло – пејач со својот прекрасен и топол глас, квинтетот се состоел од Сотир Ѓорѓиевски – Сотката (гитара), Пецо (виолина), Стевче Бимбо (хавајска гитара) и Никола дограмаџијата (гитара).

Настапите им биле главно во Театарот на неделните матињина, каде се претставувале и други слични групи, како и Воената музика на

1172. **Се заврна хорътъ „Георги Сугаревъ"**, Пелистерско ехо, бр. 30, Битоля, 22 Юлий 1942, 3

1173.Ив. Софкаровъ, **Хорътъ „Г. Сугаревъ" въ Прилепъ**, Пелистерско ехо, бр. 117, Битоля, 23 май 1944, 4

бугарската армија. Според сеќавањата на Сотката одлучувачкиот збор во нивната група, често и без консултации, го имал Автовски, оттаму да се третира и за основач и за нејзин неформален водач.

Како афирмирана група, добивале покани за настапи од разни страни, една беше дошла и од германската воена команда од Битола. Замолницата предлагала концерт кој би се одржал во прилепското село Горно Коњари, во воената единица која го опслужувала тамошниот мал воен аеродром. Истата била прифатена, датумот одреден, а преносот од Битола до аеродромот и назад требало да биде грижа на аеродромот, односно со воен камион.

Музикантите по пристигање на аеродромот биле пречекани, поздравени и одведени во хангарот каде веќе била поставена помала провизорна бина и изнаредени клупи и столици, на кои во исчекување изнаседнати биле посетителите во војнички униформи.

По првичното претставување и вообичаените куртуозни обраќања, отпочнала да тече и програмата, која се состоела најмногу од тогашните популарни бугарски романси и еден помал број германски песни, меѓу другите и онаа многу позната од ова време, прифатена и од бугарските и од сојузничките војници, позната песна со име „Лили Марлен“.

Автовски исполнувајќи ги по ред, во еден момент почнал да ја пее и „Аве Марија“. Ја пеел продуховено и со многу топол и нежен глас, врочем како што налагала и песната.

Некаде кон средината на песната се чул заглушувачки истрел, кој го расцепи затворениот простор на хангарот, тоа војник кој бил во публиката си пукал во главата со пиштол и мигновено се струполил наземи облеан во крв.

Настанала мешаница, група војници се стрчале да му помогнат на војникот, кој веќе не давал знаци на живот, матинето веднаш се прекинало, пејачите набрзина биле извлечени надвор, скоро и насилно и без збор изнафрлани во превозното средство со кое беа и дошле, кои патот до Битола го поминале во молк и под силен стрес.

Сеќавајќи се подоцна на случајов, повеќе за себе отколку за мене, кому му го опиша, Сотката гласно ќе заклучува дека „Сигурно на војникот девојката или сопругата му се викала Марија“.

# Почеток и работата на Основното музичко училиште – Битола

## Основање

Невидениот ентузијазмам што беше ја зафатил Македонија по ослободувањето со отворањето на првите школи на македонски јазик, беше ја допрел наставата и по музичко образование. Инструкциите што доаѓале од Скопје за неколку градови, меѓу нив и за Битола, гласеле што побрзо да се организираат музички основни школи, каде требало да се оспособуваат музички кадри за предметот музика во основното и средното образование, како и диригенти за бројните градски, селски и други хорски состави, кои почнале да никнуваат масовно.

Меѓутоа, како и во секој опијанет полет и овојпат стана јасно дека желбите и плановите се едно, реалноста е сосема подруга, особено кога не се располага со едуциран наставен кадар, кога нема соодветни школски објекти, а има крајно сиромашна инструментална подлога.

Токму со една таква состојба во 1946 год. се судри и основањето на битолското „Нижето музичко училиште“ и тоа е и главната причина што почетокот на школската година да отпочне не во септември, како вообичаено, туку следната година, кога стартира второто полугодие, односно на 17 февруари 1947 год.

Овој датум и за ова училиштево и за Битола оттогаш стана историски.



*Првиот објект на Музичкото училиште – Битола*

Разрешувајќи го проблемот со објектот во кого требало да се смести тоа, планерите беа го одбрале „Народниот универзитет", зграда од приземје и два ката и со повеќе простории, кој тогаш стоел неискористен. Постарата негова историја говори дека бил наменски граден, дека служел и за училиште во кое некогаш работело „Француското школо на маристите", а пред Втората светска војна станал и „Народен универзитет" во кого,исто така, се држеле часови,[1174] значи ги задоволувал сосема потребите, барем што се однесува за стартот.

Меѓутоа, скоро веднаш по вселувањето, наместо задоволство, следеа купишта проблеми и горчливи одбојности и кај вработените и кај учениците и упорни барања за негова брза замена.

Една од нив била и заради превисоките и тесни скали, единствениот школски клавир за цело време остана во приземјето кои не дозволувале да се префрли на горниот кат каде, всушност, наставата и се одвивала. Имало незадоволства и со условите во училниците, во

1174. Александар Стерјовски, **Битола – Градби,** 360

кои не можеле да се изведуваат музичките вежби заради преголема акустичност.

Со работа училиштево започна со 7 наставници (4 мажи и 3 жени), од кои, едниот (Велко Петровски – Паскали) стана, како што стои во документацијата, *„главен раководител"*. Иако со куп катадневни организациски и други проблеми кои морал ургентно да ги разрешува, најмногу заради недоволниот број наставници и хронично непокриената настава, бил принуден и тој да влегува во наставаниот процес и да ги надополнува часовите по виолина.

Официјалното име на школово во сите документи, кои се чуваат денес во Архивот на Македонија – Подрачно одделение Битола и во сите штембили и печати е „Основно музикално училиште" – Битола. Може да се сретне и како „Ниже музичко училиште" – Битола, но среде битолчани остана и откако прерасна и во повисок ранг, „Музичко училиште" – Битола.

Со работа отпочна со 148 ученици, кои наставата ја посетуваа во три отсеци (клавир, виолина и дувачки инструменти). Во прво време располагало со еден клавир, немало ниту една виолина, немало ниту еден дувачки инструмет, немало било каква музичка литература, но кај сите, и кај наставниците и кај учениците, имало преголема желба наставата да тече нормално и редовно и поставените задачи да се исполнуваат одговорно и навремено.[1175]

## Настава, инструменти, наставници

Иако новоотворено и непознато, интересот за запишување ученици во него стана посебно атрактивно. Некои од неговите први ученици уште се сеќаваат дека музичкиот педагог на Гимназијата Никола Савченко во есенските месеци од 1946 год. вршел и отворена агитација среде гимназијалците убедувајќи ги за предностите од запишувањето, дека уписот е врз доброволна основа и без напуштање

1175. Архив на Македонија, Подрачно одделение – Битола, Фонд Училишен центар за музичко образование – Битола, Писмо на Велко Петровски бр. 6251 од 13 март 1947 (натака АМПОБ)

на гимназиската настава. Врз пријавените вршел и проверка на гласовната надареност што било и услов за влез.[1176]

Уште од стартот најпривлечен отсек станал клавирскиот, за кој најмногу се пријавувале ученичките, додека во дувачкиот отсек долго време не се запишала ниту една од нив.

Наставата била организирана според план и програма, од управата се барале редовни извештаи за работата, истата се проверувала и од стручни лица, кои давале и оценки и препораки за нејзино подобрување.

Во учебната 1949/50 год. училиштево се комлетирало и со четвртата генерација ученици и оттогаш тоа продолжи да работи во полн состав.

Отсеците и бројот на ученици во 1947 год. бил следниот:
*Клавир* – 10 (машки) и 98 (женски), вкупно 106 ученици
*Виолина* – 24 (машки) и 8 (женски), вкупно 32 ученици
*Дувачки инструменти* – 10 (машки) – женски нема, вкупно 10 ученици

Во отсекот Дувачки инструменти наставата се држела по флејта, кларинет, хорна, тромбон, макар што училиштето ги немало на располагање, а имало само 2 труби, кон кои до крајот на јули пристигнале уште неколку, оттаму и многу скромниот интерес за него. Набавка била направена наскоро и за 10 виолини, а два клавира биле добиени како поклон, со што се корегирала донекаде мачната состојба, меѓутоа бидејќи истите максимално биле експлоатирани и тие станале скоро неупотребливи, осносно станале раштимени. Тоа поттикна контакт со институција во Скопје за штимер, кој на 14 октомври 1948 год. пристигна и ја изврши интервенцијата.

Благодарејќи на ангажманот на Градскиот народен одбор во текот на 1947 год. дошле и 21 дувачки инструмент, 15 виолини, еден клавир, една труба, хармониум 43 1/4 и музичка литература, кон кои

1176. Соопштение на Димче Стојановски – Папиро, еден од првите ученици на училиштево, подоцна наставник и директор

дополнително се приклучиле и 2 клавира како донација, со што катастрофалната инструментална состојба донекаде се санирала.[1177]

По два часа неделно учениците го посетувале и предметот елементарна теорија на музиката, исто толку часови имало и за хорско пеење.[1178] Заради зголемениот интерес, учениците наскоро биле поделени и во посебни отсеци (подгрупи), па во 1948 год. 3 имало за клавир, 2 за виолина и 1 за дувачки инструменти, 2 за елементарна теорија, односно таа година работеле 8 подгрупи.[1179]

Во учебната 1949/50 год., состојбата била следна:

| Бр. по ред | Отсек во | Смер | Година-клас | На почетокот 1949/50: Вкупно | [illegible] | На крајот на уч. 1949/50: М. | Ж | СЕ | Завршиле годината класот | Подлежат на поправ. испит | Повторуваат | Напуснале училиште | Одлични | Многу добри | Добри | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Клавир | | I | 41 | | 2 | 28 | 30 | 21 | 1 | 8 | 11 | 3 | 12 | 6 | 21 |
| | | | II | 22 | 1 | – | 13 | 13 | 13 | – | – | 9 | 6 | 6 | 1 | 13 |
| | | | III | 12 | 2 | – | 7 | 7 | 7 | 1 | – | 4 | 1 | 5 | 1 | 7 |
| | | | IV | 20 | – | 4 | 15 | 19 | 19 | | | 1 | 7 | 10 | 2 | 19 |
| | | | СЕ | 95 | 3 | 6 | 63 | 69 | 60 | 2 | 8 | 25 | 17 | 33 | 10 | 60 |
| 2 | Виолина | | I | 13 | 2 | 10 | – | 10 | 10 | – | – | 3 | 1 | 5 | 4 | 10 |
| | | | II | 10 | 2 | 6 | – | 6 | 6 | – | – | 4 | 1 | 3 | 2 | 6 |
| | | | III | 10 | – | 6 | 3 | 9 | 5 | 4 | – | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 |
| | | | IV | 8 | – | 8 | – | 8 | 8 | – | – | [illegible] | [illegible] | 4 | 1 | 8 |
| | | | СЕ | 41 | 4 | 30 | 3 | 33 | 29 | 4 | – | 8 | 6 | 15 | 8 | 29 |
| 3 | Дувачки инструменти | Флаута | I | 2 | – | – | – | – | – | – | – | 2 | – | – | – | – |
| | | | II | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | | – |
| | | Кларинет | I | 3 | – | 3 | – | 3 | 2 | 1 | – | – | 1 | – | 1 | 2 |
| | | | II | 3 | | 3 | – | 3 | 3 | | – | – | 1 | 1 | 1 | 3 |
| | | Труба | I | 4 | 1 | 3 | – | 3 | 2 | 1 | – | 1 | – | 1 | 1 | 2 |
| | | | II | 4 | – | 4 | – | 4 | 4 | | | | 2 | 1 | 1 | 4 |
| | | Хорна | I | 2 | | 1 | – | 1 | 1 | | | 1 | | 1 | – | 1 |
| | | | II | 2 | | 1 | – | 1 | 1 | | | 1 | – | – | 1 | 1 |
| | | Тромбон | I | 4 | 1 | 2 | – | 2 | 2 | | | 2 | | 2 | | 2 |
| | | | II | 4 | – | 2 | – | 2 | 2 | | | 2 | | | | 2 |
| | | | СЕ: | 28 | 2 | 19 | – | 19 | 17 | 4 | 1 | 8 | | 6 | 4 | 17 |
| | Вкупно | За цела школа | I | 69 | 4 | 19 | 28 | 47 | 36 | 5 | 9 | 19 | | | | 36 |
| | | | II | 45 | 3 | 16 | 13 | 29 | 29 | – | – | 16 | | | | 29 |
| | | | III | 22 | 2 | 6 | 10 | 16 | 12 | 5 | – | 5 | | | | 12 |
| | | | IV | 28 | – | 12 | 15 | 27 | 27 | | – | 1 | | | | 27 |
| | | | СЕ: | 168 | 9 | 53 | 66 | 119 | 104 | 10 | 9 | 41 | 27 | 56 | 21 | 104 |

*Табела на бројката ученици*

1177. АМПОБ, Годишен извештај бр. 6059 од 26 мај 1948

1178. АМПОБ, Писмо на Велко Петровски од 30 септември 1947 год.

1179. АМПОБ, Писмо на Велко Петровски бр. 6251 од 13 март 1947

Покриеноста на наставата во учебната 1947/48 год. била со овие наставници:

1. *Велко Петровски* (виолина), роден во село Сливница, 54 год. стар, имал завршено средно педагошко училиште, имал и низок и виш музички курс во Белград и Скопје, предавал во прво и второ одд., односно бил задолжен со вкупно 11 часови;[1180]

2. *Георги Османли* (виолина), роден во Битола, стар 37 год., имал завршен економ. техникум, имал и низок и виш музички курс, предавал во прво и второ одд. и бил задолжен со вкупно 21 часови;

3. *Михајло Мајковски* (дув. инст.), роден во Битола, на возраст од 37 год., имал 4 класа гимназија и низок и виш музички курс, предавал во прво и второ одд., задолжен бил со вкупно 31 час;

4. *Марика Јевтиќ* (клавир), на возраст од 34 год., имала 3 класа гимназија, како и низок и виш музички курс, предавала во прво и второ одд., имала задолжение со вкупно 21 час;

5. *Елпида Христиди* (клавир), родена во Битола, на возраст од 38 год. имала 5 класа гимназија, низок и виш музички курс, предавала во прво и второ одд., задолжена била со вкупно 22 часа и

6. *Афродита Караџиќ* (клавир), на возраст од 38 год. имала 5 класа гимназија и низок и виш музички курс, предавала во второ одд., задолжена била со вкупно 24 часови

Покрај наведените, извесно време вработени биле и:

*Маргарита Ф. Михаилиди,* родена во Битола, на возраст од 38 год., завршила 5 класа гимназија и една година конзерваториум во Солун. Работниот однос ѝ бил прекинат, а како причина било недоволното познавање на македонскиот јазик.[1181]

Работел и брачниот пар Савченко, Никола и Елисавета, руски емигранти, познати музички стручњаци, пристигнати од Скопје. Еден период изведувале настава и во Битолската гимназија кога останале запаметени со изведбата на оперетката од руски композитор со

1180. Името на Паскали го среќаваме уште во 1933 год. како учител во Женската работничка школа во Битола (Вук. Ч. Вукомановић, **Испит у Радничкој школи Женске подружине у Битољу,** Вардар, Скопље, 29 јуна 1933, 5

1181. АМПОБ, **Годишен извештај за Нижето музичко училиште во Битола за учебната 1949/ 50 год.**

тема од училишниот живот „Павлик, Павлик, занимајса“ („Павле, Павле, фати се за работа“), во која главната ролја ја играл многу успешно подоцнежниот актер на македонското глумиште Драги Костовски, изведена и на македонски и на руски јазик. Причина за нивното напуштање на „Музичкото училиште“ и на Битола било нивното трајно преселување во Скопје.

Стекнатото лично наставно искуство, инспекциските и другите проверки и совети во голема мера помогнаа колективов да го гради успешниот профил. Најпрвин се осозна дека е потребен соодветен објект, потоа да се води политика за развој и на отсеците, посебно по виолина и дувачкиот, да се подига и стручното ниво на наставниот кадар. Забелешките на стручните инспектори особено инсистирале изведбите на соло–виолината да имаат секогаш и придружба од клавир.[1182]



*Објектот на Лозанчеви*

1182. АМПОБ, **Годишен извештај за Нижето музичко училиште во Битола за учебната 1949/ 50 год.**

При крајот на 1947 година првиот објект бил заменет со друг, за кој се тврдело дека е попространи нуди многу подобри услови за работа, бил тоа денешниот „Домот на Лозначеви“ покрај реката Курдерес во близина на Камениот мост (ул. Солунска – 226).[1183] Оставал впечаток со велелепноста и со двата ката, приземје и кат, а и со внатрешната пространост, па ветувал многу подобри услови за работа.

Првиот сопственик, веројатно и градител, бил Спасое хаџи Поповиќ, доселеник од селото Буф, голем србофил, во кого беше го сместил и семејното живеалиште и редакцијата на својот неделник „Јужна звезда“ (1922-1926). Животот му заршил како жртва на атентат изведен од терористичка група, настан што ќе ја потресе Битола.[1184]

Немало никакви проблеми истиот да се пренамени за училиште, воената единица која била сместена лесно била дислоцирана, проблемот за поголема просторија за солфеж и за хорски проби бил разрешен со рушење преграден ѕид меѓу две поголеми соседни соби.[1185]

Наскоро, меѓутоа, се откри и сега дека надежите за посоодветен објект биле преранети, па проблемите со просторот се повторија. Повторно клавирите останаа во ходникот од приземјето наредени еден врз друг, од друга страна, пак, неверојатниот интерес на младите за школување не престанал, забележано било дека пристигале и еден час пред почетокот на наставата.[1186]

Откако се јавија новите сопственици (Лозанчеви) и го вратија објектов во владение, старата идеја за наменски објект оживеа и сега, судбина која ќе тече со децении и докрај наполно и не е разрешена.

---

1183. АМПОБ, **Годишен извештај на Велко Петровски бр.6059 од 26 мај 1948**

1184. д-р Александар Литовски, **Крсто Љондев и убиството на Спасое хаџи Поповиќ во Битола, Зборник на трудови, Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и завод и музеј – Битола, Битола,** бр. 17, Битола, 2013, 7-19).

1185. Сеќавање на Андон Чобанов, сосед и ученик во училиштево

1186. **Музичкото школо нема доволно простории за работа,** Братство, г. 3, бр. 17 (80), Битола, 21 март 1948, 2

## Куртуазни посети, стручни ревизии, препораки

Само што училиштево беше се преселило во објектот на улицата „Солунска", започнаа посетите на политички, стручни и други лица и од Македонија и од државата. Меѓу првите на 14 ноември 1947 год. пристигна претседателот на президиумот на Р. Македонија, Богоја Фотев. Бил висока политичка личност, но и голем локал патриот, бил во тек и со настанувањето на школово, а го интересирало и сѐ што е позначајно со него, но и со градот и околијата. Намерата му била да се распраша како одат разрешувањата на тековните проблеми и, евентуално, да помогне околу некои.[1187]

Бројот на оние кои потоа едноподруго надоаѓаат е голем. Вработените и учениците добредојде му посакуваа на Мирко Долнер, познат челист од Белград, на Петар Тошков, прославениот виолонист, Андреа Прегер, пијанист, Михајло Вукдрашковиќ, директор на Музичката академија од Белград, па и на Мане Чучков, директор на „Македонскиот музички ансамбл" и на неговиот помошник Живко Фирфов, следат потоа и Васил Ќортошев, оперски пејач, Стефан Гајдов, директор на „Радио–хорот" од Скопје, Васил хаџи Манев, раководител на „Оркестарот на народни инструменти на Радио Скопје" и на многу други.

Посетата на Пенчо Чучков, началник на Отсекот за култура и уметност на Битолската околија, пак, имала чисто службен карактер, како и таа на инспекторите од Министерството за наука и култура на ФНРЈ (1. 2. 1950), испратени да откријат како течат работите и, евентуално, да понудат помош и сугестии.[1188]

Не е без увид и стручната работа на наставниците.

Три дена (17, 18 и 21 февруари 1948) престојувал Аспарух хаџи Николов, реферет по музика во Министерството за просвета во Р. Македонија, чија задача била да ја скенира севкупната работа, да ја

1187. **Годишен извештај бр. 6059, 26 мај 1948)**, 3х.

1188. **Годишен извештај на Нижото музичко школо во Битола за учебната 1949/50 год.**

оцени и да даде препораки. Пред заминување одржал заедника средба со вработените и ги изнесол своите заклучоци и препораки.[1189]

Такво значење има и престојот на Трајко Прокопиев, началник на Музичкиот отсек на Радио Скопје од 22 април 1948 год., кој, со цел да се мотивира работниот амбиент, препорача да се одржуваат што почести интерни музички приредби во училиштево.[1190]

## Зачеток на јавното самопретставување

Иако очекувањата што требало да ги даде Музичкото училиште – Битола во заживувањето на културно–уметничкиот живот во градот биле нетрпеливи, за нив сепак морало да се причека. Првин тоа морало да се консолидира, да ги оформи и да ги оспособи кадрите што ги градело, ако се придодаде кон тоа и дека училиштето по ранг било основно, во кое се изучувала азбуката на музиката, станува јасно зошто брзи резултати, барем за прво време, во најмала рака биле нереални.

Но тоа никако не значи дека тоа било и амнестирано да прави пробиви, ако не за учениците, не и за наставниците. Токму заради тоа во месец април 1948 год. во училиштево бил организиран курс за селски „хороводители“, лица кои требало хорскиот живот во селата да го оживеат. Истиот траел месец дена, а какви резулати постигнал остана непознато, но дека наставниците целиот тој месец го поминаа работејќи интензивно со нив, е неспорен факт. Истиот месец двајца наставници зеле учество и во работата на Музичкото здружение на Македонија во Скопје,[1191] ги гледаме и во останатите музички активности во градот, што говори и за континуиран ангажман и афирмација на школово.

Првин срамежливо, само со неколку музички точки, како задолженија добиваат и учениците.

1189. **Годишен извештај на Паскал Петровски бр. 6059 од 26 мај 1948 год.**

1190. Исто

1191. **Годишен извештај на Паскал Петровски бр. 6059 од 26 мај 1948 год.**

Градскиот одбор на Народната младина на Битола на 21 декември 1947 год. во Народниот театар – Битола одржа приредба, учениците од ова школо исполнуваат 7 точки. Другиот месец (4 јануари 1948) со хорот и оркестарот училиштево учествува и на приредбата што им била посветена на учителите од Битолската околија,[1192] следи и концерт за граѓанството (6 март 1948) во Народниот театар, на кој, вклучително и со претходниот, присутни биле најмалку 1.400 посетители.[1193] Такво учество зеле и на концертот од 21 март 1948 год. прикажан за пионерите од битолските училишта, потоа и на оној од 13 јуни истата година, одржан од Народниот фронт на Битола во салата на Културно уметничкото друштво „Стив Наумов".[1194] Во врска со „Денот на пролетта" на 23 март 1948 год., а на покана од Народната младина од Битола, со оркестарот и хорот училиштево учествува и на концертот во село Крстоар наменет за мештаните од ова и од околните села.[1195] Прилог кон сето тоа дава и на концертот од 30 април истата година, организиран во чест на хороводителите.[1196] Следат и други, учество на 15 мај 1948 год. зеде по покана на Народниот фронт во салата на „Стив Наумов", па и на 12 јуни истата година во организација на Градскиот сојуз на културно–просветните друштва итн.

Не треба да се заборават и концертите што ги даде во месец мај 1948 год. Најпрвин подготви богата програма со која тргна на пат во два града, Прилеп и Титов Велес. Во Прилеп на Железничката станица и учениците и наставниците биле пречекани од своите врсниците и колеги со цвеќиња и топли благопожелби и истата вечер во Фискултурниот дом приредија инструментално–вокален концерт за граѓаните, другиот ден го репрезираа истиот и за своите врсници и за младината. Обата биле добро посетени, прифатени и наградени со долги ракоплескања. Следувал потоа и концертот во Титов Велес,

---

1192. **Годишен извештај на Велко Петровски бр. 6059 од 26 мај 1948 год.**

1193. **Музичкото школо нема доволно простории за работа,** Братство, г. 3, бр. 17 (80), Битола, 21 март 1948, 2

1194. **Годишен извештај на Велко Петровски бр.6059 од 26 мај 1948 год.**

1195. **Годишен извештај за Нижето музичко школо во Битола заучебната 1949/50 год.**

1196. **Годишен извештај за Нижето музичко школо во Битола заучебната 1949/50 год.**

исто така, успешен и со многубројна посета, при што очекувано било да дадат покана и за возвратна посета,[1197]

Тоа е само дел од почетната историја на ова училиште, која заслужува да биде истражена и осознаена.

Во 1948 год. училиштево веќе работи една година и интерсот за запишување станал огромен, па бројката посетители се искачува и натака. Меѓутоа, за жал, и понатака се работело во крајно несоодветни услови, од кои просторните биле најоптоварувачки. Иако амбиција била наскоро да се отворат уште неколку потсекции, во прво време за клавир, виолина и дувачки инструменти, ништо не беше се променило, клавирите сè уште се наоѓале во ходникот од долниот спрат. Тоа, пак, никако не попречи учениците да доаѓааа на настава не само редовно, а и пред официјалниот почеток на наставата.[1198] Вработените пак со својот ентузијазам заразно делувале врз нив, оттаму не е и никакво изненадување што училиштето успеа да се претстави во градот само неколку месеци по официјалниот почеток со добро подготвен концерт одржан на 6 март 1948 година, кој, како што известува локалниот седмичник „Братство“, имало околку 600 заинтригирани посетители, најмногу, очекувано, родители, роднини и пријатели на учесниците.

Сето тоа потврди дека иднината негова веќе е обезбедена.

1197. **Пионерите од Музикалното школо дадоја успел концерт во Прилеп и во Титов Велес**, Братство, г. 3, бр. 22 (91). Битола, 4 јуни 1948, 4

1198. **Музичкото училиште нема доволно простории за работа,** Братство, г. 3, бр. 11 (80), Битола, 21 март 1948, 2

# Регистар

## А

Абдиното кафеанче, 96
Абди паша, 96
Абеси, 15, 84
Абраванел, Д-р Хаим, 76
Абраш, Коста, 190
Австралија, 87
Австрија, 59, 62, 89
Автовски, Никола – Боби, 325
Азис Хан, Абдул, 68
Азия, 9, 51
Акропол, 103
Алаеддин, султанот, 207
Албанија, 21, 323
Алба, Нисим, 75, 77
Албенис, 143, 292
Алберт, 77
Албохер, Шоломон, 77
Александар, 321
Александар Велики, 222
Александар, кралот, 46, 262
Александар, претстолонаследникот, 261
Александрово Брдо, 265
Алексинац, 131
Али-бег, 84
Али-паша, 32
Алушевски, Илија Хр., 72, 73, 76, 79, 132
Амвросие, еромонахот, 287
Анастасијевиќ, Ѓорѓе, 184
Ангелакова, П., 26, 27, 29, 41, 225
Ангел Битолски, 279
Ангеловски, Васко – Пурино, 99, 103, 220, 273
Андреева, Л., 168
Ankara, 211
Апостоловиќ, Ставре, 184
Апостол Предари, 116
Арабија, 25
Арабия, 9, 51
Арагон, 74
Аранѓеловиќ, д-р Драгољуб, 299
Аранѓеловиќ, Љубица, 274
Арапката, 73
Арменско, 29
Архангелски, 118, 178, 286
Атанасиевиќ, Лилика, 54, 268
Атанасиј, 278
Атина, 53, 88, 89, 116, 252, 317
Африка, 271
Ахмед – ефенди, 148
Ацевић, 230
Ацевски, Трајан, 282
Ацо, 124

## Б

Бадева, 234
Бадев, Јордан, 202
Бајиќ, И., 132, 305
Бајрактаревиќ, Јован, 309
Бајрактаревиќ, Милован, 309
Бајро, 73, 89
Бајук, М., 248, 249
Бајштански, 178

Балдево, 315
Балкан, 7, 8, 9, 17, 20, 21, 22, 26, 27, 30, 31, 32, 33, 35, 40, 44, 50, 71, 80, 84, 159, 256, 288, 297, 314
Балкански Полуостров, 30
Балто, 38
Бартипан, Адолф, 156, 243, 255, 270
Бацарија, 204
Баче, Јонче, 65
Безистен, 45
Безсоновъ, П., 130, 315
Беќаревиќ, Надежда, 239, 286
Белград, 55, 56, 59, 65, 131, 132, 165, 180, 189, 214, 238, 241, 258, 276, 298, 303, 304, 306, 311, 316, 320, 322, 332, 335
Белградъ, 12
Белег де Буга, 211
Белемаче, Коста, 204
Белиќ, Милорад, 191
Белон, Пјер, 51
Белџигеровски, Ѓорѓи, 132
Београд, 7, 17, 22, 24, 25, 29, 35, 38, 41, 42, 43, 73, 86, 122, 130, 131, 150, 208, 226, 229, 235, 282, 309
Beograd, 297
Берар, Виктор, 50
Бераха, 77
Бербери, Сименон, 56
Берберо, Коце, 111
Берковиќ, Надежда, 179
Берлин, 63, 293
Бернар, Сара, 297
Берс, 313
Бетовен, 272, 292
Бимбо, Стевче, 325
Бинички, 276
Бистрица, 73
Битола, 3, 5, 11, 15, 16, 22, 23, 29, 37, 38, 39, 41, 42, 45, 46, 48, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 63, 64, 65, 67, 68, 70, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 79, 80, 82, 84, 85, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 101, 102, 103, 106, 108, 110, 112, 117, 119, 121, 122, 125, 127, 128, 130, 131, 132, 133, 134, 136, 137, 138, 139, 142, 143, 145, 146, 147, 148, 149, 150, 152, 154, 159, 161, 165, 166, 170, 171, 172, 174, 175, 177, 180, 182, 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195, 196, 197, 198, 199, 201, 202, 204, 205, 206, 211, 212, 213, 214, 215, 218, 219, 225, 226, 228, 229, 230, 231, 234, 237, 241, 245, 246, 249, 251, 256, 258, 260, 261, 263, 264, 265, 267, 268, 271, 273, 278, 279, 280, 283, 288, 290, 292, 295, 296, 297, 298, 299, 301, 303, 304, 306, 307, 308, 309, 310, 311, 312, 313, 314, 316, 317, 318, 320, 321, 322, 323, 324, 325, 326, 327, 328, 329, 332, 333, 334, 336, 337, 338
Bitola, 211
Битолско, 37, 41, 43, 72, 81, 224
Битолско Поле, 120
Битоля, 108, 144, 159, 168, 171, 197, 198, 199, 200, 201, 202, 203, 219, 221, 231, 246, 260, 261, 273, 281, 288, 293, 312, 324
Битољ, 69, 105, 107, 112, 114, 115, 133, 139, 149, 150, 154, 164, 165, 172, 174, 175, 181, 195, 196, 206, 214, 215, 218, 219, 228, 229, 237, 238, 241, 242, 243, 245, 247, 251, 254, 257, 258, 259, 261, 262, 263, 264, 266, 267, 270, 272, 274, 277, 289, 290, 291, 299, 300, 301, 303, 305, 309, 320
Битољу, 238
Блант, Елија, 32, 36, 37, 224
Бланшуд, Даниел, 201
Богичевиќ, 311
Богичевиќ, Ст., 238
Божовиќ, Владимир, 41
Божовић, Григорије, 42
Бојаџиева, Елена, 56
Бојаџиев, Нико, 56
Бол, Џон, 114
Бомбол, Данаил, 56
Бомбол, Јелена, 56
Боримечка, 102

Борисављевиќ, Буда, 274
Борисављевиќ, Христина, 276
Борисав Станковиќ, 42
Борис Трети, 312
Бородин, 272, 314
Бортњански, 158, 178, 246, 249
Босна, 12, 21
Босфор, 21, 30
Ботњански, 286
Бошњаковиќ, Љ., 156, 158, 244, 245, 255, 270
Бошњаковиќ, Љубомир, 134, 150, 157, 165, 240, 269, 270, 272
Бравничар, 314
Брамс, 145, 312
Брана, 115
Браун, Едвард, 26, 27
Брегалница, 24, 28, 29, 35, 37
Брусник, 127, 153
Бугарија, 40, 97, 130, 152, 202, 220, 312, 315, 324
Буе, Ами, 30, 49, 96, 101, 212, 225
Бујук Шадрван, 102
Буково, 81, 103
Буковски ливади, 96
Булиќ, Зоран, 175
Бундовски, Ристо, 72
Буфети, 234
Буцкин, Георги Николаевич, 138
България, 8, 9, 12, 24, 27, 35, 65, 68

### В

Вагнер, Рихард, 89, 138, 141, 155, 296, 297, 298, 312
Вајганд, Густав, 85, 296
Вајнерт, 293
Вајнерт, Ѓутнер, 292
Вајтерс, Роберт, 15
Вакарелски, Хр., 40
Валентина и Владе, 56
Валтазар, 282
Ваљево, 189, 319, 320
Вардар, 43
Вардарска Бановина, 57, 180, 281, 322
Варнава, 160, 162
Варнава, владиката, 271
Варнава, патријархот, 286
Васиќ, Милош А., 46
Василев, Георги поп, 312
Василев, Иван, 138, 202, 226
Василија, 183
Васиљевић, д-р Јов. Хаџи, 35, 81, 315, 316
Вебер, 143, 272, 275
Ведел, 200
Велес, 175, 322
Велимировиќ, Николај, 70, 153, 279
Велјановски, Димитар, 282
Велјановски, Димитрие, 80
Велјановски, Димитрие (Димко Дињаро), 74
Вељковски, Ристо, 189
Вемиќ, Влад., 173
Венеција, 15
Верди, 310
Веримировиќ, Николај, 162
Весковиќ, д-р Вера – Вангели, 191, 194
Ветрен, 8
Вибер, 268
Видесерер, 114
Видимче, Стефан, 232
Видин, 199
Виена, 56, 84, 91, 295
Византија, 30
Вијатовиќ, Милан, 139, 144, 150, 154, 241, 242
Викторија (Рија), 55
Викторович, Буцки Ѓорѓи, 53
Виличиќ, Станко, 304
Вилхар, Ф. С., 216, 248, 285, 305
Виљбоа, 145
Виолета, 116, 118, 143, 268
Владигеров, 312
Владимир, кнезот, 186
Влаховић, Вл., 73
Влаховић, Митар С., 38
Воден, 60, 84
Војводина, 315
Волариќ, 249
Врање, 316

Врлеков, Кр., 168
Вујовиќ, проф. Милорад, 254, 269, 309
Вукдрашковиќ, Михајло, 335
Вукомановић, Вукоман Ч., 114, 117, 137, 152, 165, 166, 167, 180, 215, 216, 260, 273, 275, 332
Вулетиќ, Новак, 309
Вълчинова, Елисавета, 65, 71

**Г**

Ѓаја, д-р И., 301
гајдаџијата, Тале, 38
гајдаџијата, Џакман, 37
Гајдовиќ, 158, 245
Гајдов, Стефан, 335
Ѓаковиќ, 234
Гарагатка, Ѓоре, 65
Гарнизов, Васил, 9
Гашпар, 282
Гевгелија, 175
Генадиј, еромонахот, 200
Геневска-Брачиќ, Наде, 56
Геновева, 168
Георгиева, Албена, 9
Георгиев, Драги, 211
Герас, Петар, 289
Герлах, Стефан, 27, 62, 280
Германија, 52, 89, 97, 138, 293, 298
Главинов, Васил, 188
Главинчева, Офелија Стерјева, 141
Глоковиќ, 263
Гопеш, 97, 229, 296
Гопчевић, Спиридон, 271
Ѓорѓевиќ, 158, 245, 305
Ѓорѓевиќ, Васа, 184
Ѓорѓевиќ, Вл., 305
Ѓорѓевиќ, д-р Владан, 132, 173
Ѓорѓевиќ, Сотир, 189
Ѓорѓевиќ, Тихомир, 33
Ѓорѓи, 181
Ѓорѓиевски, Сотир – Сотката, 325
Ѓорѓиковиќ, Риста, 304
Ѓорѓичков, Ристо, 304
Ѓоревски, Владо, 56
Горен Баир, 73, 74
Горки, М., 191
Горна Чаршија, 63
Горни Парк, 102
Гостивар, 175
Гостинчар, 305
Готовац, Јаков, 178, 248, 285, 322
Граси, Алфио, 18
Грачаница, 321
Гргиќ, Иван, 150, 157, 184, 216, 217, 240, 268, 273
Грданов, Димитри, 194
Грегорас, Никифор, 11
Греј, Беби, 114
Гренадос, 143, 275
Гречанинов, А., 118, 250, 285
Григ, 116
Григоријев, 322
Грујовски, проф. д-р Трајче, 29, 123, 127, 189, 214
Групчевиќ, Јован, 119, 142, 156, 255
Грција, 89, 103, 169, 176, 298, 322
Ѓукиќ, Михајло, 184, 185
Гулевски, Александар, 279
Гулевски, Игор, 282
Гунари, Александар, 138
Гунзиниќ, М., 149, 150
Гуно, 116, 143, 217, 272, 275
Ѓупска Маала, 73, 271
Гургур Чешма, 102
Ѓуриќ, Стева, 184
Ѓурковска, Д-р Лидија, 190, 191, 194
Гурцев, Веле, 281
Гусев, Валериј, 185
Ѓусиќ, Михајло, 287
Гуфие, Шоазел, 44
Гърция, 9, 51

**Д**

дајраџијата, Панте, 37
Далмација, 309, 323
Даниловиќ, Драгослав, 179
Дануловиќ, Р., 115
Дараданов, М., 111
Даскало, Таки, 125

Дворжак, 145, 227, 272, 313
Дебар, 175
де Буга, Белег, 52
де Вос, Марсел, 55
Дединац, Милорад, 173
Делиб, Лео, 272
Демир Хисар, 317
Державин, 285
Дехтјаров, 247, 286
Дивац, Миленко, 184, 310
Дидиќ, Борисав, 285
Димиќ, М., 110
Димиќ, Маса, 56
Димитријевиќ, 286
Димитријевиќ, Ахило, 179
Димитријевиќ, Г., 118
Димитријевиќ, Дим., 187
Димитријевиќ, Димитрије поп, 185
Димитријевиќ, Петар, 185
Димитријевиќ, Т., 251
Димитров, Б., 234
Димитров, Никола В., 128
Димитровски, Димитар – Такец, 88, 123, 124, 168, 177, 182, 195, 271, 297, 323
Димитровски, Петар, 281
Димитров, Слободан, 92
Димкова, М., 168
Димовска, Славка, 38
Димовски, гајдаџијата Трајан, 38
Димовски, Ѓорѓи, 74, 77, 134, 138, 140, 146, 153, 158, 159, 189, 191, 226, 227, 242, 245, 246
Димовски, Трајан гајдаџијата, 38
Димо, поп, 278
Динеков, Петър, 11
Диниќ, Ср., 285
Динуловиќ, Р., 115
Диово, 103
Дирнер, 248
Добрев, Светислав, 219
Довлеџик, 45, 102, 212, 223, 271
Дојчиновски, д-р Киро, 225, 231
Долен, 73
Долинар, Др., 158, 241, 246
Долјан, 25
Долјанск, 25
Долна Чаршија, 64
Долнер, Мирко, 335
Доминис, 53, 257
Доминис, И., 54, 118, 310
Доневиќ, Анастас, 179
Дора, 181
Драгор, 80, 102, 271
Дракул, Симон, 49, 253
Драниц, 240
Дрезден, 84, 139, 144, 295
Дренска, Ст., 168
Drdla, Franz, 262
д-р Несторов, 55
д-р Р. Алеви, 173
д-р Робевиќ, 269
Д-р Христиди, 55
д-р. Чопи, 256
д-р Џамаули, 262
Дубровник, 17, 49, 222
Дуган, Фран, 158, 241, 246
Дума, Елпида, 54, 156, 255
Дунав, 55
Дучиќ, Јован, 243
Душан Недељковиќ, 131
Душан, Стефан, 40

## Е

Европа, 18, 19, 25, 30, 49, 83, 84, 88, 89, 205, 233, 292, 295, 296, 309
Егејска Македонија, 29
Егер, Марта, 114
Египет, 9, 25, 51, 53
Езоп, 75
Елена Тројанска, 103
Елиот, Чарлс, 12
Елпида, 55
Emerih fon Beten, 56
Ерусалим, 282
Естонија, 293

## Ж

Жганец, 240, 305
Железнец, 73
Женева, 89

Живановиќ, 115
Живановић, Д-р Ђорђе, 208
Жинзифов, Р., 200
Жинзифов, Райко, 98
Жинзифов, Рајко, 98
Жича, ман., 321
Жуњиќ, Ратко, 188

**З**

Завоевъ, Петръ, 77, 97, 213
Загреб, 56, 65, 165, 305, 318
Zagreb, 40, 222, 318
Зајц, 116, 118, 143, 157, 244, 268
Зајц, Ив. Пл., 248, 285
Залиев, Александар, 304
Замаулис, М., 54, 118
Западна Македонија, 28
Зарија, 73
Заткарпатие, 159
Захариева, М., 168
Зволу, 261, 275
Зембровиќ, Јован, 187
Земун, 7, 306, 307
Зенговиќ, Јани, 131
Златен Рог, 208
Зографски, Калистрат, 281

**И**

Иваниќ, Иван, 20, 81, 316
Иванов, Ѓорѓи – Караѓуле, 281
Ивановиќ, Марица, 239
Ивановиќ, П., 149, 206, 218, 241
Иванчевиќ, Љуб., 285
Идадија, 146
Илиевски, Пеце, 2
Илијевиќ, А. Хаџи, 173
Илиќ, Воислав, 117, 286, 305, 323
Илиќ, Воислав – Младиот, 243
Илиќ, Димитрије, 179
Индија, 25, 30
Ирак, 25
Ирби, 84
Иречекъ, д-ръ Конст., 8, 24, 27
Ириг, 307, 315
Ирина, 181
Иричекъ, д-р Конст., 280
Ирод, 282
Истанбул, 15, 16, 21, 36, 62, 67, 95
Истомина, Гала, 267
Италија, 52, 90, 312, 313

**Ј**

Јагодина, 9, 189
Јаковљевиќ, Андрија, 278
Јаковљевиќ, Стоја Ф., 302
Јаковљевиќ, Филип, 268
Јаќоски, м-р Воислав, 126
Јакшиќ, Ѓура, 239, 286
Јанакиевски, Никола – Мурго, 282
Јанашлиев, Никола, 148, 202
Јанински, Али паша, 89
Јанкова, Вера, 168
Јанковиќ, 172
Јанковиќ, Зора, 276
Јановиќ, Димитрије, 184
Јасминка, 59
Јевимовић, Ђ., 310
Јевтиќ, Марика, 55, 141
Јевтимовић, 243
Јелавић, Вјекослав, 49, 51
Јенко, 269, 305
Јенко, Д., 250
Јенко–Руњанин, 250
Јенко–Руњанин, 247, 248, 285
Јеремиќ, Александар, 179, 180
Јиричек, Константин, 35, 40, 43, 222
Јован, 183
Јовановиќ, Анѓелија, 183
Јовановиќ, Милан, 172, 173
Јовановиќ, Митра, 179
Јовановић, Анђелија, 183
Јовановска, Василка Талевска, 56
Јовановски, Благој, 87
Јовановски, Методија, 87
Јован, поп, 278
Јован Шангајски, 279
Јовичиќ, М., 155, 158, 184, 245
Јовичиќ, Милосав, 139, 141, 144, 151, 155, 158, 243, 244, 250
Јовичиќ, проф., 59

Јовков, Јордан, 307
Јоксимовиќ, 305
Јоксимовиќ, Божидар, 132
Јолов, Јоло, 168, 260
Јосиф, епископот, 281
Јошевиќ, Ванѓел, 165
Југославија, 39, 176, 189, 293, 310
Јужна Русија, 297
Јужна Србија, 77, 157, 159, 244
Јужна Стара Србија, 29

**К**

Кавадарци, 96, 175
Каваев, Филип, 132, 168
Кажиќ, инж. Милутин, 179, 202
Казана, Георге, 281
Кај Зарија, 74
Кајмакчалан, 301, 303
Кај Фики на Тераса, 102
Калиников, 248
Каменград, 11
Камен мост, 73, 334
Камерун, г-цата, 147
Кандиќ, 115
Кандиловски, Никола, 72
Кањух, Иван, 117
Кањух, проф. г-ѓа Олга, 239
Капустин, Антонин, 25
Каравелов, Љубен, 315
Каравеловъ, Любенъ, 315
Караѓорѓевиќ, Александар, 69, 162, 183, 187, 214
Караѓорѓевиќ, крал Александар, 307, 324
Каракашевиќ, 305
Каранфиловски, Димитар, 100, 103
Караџа, гопешанецот, 226
Караџиќ, Афродита, 141, 332
Карлие де Пинон, 83
Карлова, М., 32, 97
Карл Фридрих Витмен, 115
Каровски, Д-р Лазо, 126
Карпов, Глигор, 202
Карпов, Николај, 152, 196
Карпов, Русинот, 286
Кви, Цезар, 120, 285
Кедиев(иќ), Трајко, 64
Ќепески, Димче, 103
Кесяковъ, д-р Хр., 35
Киево, 250
Кимовски, Вангел, 99
Кимовски, Владо, 123
Кипаризоски, Ванѓел (Ѓелија), 65
Кипријан, архимандритот, 239, 247
Киријас, Ристо, 121, 259
Кирил и Методиј, 58
Кирјаку, 53
Кисела Вода, 103
Китевски, Марко, 79, 80, 82, 83
Кићовић, Д-р Мираш, 282
Кичево, 123
Клековска, м-р Мимоза, 163
К. Митровица, 322
Ковилов(иќ), Коста, 64
Кое, 268
Кое, Јелена, 118
Козаров, Антон, 198
Козмеску, К. Ј., 173
Коломонос, Жамила Исак, 77
Колциадас, Антонис, 89
Коми, Афродита (Евридики), 55
Коми, Евридики, 54
Конески, Блаже, 125
Константин, Јаничарот, 208
Константинов, д-р д-р Душан Хр., 125, 127
Константинов, Д-р Душко Хр., 76
Константинов, Душко, 132
Константиновиќ, Стојан, 178, 179, 180
Константинов, Милош Хр., 37, 44, 64, 107, 316
Константинопол, 11, 30, 208, 282
Коња, 207
Коњовиќ, 156, 255
Коњовиќ, П., 157, 240
Ќортошев, Васил, 335
Коруновиќ, 158, 245
Корча, 323
Кос, Јелена, 54, 143, 275
Кос. Митровица, 321

Косовиќ, П., 173
Косовиќ, Петар, 256
Косово, 15
Костиќ, Борислав, 179
Костиќева, Каја, 262
Костовски, Драги, 333
Костовски, Трифун, 56
Котевски, Ристе, 40
Коухал, 263
Кочани, 175, 236
Кочанковски, м-р Јован, 127
Кочо Ѓуптино, 45. *види,* Михајлов, Коста Најче
Кошевој, Григориј, 139, 144, 150, 151
Кошевој, Григориј В., 154
Крагуевац, 189, 321, 322
Крайничанецъ, Т. Г., 197
Крале, Марко, 12, 38, 300
Краљево, 139, 321, 322
Крива Воденица, 103
Крива Паланка, 8, 86, 97
Кривашија, 56
Крстевски, Александар, 112, 136, 146, 229, 230
Крстиќ, 145, 156, 255
Крстиќ, Михајло Т., 267
Крстиќ, Петар, 178
Крстоар, 103
Крушево, 45, 81, 260
Кулуко, 73
Куманово, 175, 316
Кумановско, 35, 40
Куновска, Василка, 56
Курдерес, 334
Курипешиќ, Бенедикт, 11
Kuripešić, Benedikt, 12
Куричешме, 24, 280
Куцуловска, Галена, 197, 201

**Л**

Лаели, 67
Лазар, 81
Лазаревиќ, д-р М., 322
Лазаревиќ, д-р Миливој, 184, 185
Лазаревски, Петар, 181, 182
Лазиќ, Михајло, 107, 108, 149, 252, 265
Лазиќ, Недељко, 118, 119, 268
Лазиниќ, д-р Душан, 286
Лазић, Љуб. Д., 283
Лазичић, Љуб. Д., 119, 120, 151, 185, 215, 276
Лазичић, Љуб. Л., 283
Лајпциг, 84, 177, 295, 296
Лала, Димитрие, 88, 90, 138, 141, 297, 298
Лала, Стерјо, 88
Лапе, Љубен, 209
Ларигова, 85
Лауцев(иќ), Борис, 64
Левензон, Филип, 173
Ленски мост, 45
Ленски Пазар, 37
Леов, Јордан, 111
Леонкавало, 310
Лерин, 71, 80, 96, 230
Леринско, 127
Лесковац, 25, 178, 321, 323
Летонија, 293
Лефе, 234
Лешњаревиќ, 156, 255
Лешњаревиќ, Атина П., 302
Лешњаревиќ, Петар, 54, 172, 302, 320
Лешњаревиќ, Рада, 59, 156
Лешњаревиќ, Радмила, 255
Лештарова, 168
Ливадата, 127
Лилевиќ, Зорица, 59, 119, 156, 255
Линин, д-р Александар, 40, 47, 64
Линовиќ, Ѓорѓе, 189
Лир, Едвард, 40
Лист, Франц, 296
Литовски, д-р Александар, 334
Логоварди, 40
Лозаниќ, проф. К., 149, 241
Лозанче, 56
Лозанчеви, 333, 334
Лозанчевиќ, Ѓорѓе, 183
Лозанчиќ, Киро, 304
Лондон, 317
Лондра, А., 238
Лотка, 204, 276

Лотка, Фран, 178, 239, 247, 248
Лулевски, Ило, 72
Лучански, Димитар, 293

**М**

Мавровско Поље, 22
Магарево, 89, 229
Мајковски, Михајло, 332
Мајр, Јохан Хајнрих, 50
Македонија, 8, 9, 11, 12, 18, 19, 20, 21, 22, 26, 27, 29, 30, 31, 32, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 48, 50, 51, 55, 56, 60, 62, 65, 68, 75, 77, 80, 81, 84, 85, 89, 102, 103, 104, 105, 117, 126, 127, 129, 132, 133, 135, 136, 139, 148, 159, 174, 177, 189, 193, 220, 229, 236, 245, 278, 282, 283, 298, 300, 308, 325, 327, 329, 335, 336
Македония, 16, 70
Македонски, Кирил, 56, 227
Македонски, м-р Кирил, 60, 145, 221, 227
Максимовиќ, Јован, 321
Малески, Владо, 123, 125
Малкошиќ, 11
Маљут, 267
Маљута, М., 256
Маљцов, Андреј П., 217
Мамаду, 271
Манаки, 37, 112, 113, 213, 220
Манаки, Браќата, 226, 230
Манаки, Милтон, 221, 225
Ман, Белон дю, 51
Манев, Васил хаџи, 335
Маневиќ, А, 251
Мани, Едвард, 96, 212
Манојловиќ, 178
Манојловиќ, Коста, 131
Манојловски, д-р Александар, 190, 191, 194
Ман, Пиер Белон дю, 9
Манџурија, 287
Марија, 326
Марика Јевтиќ, 332
Мариќ, Драгомир, 269
Маринковиќ, Јосиф., 132, 239, 247, 250, 284, 286, 300
Маринов, Иван, 198, 219
Мариово, 260
Маркови Кули, 321
Марковић, Милан, 37, 50, 224
Марсел де Вос, 257
Марсијал, Жером, 138
Мартел, 59
Мартела, 156, 255
Мартин, 268
Мартини, 118
Марушиќ, Ј., 321
Масне, 116, 143
Матвеев, 119
Матвејев, С., 54
Матеја, 159
Матиќ, Г., 115, 311
Матковски, Александар, 8, 9, 26, 27
Матковски, д-р Александар, 26, 29, 41, 225
Маџар Маало, 102
Маџаров, Иван, 246
Меглен, 36
Мејербер, 116, 143
Мекензи, 84
Мелхиор, 282
Менделсон, 115, 157, 158, 244
Мен, мис, 147
Места, 24, 28, 29, 35, 37
Мехмед Петти, 69
Мечкар Маало, 73, 99
Меџид, Абдул, 62, 86, 297
Миладиновиќ, Михаило Ѓ., 81, 82
Миладиновиќ, Михајло, 131
Миладиновић, Михајло Ђ., 131
Миладинов, Константин, 83
Миладиновци, 130
Милев, Конст. В., 200
Миленковиќ, Јован, 179
Милер, 110
Милисављевиќ, Драгиша, 119
Милојевиќ, 158, 244, 322
Милојевиќ, д-р М., 145, 248, 285
Милојевиќ, д-р Милоје, 159, 241, 246
Милојевиќ, М., 239, 240, 247, 249

Милојевиќ, прота Г., 205
Милошевиќ, Слободанка, 263
Мил., Стеван, 175, 176
Милтон, 230
Миљаниќ, 276
Миљаниќ, Г., 204
Минев, Конст. В., 198
Миновски, Никола, 139, 144
Минхен, 56, 89, 177
Мирјана, 55
Мирковић, Милан, 97, 210
Миронов, 157, 170, 240
Мирчевиќ, Риста, 179
Мирчевски, Ставре, 122
Митрев, Тале, 38
Митре Кубуро, 72
Митре, Филип, 130
Митровица, 96, 210
Михаилиди, Маргарита Ф., 332
Михайлова, Катя, 46, 314
Михаиловиќ, Миодраг, 140
Михаиловић, Константин, 208
Михаил, поп, 278
Михајлиди, Марика, 55
Михајловиќ, Ѓ., 172
Михајловиќ, Драг., 266
Михајловиќ, Миодраг, 156
Михајловиќ, протоѓаконот, 239
Михајловиќ, Славно, 189
Михајлов, Коста Најче, 44, 45, 317
Мишел, 55
Младенов, Васил, 138, 148, 202
Младеновиќева, 256
Младеновиќева, Љубица, 262
Могила, 38, 39, 131, 139
Модунова, З., 154
Мокрањац, 105, 132, 145, 157, 158, 178, 179, 185, 204, 227, 239, 243, 244, 245, 249, 250, 255, 276, 300, 305
Мокрањац, Стеван, 132, 177, 284
Молиер, 234
Момировиќ, Петар, 286, 387
Момчиловиќ, 254
Монастир, 278
Морањац, 177, 245, 248, 250, 322, 323
Морањац, С., 239, 247, 249
Морфов, А., 200
Москва, 84, 130, 315
Москополе, 88, 89
Моцарт, 120, 143, 227, 243, 292, 312
Муариф, 234
Мусоргски, 248
Мухвиќ, 269

## Н

Назор, В., 240
Најдовиќ, 119, 276
Најдовиќ, Марика, 187
Најдовски, Кице, 220
Налча, 54, 116, 269
Налча, Калипсо, 54, 93, 94, 118, 119, 120, 139, 142, 151, 155, 156, 170, 191, 193, 216, 239, 243, 255, 268, 269, 275, 292
Насев, м-р Ленче, 132, 189
Натанаил, владика, 96
Наум, Александар Папа, 138
Наумов, С., 250
Наумов, Сергеј, 109, 133, 140, 141, 151, 152, 170, 195, 250
Наумовски, Васил, 127
Наумовски, Гаврил, 59
Наумовски, Марко, 100, 102
Наумов, Стив, 59, 60, 125
Наумче – Унчо, 40
Неготин, 177
Недељковиќ, академик Душан, 39
Недељковиќ, Душан, 131
Недељковиќ, Мих., 179
Недков, 77
Нектариј Битолски, 279
Ненадовиќ, Н., 110
Неновиќ, Ирена, 240
Неновиќ, Ирина, 252
Ненчев, Илија, 324
Ненчев, кметот, 288
Ненчев, кметот Ил., 197
Нестор Црнио, 41
Нижеполе, 229
Ника, Зука Нака, 138

Никич, Видоје, 217
Никола де Никола, 35
Николаев, Всеволд, 9, 51
Николај, 163, 169, 180
Николај, архимандритот, 313
Николај Втори, 195
Николајевиќ, В., 145
Николај, епископот, 281, 284, 285, 286, 287
Николај, Ото, 118, 268
Никола, поп, 278
Николашевиќева, 263
Николиќ, Борисав, 193
Николиќ, д-р Илија, 81
Николиќ, С., 133
Николиќ, Филип, 184, 310
Николов, Аспарух хаџи, 335
Николовски, Зоран, 55
Николов, Тома, 213
Ница, 139, 154
Ниш, 8, 189, 321
Нишка Бања, 321
Нишлиќ, Лепосава, 110, 112
Новак, В., 248, 285
Новаковић, Ст., 25
Новаковић, Стојан, 101
Нови Сад, 20, 81, 97, 133, 184, 210, 224, 306, 316
Нумовиќ, Сотир, 189
Нушиќ, 112, 240, 249
Нушиќ, Б., 193
Нушиќ, Бр., 239, 247, 248, 262
Нушиќ, Бранислав, 12, 19, 20, 81, 86, 109, 110, 323

**О**

Обилиќ, Милош, 12, 298
Обреновиќ, Милош, 22
Округиќ, Илија, 109
Омер паша, 209
Опленац, 322
Османли, Георги, 332
Османли, Ѓорѓи (Џика), 59
Османли, Дијаманди (Манди), 65
Османлиев, Дијамандија (Манди), 60
Османлиевиќ, 290
Османлиевиќ, Ѓ., 120
Османлиевиќ, Ѓорѓи, 59
Османлиевиќ, Ставро, 291
Османли, Јорго, 88, 126
Османли, Петар, 88, 126
Османли (Џика), Ѓорѓи, 59
Османов, Нури, 72
Османо, Јорго, 126
Османска Империја, 19
Офенбах, 227, 243
Охрид, 12, 47, 64, 65, 81, 86, 150, 175, 190, 236, 260, 271, 301, 306, 307, 317

**П**

Павиќ, Даринка, 274
Павлевски, Павле, 191
Павловиќ, 119, 276, 286
Павловиќ, Ал., 172
Павловиќ, Г., 290
Павловиќ, д-р Драгомир, 268
Павловиќ, д-р Миливој, 304
Павловиќ, М., 193, 239, 286, 321
Павловиќ, Мирко, 140, 141, 151, 152, 161, 183, 250, 268, 270
Павловиќ, М. Р., 145, 247, 248, 249, 285
Павловиќ, Р., 204
Павловиќ, Радослав, 12
Павловиќ, свештеникот, 276
Павлов, Ташко, 317
Павлов, Ташку, 44
Пазин, 161
Пазина, 153
Пазина, Стеван, 59, 285
Палестина, 75
Пановски, Доне, 182, 323
Папасимеон, Теологос, 65
Папо, Јосип – Сасон, 310
Пардо, Џулија, 223
Париз, 84, 317
Парло, Дита, 114
Пауниќева, К., 251
Пауновиќ, Драгиќ, 264, 301

Пашиќ, Никола, 69
Paxon, Gratan, 30
Пејовић, Роксанда, 132, 133
Пекмез Пазар, 60, 63
Пела, 24
Пелагонија, 37, 278
Пелагониски, св. Нектариј, 278
Пенелопа, 55, 256
Пергаменто, В., 55
Перикле, 103
Персија, 25
Перуновиќ, Г., 308
Петковић, Велимир, 270
Петковић, Вел. М., 70
Петковић, Др. Влад. К., 136, 226, 227
Петковић, Др Влад. П., 146
Петрич, 35
Петровиќ, Велко – Паскали, 153, 191
Петровиќ, Димитрије, 165
Петровиќ, Мил., 251
Петровиќ, П., 307
Петровиќ, Паскал, 137
Петровиќ, Паскали, 165, 193
Петровиќ, Спаса, 173
Петровић, Др. Влад. К., 147
Петров, Петар, 297
Петровски, Велко, 329, 331, 332, 334, 337
Петровски, Велко – Паскали, 329
Петровски, Паскал, 336
Пецаковиќ, Петар, 179
Пецо, 325
Пешиќ, Михајло, 177
Пиколомини, генералот, 209
Пиринска Македонија, 315
Пиронков, А., 70
Пиронковъ, Ал., 219
Пирот, 25, 280
Пифка, 131
Платон, епископ, 250
Подзњаков, 274
Познаковиќ, 266
Покоп, Фред, 189
Полска, 159
Попов, д-р Благој, 55
Поповиќ, Ананије, 175
Поповиќ, Б., 238
Поповиќ, Василије, 239
Поповиќ, Д., 238
Поповиќ, д-р Јустин, 321
Поповиќ, Ј. С., 289
Поповиќ, Ј. Ст., 244
Поповиќ, Милица хаџи, 262
Поповиќ, проф. д-р Јустин, 321
Поповиќ, Спасое, 153, 169
Поповиќ, Спасое хаџи, 334
П.(оповић), Сретен Л., 316
Попов, проф. Саша, 312
Португалија, 74, 76
Португезис, 74
Поспишил, 105
Poullet, 17, 49
Прага, 139, 144
Прегер, Андреа, 335
Предари, 310
Предари, Апостол, 53, 116, 252, 310
Преловац, Зорко, 269
Преспа, 150, 260
Прилеп, 25, 37, 81, 101, 106, 111, 132, 175, 190, 191, 193, 196, 230, 260, 299, 300, 306, 308, 317, 321, 325, 337
Прличев, Григор, 44
Продановиќ, 239, 254, 256
Продановиќ, Јован, 156, 173
Продановиќ, М., 284, 286
Прокопиев, Трајко, 304, 336
проф. д-р Христиди, 173
Прохаска, Мери, 311
Прочковиќ, Марија, 165
Пуквил, 32, 35
Пулет, 17
Путник, 267

## Р

Рада, 54
Радев, Симеон, 138
Радевски, Трифун, 282
Радин, поп, 278
Радовановиќ, Л., 286
Радовић, Јован, 35
Радоев, Р., 304

Радојевиќ, Здравко, 179
Радојчић, С., 222
Radojčić, D-r Svetozar, 40, 222
Разлог, 315
Рацин, Кочо, 125
Рача, 96, 210
Рашкова, Наталия, 26
Режан, 297
Репин, кнез, 15
Ресен, 301, 303
Решад, Мехмед Петти, 15
Решад Петти, 77
Решад, султанот, 213
Рибиков, Вл., 185, 284
Рим, 177
Ристановиќ, Бр., 133, 178, 179
Ристановиќ, Бранко, 140, 152
Ристановиќ, свештеникот, 286
Ристевски, протоереј, 281
Ристески, Драган, 56
Ристески, д-р Стојан, 131
Ристески, Милан, 28
Ристески, Стојан, 81
Ристиќ, Димитрие, 189
Ристиќ, Зора, 267
Ристиќ, Јован, 179, 306
Робев, д-р Константин, 55, 93, 200
Робев, д-р Константин Иван, 89, 90
Робевиќ, д-р Константин, 54, 120, 269
Робе, д-р Константин, 58
Рожнов, 285
Романија, 159, 293, 312
Романо, М., 77
Ростковски, Александар Аркадиевич, 196
Ростковски, конзул, 162
Румелија, 25
Русија, 186
Русиќ, Бранислав, 45, 64

**С**

Сабов, Василије, 118, 285
Савченко, Елисавета, 332
Савченко, Никола, 306, 314, 329, 332
САД, 159, 281, 309
Сад, Нови, 37, 50
Саздов, д-р Томе, 107, 123
Саздовиќ, 119, 276
Саздовиќ, Славка, 187
Салвини, 297
Салзбург, 89
Самарџић, Радован, 17, 18, 22, 35, 51, 52, 75, 101, 222
Сансовино, Франческо, 32, 50
Сараево, 165, 306, 310
Сарајево, 17, 49
Сарду, 115
Светиева, Летка, 56
Светиев – Мете, Методи, 56
Светиев, Тодор, 55, 56
Светиев, Христо, 197, 200
Свобода, 150
Свобода, Јосиф, 133, 149
Св. Роман, 321
Северна Грција, 85
Северна Србија, 322
Секулиќ, Јован, 270
Секулиќ, К., 290
Секуловски, Апостол, 45, 46
Селим, Султанот, 211
село Бабчор, 127
село Барешани, 106
село Брусник, 169
село Буково, 153, 161
село Буф, 80, 334
село Вранешница, 38
село Гопеш, 85, 127
село Горно Коњари, 326
село Драгош, 46
село Ивањевци, 166
село Кравари, 71
село Крстоар, 337
село Кучевиште, 43
село Породин, 72
село Рамна, 105
село Сливница, 332
село Трново, 71
Семејство Јошевски, 56
Серско, 24, 28, 29, 35
С. Жаров, 248
Сива Вода, 103

Сиднеј, 87
Сили, Муне, 297
Симјановски, Спасе, 53, 55
Сирија, 25
Скалов, Т., 168, 201, 260, 288, 325
Скалов, Тодор, 197, 246
Скалов, Тодор (Скаловски), 141
Скантели, 262
Скендербеј, 12
Скопје, 8, 9, 15, 26, 27, 28, 29, 30, 39, 40, 41, 43, 52, 57, 62, 64, 65, 72, 74, 75, 77, 79, 80, 89, 92, 93, 94, 106, 107, 111, 112, 123, 125, 131, 132, 135, 136, 143, 150, 175, 177, 194, 197, 198, 204, 208, 209, 216, 225, 229, 250, 269, 270, 278, 282, 297, 304, 306, 307, 311, 315, 321, 322, 323, 327, 330, 332, 333, 335, 336
Скопље, 24, 25, 53, 70, 71, 92, 105, 113, 114, 116, 117, 119, 129, 133, 137, 138, 142, 143, 150, 151, 152, 153, 158, 159, 160, 161, 163, 166, 167, 169, 171, 175, 176, 177, 178, 179, 180, 181, 182, 183, 185, 186, 187, 190, 191, 193, 194, 196, 202, 203, 204, 215, 216, 217, 230, 236, 240, 245, 251, 255, 257, 258, 260, 264, 267, 268, 272, 273, 275, 276, 281, 283, 286, 310, 317, 322, 323, 332
Скопска Црна Гора, 43
Скуриќ, Нико, 309
Славејков, П., 316
Славенски, 157, 158, 244, 322
Слепче, 43, 317
Слобода, Јосиф, 251
Сметана, 272
Смилевски Баир, 73
Смиљанић, Д-р Томо, 25, 283
Смиљанић, Тома, 22
Соколов, Влад, 114
Соколовиќ, Мехмед паша, 62
Солаковски, М-р Петар, 308
Солун, 74, 84, 85, 89, 97, 106, 154, 201, 209, 212, 234, 237, 296, 298, 316, 320, 332
Солунско, 316
Сонти, 268
Сонти, Клео, 54, 92
Сонти, Мих., 173
Сорович, 230
Софија, 91, 198, 201, 280, 287, 297, 312, 324
София, 8, 9, 11, 24, 29, 30, 35, 37, 40, 46, 51, 62, 63, 77, 98, 106, 131, 138, 253, 280, 316, 317
Софкаровъ, Иванъ, 288
Спасевиќ, Г., 255
Спасевиќ, Ѓ., 59
Спасиќ, 255
Спасиќ, Г. Ѓ., 156
Спировски, Методија – Мецано, 72
Спостран, 56
Србија, 11, 17, 21, 35, 41, 42, 103, 117, 127, 130, 132, 133, 139, 148, 172, 173, 177, 190, 278, 283, 323, 324
Среден Баир, 73
Сремац, Стеван, 109
Сретеновиќ, М., 110
Ставрев, Петар, 78
Стајнов, 312
Стамболиска, Сузана, 52
Станковиќ, Б., 193
Станковиќ, Борисав, 42, 109
Станковиќ, д-р Душан, 306
Станчиќ, Ѓорѓе, 318
Старо Нагоричане, 40, 282
Стар, поп, 278
Старчевиќ, Ал., 239
Стевановиќ, Гане, 189
Стерјева, Офелија, 60
Стерјев, Владимир, 60
Стерјовски, Александар, 3, 11, 23, 39, 43, 45, 65, 103, 108, 112, 117, 127, 133, 148, 152, 185, 196, 202, 217, 226, 264, 278, 283, 315, 317, 320, 323, 328
Стефановиќ, Ленка, 270
Стефановиќ, Темистокли, 187
Стефановиќ, Ф., 251
Стефановић, Цеко, 202
Стефановски, Ристо, 110
Стив Наумов, 60

Ст. Луис, 317
Стоиловъ, Антонъ П., 316
Стојановиќ, Василија, 185
Стојановиќ, Спиро, 185
Стојанов, П., 200
Стојановски, Александар, 30, 73
Стојановски, Блаже Илиев – Пифка, 38
Стојановски, Димче – Папиро, 330
Стојановски, д-р Александар, 74
Стојановски, Јордан, 130
Стојановски, Максим, 125
Стојан, поп, 278
Стојковиќ, Тома хаџи, 291
Стојовић, Љ., 39
Стојчевиќ, Ацко, 189
Стоменов, Борис П., 287
Стопар, 120
Струга, 25, 81
Струма, 24, 28, 29, 35, 37
Струмица, 11
Студеница, 321
Суботица, 318
султанот Решад Петти, 230

### Т

Таќи, 281
Талевски, Коста, 56
Тановић, Стеван, 7, 8
Танчевъ, Златанъ, 200
Тасиќ, В., 270
Ташковиќ, Григорие хаџи, 238
Ташковиќ, Григорије хаџи, 302
Твардовски, Самоило, 35
Тевфик, Мехмед, 15
Темелков, Спас, 198
Тетово, 175, 306
Тибет, Лавренс, 114
Титов Велес, 111, 337
Тихомировиќ, Лаза, 166
Тоде, 40
Тодоровиќ, Ѓока, 301
Тодоровиќ, Пера, 301
Тодоровиќ, Тодор, 187
Тодоров, Манасиј поп, 281
Тодор Скалов (Скаловски), 141
Тодорчевска, Јелица, 134
Тодорчевска, Елица, 93, 94, 269, 270, 309
Тодорчевска, Јелица, 132, 150, 165, 194, 272
Тодорчевска, м-р Јелица, 149
Тозер, Хенри, 41, 43
Толи – Монастир, 278
Томановиќ, Милован, 309
Томе (Темсо), 87
Томиќ, 266
Томиќ, Сима Н., 130
Томислав, 187
Топаловски, Илија, 123
Тошев, А., 63
Тошев, Андреј, 62
Тошков, Петар, 335
Траиковски, Борислав, 60
Трајан, 38
Трајковска, Зоја, 100
Трајчевиќ, 158, 244, 245
Трескавец, 106, 300, 320
Трифковиќ, К., 247
Трклје, Лазар, 285
Трново, 103
Тромбев – Кирјаку, Добрила, 53
Тромбев, Томе, 298
Тромбе, Кочо, 191
Трпковиќ, Трпко, 179
Трст, 313
Тумбе Кафе, 67, 103, 215, 272, 302
Турбе Маало, 22
Турција, 17, 83
Турчаников, 285
Турчанинов, 248
Туциќ, Срѓан Пл., 109

### У

Узунов, Ангел, 246
Узунов, Христо, 246
Унгарија, 52, 159, 312
Урошевиќ, 263
Урошевиќ, Б., 263

### Ф


Фазли паша, 234
Фаик паша, 234
Фајндовиќ, С., 118
Фајндовиќ, С. Ѓ., 54
Фајндовиќ, Славко, 119, 142, 285
Фана, 45
Фараџи, 77
Фергад-ага, 85
Ферјанчиќ, 266
Филарет, митрополитот, 197, 200
Филип, Г., 270
Филиповиќ, Јов., 173
Филиповиќ, Мр. ф. Сима, 257
Филиповиќ, Сима, 118
Филиповски, Веселин, 260
Финска, 293
Фирфов, Живко, 335
ФНРЈ, 335
Фотев, Богоја, 335
Франција, 25, 51, 139, 154, 255, 256, 257
Франше д' Епере, 258


### Х


Хајдн, 272
Хајдрих, 178
Хајдрих, Антон, 239, 247
Хамид, Абдул, 16
Хан, Абдул Азис, 213
Харбина, 287
Харвеј, Лилиан, 114
Харитоновиќ, 115
Хасан Бег Маало, 22
Хаџе, Ј., 118, 285
хаџи Васиљевиќ, Јован, 41, 102
Хаџи Васиљевић, д-р Јов., 24, 29, 41
Хаџи Поповски, Лазо, 125
хаџи Стојчева, Нада, 56
Хелмар, Мирослав, 56
Хендел, 157, 244, 292
Холандија, 19
Хофман, 145
Храше, Алберт, 115, 150, 229
Хрватска, 12, 293, 312
Хрисостома, митрополит Г., 205
Христиди, Елпида, 332
Христидис, Кети, 256, 262
Христиќ, 322
Христиќ, Димитрије, 184
Христиќ, Ст., 269
Христина, 274
Христов, Борис, 138
Христов, Д., 200
Христодулова, Х., 251
Христодуло, проф. Т., 173
Хубада, 158, 227, 245
Хубада, М., 157, 243


### Ц


Цали, Пандели, 201
Царе, Дервиш, 225
Цариград, 62, 297
Цариградъ, 12
Цветкова, Бистра А., 8
Цветковиќ, Брана, 110
Цветковиќ, Ѓорѓе, 184, 185, 322
Цветковиќ, Даница, 184
Цветков, Парашкев, 139, 144
Цветковски, Јован Несторов, 38
Цветковски, проф. д-р Владимир, 41
Цветковски, Радован П., 80
Цепенков, Марко, 37, 82, 106
Цепенков, Марко К., 37, 106, 278
Ципци, Јаков, 313
Цисарж, Бранко, 286
Црвенковиќ, Сотир, 184
Црвенко, Сотир, 181
Црн мост, 99
Црно Море, 316
Црношанов, Коста, 131
Црнушанов, Коста, 200


### Ч


Чајковски, 59, 118, 156, 217, 249, 255, 268
Чакар, Владимир, 59
Чакар, Јасмина, 55
Чакар, проф. Јасминка, 59
Челар, д-р Јосип, 240

Челеби, Евлија, 26, 67
Чернодрински, Војдан, 191
Чехословачка, 159
Чешка, 85, 281
Чикаго, 88
Чилев, П., 130, 316
Чилевъ, П., 131, 317
Чилипи, 309
Чинези, Пјетро, 112
Чичев, Славчо, 198
Чкатровиќ, д-р Ѓорѓи, 173
Чобанов, Андон, 334
Чолановић, Е., 114
Чому, Коста, 112
Чому, Ниника, 54
Чому, Ташко, 112
Чопи, 173
Чукалков, Илија, 273
Чунгата, Јанко, 123
Чучков, Мане, 335
Чучков, Пенчо, 335

## Џ

Џавеловски, Павле, 72
Џамаули, 256
Џамаули, М., 262
Џамбазов, Георги, 79
Џамбазовски, д-р Климент, 235
Џима, Љубица, 181, 323
Џимвревски, Боривоје, 65, 71
Џимвревски, д-р Боривое, 89, 92, 297

## Ш

Шабац, 190
Шантиќ, А., 239
Шантиќ, Ал., 305
Шантиќ, Алекса, 242, 305
Шапкарев, 130
Шапкарев, Кузман А., 28, 36, 96, 107
Шафр, 243
Швајгер, С., 223, 224
Шведска, 293
Шевчик, 145
Шекерџиев, 200
Шекспир, 115
Шијачки, Стеван, 189, 306
Шимин, Обрад, 309
Широк Сокак, 213, 221, 253, 265, 272
Шишмановъ, д-р Ив., 12
Шкарна, Наум Николовски, 85
Шнајдер, Магда, 114
Шопен, 54, 92, 119, 120, 143, 275, 292, 293
Шпајдер, Ф., 248
Шпајер, Ф., 285
Шпанија, 76
Шпољар, 157, 204, 240
Шпољар, Златко, 170
Шпољариќ, 276
Шпољер, 156, 255
Штип, 101, 175, 236
Штолцер, Јосип Славенски, 131
Штраус, 312
Шуберт, 312
Шуберт, Роберт, 93
Шуман, 227
Шуман, Роберт, 92

## Ю

Юдея, 9, 51

# Содржина

БЕЛЕШКА . . . . . . . . . . 5

БАЛКАНСКИ ПОЛИФОНИЧЕН АМБИЕНТ . . . . . . . . . . 7
Песната и музиката во минатото . . . . . . . . . . 7
Патувањата, песните и музиката . . . . . . . . . . 11
Османлиски празнувања . . . . . . . . . . 12
Османлиски музички занес . . . . . . . . . . 17
Украсното и лековитото билје и песните . . . . . . . . . . 19
Западнобалкански ора, музика и театар во инстамбулски празнични попладнија . . . . . . . . . . 21
Средселски, црквени и панаѓурски развлеченија . . . . . . . . . . 22
Арамиски и дервенџиски ора и музики . . . . . . . . . . 26
Ора играни под ритам на песни . . . . . . . . . . 27
Ромите и музиката . . . . . . . . . . 30

ТРАДИЦИОНАЛНИ И ЕВРОПСКИ ИНСТРУМЕНТИ И БИТОЛСКИ ИНСТРУМЕНТАЛИСТИ . . . . . . . . . . 35
Гајда и гајдаџии . . . . . . . . . . 35
Кавали . . . . . . . . . . 40
Гусли и гуслари . . . . . . . . . . 42
Тапани и зурли . . . . . . . . . . 47
Балканските музички инструменти и оценките на западноевропејците . . . . . . . . . . 49
Клавири . . . . . . . . . . 52
Битолски клавирски прелидиуми . . . . . . . . . . 57
Виолини . . . . . . . . . . 58
Други жичани инструменти и хармоника . . . . . . . . . . 60
Механичка музика . . . . . . . . . . 62
Мајстори и продавници за музички инструменти . . . . . . . . . . 63

БИТОЛСКИ МУЗИЧКИ АМБИЕНТ . . . . . . . . . . 67
Османлиски музички состави од 17 век . . . . . . . . . . 67

Битолски државни и народни прославувања . . . . . . . . . . . . . .68
Битолската чалгија. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .71
Битолските Роми и музиката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .73
Битолските Евреи и музиката. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .74
Обредно–календарски групи и нивните песни . . . . . . . . . . . . .79
Европска музика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .83
*Навлегување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 83*
*Вљубеници и пропагатори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 88*
Пречек и испраќање гости . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .95
Песни и музика на седенките. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .97
Гостољубие, песните и серенадата. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .100
Излетите и музиката . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .102
Спорт и музика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .103
Еснафски празнувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .105
Музиката и театарот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .108
*Претстави со пеење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 108*
*Забавни и весели вечери. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 109*
*Интермеца . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 110*
Музиката во немиот и звучниот филм. . . . . . . . . . . . . . . . . .112
Оперски зачетоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .115
Широкосокачки промоции и огласувања. . . . . . . . . . . . . . . . .116
Солистички вокални и инструментални настапи. . . . . . . . . . .117
Битолската свадба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .120
„Врапчиња“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .122
Песни и музика во партизанските единици . . . . . . . . . . . . . .124
Традиционални и шанткафе кафеани . . . . . . . . . . . . . . . . . .127
Битола како фолклорно подрачје и како творечка инспирација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .130

ХОРОВИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 135
Школски . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .135
*Пеењето и музиката како школски предмети . . . . . . . . . . . 135*
*Учители по музика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 138*
*Учители со конзерваториум . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 141*
*Музички кабинети и музичка литература . . . . . . . . . . . . . 144*
*Почетоци на школското хорско пеење . . . . . . . . . . . . . . . . 145*
*Диригенти. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 148*
*Хорови во Гимназијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 153*
*Богословски хорови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 159*
*Хорот во Женската работничка школа . . . . . . . . . . . . . . . 163*

*Учителското здружение и учителскиот хор . . . . . . . . . . . . . . 166*
*Детски хорови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 169*
Градски . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .171
*Хорот „Градско казино“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 171*
*Градското хорско пеење по Првата светска војна . . . . . . . . . . 174*
*Хорот „Мокрањац“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 176*
*Хорот „Кајмакчалан“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 182*
*Хорот „Абрашевиќ“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 188*
*„Рускиот духовен хор“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 194*
*Хорот „Георги Сугарев“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 196*
Хорски појави низ младински, спортски и работни организации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .201
Првично претставување воени хорови . . . . . . . . . . . . . . . . .205

ОРКЕСТРИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 207
Воени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .207
*Рани османлиски воени оркестри . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 207*
*Битолски османлиски воени оркестри . . . . . . . . . . . . . . . . . 211*
*Српски воени оркестри . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 213*
*Битолска школа за воени музичари . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 217*
*Бугарски воени оркестри . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 219*
Цивилни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .222
*Рани мали состави . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 222*
*Школски оркестри во османлискиот период. . . . . . . . . . . . . . 225*
*Оркестри во Гимназијата. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 226*
*Театарски оркестри. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 228*
*Оркестри во спортски и други здруженија . . . . . . . . . . . . . . . 229*
*Градски оркестри . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 231*

КОНЦЕРТИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 233
Поливалетното значење и првите наши концерти . . . . . . . .233
Концерти поврзани со празнувањето на св. Сава . . . . . . . . .237
Концерти на Гимназијата. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .241
Концерти на Богословијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .246
Хорот и концертите на Трговската академија . . . . . . . . . . .251
Концерти во врска со светите Кирил и Методиј. . . . . . . . . . .253
Концерти на Клубот пријатели на Франција . . . . . . . . . . . . .255
Концерти на битолските учители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .258
Први концерти во Офицерскииот дом. . . . . . . . . . . . . . . . . . .261
Концерти на „Црвениот крст“ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .264
Концерти на Народниот универзитет од Битола . . . . . . . . . .268

Концерти „за народ“ на воените оркестри. . . . . . . . . . . . . . .271
Концерти на добротворни здруженија . . . . . . . . . . . . . . . . .273
Концерти со духовна музика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .277
*Богобојажливи битолчани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 277*
*Свештеници, чтеци и псалтови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 280*
*Вертеп . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 282*
*Концерти . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 283*
Концерти на младински, спортски и други здруженија . . . . .288
Прв целовечерен клавирски концерт. . . . . . . . . . . . . . . . . .292

ГОСТУВАЊА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 295
Гостувања на хорови и други музички состави . . . . . . . . . . .295
*Пројави на европска музика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 295*
*Можно ли е Франц Лист и Рихард Вагнер да дошле во Битола!? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 296*
*ОК Белградското Академското друштво „Обилиќ“ во Битола . 298*
*Следни гостувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 301*
Концерти од училишта и здруженија . . . . . . . . . . . . . . . . . .304
Презентации на едноструно гусларство . . . . . . . . . . . . . . . .308
Гостувања на оперски пејачи. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .310
Настапи на Воениот царски симфониски оркестар и Хорот на Духовната семинарија од Софија . . . . . . . . . . .312
Симфонискиот оркестар од Трст во Битола . . . . . . . . . . . . . 313
Битолските сподвижни слепи гуслари . . . . . . . . . . . . . . . . .314
Оркестар од Битола на Олиписките игри во Атина во 1906 год. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .317
„Битолски полк“ и концертот во Ваљево . . . . . . . . . . . . . . . .319
Концерти на битолските богослови и гимназисти надвор од Битола . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .320
Гостувања на хоровите „Кајмакчалан“ и „Мокрањац“ . . . . .321
Гостувања на хорот „Георги Сугарев“ . . . . . . . . . . . . . . . . . .324
Самоубитво на концерт . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .325

ПОЧЕТОК И РАБОТАТА НА ОСНОВНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ – БИТОЛА. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 327
Основање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .327
Настава, инструменти, наставници . . . . . . . . . . . . . . . . . . .329
Куртуазни посети, стручни ревизии, препораки . . . . . . . . . .335
Зачеток на јавното самопретставување . . . . . . . . . . . . . . . .336

РЕГИСТАР . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 339

*Издавач*
***Конзулат на Република Србија***
***во Република Македонија***

*За издавачот*
***м-р Силјан Мицевски,*** почесен конзул
на Р. Србија во Р. Македонија

*Уредник:* ***Горан Петровски***

*Технички уредник:* ***Пеце Илиевски***

*Печати:* ***ДООЕЛ „98К“****, Прилеп*
*Тираж:* ***300*** *примероци*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

78(497.784)(091)
930.85(497.784)

**СТЕРЈОВСКИ, Александар**
Битола. Музика / Александар Стерјовски. - Битола : Конзулат на Република Србија во Република Македонија, 2022. - 360 стр. : илустр. ; 20 см

Фусноти кон текстот. - Регистар

**ISBN 978-608-65122-9-3**

а) Музички живот – Историја – Битола б) Музички живот – Битола – Културна историја

COBISS.MK-ID 57673989



**Александар Стерјовски** роден е во 1933 год. во Битола. Дипломирал и докторирал во Скопскиот државен универзитет. Предавал во Педагошката академија, а потоа и во Педагошкиот факултет во Битола. Двапати бил проректор на Битолскиот универзитет. Објавил над стотина статии од областа на фолклорот и битолската историја, како и книгите: *Брусник* (1992), *Последниот охридски гуслар* (1994), *Македонските слепи гуслари* (1999), *Велушина* (2001), *Водоснабдувањето во Битола пред водоводот* (2008), *Еден век Црвен крст во Битола* (2012), *Чествувања - Чествования* (2014), *Јавното здравство и превентивната здравствена заштита во Битола* (2016). Од серијалот Битолско десеткнижие ги објавил книгите: *Битола–Руската колонија* (2003); *Битола–Каријатиди на Театарот* (2004); *Битола–Реката Драгор* (2009), *Битола–Записи за злосреќи* (2012),*Битола–Спорт* (2016), *Битола–Калеидоскоп* (2017) и *Битола–Градби* (2020). Раководител бил на големиот проект *Печатарството и издаваштвото во Битола* (три тома, 1998-1999). Долгогодишен член на редакцијата бил на списанието *Развиток*, а бил и иницијатор, главен и одговорен уредник на списанијата *Учител* и *Битола низ вековите*. Двапати ја добил битолската годишна 4-то Ноемвриска награда, а во 2014 год, и Наградата за животно дело.

ISBN 608-65122-9-9
9786086512293